Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Филозофски Факултет – Скопје

Институт за историја

# АКТИВНОСТА НА ВРХОВИСТИТЕ И МАКЕДОНСКОТО РЕВОЛУЦИОНЕРНО ДВИЖЕЊЕ (1903-1905)

**(магистерски труд)**

**Ментор:** **Проф. д-р Ванчо Ѓорѓиев**

**Кандидат:** **Димитар Тодороски**

**Скопје, 2022**

# Вовед

За да се комплетира целосната слика за историјата на македонското револуционерно и националноослободително движење, неминовно е расветлувањето на Врховниот Македоно-Одрински Комитет. Токму тоа претставуваше главниот лајтмотив за ние да се обидеме да ја истражиме оваа тема.

Врховниот Македоно-Одрински Комитет и врховистите се претставени во многу дела во македонската историографија. За време на нивното делување тие се дел од сите суштински процеси и на многу начини придонеле за нивниот исход.

Покрај тоа што врховистите се присутни во сите позначајни трудови во македонската историографија, нивното проучување до сега не било предмет на еден целосен и систематски труд. Голема улога во расветлување на нивните дела направиле македонските историчари: Крсте Битоски со трудот: „Македонија и Кнежеството Бугарија (1878-1903), Скопје, 1977“ и Манол Пандевски со трудот: „Внатрешната македонска револуционерна организација и неоврховизмот (1904-1908), Скопје, 1983“. Додека пак, историчарите Димитар Димески и Ванчо Ѓорѓиев, кои научно ги елаборираат активностите на врховистите во скоро сите нивни трудови, даваат прецизна слика за нивните пакосни дела кон Македонците и македонската борба.

Во бугарската историографија опширно за врховистите пишува историчарот Светлозар Елдаров во неговите трудови: „Генерал Иван Цончев, Биография на два живота, София, 2003“ и „Тайните офицерски братства в освободителните борби на Македония и Одринско 1897-1912, София, 2002“.

Како временска рамка за проучување на ВМОК и врховистите, ние го опфативме периодот од 1903 до 1905 година. Сознанијата добиени при овој, навидум, мал историски период ги надминаа нашите очекувања и преку нив се фрла нова светлина врз целата врховистичка активност од нивното постоење, па се до нивната метаморфоза во неоврховизам.

Методот на работа за овој труд се состоеше со анализа на голем број историски трудови кои директно и индиректно ги тангираат врховистите. Потоа, наша цел беше пронаоѓање и истражување на архивски материјали во Архивот на Македонија, архивските одделенија на Институтот за национална историја во Скопје, Народната универзитетска библиотека во Скопје и Филизофскиот факултет во Скопје. Потоа, ние се префрливме на обработување на целата достапна периодика за периодот кој беше од наш интерес.

Врз основа на собраните податоци, нашите сознанија ги презентираме во шест поглавја, од кои секое претставува хронолошки и тематски заокружена целина. Во нив систематски е објаснета суштината на темата во рамки на временскиот период кој е земен за обработка.

Врховизмот и неговата историја претставува една од најпровокативните теми во македонската историографија. Доколку со овој труд успееме да ја разрешиме поставената задача, нашата сатисфакција ќе биде поголема.

Искажувам искрена благодарност кон менторот на трудот, проф. д-р Ванчо Ѓорѓиев, кој со своите сугестии и забелешки многу ни помогна при заокружувањето на овој труд. Благодарност до сите останати, кои на своевиден начин ни помогнаа во работата.

# I

## 1. Состојбата во македонското револуционерно движење по горноџумајскта врховистичка провокација од есента 1902 година и забраната на двата ВМОК

1. Врховниот Македоно-Одрински Комитет предводен од Стојан Михајловски и генералот Иван Цончев и Врховниот Македоно-Одрински Комитет предводен од Христо Станишев, по Горноџумајската провокација од есента 1902 година и понатаму се во раскол. Тајната Македоно-Одринска Револуционерна Организација повеќе соработува со ВМОК – Станишев. Поради Горноџумајската провокација како и поради расцепот во редовите на ВМОК, за крајот на 1902 година било предвидено да се одржи вонреден конгрес на кој требало да се стави крај на поделбите и каде ќе се расчистеле сметките помеѓу засегнатите страни.[1]

Во тој период била формирана помирувачка комисија чија главна цел ќе биде да ги помири ВМОК – Михајловски-Цончев, ВМОК – Станишев и ТМОРО. Комисијата ја предводеле високо авторитетни личности од македонската емиграција како од Љубомир Милетич и д-р Иван Георгов.

Помирителната комисија дала предлог до инволвираните страни да се формира нов Комитет составен од 7 души. Притоа од ТМОРО да влезат: д-р Христо Татарчев, Христо Матов и уште едно лице; од ВМОК – Михајловски-Цончев да влезат: Иван Цончев, Стефан Николов и уште едно лице; и од ВМОК – Станишев да влезе Христо Станишев.[2]

На 10 декември 1902 година ВМОК – Михајловски-Цончев издава окружно до македоно-одринските друштва во кое е прикажан предлогот на помирителната комисија за помирување, контра-предлогот на ВМОК Михајловски-Цончев, исто така објаснети се и причините зошто доаѓа до неуспех во преговорите. Цончевистите инсистирале да се состави нов комитет од 9 души во кој од ВМОК Михајловски-Цончев би влегле: Стојан Михајловски, Иван Цончев, Стефан

---

[1] в. „Свято Дѣло", Българското правителство и македонското движение, г1, кн3, Кюстендил, дек. 1902, 132.
[2] Архив Христо Матов, Документален сборник, София, 2004, 60.

Николов, Ѓорѓи Белев и Иван Стојчев; додека од ТМОРО би влегле: д-р Христо Татарчев, Христо Матов, Пере Тошев и Гоце Делчев. Исто така, цончевистите се изјаснуваат дека се против свикување на вонреден конгрес. Таа иницијатива требало дополнително да се разгледа и новоформираниот комитет да одлучи дали воопшто било потребно да се свика конгрес или не. Како дополнително барање, цончевистите предлагаат моралните и материјалните средства на ТМОРО и ВМОК да бидат ставени на располагање на новиот комитет, за да може да продолжи започнатото „востание“ од 1902 година.[3] Тендециозните барања на цончевистите можат да се објаснат со фактот дека преку својот предлог тие настојуваат да имаат мнозинство во потенцијалниот нов комитет. Притоа потполно го исклучуваат Христо Станишев и неговите привrзаници од новиот комитет, дополнително, настојуваат да се приграбат до моралните и материјалните средства на ТМОРО кои би ги пренасочиле за исполнување на нивните цели.

Помирувачката комисија го одбила контра-предлогот на цончевистите. Како конструктивно решение комисијата дала нов предлог во кој требало да се запази паритетот помеѓу ТМОРО и ВМОК, со тоа што секоја организација би имала еднаков број на членови (3 или 4) во новиот комитет. Комисијата инсистирала Христо Станишев да биде дел од новиот комитет и сугерирала тој да се вброи во таборот на ТМОРО. Комитетот Михајловски-Цончев го одбил и вториот предлог на комисијата и со тоа преговорите завршиле неуспешно. Во окружното до македоно-одринските друштва, ВМОК М-Ц, како главни причини за одбивање на вториот предлог ги дава следните аргументи: 1) Според статутите на ВМОК постоеле само два фактора во македонското движење – емиграцијата во Бугарија на чело со ВМОК и поробеното население претставено од ТМОРО. Христо Станишев и неговата група не претставувале никаков фактор во револуционерното дело; 2) Немало потреба да се организира нов конгрес, бидејќи со тоа ќе се трошеле и така слабите средства. Агитациите за делегати ќе предизвикале нови поделби и би се губело скапоцено време. Новоформираниот комитет требало да размисли дали е потребен нов конгрес или не.[4] Всушност, според комитетот Михајловски-Цончев, помирување

[3] Исто.
[4] Исто, 61.

требало да има, само доколку условите за помирување се во корист на цончевистите. Тие биле подготвени и понатаму да ги продолжат раздорите се додека останатите страни не им се потчинат, т.е. да се потчинат на бугарското офицерство.

При тие околности, интересна е анализата на состојбите од страна на авторот со псевдоним д-р М-ев, објавена во декември 1902 година во в. „Свято Дѣло“ (весник кој е склон на цончевистите). Во неа се вели дека македонското прашање и без непријателствата помеѓу комитетите, врвело кон своето разрешување. Бугарската влада требала да се заложи и да стави крај на расцепот во ВМОК, воедно да содејствувала со оние кои војувале за помирувањето. Затоа што, според авторот, токму тие војувале во името на општобугарските интереси. Додека пак, доколку не можело да дојде до помирување, во тој случај бугарската влада имала полно право да стави рака врз двата комитета и да ги растури. ВМОК во ситуација каква што бил, немал причина да продолжи да постои затоа што наместо позитивни, неговата активност давала негативни резултати.[5]

Главна причина за неуспехот во преговорите за помирување помеѓу двата комитета бил генералот Иван Цончев, кој ги следел панбугарските државни идеи. Тој бил на ставот ако слободата на Македонија се извојувала од самите Македонци, тогаш би изгубиле почва претензиите на Бугарија. Затоа, според него, требало да постои еден комитет во Бугарија кој ќе се борел бугарските претензии во Македонија да имаат основ. Во случај на ослободување, крвта пролеана од тој комитет би била главна поткрепа на бугарските интереси во Македонија. Тој дејствувал да се одбијат предлозите за помирување, затоа што според него, ТМОРО би се издигнала како клучен фактор во македонското револуционерно движење доколку биле прифатени предлозите на комисијата.[6]

2. Неуспешната Горноџумајска провокација организирана од ВМОК Михајлловски-Цончев предизвикала немири во Османлиската Империја кои ги засегнале Големите сили. По тој повод, рускиот министер за надворешни работи,

---

[5] в. „Свято Дѣло“, Българското правителство и македонското движение, г1, кн3, Кюстендил, дек. 1902, 132.
[6] Евтим Спространов, Дневник, т1, 1901-1907, София, 1994, 230.

гроф Ламсдорф, ја посетил Софија на 15 декември 1902 година. Русија заедно со Австро-Унгарија, како најзаинтересирани сили за Балканскиот Полуостров, водат политика на status-quo т.е. политика за непромена на границите и на состојбите на Балканот. Во таа насока, оваа посета на горф Ламсдорф претставува директен притисок од Русија врз Бугарија за сопирање на револуционерните активности во самото Кнежество, како и притисок Бугарија да запре да биде база која ќе можат да ја користат македонските комитети.[7]

При оваа посета гроф Ламсдорф остварува средби со кнез Фердинанд, со премиерот д-р Стојан Данев и со претставници на македонската емиграција. На средбата со гроф Ламсдорф, македонската емиграција е претставена од три групации: 1) Христо Станишев и Тома Карајовов, претставници од ВМОК – Станишев; 2) проф. Љубомир Милетич и д-р Иван Георгов, претставници на македоно-одринската емиграција; 3) д-р Христо Татарчев и Христо Матов, претставници на ТМОРО.[8] Единствена групација која не е претставена со свој член на оваа средба е групацијата на ВМОК – Михајловски-Цончев.

На оваа средба Христо Станишев во име на сите претставници присутни на средбата, поднесува предлог барање до Руската Империја за заштита на Македонците во Османлиската Империја.

Барањето се состои во следните точки: 1) Од Солунскиот, Битолскиот и Скопскиот вилает да се образува една област со седиште во Солун; 2) Да се назначи главен управител – христијанин на таа област во согласност со Големите сили, кој дотогаш немал никакви врски со турската администрација; 3) Главниот управител да ја управува областа со помош на обласно собрание, кое ќе се избира непосредно од самото население, при строго запазување на правата на малцинствата и ќе ги решава сите прашања на внатрешното уредување на областа во административен и финансиски однос. Сите општински чиновници да се назначуваат од главниот управител; 4) За одржувањето на редот и мирот во областа да се организира една обласна милиција, основана врз начелата на регрутниот систем и да биде

[7] Архив Христо Матов..., 63.
[8] Исто.

непосредно потчинета на главниот управител; 5) Јазикот на главните народности на областа да биде официјален подеднакво со турскиот во сите обласни уредувања, со тоа што административните единици ќе имаат право да изберат еден од тие јазици за својата официјална комуникација; 6) Да се даде општа и целосна амнестија за сите политички престапници, осудени или не, како и за сите осомничени обласни жители кои се надвор од својата татковина; 7) Овие реформи да се воведат од една европска комисија при содејството на меѓународна воена сила под странска контрола; 8) Слични реформи да се воведат и во Одринскиот вилает кој ќе образува посебна област.[9]

Сепак, овие барања нема да бидат усвоени. Наместо нив, неколку месеци подоцна, во февруари 1903 година, под покровителство на Русија и Австро-Унгарија ќе бидат донесени февруарските „падарски“ реформи кои ни приближно нема да ги задоволат барањата на македонските револуционери.

3. Месецот јануари ќе биде предвесник за сите идни немири што ќе се случуваат во текот на 1903 година. Во јануари 1903 година видните дејци на ТМОРО организираат советувања во Софија, на кои се согледуваат актуелните случувања и се дискутираат идните планови на Организацијата. За време на овие советувања пристигнала вест дека ЦК на ТМОРО на конгресот во Солун донел одлука за кревање востание во претстојната пролет. Таа вест предизвикала советувањата да се продлабочат и да се анализираат сите можности за начинот на кој би се одвивало претстоечкото востание, како и да се воочат потенцијалните опасности кои би биле предизвикани од истото. Помеѓу овие дискусии на дејците на ТМОРО, се анализира и односот на ТМОРО со врховистите. М. Герџиков и В. Антонов застанале на ставот дефинитивно да се расчистело со врховистите и да се ликвидирал генералот Иван Цончев.[10] Сепак, оваа радикална мерка не била прифатена од останатите дејци.

4. По веста за одлуката на ЦК на ТМОРО да крене востание во претстоечката пролет 1903 година, меѓународниот притисок врз бугарската влада уште повеќе се засилил. Поради тоа, на 7 јануари 1903 година, премиерот на Бугарија, д-р Стојан

[9] Исто, 64.
[10] Ванчо Ѓорѓиев, Подземната Република, Дамјан Груев и македонското револуционерно движење, Скопје, 2010, 227.

Данев, побарал средба со претседателот на ВМОК Михајловски-Цончев, Стојан Михајловски, кој требало да го брифира за неговите средби со видните лица на Големите сили при неговата европска турнеја кон крајот на 1902 година. Премиерот Данев особено се интересирал за средбите на Ст. Михајловски со чиновниците на министерството за надворешни работи на Австро-Унгарија. На средбата, за возврат, премиерот Данев го информирал Ст. Михајловски за неговите разговори со грофот Ламсдорф.[11]

Стојан Михајловски на 17 јануари исто така имал средба и со кнезот Фердинанд. Средбата траела долго и по неа, цончевистите со засилено темпо почнале да собираат нови парични средства, кои според тогашниот нивен секретар, Ѓорѓи Белев, достигнале половина милион лева.[12]

5. Поради неуспехот на бугарската влада да ги скроти револуционерните активности на македонските комитети, на 24 јануари 1903 година, гроф Ламсдорф го повикал на средба бугарскиот дипломат во Петербург - Димитар Станчов. На оваа средба, Ламсдорф повторно искажал незадоволство кон бугарската влада. Притоа, тој изјавил дека „*годините 1877-1878 нема да се повторат. Ниту еден руски војник, ниту една руска рубља нема да бидат пожртвувани. Ние тагуваме за пролеаната крв на Балканот, нашето срце крвари, но ние немаме намера да плачеме за загубата на нашите луѓе и нашите пари*“.[13]

Со својата постапка гроф Ламсдорф укажал дека Русија немало да се инволвира на Балканот при евентуални немири во Османлиската Империја, кои можеле да доведат до отворена војна помеѓу Османлиската Империја и Бугарија. Фактот што Ламсдорф ја упатил критиката до бугарската влада и самата неможност Кнежеството Бугарија да ги скроти македонските комитети, особено ТМОРО, го потврдува фактот за независноста на ТМОРО во нејзиното донесување одлуки и во нејзините активности од бугарската политика.

---

[11] в. Реформи, г5, бр.38, 30.08.1903, 4.
[12] Манол Пандевски, Политиката на бугарското кнежество спрема македонското ослободително движење и бугарско-турските односи (1903-1904), Гласник на Институтот за национална историја, 1961, кн2, 128.
[13] Светлозар Елдъров, Генерал Иван Цончев, Биография на два живота, София, 2003, 118.

Ламсдорф, во тајна телеграма до рускиот дипломат во Истанбул, Зиновјев, од 31.01.1903 година, вели дека Русија немала да даде поддршка на македонските комитети. Ламсдроф сугерирал до Зиновјев дека требало да биде разјаснет вистинскиот однос на руската политика спрема македонското прашање и спрема револуционерните замисли на македонските комитети. Според него, комитетите со својата противзаконска дејност можеле само да навлечат тешки страдања на славјанските народности на Балканот. Притоа, Ламсдорф ги насочил руските конзули, преку православните општини во Османлиската Империја, да го распространуваат „правилното сфаќање на руската политика" која во никој случај немала да даде поддршка за револуционерната агитација.[14]

6. Три дена претходно, во писмо од 28 јануари 1903 година на Александар Протогеров до генералот Иван Цончев, се обелоденува тајната активност на бугарската влада. Протогеров во писмото вели дека владата содејствувала да влезат сите групации и чети во Македонија и да го објават востанието. Да се обелоденело дека ТМОРО стоела зад востанието, а со тоа бугарската влада ќе ја тргнела одговорноста од себе. Протогеров го информирал Цончев дека контролата на бугарско-турската граница ќе била слаба до 15.02.1903 година и дека требало со сите сили да се навлезе во Македонија.[15]

Иако тајно, бугарската влада била во дослух со комитетот Михајловски-Цончев и давала насоки за навлегување во Македонија на чети и оружје. Сепак, поради притисокот врз неа од Големите сили, особено од Русија, на 30 јануари 1903 година се состанал Министерски совет на Бугарија под претседателство на кнезот Фердинанд. Кнезот и министерскиот совет донеле заклучок за растурање и забрана на двата Врховни комитети. Истовремено била осудена дотогашната пракса на двата комитети кои ја загрозувале безбедноста на Кнежеството и работеле противуставно. Покрај растурањето на Комитетите, донесена е одлука да се

---

[14] Симон Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот, т2, Куманово, 1996, 15.
[15] Ванчо Ѓорѓиев, Слобода или смрт, Македонското револуционерно националноослободително движење во Солунскиот вилает 1893-1903, Скопје, 2003, 548.

преследуваат нивните членови за да се опструираат обидите за преминување на границата од чети и пренесување на оружје.[16]

Истиот ден, Министерскиот совет издава декрет во кој ја дообјаснува својата одлука. Врховните комитети, друштва и нивните клонови се отклониле од своите првично поставени хуманитарни и легално-политички задачи. Спротивно на тоа, со целите што ги следеле и средствата што ги употребувале, нанесувале повреда на државниот и општествен поредок и ја загрозувале надворешната безбедност на Кнежеството Бугарија. По тој основ, Комитетите се прогласени за нелегални организации и се задолжило бугарското министерство за внатрешни работи да спроведе мерки за преследување на членовите кои биле виновни според законите на државата. Протоколот и декретот од 30 јануари 1903 година биле потпишани од: кнезот Фердинанд; премиерот д-р Стојан Данев; министерот за внатрешни работи Александар Људсканов; министерот за просвета Александар Радев; министерот за финансии Михаил Сарафов; министерот за правда Христо Тодоров; воениот министер генерал-мајор Стефан Паприков; министерот за трговија и земјоделие Петар Абрашев; и министерот за општествени згради, патишта и комуникација Димитар Попов.[17]

Одлуката на бугарската влада да ги растури и забрани двата ВМОК предизвикала бура во бугарското општество. Како реакција, на 1 февруари 1903 година, М. Такев во бугарскиот парламент поднел интерпелација адресирана до министерот за внатрешни работи Александар Људсканов. М. Такев бил симпатизер на врховистите. Интерпелацијата е поднесена на дневен ред на 4 февруари во бугарскиот парламент, а расправиите по неа ќе траат до 7 февруари 1903 година. На 2 февруари 1903 година во Софија исто така е оддржан митинг против растурањето на двата ВМОК. Но, митингот бил неуспешен и незначителен.[18]

За време на расправите по повод интерпелацијата на министерот Људсканов, интересен е говорот на пратеникот Антон Страшимиров во врска со растурањето на

---

[16] Княжество България и македонския въпрос, т1, Върховен македоно-одрински комитет 1895-1905 г. (протоколи от конгресите), София, 2002, 333.
[17] Исто.
[18] С. Елдъров, Генерал Иван Цончев..., 118.

двата ВМОК. Според него, требало да се омаловажи и уништи воинственоста во тие организации, која надвор од касарните можела да донесе големи зла за Бугарија. Страшимиров додал дека со екстазата на воената клика во Комитетите, требало да се предизвика антагонизам помеѓу „Бугарите“ во Македонија и Бугарите во Кнежеството, како што постоел антагонизам помеѓу Србите и Хрватите. Тој дополнил дека веќе имало ископано гробови помеѓу двете страни и дека тие гробови настанале како последица од недостигот на интелегентни луѓе кои би ги презеле во свои раце Комитетите во Бугарија.[19]

Интерпелацијата за министерот на внатрешни работи А. Људсканов била неуспешна. Тоа уште повеќе ја засилило бугарската влада која започнала да ги приведува и интернира видните членови на двата ВМОК во внатрешноста на Бугарија.[20]

Интересно е двојството во постапката на бугарската влада и бугарскиот кнез. Од една страна тие ги информираат повидните дејци на ВМОК Михајловски-Цончев, за тие да можат побрзо да навлезат во Македонија со материјали, оружје и чети. Од друга страна, јавно ги преследуваат и арестуваат истите тие членови за да покажат пред меѓународната јавност и Османлиската Империја дека владата презела мерки за да ги спречи револуционерните активности во Кнежеството, а со тоа и во османлиска Македонија.

[19] Исто.
[20] Исто, 119.

## 2. Активности на врховистите по забраната на официјалните Комитети

1. ВМОК – Михајловски-Цончев е информиран за одлуката на ЦК на ТМОРО од 4 јануари 1903 година за кревање востание во Македонија. Според Георги Белев, касиерот на ВМОК, врховистите биле поканети од ТМОРО да земат учество во востанието и тие прифаќаат. По таа одлука Комитетот вложува големи усилби за да се подготви подобро за претстоечките активности. Прва одлука на овој ВМОК била издавање на македонски бонови од 10 лева поединечно во вкупна сума од 200,000 лева и македонски марки во вредност од 50,000 лева. Поради желбата да се изнудат колку што е можно повеќе средства, се посетувале и принудувале видни бугарски стопанственици. Пример за тоа е средбата на генералот Иван Цончев и Георги Белев со стопанственикот Иван Хаџи Енов од кого се побарани 20,000 лева. Хаџи Енов сакал да даде само 10,000 лева, но тоа било одбиено од Цончев. Наредниот ден Хаџи Енов побегнал во Букурешт. Генералот Цончев исто така стапил во контакт и со Иван Евстатиев Гешов, кој ветил дека ќе даде 40,000 лева за делото, под услов никој да не дознае за тоа. Но, ниту Гешов не го исполнил своето ветување.[21]

Паралелно со овие активности, ВМОК Михајловски-Цончев испратил официјално окружно до македоно-одринските друштва од кои се барало максимално да ја засилат својата дејност преку собирање материјали и пари. Еден од начините за собирање средства бил склучување заеми од Бугарската народна банка и други кредитни институции под порачка на видни граѓани. Парите од овие заеми требало да се внесат во касата на Комитетот најдоцна до 15 февруари 1903 година. Исто така средства се собирале и преку вечеринки, лотарии, концерти и разни забави. Според Георги Белев, цела Бугарија зоврела во трескава работа, насочена за да се помогне на македонското ослободително дело: *„Никој Македонец и Одринчанец, никој Бугарин не откажувал помош. Цела Бугарија беше обземена од еден трескав дух, од една силна вера, како деновите на македоно-одринското*

---

[21] Георги Белев, Македоно-одринската емиграция във Илинденското въстание, Илюстрация Илинден, г2, кн7 (17), октомври, 1929, 2.

*ропство да се веќе преброени*“. Софиското македоно-одринско друштво, кое е едно од најмоќните друштва во Бугарија, донело решение да направи заем од Бугарската народна банка во висина од 400,000 лева.[22]

Комитетот Михајловски-Цончев си дал за задача да се здобие со повеќе и подобро оружје и започнале преговори со неколку бугарски и странски фирми за истата цел. Се донела одлука во секој револуционерен реон во Македонија да се испрати најмалку еден офицер, предимно родум од Македонија и Одринско. За таа цел ВМОК Михајловски-Цончев испратил тајни лични покани до секој офицер родум од Македонија и Одринско со молба до 15 февруари 1903 година секој од нив да соопшти до Комитетот дали сака доброволно да ја напушти бугарската армија и тајно, по канал, да биде испратен во Македонија и Одринско. Многу млади офицери се одзвале на таа покана, додека од вишите офицери се јавил само Климент Бојаџиев од Охрид.[23]

2. По официјалниот декрет за забрана и растурање на двата ВМОК од 31 јануари 1903 година, воениот министер Михаил Савов на 10 февруари 1903 година издал тајна заповед со која се забранувало учество на бугарските воени лица во македонските комитети. Министерството имало сведоштва дека некои од чиновниците во армијата влегувале во договори со членови на македонските комитети и користејќи ја својата службена положба пројавувале желба да ги услужуваат комитетите со оружје и воени материјали од резервите кои биле чувани во единиците и институциите. Се предлагало началниците на дивизиите, управата и институциите да преземат најстроги мерки, затоа што никој во армијата, било каков чин или звање да имал, не смеел да зема никакво учество во делото на македонските комитети. Во тајната заповед се напоменало да не се дозволува вмешување на воените лица во политичките стремежи на одделни лица или групации внатре во Кнежеството или надвор од него.[24]

Оваа тајна заповед на воениот министер Савов била резултат на повикот кој генералот Иван Цончев го испратил до офицерите од бугарската армија за да земат

---

[22] Исто.
[23] Исто, 3.
[24] Княажество България..., 335.

учество во претстоечкото востание. Во повикот на генералот се вели дека настапило времето кога татковината требало да ги повика сите синови на помош. Во средината на бугарското офицерство имало стотици Македонци и Одринци кои татковината ги викала и кои први требало да се фрлат во борбата која се водела за слободата на *„нашата татковина*“ (Македонија). Како воспитаници на воениот и татковинскиот дух, офицерска должност била тие да ги поведат борците за доброто и среќата на таа татковина која ги родила и полагала во нив големи надежи. Повикот продолжува со: *„Ќе го чујат ли татковинскиот повик македонските офицери? Ќе се пожртвуваат ли тие како и другите нивни браќа за слободата на Македонија?*“. Врховистите биле длабоко убедени дека офицерите немало да ја посрамат ниту бугарската армија, која грижливо ги воспитала во духот на саможртва, ниту својата несреќна татковина. Офицерите би биле полезни доколку ги заземеле своите места во Македонија, два-три месеци пред започнувањето на востаничките дејства, за да можеле да се запознаат со сите услови потребни за успешно водење на борбата. Рокот до кој офицерите требало да се пријават бил 15 февруари 1903 година. Како потписници на овој повик стојат генералот Иван Цончев, потполковникот Стефан Николов и касиерот Георги Белев.[25] Евидентно е со овој повик дека бугарскиот генерал Цончев се служел со македонското потекло на емигрантите офицери со цел да ги привлече во своите редови.

Во неделата пред и неделата по растурањето и забраната на ВМОК, во дел од бугарските весници исто така се распространувале гласини дека врховистите повторно планирале да прават немири во Македонија. Таков проглас бил објавен во еден локален весник во Трново кој гласел: *„Согласно околностите кои биле познати, големите, свети букви „слобода или смрт“ во пролетта што доаѓа ќе се разнесат по македонските планини и долини. Тогаш ќе удри последниот дванаесети час, за кој сите се должни да се подготват*“.[26]

3. По владината одлука да се растурат и забранат двата ВМОК, голем дел од нивните членови се приведени и интернирани. Генерал Цончев е интерниран во Дреново и е ставен во затвор. Медицинската потврда не му е уважена и тој требало

[25] Исто, 334.
[26] С. Дракул, Македонија меѓу автономијата..., 9.

да лежи во влажна затворска соба. Цончев поднел жалба до Софискиот окружен суд за да биде ослободен под гаранција. Судот ја отфрлил жалбата, но установува генерал Цончев да биде преместен во строг домашен притвор наместо во затвор. Цончев поднел втора жалба до Софискиот апелационен суд, кој решава генералот да биде ослободен под лична гаранција, со кауција од 10,000 лева. Врховистите ја собираат потребната кауција и Цончев е пуштен на слобода под услов да се јавува три пати на ден во полиција. Врховистите го сметаат приведувањето и интернирањето на генералот како нов директен напад и притисок од министерот за внатрешни работи Александар Људсканов.[27]

Додека е во затворот во Дреново, генерал Цончев пишува писмо до полковникот Анастас Јанков. Притоа го обвинува министерот за внатрешни работи Људсканов, кој и покрај судските одлуки, ја продолжувал репресијата врз Цончев. Генералот се чувствува понижен дека по 25 годишна служба од редник до генерал, се наоѓал во дреновскиот полициски дом и служел за срам и потсмев на неговите сонародници претставувајќи играчка во рацете на еден околински началник. Цончев во писмото го советува Јанков да ги тргнел настрана неговите мечти за Грција и Србија и укажува дека при тогашната положба на работите најдобри нивни пријатели биле Турците, против кои се бореле и дека требало врховистите да се доближат до Турците.[28]

Оваа изјава на Цончев е повеќе од контрадикторна и контраверзна. Дали генералот мисли дека врховистите требало да се зближат со Турците поради искуството во двегодишните борби со ТМОРО, за да имаат сојузник при завладувањето на териториите на ТМОРО?! Или генералот ја следи тактиката, која по Илинденското востание од 1903 година, ќе ја користат грчките андарти?! Андартите ќе влезат неформално во сојузништво со турските власти и ќе им биде дозволено непречено да навлегуваат и пустошат низ Македонија под претекст дека војуваат против четите на ТМОРО. Како и да е, неговата изјава дадена во време кога

---

[27] в. Реформи, г5, бр1, 02.04.1903, Дѣ е правосѫдието, 4.

[28] Полковник Анастас Янков, Майор Димитър Думбалаков, Поручик Борис Сарафов, Инж. Христо Станишев, Георги Белев, Коста Шахов, Спомени, Съставителство Ива Бурилкова, Цочо Билярски, София, 2003, 177.

ситуацијата во Македонија врие и кога неговата организација формално започнува да делува против самите Турци и веќе води битки со нив, е повеќе од контраверзна.

Во истото време, полковник Јанков е интерниран и затворен во Варна. Тој на 2 февруари 1903 година напишал писмо до варненскиот окружен управител Петар Станчов, при што ја обвинил владата на Стојан Данев и неговата прогресивно-либерална партија за самоволието во толкувањето на законите и барал да биде ослободен. Тој пишувал дека врховистите биле неуморни борци за слободата на тие кои „*пиштеле пред азијатскиот режим*“ и затоа опасно било за целиот бугарски народ, кога владата да го угаснувала тоа што не можело да се угасне. Понатаму, Јанков ги обвинил Цанковистите (дејците на прогресивно-либералната партија) дека со донесените мерки против врховистите испаднале полоши и од Стефан Стамболов, дека биле мачители и лажни патриоти. На крајот од писмото Јанков додал дека бугарскиот народ „*не го сакал Егзархот, туку Караџата*“ и дека Петар Станчов како „*одличен русофил*“ требало да ја има во предвид поговорката „*На смелите и храбрите Бог им помага!*“. Завршил со „*Ура! Да живее Македонија*“.[29]

Додека е во затвор во Дреново, генералот Цончев направил план за реструктурурање на забранетиот Врховен комитет. Тој во писмо до Александар Протогеров вели дека македоно-одринските друштва во Бугарија требало да се преименуваат во „благотворни“, а Врховниот комитет да се замени со „Врховно управно тело“ во состав од 6 души со извесна популарност во државата кои би се избрале со заедничка согласност. Покрај управното тело, требало да се создаде и „Специјално биро“ во состав од тројца пензионирани офицери. Врховното управително тело требало да контактира директно со ЦК на ТМОРО во Солун, при што двата органи требало да имаат чисто административни функции во своите овластени територии. Додека пак, во компетенција на Специјалното биро, требало да бидат оставени воените прашања како во Бугарија, така и во Македонија и Одринско.[30]

[29] Исто, 178.
[30] С. Елдъров, Генерал Цончев..., 120.

Оваа замислена структура на генералот Цончев нема да се оствари во реалност. Меѓутоа и во неа се гледа неговата амбиција, воопшто и амбицијата на военото офицерство, да ги носат и контролираат сите одлуки поврзани со македонското револуционерно дело. За таа цел би служело создавањето на „Специјалното биро“. Исто така, со оваа замисла, би се елиминирало потполно Задграничното претставништво на ТМОРО. ЗП поради неговото влијание, врховистите го нарекувале „Трета организација“ и покрај тоа што во тој момент било управувано од „умерени“ и „компромисни“ личности како што се Христо Матов и д-р Христо Татарчев.

Исто така, додека е во затвор, генералот Иван Цончев во ново писмо до Александар Протогеров дава своја визија и насоки како би требало да се одвива претстоечкото востание во Македонија. Според него, Македонија требало да се подели на следните окрузи кои би имале главна управа: Битолски, Солунски и Серски. Во секој округ да има една врховна чета, при која би била главната команда. Да се определи точно почетокот на дејствата за да можат сите чети да бидат синхронизирани. Дејствијата да бидат чисто партизански и да нема групирање на поголеми маси на определени пунктови. Во градовите дејствата да бидат терористички, да се узурпираат железниците и телеграфите.[31]

[31] Исто, 121.

## 4. Односот на ЗП на ТМОРО со врховистите и дипломатски извештаи за состојбата во Македонија и Бугарија во февруари и март 1903 година

1. Д-р Христо Татарчев, како претставник на ЗП на ТМОРО, одржува комуникација и бара помош за оружје и материјали од Христо Станишев – претседателот на отцепениот ВМОК, кој во тој момент исто така е распуштен и забранет со одлуката на бугарската влада од 31 јануари 1903 година. На 8 февруари, Татарчев испраќа писмо во кое му дава насока на Станишев да го засили информирањето на бугарското општество, дека се преживувало најкритично време и *каузата на робот требала да биде сфатена во смисла каква што ја подразбира Внатрешната организација*. Требало да се апелира до чувствата на народот и да се објасни дека токму тогаш бил моментот да се отиде на помош на робот. Понатаму, Татарчев вели дека главната задача во моментот била да се собираат материјали и да се користат остатоците од македоно-одринските друштва во Бугарија во полза на Внатрешната организација. Откако ТМОРО ќе се снабдела со потребното количество на материјали би можело да се започне со навлегување на чети во Македонија. Татарчев советувал да се врбуваат само унтерофицери и офицери кои не требало да бидат блиски луѓе на генералот Цончев. Во врска со врховистите, Татарчев вели дека лесно можело да се дојде до решение со нив, доколку тие се откажеле од преземените мерки и искрено ја прегрнеле каузата на начин на кој самиот роб ја разбира т.е. врховистите да се потчинат и да се водат по принципите на ТМОРО. Првата работа што требало да ја направат двата растурени ВМОК е да ги предадат материјалите и да ги стават на располагање на Внатрешната организација. Тоа би било клучно за решавање на односите помеѓу врховистите и ТМОРО, другите работи биле маргинални. Татарчев го советувал Станишев да бара што повеќе пушки и да истражи каде би можеле да се набават.[32]

Во друго писмо од 12 февруари 1903 година, д-р Христо Татарчев дал нови насоки до Христо Станишев. Татарчев го критикува Станишев за окружното кое тој

---

[32] Вътрешна Македоно-Одринска Революционна Организация (1893-1919), Документи од централните ръководни органи, т2, част2, Съставители Цочо Билярски, Ива Бурилкова, София, 2007, 248.

го испратил како критика на владата поради забраната на Врховните комитети. Потоа, Станишев како авторитетно лице во бугарското општество е советуван да агитира за помош на каузата на Внатрешната организација. Потребно било да се собираат пари без шум и насилство, да се истражи каде имало пушки кои би се купувале и најмувале на сметка на ТМОРО, да се врбуваат унтерофицери и постари војници и да им се понуди на пензионираните офицери и бедните граѓани да бидат дел од боевата сила. За испраќањето на четите до нивните определени места задолжено било ЗП на ТМОРО.[33]

Во извештај од 12 февруари 1903 година од рускиот конзул во Солун, Гирс, упатен до рускиот дипломат во Истанбул, се пишувало дека ТМОРО била во краен раскин со Врховниот комитет. Таквата состојба настанала поради големите прекорувања кои ТМОРО ги давала на сметка на ВМОК Михајловски-Materials Цончев. Горноџумајската врховистичка провокација од есента 1902 година, која довела до многубројни и залудни жртви била главната причина, според Гирс, за лошите односи. Тој додал дека со апестувањето на генералот Цончев, Михајловски и другите врховисти, револуционерите на ТМОРО се почувствувале послободни. Гирс бил на мислење дека ТМОРО во тој момент го чекала епилогот од „*миролубивите обиди*“ на Големите сили, кои навестувале нови реформи. Доколку планираните реформи не предизвикале промена на состојбата во Македонија, ТМОРО немала да го одложи планираното востание.[34]

Рускиот дипломат бил во право дека односите меѓу врховистите од таборот на генералот Цончев и ТМОРО биле крајно затегнати, меѓутоа, тие сепак добиваат неформална покана за учество во претстоечкото востание од ЦК на ТМОРО. Имало нови обиди за решавање на односите помеѓу двата ВМОК и ТМОРО по одлуката на ТМОРО за востание од јануари 1903 година. Сепак повторно, до формално помирување и дејствување под една команда немало да дојде. Неформалните преговори траеле се до март 1903 година, кога била потпишана согласност за паралелно дејствување и взаемно непопречување на двете организации во Македонија до и за време на планираното востание за 1903 година. Согласноста

[33] Исто, 249.
[34] С. Дракул, Македонија меѓу автономијата..., 9.

била потпишана од Пере Тошев и Христо Матов од страната на ТМОРО и Иван Цончев и Стефан Николов од страната на врховистите.[35]

Во весникот „Свято дѣло“ кој е спонзориран од приврзаници на врховистите во Ќустендил, раскажан е интересен настан по потпишувањето на согласност помеѓу врховистите и ТМОРО од март 1903 година. Кога еден четник врховист се упатил на пунктот за да влезе во Македонија, одговорено му било да влезе во редовите на „*внатрешните*“ т.е. ТМОРО. „*Нема веќе надворешни и внатрешни, денес има само Бугари и Македонци*“ му било кажано на четникот врховист.[36]

Друг пример за карактерот на односите помеѓу ТМОРО и врховистите по потпишаната спогодба било едно писмо на Пере Тошев од 13 февруари 1903 година до врховистот офицер Коста Кондов. Пере Тошев го упатува Кондов да замине во формираната прилепска чета. Покрај тоа, во писмото Кондов ги добива следните насоки: 1) „*Востанието се подига и се води од внатре, од името на внатрешното население, следствено Внатрешната организација“;* 2) „*Населението ќе се бори, нема само да страда“*.[37] Со првата точка Пере Тошев укажува дека востанието е автохтоно и дека нема да зависи од ниту еден надворешен фактор, што е потполно во согласност со политиката на ТМОРО.

2. Покрај тоа што двата ВМОК се забранети, неформално тие продолжиле да дејствуваат. Со своите активности врховистите пред да се распуштат успеале да обезбедат значителни средства, како и да добијат поддршка од голем број офицери и доброволци кои под нивна закрила требало да навлезат во Македонија.

За појавувањето на чети со бугарски офицери во Македонија известил рускиот дипломат во Истанбул, Зиновјев на 21 февруари 1903 година. Поради таа ситуација, Зиновјев вршел притисок до бугарскиот егзарх Јосиф.[38]

Истиот ден, на 21 февруари 1903 година, Австро-Унгарија и Русија ги поднеле нивните планирани договорени реформи за Европскиот дел на Турција до големиот

---

[35] Архив Христо Матов..., 81.
[36] В. Стоймир, Вътрешни и надворешни, в. Свято дело, г1, кн6, Кюстендил, март 1903, 277.
[37] Архив Христо Матов..., 81.
[38] Симон Дракул, Македонија меѓу автономијата..., 32.

везир Ферид Паша. Овие реформи се директна последица од врховистичката провокација од есента 1902 година, како и разбрануваната ситуација од случувањата кои следат после неа. Популарно наречените февруарски „падарски“ реформи ги содржат следните точки: 1) Задржување на Хусеин Хилми паша за главен испектор на румелиските вилаети. За одржување на јавниот ред и мир тој имал право без дозвола на централната власт да ја ангажира војската; 2) Валиите се должни да ги почитуваат инструкциите на генералниот инспектор; 3) Реорганизација на жандармеријата и полицијата од странски инструктори. Во жандармеријата се вклучуваат христијани; 4) Во христијанските села за падари да се назначуваат христијани; 5) Општа амнестија за политичките затвореници од трите вилаети; 6) За нормално функционирање на локалната администрација и институции се предлага одделен буџет за секој вилает, контролиран од Отоманската банка; 7) Замена на десетокот со земјишен данок.[39] Овие реформи создадени од Австро-Унгарија и Русија сепак нема да бидат доволни за да ги запрат планираните турбуленции во Македонија.

Рускиот конзул во Солун, Гирс, во телеграма до рускиот дипломат во Истанбул, Зиновјев, од 24 февруари 1903 година, ја обвинил бугарската влада дека го отповикала бугарскиот трговски агент од Битола, кој по природа бил крајно смирен и спокоен, а на негово место го поставила г. Колушев, кој бил докажан поборник на револуцијата. Според Гирс, Колушев кој требало да ги следи официјалните инструкции да го смирува населението, истовремено бил снабден со тајни наредби да ја засилува дејноста на комитетите во Македонија. Преку тоа, требало да се докаже, дека центарот на македонското револуционерно движење се наоѓал надвор од Бугарија.[40]

Во март 1903 година, за активноста на врховистите во Македонија се знаело и во Србија. Кралот Александар Обреновиќ во врска со тоа го известил рускиот дипломат во Белград, Чариков. Тој во телеграма од 13 март 1903 година известил

[39] В. Ѓорѓиев, Слобода или Смрт..., 19.
[40] С. Дракул, Македонија меѓу автономијата..., 38.

дека македонските комитети ја продолжиле нивната дејност, само под други имиња.[41]

Поради фактот што голем број на врховистички чети, како и чети на ТМОРО ја преминуваат бугарско-турската граница, министерот за надворешни работи на Русија, гроф Ламсдорф, на 27 март 1903 година упатил заканувачка телеграма до бугарската влада. Во телеграмата се вели дека Русија потполно верувала во успехот што би го донеле февруарските реформи и дека дејствијата на револуционерните комитети ја успорувале имплементацијата. Русија го уважувала преземањето мерки од страна на бугарската влада за запирање на револуционерните активности, но мерките биле недоволни. Во случај да се кренело востание, бугарската влада требала да ги спречи Бугарите од Кнежеството да се приклучат во востанието и владата да помагала во гаснењето на револуцијата. Во случај Бугарија да не ги исполни овие услови на Русија и евентуално да им даде помош на востаниците во Македонија, Русија ќе била присилена да симне од себе секаква одговорност за тешките последици на коишто би било подложно христијанското население во Македонија и дека Русија немала да земе никакво учество во безрасудно предизвиканата борба со законитата турска власт.[42]

Во врска со овие дипломатски активности на Русија, врховистите организираат митинг во Софија на почетокот на април 1903 година. Главни причини за оддржаниот митинг се: отворениот жесток поход на руските конзули во Македонија против „бугарскиот“ елемент и создадената лоша положба во Кнежеството од страна на бугарската влада. Иницијативата на врховистите ќе предизвика средба помеѓу премиерот д-р Стојан Данев и поранешниот претседател на ВМОК, Стојан Михајловски. На средбата Данев уверувал дека „*клеветничките*“ извештаи на руските конзули биле преувеличување и дека во иднина тие ќе сопреле. Данев додал дека руската дипломатија ќе го променела своето поведение спрема „бугарското“ население во Македонија.[43]

---

[41] Исто, 57.
[42] Исто, 71.
[43] в. Реформи, г5, бр1, 02.04.1903, Запрѣтена сказка, 4.

## 5. Навлегување на врховистички чети во Македонија и нивните судири со османлиската власт, пролет 1903 година

1. Иако Комитетите официјално се растурени и забранети, во суштина тие и понатаму тајно функционираат. Резултатот на активностите на врховистите од крајот на зимата и пролетта 1903 година се вооружување и испраќање на чети во внатрешноста во Македонија.

На 23 февруари 1903 година врховистичката чета на мичман Тодор Саев и потпоручник Константин Настев навлегува во Македонија. Поради строгата заповед да не се пропуштаат чети на турско-бугарската граница, четата во таен договор со граничниот офицер, поручник Константинов, преоблечена во селски алишта ја минала границата преку најтешкиот премин „Црната скала“.[44] На 24 февруари четата се позиционирала кај с. Бигла под Голак планина. Таму четата била насетена од турска потера која започнала да ја преследува. Под притисок, четата почнала полека да отстапува од Турците и да се искачува на врвот на Голак, наречен „Чавките“.[45]

Под дождот од куршуми, со забрзано темпо четата успеала да ги претекне Турците кои надоаѓале од Царево село и успеала да го заземе силно укрепениот врв Голак. По половина час, четата била опколена од сите страни и започнал судир. Врховистичката чета била распределена на следниот начин: на левото крило бил потпоручник Настев, во ценатрот биле Александар Кралев, Јордан Неделков и Ќурчијата, а на десното крило, на највисокото место биле Тодор Саев, поп Серафим и Јордан Иванов. Бидејќи биле на стратешко повисока укрепена позиција, четата со стрелби успевала да ги одбива нападите на Турците кои настапувале кон нив. Од силната стрелба на турските маузерови пушки распукале карпите и град од камени парчиња ги осипал врховистите. Карпите ги штителе врховистите од куршуми, но

[44] Йордан Иванов, Какъ, кѫде и кога умрѣ войводата Мичман Тодорь Саевъ, Ил. Илинден, г2, кн9 (19), октомври 1929, 8.
[45] Документи за историята на революционнитѣ борби въ Македония, Писма извлѣчени отъ "Книжката за донесения" на войводитѣ Мичманъ Тодоръ Саевъ и Подпоручникъ Константинъ Настевъ, Ил. Илинден, г4, кн10 (40), јуни 1932, 13.

парчињата камен им нанеле штета - го ослепиле Божил Бранков и го раниле Тодор Саев во главата. Започнал нов силен турски напад врз позицијата на четата. Четата се одбранила со фрлање бомби. Надојдените турски војници се повлекле.[46]

Според мичман Тодор Саев судирот траел 8 часа.[47] Во писмо до претседателот на веќе распуштениот ВМОК, Стојан Михајловски, од 27 февруари 1903 година, Тодор Саев итно барал да му се испратат 2,500-3,000 манлихерови куршуми, бидејќи во судирот кај „Чавките" ги потрошиле речиси сите.[48]

2. По борбата, во писмо до врховистичкиот пунктов началник во Ќустендил, Т. Саев барал да се побрза со подготвување на нова добро опремена чета. Бидејќи досегашниот канал по кој патувала неговата чета бил уништен по борбата на Сарафов и по неговата борба кај „Чавките". Препорачал новата чета да се упати по Џумајскиот канал.[49]

Во ново писмо од 3 март 1903 година до Иван (Христов) Карасулијата, кој во тој момент е врховистички војвода кој делува во Гевгелиско, Тодор Саев вели: „*Со коцкарите[50] многу пријателство не води, макар и да се говори дека сме се помириле*". На 11 март 1903 година, Тодор Саев напишал писмо до свештеникот Глигор, кој бил претседател на општината во градот Пехчево. Поради анимозитетот што месното население го чувствува спрема врховистите, во писмото Т. Саев го замолил отец Глигор (кој е работник на ТМОРО) да се заборават дотогашните непријателства и да се остави неговата чета непречено да делува.[51] Истиот ден, во друго писмо до врховистичкиот пунктов началник во Ќустендил, Кусев, Т. Саев апелирал да се испраќаат повеќе куршуми за манлихеровите пушки кои ги користат врховистите.[52]

По испраќањето на неколку врховистички чети во Серскиот и Струмичкиот округ и покрај делувањето на врховистичкиот војвода Иван Карасулијата во

---

[46] Йордан Ивановъ, Какъ, кѫде и кога умрѣ войводата Мичман Тодорь Саевъ..., 8.
[47] Документи за историята на революционнитѣ борби..., Ил. Илинден, г4, кн10 (40), јуни 1932, 14.
[48] Исто.
[49] Исто.
[50] „Коцкари" е погрден назив што врховистите го користат за дејците на ТМОРО.
[51] Документи за историята на революционнитѣ борби..., Ил. Илинден, г5, кн3 (43), јануари 1933, 7.
[52] Исто, 8.

Гевгелиско, како дополнително засилување, врховистите во март 1903 година го испратиле нивниот приврзаник - Атанас Димитров (Градоборлијата) да делува во Кукушко, се додека не се испрателе еден или двајца офицери да го заменат во тој реон.[53]

Четата на Т. Саев и К. Настев ги обиколила Малешевските, Струмичките и Петричките реони. При таа обиколка, со нив ги собрале сите месни врховистички чети: четите на Дедо Кутрулот, Атанас Умљанин, Петре Уже, Коста Попов и Алексо Поројлијата. Сите овие чети на 20 март 1903 година организирале општ врховистички совет на кој се даваат неопходните инструкции до сите врховистички војводи.[54]

Во извештај од 22 март 1903 година до другиот знаменит врховистички војвода, Јордан Стојанов, кој во тој момент делувал во Мелничко, Т. Саев пишува дека врховистичките чети во Малешевско и Петричко биле во големо растројство и дека ќе се обидел да ги уреди.[55] Во друго писмо, исто од 22 март, до поручник Христо Саракинов, кој истовремено делувал во Македонија како врховистички војвода, Т. Саев вели дека исто како и во Малешевско, така и во Струмичко, врховистичките чети биле во голем хаос.[56] За да ги испрати овие писма до Јордан Стојанов и до Христо Саракинов, Т. Саев барал помош и курири од свештеникот Ивчо (работник на ТМОРО). Саев на 22 март 1903 година напишал писмо до свештеникот Ивчо во кое вели дека сите пријатели на македонскиот род наводно го „*одобрувале патот*" по кој тргнале врховистите и затоа месните работници на ТМОРО биле должни да ги помагаат со сè што можат.[57] Во писмото до генералот Иван Цончев од 26 март 1903 година, Т. Саев вели дека требал да врши неблагодарна работа поради недисциплината и лошата структура во врховистичките чети што оперираат во реоните кои ги обиколува (Малешевско, Радовишко, Струмичко и Петричко).[58]

---

[53] Исто.
[54] Йордан Иванов, Какъ, кѫде и кога умрѣ войводата Мичман Тодоръ Саевъ..., 8.
[55] Документи за историята на революционнитѣ борби..., Ил. Илинден, г5, кн3 (43), јануари 1933, 9.
[56] Исто.
[57] Исто.
[58] Документи за историята на революционнитѣ борби..., Ил. Илинден, г5 кн5 (45), април 1933, 14.

3. На 27 март 1903 година четата на Саев и Настев денувала во с. Цапарево.[59] Од локалните селани четата добила информација дека аскер од 20 војници се наоѓал во близина и се упатувал кон с. Раздол. Саев дал наредба четата да му постави заседа на аскерот. Заседата била поставена и на изненадување на врховистите, бројот на Турците наместо 20 души, бил многу поголем. При самото отворање на борбата Турците ги убиле Станчо Бакалов од с. Мечково, Божин од с. Цапарево, а лидерот на четата, мичман Тодор Саев, бил тешко ранет во стомакот.[60] Четата со тешки маки успеала да го извлече ранетиот Тодор Саев од борбеното поле и се повлекла до с. Клепало, од каде ноќта отстапила за Ратевските колиби. На 28.03.1903 година после големи маки умира Тодор Саев и бил погребан до срнечката колиба[61], а според Јордан Иванов, погребан бил при Доленските колиби, во месноста Орешец.[62]

По смртта на мичман Тодор Саев, врховистите дознаваат дека се предадени на Турците од месното население и се дрзнуваат да им донесат смртни пресуди на осомничените предавници – селани[63], на територија која според уставот и припаѓа на ТМОРО, поточно на Струмичкиот револуционерен округ.

По неговата смрт, врховистите, неговите воени другари, го испратиле по револуционерните реони следниот некролог:

*„Браќа Македонци!*

*Нашиот скап и мил другар, Тодор Саев, почина херојски на военото поле. Од турска заседа куршум ја прониза неговата јуначка снага. Неговите другари во една петчасовна борба скапо му се одмоздија на тиранинот. Откако го послаа местото на борба со турски лешови, го понесоа љубениот свој војвода во прегратките на македонските планини, каде и почина, шепотеќи ја својата љубов кон многустрадалната татковина. Тој ја посвети младоста за вашата слобода и го положи животот за слободата на раскрварена Македонија.*

[59] Реформи г5, бр2, 12.04.1903, Тодоръ Саевъ, 2.
[60] Документи за историята на революционнитѣ борби..., Ил. Илинден, г5 кн5 (45), април 1933, 14.
[61] Исто.
[62] Откако е тешко ранет и е ставен на коњот, Тодор Саев извикува: *„Ви се молам, убијте ме, за да не се мачам повеќе; јас завршувам“*. / Йордан Иванов, Какъ, кѫде и кога умрѣ войводата Мичман Тодорь Саевъ, Ил. Илинден, г2, кн9 (19), октомври 1929, 8.
[63] Документи за историята на революционнитѣ борби..., Ил. Илинден, г5 кн5 (45), април 1933, 14.

*Спомнувајте си го секогаш неговиот херојски подвиг низ ропската земја и вознесете ги молитвите кон Бог Саваот пред таа незаменлива загуба, што ја претрпи мајка Македонија. Ние неговите другари, ќе бродиме низ македонските планини, водени од духот на славниот борец, ќе бидеме лути одмаздници на жестокиот тиранин и верни војници до крај – додека не ја видиме сјајната слобода над вашите глави, над таа маченичка земја. Бидете подготвени и вие.*

*Од началниците на реоните и војводите.*“[64]

Интересна е пропагандата на врховистите објавена во в. „Реформи“, каде тие се обраќаат до „*браќата Македонци*“ и како со преувеличување го опеваат делото на „*херојот*“ кој го положил животот за „*слободата на раскрвеана Македонија*“. Т. Саев воопшто не бил херој за македонското население, но тие токму во тоа светло го претставуваат пред бугарската јавност.

4. Други активни врховистички чети во пролетта 1903 година во Македонија биле: четите на Јордан Стојанов и Тодор Мициев кои броеле 70 души; четата на Павле Давков составена од 45 души; четата на Дончо Златков составена од 100 души и големата чета на Никола (Кољо) Лефтеров. Други поглавни чети биле четите на Бакалов, Попов, Градоборлијата.[65] На 19 март четата на Тодор Мициев имала судир со Турците околу селото Оштава. Судирот траел 4 часа по што врховистите се повлекле.[66]

5. Четата на Алексо Поројлијата на 5 март 1903 година се судрила со турска војска над с. Ветрен (Демир-Хисарско). На 8 март настанал нов судир при Хаџи-бејлик. По борбата четата ги искинала телеграфските жици. На 10 март близу до с. Турчелија, на запад од Струма, четата на Алексо и на тоа место ги искинала телеграфските жици. На 11 март, на запад од с. Шугово, започнува нова борба помеѓу врховистичката чета на Поројлијата со Турците. По судирот, четата се префрлила во Петричко и на 13 март 1903 година, при селото Елешница била

---

[64] в. Реформи г5, бр2, 12.04.1903, Тодоръ Саевъ, 2.
[65] в. Реформи г5, бр2, 12.04.1903, Изъ революцонната борба, Отсамъ Вардаръ, 4.
[66] Исто.

опколена од многубројна војска. Започнала крвава борба во која врховистите успеале да се повлечат.[67]

На 20 март Алексо отстапил со дел од четата во друг реон, додека останатите биле оставени под началство на Мито Русков. Наредниот ден, на 21 март, бегликчии поддржани со башибозук, ја нападнале четата која ја предводел М. Русков при с. Чуричане. Борбата траела околу 2 часа и врховистите се повлекле. На 23 март Алексо се вратил при четата, која се наоѓала околу селото Чуричане. Во самото село имало силна потера од војска и башибозук, на чело со Петричкиот кајмакам и полицискиот пристав. Алексо ја распоредил четата на високи позиции над селото. Кога потерата се доближила до врховистите, тие од заседа ги нападнале Турците кои се повлекле. За да се одмаздат, Турците го одвеле целото семејство на Алексо Поројлијата во Демир-Хисар. Мајката на Алексо, неговата жена и двете деца Никола и Иван, биле подложени на строг распит.[68]

6. Јордан Стојанов со неговата чета движејќи од Мелничко пристигнал во околината на с. Влахи. Во околината на Влахи, четата на Стојанов е засилена со Танушев и уште неколку врховисти, но тогаш била насетена од турска потера. Започнала борба која траела неколку часа. Турците биле одбиени два пати и се повлекле. Стојанов испратил курир до четата на Павле Давков со задача да се упатат кон врвовите на Езерец, по нив се упатила и османлискиот аскер.[69]

Врховистите со маневар ги воделе Турците кон врвовите на Езерец, каде што се засолниле во добри позиции. Турците го започнале својот напад, а од височините и карпите врховистите, солидно укрепени, повеле контра напад. Турците не успеале да ја пробијат врховистичката позиција и тие неколку пати се одбиени. По двочасовна борба, Турците добиле засилување артилерија. Охрабрени од артилерискиот оган, Турците го засилиле нападот. Во тој момент од позадина Павле Давков со околу 40 души врховисти го нападнале и го пробиле едното турско крило. Бидејќи биле нападнати од две страни, Турците се повлекле.[70]

---

[67] Исто.
[68] в Реформи г5, бр1, 02.04.1903, Езерецъ, 3.
[69] Исто.
[70] Исто.

7. Кон средината на април 1903 година, поради напливот од врховистички чети на турско-бугарската граница и нивното навлегување во Македонија, началникот на III корпус на турската армија дал заповед војската да ја насочи сета енергија за уништување на четите. Четири табора војска биле испратени од Солун за Петрич за да ги засилат турските позиции во пограничниот регион. Поради тоа, како противмерка, врховистичките чети се раздробиле на мали четички. На две места во Мелничката каза, врховистите од добро подготвени заседи уништиле две авангарди на потерите. Како резултат на тоа Турците уништиле неколку македонски села во Мелничко, Демир-Хисарско и Серско.[71]

8. Во април 1903 година бележиме интересен куриозитет што ќе посведочи за соработката помеѓу врховистите и ТМОРО. Двете организации од средината на март 1903 година постигнале согласност за непопречување во нивното паралелно дејствување во Македонија. Оттука, во борбата на Готен од 6 април 1903 година, која е една од најкрвавите и најтешките судири во предилинденскиот период, борците од двете организации ќе се најдат на иста страна.

Една голема чета на ТМОРО под војводство на Христо Чернопеев, Никола Дечев и К. Мазнејков се движела кон с. Лески по планината Плачковица. Силата на четата била околу 150 души. Таа била насетена од Турците и заследена. При с. Лески се отворила жестока борба и четата при повлекувањето надолу останала со околу 120 души. Поради големата бројност и длабокиот снег, четата не можела да се сокрие од преследувањето на Турците. Трагите по снегот ја откриле насоката по која четата се движела. Еден табор аскер од Пехчево, друг аскер од Кочани и аскер од блиските села тргнале по стапките на борците. Како тактички маневар, четата се разделила на два дела: едната чета ја водел Дечев, другата Чернопеев. Двете чети броеле по околу 60 души.[72]

На 5 април вечерта, спроти Велигден, Дечев со големи усилби се доближил до височините на Готен, во истовреме Чернопеев ја зазел височината Гарван. Тие височини се наоѓаат на југозапад од Пехчево, близу с. Берово. Турците ја опколиле

---

[71] в. Реформи г5, бр3, 20.04.1903, Изъ революцонната борба, 1.
[72] в. Реформи г5, бр3, 20.04.1903, Сражението при Готенъ, 2.

четата на Дечев од сите страни, чии позиции биле слаби. Заземениот рид бил изложен на турските куршуми. Положбата на Дечев била очајна. Чернопеев на позицијата кај Гарван од едната страна бил попречен од аскер и немал можност да им помогне на своите другари. Во тоа време и други војски од Кочани, Струмица и Штип им пристигнале како засилување на Турците. Рано утрината, на Велигден, 6 април 1903 година, Турците ја започнале борбата и се приближувале кон позициите на четите.[73]

Кога грмнале пушките, врховистичкиот војвода Никола Лефтеров со неговата чета се наоѓал во близина, околу селото Русиново. Лефтеров дал заповед четата да се упати на местото на судирот. Кога доближиле до височините на Гарван, Лефтеров ја забележал четата на Чернопеев. Испратениот курир веднаш се вратил со записка од Чернопеев, кој му известил за ужасната положба на Дечев и му предложил на Лефтеров да го нападне десното крило на Турците, а тој самиот левото крило и на тој начин да го ослободат Дечев од обрачот. Ползејќи четата на Лефтеров се доближила до турските позиции и од зад грб отворила силен оган. Мислејќи дека левото крило ќе му биде заштитено од четата на Дечев, Лефтеров се впуштил во турските редови. Но, Дечев и околу 30 момчиња од неговата чета веќе биле убиени, а останатите 30 души, на чело со Иван Месарот, ги напуштиле позициите и се повлекле.

Лефтеров и неговата чета во нападот доближиле до една колиба каде биле сместени неколку турски офицери на советување. Четата фрлила бомби врз колибата и неколку офицери биле разнесени. Поради навлегувањето меѓу турските позиции и недостигот на поддршка, по овој напад позицијата на Лефтеров станала критична. Турците ја опколиле четата и започнала нова борба. На местото на судирот имало голем број убиени од двете страни. Во мизерна воено-тактичка позиција, Лефтеров со маневар ја повел четата на отстапување. Врховистите пробивале пат кон Владимировските ридови. При стемнувањето пристигнал друг аскер, кој започнал да ги стрела врховистите од друга страна. Турците кои ја гонеле четата, помислиле дека новопристигнатиот аскер кој започнал стрелба од другата

[73] Исто.

страна, дека всушност биле засилување на четата на Лефтеров. Се заврзала престрелка меѓу Турци и Турци. Поради таа меѓупресметка, и срекна околност, четата на Лефтеров успеала да се повлече. Четата на Лефтеров била заслужна за спасувањето на четите од ТМОРО од целосно истребување.[74] Христо Чернопеев, волонтерот Чех во редовите на ТМОРО - Климент и останатите комити кои успеале да се спасат во судирот на Готен се повлекле кон Струмичко и се засолниле во с. Нивичино.[75] Судирот кај Готен е најкрвавата борба во предилинденскиот период.

9. Врховистичката чета на капетан Александар Протогеров на 14 април 1903 година се движела околу с. Логодаш во Џумајската каза. Таа застанува на два рида: на едната се наоѓал Протогеров, а на другата помошникот потпоручник Милев. Утрината, на 15 април, една рота аскер им ги открила трагите и да ги нападнала. Недалеку се движеле и врховистичките чети на поручник Софрониј Стојанов и потпоручник Илија Балтов, со помошниците потпоручници Борис Стрезов и Борис Сугарев. Двете чети веднаш тргнале во правец кон грмежите и после засилен марш налетале позади аскерот. Врховистите нападнале од три страни. Турците, вклештени се повлекле. Врховистите по борбата се повлекуваат кон височините на месноста.[76]

Истата вечер врховистичките началници се собрале на советување и решиле да ги разделат четите на четири одреди. Взори, првиот одред кој тргнал за своето назначено место се изгубил во планините. Пред да тргне вториот одред, неговата претстража забележала движење на аскер. На знак, целиот втор одред отворил оган кон аскерот. Неколку бомби и фишеци наполнети со екразит ја растуриле турската позиција.[77]

Одредите се повлекле кон селото Габрово. По нив врвела цела редица аскер кој стрелала од далеку. Турската потера се засилила. Од страна на Џумаја пристигнал цел баталјон, предводен од двајца германски офицери. Од југ

---

[74] Исто.
[75] Движението отсам Вардара и борбата с върховистите. По спомени на Яне Сандански, Черньо Пеев, Сава Михайлов, Хр. Куслев, Ив. Анастасов Гърчето, Петър Хр. Юруков и Никола Пушкаров. Съобщава Л. Милетич. Материали за историята на македонското освободително движение. Кн. VII. С., 1927, 45.
[76] в. Реформи г5, бр3, 20.04.1903, Логодашъ. Габрово, 2.
[77] Исто.

пристигнал друг батаљон, а од Пехчево спроти четите се појавиле множество аскер и башибозук. Врховистите брзо ги заземале ридовите близу до с. Габрово. Тие се распоределе на две височини сврзани една со друга. Со едната командувал Протогеров, а со другата Софроније Стојанов. Ноќта, Турците започнале заеднички напад. Врховистите не успеваат да ги одбијат нападите. Во меѓувреме дел од Пехчевскиот аскер зазел една мала височина спроти позицијата на Протогеров и отворил оган. При овој напад, неколку врховисти паднале убиени, додека Протогеров бил ранет на две места. Балтов успеал да го оттргне настрана и го повел повлкувањето од таа позиција. Тој, носејќи го Протогеров, заедно со уште неколку врховисти, успеале да се повлечат и се упатиле назад во Бугарија. Но, при преминувањето на границата, двајцата врховисти и нивната придружба биле арестувани од бугарските граничари и биле ставени во затворот во Дупница.[78] Таквите повремени постапки на бугарската власт требало само да ја заблудат османлиската власт и европската дипломатија. Со тоа требало да се покаже дека Бугарија не била одговорна за врховистичките чети кои навлегувале во Македонија.

На другата страна од височините, Софронија Стојанов командувал во борбата. По некое време тој бил опколен од голем број османлиска војска. При борбата Софронија Стојанов бил погоден со куршум во главата и загинал на лице место. Исто така паднал убиен и Димитар Милев. По нивната смрт, командата ја презел Борис Сугарев.[79]

Крајот на судирот при с. Габрово го опишува и англискиот воен кореспондент за в. „Дејли Њуз“ А. Г. Хејлс. Во неговиот извештај вели дека на врховистите при турската наезда од сите страни, не им останало ништо друго освен да се борат до последно, до смрт. Брзо откако ја презел командата, Борис Сугарев исто така бил ранет. За да успее да направи пат, по кој ќе можат сардисаните врховисти да се пробијат, Сугарев, ранет, зел две бомби и исправен се впуштил меѓу Турците. Разнесувајќи се себе си и Турците кои биле во близина, Сугарев успеал да направи хаос, кој останатите врховисти го искористиле да се повлечат. Хејлс пишува: „...За време на нападот на Сугарев, пред тие да се освестат од ударот, остатоците од

[78] Исто.
[79] в. Реформи г5, бр4, 28.04.1903, Боятъ при Габрово, 2.

македонската чета се втурнаа и преминаа меѓу нив нанесувајќи им страшни удари на десно и на лево по патот и ги забиваа ножевите дури до рачките. Патот, кој Сугарев го облеал со својата крв, беше пат кон спасувањето и тие минаа по него брзо и храбро". Потоа, Хејлс додава: „Од него не остана ниту парченце за погреб. Тој се разнесе на иљадници парчиња, кога првата бомба се распрсна...".[80]

[80] в. Реформи г5, бр42, 27.09.1903, На Балканитѣ, 1.

## 6. Бугарската владина криза, пролет 1903 година

1. Во зимата и почетокот на пролетта 1903 година, македонското прашање ескалира. Бугарската влада предводена од прогресивнолиберланата партија на чело со премиерот Стојан Данев се соочува со огромен притисок од страна на Големите сили. Таа успеала официјално да ги растури Врховните Комитети, меѓутоа не успеала или можеби не сакала да го спречи преминувањето на четите и внесувањето на оружје во Македонија. Исто така, политиката која ја водел кнезот Фердинанд во многу сегменти се разликувала од официјалната политика на бугарската влада.

Кон крајот на февруари 1903 година, руският дипломат во Софија, Бахметиев, во тајна телеграма известил за конфликтот помеѓу премиерот Стојан Данев со воениот министер Стефан Паприков и кнезот Фердинанд. Данев по советувањата со Бахметиев решил да поднесе ултиматум до кнезот Фердинанд, за да се смени Паприков со министер кој ќе ја исполнувал волјата на владата. Во спротивно, неговиот кабинет ќе поднел оставка.[81]

Во нова телеграма Бахметиев ги пренел ставовите на премиерот Стојан Данев. Премиерот изјавил дека владата немала ништо заедничко со Борис Сарафов и сличните на него и дека владата немала сила да ги запре револуционерите во нивните намери. Бахметиев во извештајот до неговата држава известил дека неговите колеги, вклучувајќи го и турскиот дипломат во Софија, немале причина да се сомневаат во добросвесноста на премиерот Данев. Дал сугестија, Русија да врши притисок врз Бугарија и како воен министер наместо дотогашниот Паприков, да се постави Михаил Савов. Според Бахметиев, Савов ќе воспоставел повеќе ред и војската ќе била пристегната.[82]

Во март 1903 година, во Бугарија јавно е обзнаена владината криза. Кнезот Фердинанд се обидел да ја реши кризата понудувајќи да се додели мандат за составување на нов владин кабинет на Иван Ев. Гешов, кој не прифатил. Кризата се

[81] С. Дракул, Македонија меѓу автономијата..., 37.
[82] Исто.

решила со тоа што премиерот Стојан Данев го отпуштил воениот министер генерал Паприков и на неговото место го поставил потполковник Михаил Савов.[83] Официјално, кабинетот на Стојан Данев поднел оставка на 18 март 1903 година и истиот ден, составен е нов кабинет предводен повторно од Данев кој ќе трае до мај 1903 година.

2. Старо-новиот кабинет предводен од Стојан Данев и прогресивнолибералната партија не донел никакви резултати и подобрувања во Кнежеството Бугарија и македонското прашање. Поради тие причини, на 2 мај 1903 година, кнезот Фердинанд имал средба со премиерот С. Данев, по чие завршување премиерот и неговиот кабинет повторно поднеле оставка. По средбата со Данев, кнезот Фердинанд остварил поединечни средби со Димитар Петков, Иван Шишманов, генерал-мајор Паприков, потполковник Михаил Савов, генерал Бочев и Рачо Петров. Кнезот телеграфски од Букурешт го повикал и Иван Ев. Гешов.[84] Со овој потег кнезот Фердинанд дал до знаење на сите видни личности во Бугарија дека тој сака да ја земе целата политичка контрола во свои раце, поради сериозноста и притисокот од Големите сили во врска со македонското прашање.

На 7 мај 1903 година, кнезот Фердинанд ги потпишал надлежните укази за составување на привремен кабинет во следниот состав: Рачо Петров – премиер и министер за надворешни работи и вероисповед; Димитар Петков – министер за внатрешни работи; Антон Манушев – министер за финансии; д-р Никола Генадиев – министер за правосудство; д-р Иван Шишманов – министер за народна просвета; Димитар Попов – министер за општествени згради, патишта и комуникација / министер за трговија и земјоделство; полковник Михаил Савов – министер за војна.[85]

3. Врховистите во својот орган в. „Реформи“, ќе објават нивно гледиште и нивна анализа на бугарската владина криза. Според нив, посетата на потписникот на Сан-Стефанскиот мировен договор од 1878 година – гроф Игнатиев во Софија, доаѓањето на власт на русофилската прогресивнолиберална партија на чело со д-р

[83] Манол Пандевски, Политиката на бугарското кнежество..., сп. ГИНИ, Скопје, 1961, 130.
[84] в. Реформи, г5, бр6, 03.05.1903, Изъ Столицата, 3.
[85] Исто.

Стојан Данев, потпишувањето на  руско-бугарската воена конвензија во 1902 година, како и посетата на министерот за надворешни работи на Русија – гроф Ламсдорф во декември 1902 година *„дале жешки надежи кај бугарскиот народ и македоноодринските поробени браќа“* за блиско решавање на македонското прашање. Потоа се донеле Февруарските „падарски“ реформи и Русија изјавила дека *„ниту една капка руска крв немало да биде пролеана за помош на славјанските народи на Балканот“*. Тоа предизвикало недоверба кај врховистите, негодување и непријателство кон прогресивнолиберална влада на Ст. Данев и неговата *„слепа“* русофилска политика. Данев за да го докажел своето пријателство кон Русија ги растурил и ги забранил македоно-одринските комитети и со тоа и дал шанса на Османлиската Империја да ги приложи Февруарските реформи. Затоа, врховистите сметале дека Ст. Данев бил компромитиран пред народот и пред круната и тоа ја принудило неговата оставка. Според нив, кнезот Фердинанд направил правилна постапка со тоа што ја доверил власта во рацете на луѓе кои во минатото докажале дека знаеле да ја чуваат бугарската националност од туѓо посегателство.[86]

Во друга анализа францускиот кореспондент Андре Шерадам за весникот „La Revué hebdomadaire“ вели дека Стојан Данев изјавувал дека македонското прашање ја владеело бугарската надворешна и внатрешна политика и ја проголтувало цела бугарска енергија, а со тоа се оневозможувало бугарската влада да работи за едно брзо напредување на Кнежеството. Според него, Данев би бил среќен доколку Големите сили успеале да повлијаат и донесат реформи во Македонија, кои ќе го ограничеле македонското прашање за еден иден неопределен период.[87]

Наследникот на д-р Стојан Данев е Рачо Петров, кој ќе води сосема поинаква политика кон Македонија и македонското прашање. Впрочем, неговата политика ќе биде во унисон со политиката на кнезот Фердинанд. Но, во посегателствата кон македонското револуционерно движење и самостојната автохтона политика на ТМОРО, нема да има разлика помеѓу старата и новата бугарска влада.

---

[86] в. Реформи, г5, бр8, 07.05.1903, 1.

[87] Андре Шерадам, La Revué hebdomadaire, Македонският Въпросъ, в. Реформи, г5, бр28, 20.06.1903, 2.

Во врска со новиот владин кабинет, врховистите се сомневале дека тој би успеал нешто да направи за спасување на Македонците од пропаст, да се спречи Османлиската Империја да врши ѕверска тиранија врз нив и да се намали военото расположение на Турците против Бугарија. Според нивните ставови во в. „Реформи“, новата влада давала ветувања дека ќе вложи напори за да го постигне тоа, но успехот со ништо не го гарантирала.[88]

4. Кога стапува на функцијата премиер на новата бугарска влада, генерал-мајор Рачо Петров дава интервју за рускиот весник „Новое время“ во средината на мај 1903 година. Во него изјавува дека односите на владата кон македонската емиграција ќе бидат од смирувачки карактер. Владата ќе го забранела безусловното минување на востаничките чети преку границата и тоа би било основа за одржување на добрососедски односи со Османлиската Империја. Бугарската влада ќе дејствувала преку уверувања и вразумување на Македонците, кои според Рачо Петров, биле здраворазумни и би се задоволиле со тоа што бугарската влада би го побарала од Турците. Старата идеја на Македонците да предизвикаат преку револуционерни дејства масакри во Македонија, се покажала за бесплодна. За ослободувањето на Македонија никој не сакал да војува.[89]

На прашањето на рускиот кореспондент, дали дејствијата на бугарската влада ќе ги успокоеле револуционерните елементи во Македонија, премиерот Р. Петров одговорил позитивно. Тој изјавил дека доколку револуционерите не сретнеле во Македонија сочувство за своите дејства, тогаш тие немало да имаат морална почва за востание. Според Р. Петров, масовните арести и потраги по Солунските атентати ја деорганизирале револуционерната организација, целата интелегенција била арестувана, меѓу кои биле и многу раководители на организацијата. Деновите биле долги, ноќите кратки, тоа исто така не одело во прилог на револуционерите. Р. Петров продолжува дека неговиот кабинет не бил преоден, туку дека бил со определена цел за да се уреди македонското прашање и меѓународните односи на Бугарија.[90]

---

[88] в. Реформи, г5, бр10, 09.05.1903, 1.
[89] в. Реформи, г5, бр22, 23.05.1903, Политическата програма на кабинета на Рачо Петров, 1.
[90] Исто.

Ставовите на Рачо Петров се сосема спротивни од вистинската ситуација на теренот во Македонија. Во Македонија ситуацијата врие. Прашање на време е кога ќе избувне востанието планирано и организирано од ТМОРО. Голем број на чети веќе биле во Македонија, се засилувало нивното вооружување, а од друга страна Османлиската Империја ја прегрупирала својата војска и ги засилувала гарнизоните во нејзините европски територии.

5. Врховистите биле на став дека новата влада предводена од Рачо Петров, се стремела да постигне договор со Османлиската Империја за амнестија на затворените „*Бугари*" и за враќање на одземените црковно-училишни права преку барање берати за уште двајца бугарски владици во Македонија. Доколку се постигнел таков договор, бугарската влада ќе ја пренасочела својата сила за да ја загуши македонската емиграција и сета појава за сочуство кон револуционерното движење. Тоа, според врховистите, би било „*најголемото помрачување на бугарскиот ум*". Нивниот став бил дека црковно-училишната епоха во Македонија неповратно заминала. Десет годишната револуционерната пропаганда извршила огромен превват во душата на Македонецот. Македонските идеали не биле повеќе ниту владиците, ниту училиштата. На владиците Македонецот гледал со полно занемарување, дури и со презир. Македонецот гледал со спокојна рамнодушност на сите национални пропаганди. Македонското битие било облеано со идејата за слобода. Од учителот до овчарот, од граѓанинот до селанецот – целото население било проголтано од таа идеја. За таа слобода Македонците во тек на неколку години дале огромни жртви, какви што ретко кој народ претходно давал. Занданите биле полни со најдобрите сили, државата била проелана со крвта на илјадници маченици и борци. Според врховистите, за тоа сведочеле пепелот во Бадлево, урнатините во Баница, разрушувањето на Смрдеш, уништувањето на Ковачевица и илјадниците Македонци ставени под ножот на Османлиецот. Македонците сакале една трајна, установена положба, која ќе го гарантира нивниот живот, имот и нивната чест. Смирувањето на Македонија можело да се постигне само со давање на автономна управа, која ќе биде ветена и гарантирана од Големите сили. Било какви други реформи и да се вовеле, под било каков вид и форма да биле, никакво подобрување немало да се постигне. Турците никогаш немало да се согласат

доброволно да дадат суштествени реформи, додека пак Македонците во никој случај немало да го положат своето оружје. Македонците немало да ги изневерат заветите на паднатите борци и ќе продолжеле со борбата до крај, додека не ја виделе слободата или не би биле уништени до последен.[91]

Таков е ставот на врховистите објавен во нивниот орган в. „Реформи" во врска со новата бугарска влада и македонското прашање. Јавниот став каде во нивниот орган отворено се промовираат македонските идеи и идеали, сосема се коси со активноста на врховистите во реалноста. На чело со неформалниот лидер, генерал Иван Despite Цончев тие и понатаму ќе се стремат да го преземат целото македонско револуционерно движење и да го стават под нивна контрола.

Врховистите брзо ја „*изгубиле*" довербата во новата влада, затоа на 7 јуни 1903 година преку нивниот орган упатуваат критика. Декларацијата на владата дека ќе управува според уставот не била испочитувана. Полицијата ги прибирала неселективно Македонците во Бугарија и ги „*разнесувала како добиток*" низ провинцијата. Според врховистите, репресиите насочени спрема нив „*сè уште биле на сила*".[92]

6. И покрај нападите во печатот и меѓусебните обвинувања, во реалноста односот на новата бугарска влада и врховистите е поинаков. Кон крајот на мај 1903 година се одржала средба помеѓу генерал Иван Цончев и премиерот Рачо Петров. Цончев, кој е сметан за „*царедворец*" од страна на ТМОРО и поставено лице од кнезот Фердинанд во македонското револуционерно движење, веројатно оди на средбата со Р. Петров за да се консултира за идните активности што треба врховистите да ги преземат. Средбата требала да се случи далеку од очите на јавноста, но в. „Дневник" ја обелоденува, пишувајќи дека се работи за средба со политичка цел. Врховистите ја демантираат веста изјавувајќи дека не се работело за политичка средба, туку дека Цончев го посетил Р. Петров „*како приватно лице, за свои приватни работи*" што всушност претставува наивен и смешен демант.[93]

[91] в. Реформи, г5, бр24, 29.05.1903, Бълг. правителство и Македонскиятъ въпросъ, 1.
[92] в. Реформи, г5, бр26, 07.06.1903, Ще управляватъ по конституцията, 4.
[93] в. Реформи, г5, бр23, 25.05.1903, Невѣренъ слухъ, 4.

## 7. Активности на врховистите по Солунските атентати

1. Од 15 до 17 април 1903 година во Македонија се случуваат Солунските атенатати, дело на Македонците анархисти – „гемициите“. Тој настан ќе ја потресе како Османлиската Империја, така и Големите сили. Ситуацијата по македонското прашање ќе ескалира. Османлиската Империја ќе изврши големи арести и погроми во Солун и Битола врз Македонците. Солунските атентати ќе имаат големо влијание врз понатамошниот развој на настаните во 1903 година и силно ќе влијаат врз дејноста на ТМОРО и на врховистите.

Како резултат на илјадниците убиства врз невините Македонци во Солун, Битола и останатите места во Македонија извршени од страна на османлиската власт кои следувале по Солунските атентати, Стојан Михајловски свикал советување на видни врховисти во Софија. На советувањата решено било да се испрати телеграма во бугарскиот печат. Во телеграмата С. Михајловски остро ја нападнал крволочноста на Турците, кои организирале касапници во Солун и низ цела Македонија. Според него, тие не воделе сметка дали меѓу жртвите ќе има жени и деца. Тој додава „*во името на цивилизацијата, во името на принципите на солидарност и универзалната правда…*“ Европјаните да се застапат за несреќните Македонци кои биле осудени на истребување од следбениците на панисламизмот. Михајловски завршил со повик бугарскиот народ да биде на својот пост. Во спротивно сите народни сили ќе бидат покосени и Бугарите би станеле како ерменскиот народ, „*како еден труп, достоен само за клоцање*“.[94]

Во врска со Солунските атентати, бугарскиот дипломат во Виена, д-р Помјанов имал интересен став. Според него, населението во Македонија секогаш можело да ја надитри Османлиската Империја, со тоа немирите во Македонија можеле да продолжат подолго време. Помјанов додал: „*Македонците се силни, тие го познаваат извонредно својот непријател и можат да ги искористат сите негови слабости*“. Тој ги дискутирал динамитните напади на Солунските

[94] в. Реформи, г5, бр4, 28.04.1903, Изтрѣба

атентатори и запрашал: „*зарем Македонците не треба да се борат со еднакво оружје и да имаат колку што можат иста сила со својот непријател*?“. Според д-р Помјанов, Востанието би продолжило, а реформите немало да имаат никаков ефект и со тоа немало да се задоволат Македонците. Колку би била пожестока турската власт, толку повеќе би се зголемувала бројката на македонските револуционери. Помјанов за крај изјавил дека единствената работа што би ги задоволила Македонците е полна автономија.[95]

Солунските атентати колку и да се спектакуларни и брутални, тие имале лоши последици по македонското дело. Иако го предизвикале вниманието на целиот свет и на дипломатиите на Големите сили, сепак, епилогот од нивните бомбардирања ќе биде масовни масакри врз Македонците, засилување на репресијата од страна на Османлиската власт, арестување и тотално уништување на огромен дел од мрежата на ТМОРО – која е единствената која има легимитет и под чија согласност треба да се одвиваат сите акции во Македонија. Сепак, апелите од видните раководители на ТМОРО не допреле до анархистите – гемиџии и тие ја спровеле својата акција.

Солунските атентати природно ја тангираат и втората организација која бара „Автономна Македонија“, а тоа се структурите на формално растурениот Врховен комитет. Во органот на врховистите, весникот „Реформи“ нашироко се пишувало за Солунските атентати, како и за последиците од нив. Круговите на македонската емиграција во Бугарија ќе еруптираат со тензија поради репресиите кои Османлиската Империја ги спроведувала по атентатите.

Солунските атентати уште повеќе го разгореле македонското прашање и по нив, немало ниту еден сомнеж кај дипломатиите на Големите сили дека во Македонија во 1903 година ќе има востание.

2. Додека врховистичките чети крстосувале низ Македонија и воделе борби, врховистичката елита од Софија управува со спроведувањето на нивната агенда во Бугарија. Тие дале многу интервјуа, одржале големи говори и биле присутни

[95] в. Реформи, г5, бр10, 09.05.1903, Единъ български дипломат за Македония, 2.

насекаде во печатот. Тоа ќе биде една од причините зошто македонското движење од Големите сили делумно ќе се гледа низ врховистички очи и низ бугарска призма.

3. Интересна е сторијата на меѓусебните напади помеѓу уредниците на грчкиот весник „Кратос“ и полковникот Анастас Јанков. Во бр. 107 на в. „Кратос“ се обвинуваат „*Бугаромакедонците*“ дека не го почитувале долгот на нивните претци „*Елините*“, кои со гордост го истакнувале своето сопствено елинско потекло..[96] На тој напад, полковникот Јанков ќе даде одговор каде индирекно ќе ги спомене Македонија, Македонците и неговата верзија за македонската историја.

Најпрвин тој го демантирал весникот дека македонските борци за време на грчката борба за независност биле Елини. Запрашал зошто Грците им се закanувале на потомците на јунакот Марко, кои сакале да умрат за слободата на Македонија. Притоа, додава: „*Ние се бориме со еден див азиски народ, кој пред 500 години ја поробил нашата татковина и со сите нечовечни средства сака да остане и во иднина во нашата татковина, да господарува и да се храни од нашата пот, да ја уништи цивилизацијата на Македонецот*“. Јанков нагласува дека Македонците исто така дале големи жртви и за слободата на Елада. [97]

Според Јанков, наместо помош, Македонците добивале тепање по затворите во Грција, затоа што Македонците не сакале присоединување на својата татковина кон Грција, за да ги исплаќа кредитите на германските капиталисти. Потоа вели: „*Тоа кое денес слободна Елада го прави против македонските борци, нема да ги запре случувањата во Македонија, која и покрај лаењата на Елада, ќе биде слободна и тогаш нема да бидеме ние Македонците кои ќе изгубиме, туку тие Елините*“. Јанков завршил со тоа дека тој немало никогаш да го заборавел гостопримството на Македонците кои живееле во Атина, туку дека знае дека и тие се гневни на поведението на грчката држава.[98]

Ставовите на Анастас Јанков за Македонија, Македонците и македонската историја, кој е бугарски полковник и ѐ послушник на политиката на Иван Цончев,

---

[96] в. Реформи, г5, бр9, 08.05.1903, Предизвиканъ отговоръ, 1.
[97] Исто.
[98] Исто.

е навистина интересен и дава поинаква слика за перцепцијата на врховистите. Покрај тоа што тие ја следат политиката на „Автономна Македонија“ за подоцнежно анексирање на Македонија од Бугарија, сепак, бидејќи по потекло е Македонец, Јанков јасно го изложува своето чувство на припадност.

4. На 9 мај 1903 година, во англискиот весник „Daily News“ било објавено интервјуто со генералот Иван Цончев и кореспоидентот Мекдоналд. Според содржината интервјуто е направено пред Солунските атентати.

Цончев изјавил дека привидното затишје во Македонија било во полза на движењето. Делумните избувнувања во некои месности и случените битки биле предизвикани од самата положба на работите во Македонија. Се што се случувало дотогаш во Македонија било продолжување на крвавата борба што се водела подолго време, додека пак вистинското востание сеуште не било започнато.[99] И покрај големите турски репресии и жестокости, македонските сили стоеле недопрени. Македонските борци, според Цончев, сеуште ги одбегнувале битките и го чекале финалниот момент.[100]

На прашањето на кореспондентот Мекдоналд, што мислел Цончев за новата бугарска влада, тој одговорил дипломатски: „*Категорично да се искажам по тоа прашање не можам, зошто не сум допрел до владините сфери...*“. За него видните членови на новата бугарска влада Рачо Петров и Димитар Петков биле луѓе со докажан патриотизам. Но, тој се плашел дека не ја сфатиле сериозноста на ситуацијата. Цончев навестува дека можно било бугарската влада да влезе во преговори со турската влада врз основа на, според него, амнестија на затворените „*Бугари*“ и на реформи од црковен и училишен карактер во Македонија и Одинско. Но, тоа понатаму би ја девалвирало положбата на Кнежеството Бугарија, додека пак Македонија и понатаму немало да биде смирена. Цончев додава: „*Македонските борци нема да го положат оружјето за црковни и училишни правдини кои одамна им се дадени; македонските револуционери нема да ја згазат меморијата и заветот на своите загинати другари, кои се converted бореа и умреа за една широка и*

[99] в. Реформи, г5, бр12, 11.05.1903, Среща съ г. Макдоналда, 1. / Овде Цончев го укажува наводниот „континуитет“ на борбата од Горноџумајската провокација од 1902 година, па до тој момент.
[100] Исто.

*политичка слобода, предвидена во Берлинскиот договор*“. Цончев завршува дека таквите мерки, би биле дополнителен пораз, затоа што во ниту еден случај немало да ја оправдаат жртвата на револуционерите.[101]

Кога Цончев завршил, Мекдоналд додал дека бил уверен дека бугарската влада ќе бара суштествени реформи, зошто самата била убедена, дека било која бугарска влада која немало да застане на цврста нога спрема Турција за едно вистинско подобрување на положбата во Македонија, ќе била уништена.[102]

6. Генералот Иван Цончев ќе даде интервју и за новинарот П. Жифар од францускиот весник „Метен“. Во тоа интервју Цончев се оградил од Солунските атентати и ја отфрлил одговорноста од врховистите за тој настан. Исто така изјавил дека ниту ТМОРО била одговорна за Солунските атентати: „*Ние не сме за тој род пропаганда и можам да ви кажам, дека Внатрешната организација исто како нас ги осудува*“. Цончев укажува дека мнозина невини луѓе настрадале поради тие атентати. Додека во врска со Гемиџиите, Цончев вели дека тоа било дело на некои „*изгубени духови, деца изгубени за нашата кауза...*“. „Гемиџиите“ мислеле дека прават добро, но се излажале. Според Цончев, тој не сакал да им оддаде почест на хероизам. Интервјуто генералот го завршил со пораката дека борбата ќе продолжела, но со партизански средства.[103]

Како што му ветил претходно на новинарот П. Жифар, генералот Цончев напишал резиме за неговите погледи во врска со македонското прашање и активностите на врховистите. Тоа е целосно објавено во в. „Метен“. Во интервјуто Цончев искажал многу ставови кои биле спротивни и кои се коселе со неговите активности и неговата политика.

Цончев во резимето вели дека од денот кога бугарската влада решила да ги растури, неговата организација не претставувала методична организација и според тоа врховистите дејствувале одделно, на личен ризик и опасност и со сопствени средства. Врховистите биле посветени на благородната кауза, „*која за*

[101] Исто.
[102] Исто.
[103] в. Реформи, г5, бр24, 29.05.1903, П. Жифаръ, Интервю съ запасните ген. Цончевъ и полк. Янковъ, 2.

*Македонците треба да биде света*", цврсто биле решени да ја истераат борбата до крај. Барањата на врховистите биле барања на целото христијанско население во Македонија и Одринскиот вилает.[104]

Целта на врховистите била христијаните во Османлиската Империја да имаат пристоен живот. Администрацијата во таа држава да била доверена во рацете на граѓани, на чие чело би била една христијанска управа. Тоа би оневозможело „*турската раса*" да биде доминантна и тиранска. Само на тој начин би се признала власта на султанот. Според Цончев, доколку Европа срдечно сакала, таа можела да ја исполни таа задача. Населението во Македонија и Одринско, организирано за борба на живот или смрт, било решено да се бори до последниот човек.[105]

Генералот додава дека последните случувања во Македонија не ја промениле положбата, во спротивно тие уште повеќе ја засилиле желбата на Македонците да се спротивставаат и да се борат. Цончев вели: „*Идејата за поделба на Македонија е една од најопасните. Македонија треба да остане цела и автономна. Единствената девиза треба да биде: Македонија за Македонците*".[106]

Цончев повторно ќе се осврне на Солунските атентати. Според него, тие никогаш не биле впишани во програмата на македонските револуционерни комитети. За тие дејствија биле одговорни одделни групи кои имале свои погледи и мотиви. „*Тие групи мислат, дека во борбата на слабиот против силниот сите средства се добри*" – вели генералот за Солунските атентатори. За крај Цончев изјавува дека каузата на врховистите била праведна и дека тие сметале дека Европа ќе помогнела за нејзиниот триумф.[107]

Цончев, кој претставува главниот „*царедворец*" и главното оружје на бугарската политика кон Македонија, премногу лицемерно делува кога дава изјави од ваков тип. Целата негова „револуционерна" активност е спротивност на сè што наведува во интервјуто. Тој ниту ја следи девизата „*Македонија за Македонците*", ниту е во унисон со автохтоните политики на ТМОРО, ниту пак работи во корист на

[104] Исто.
[105] Исто.
[106] Исто.
[107] Исто.

Македонија и Македонците. Тој е поставен на чело на Врховниот комитет во 1901 година на местото на Борис Сарафов, за да се обиде да го преземе целосно македонското револуционерно движење и да го стави под бугарска контрола. За врховистите и Цончев „*Македонија за* Македонците" всушност значи „*Македонија за Бугарија*". Затоа изјавите кои ги дава со симпатија за Македонија, Македонците и нивната борба, можат да бидат сфатени само иронично.

5. На 16 мај 1903 година, овоштарите во Софија кои биле претежно Македонци го славеле својот празник. Таа прослава предизвикала големо негодување. „*Кога цела Бугарија тагува за грозната судбина на браќата отаде Рила, тие овоштарите Македонци се осмелиле да го празнуваат празникот...*"[108] Врховистите ги критикувале овоштарите дека парите за прослава и алкохол, можеле да се наменат за да им се помогне на бежанците. Исто така Македонците овоштари го симнувале траурот од бугарското знаме. На 22 мај 1903 година, објавено е и писмо во в. „Реформи", по повод овој настан. Во писмото се вели: „*Браќа Македонци! Можеме ли ние да празнуваме, да се веселиме, кога нашата мајка - Македонија плови во крв? Во црно да се облечеме, живот, имот да заложиме се додека не ги уништиме прангите на душманот*".[109]

6. Врховистот Петар Дарвингов во периодот мај-јуни 1903 година објавува воена анализа, што би се случило при една потенцијална војна помеѓу Бугарија и Османлиската Империја. Преку овие анализи, врховистите индиректно насочуваат и мотивираат една војна помеѓу Бугарија и Османлиската Империја. Нивна цел била вмешување на Големите сили при една таква војна. Според нив, вмешувањето на Големите сили требало да доведе до една автономна Македонија која би послужела како појдовна точка при идното соединување на Македонија со Бугарија.[110]

---

[108] в. Реформи, г5, бр16, 16.05.1903, Еснафски праздникъ, 3.
[109] в. Реформи, г5, бр21, 22.05.1903, Еснафски праздникъ, 3.
[110] в. Реформи, г5, бр15, 15.05.1903, Воененъ отдѣлъ, Отъ Пловдивъ и София къмъ Цариградъ и Скопие, 1.

Како метод за пресметување на воените сили на Османлиската Империја и Бугарија, Петар Дарвингов ја дава следната формула: $C = \frac{C^1 \cdot M \cdot D^2 \cdot T.P.}{2}$

С = Сила на воената сила; С[1] = Влијание на владетел; М = Маса на населението; Д = Дух и морал на населението; Т.Р. = Теренска разлика за време на борбата.

Анализирајќи ја формулата, а преку тоа воениот соодност на двете држави, Петар Дарвингов во серија статии тврди дека при една војна на Османлиската Империја и Бугарија, Бугарија би излегла како победник.[111]

7. На почетокот на јуни 1903 година, многу европски весници објавуваат статии за потенцијалната војна помеѓу Османлиската Империја и Бугарија. Весникот „Die Information“ објавил едно доверливо писмо, напишано од офицер на бугарската армија. Во него се велело дека војната помеѓу Османлиската Империја и Бугарија била неизбежна. Османлиската Империја брзала да ги концентрира своите сили во Македонија, но поради застарениот модел на логистика и непријателското расположение од македонското население, би било многу тешко војската да функционира нормално. Од друга страна, бугарската армија била помодерна, полесно можела да се мобилизира и би наишла на солиден прием од страна на населението. Според бугарскиот офицер, Османлиската Империја не би имала успех во војната. Тој додава: „*Ние не сакаме да станеме господари на Македонија, но ќе се сметаме за должни да ја окупираме територијата и ќе ги повикаме Силите да воведат реформи*“. Мислењето на воените кругови во Бугарија било: „*да се искористи благопријатниот момент, за да не жалиме подоцна за пропуштениот случај*“.[112]

Врховистите ја коментираат посочената анализа и велат дека при една бугарско-турска војна, поголемиот дел од турската војска во Македонија би била потполно парализирана од македонската револуционерна сила. Тие агитираат да се делувало брзо и „*бугарските државници да не го пропуштат благопријатниот момент*“. За крај велат: „*Ако не дај Боже, еден ден упорната борба на*

---

[111] в. Реформи, г5, бр13, 13.05.1903, Петър Дървингов, Паралелъ на военитѣ сили, 1.
[112] в. Реформи, г5, бр26, 07.06.1903, Чуждиятъ печатъ по македонския въпросъ, 1.

*Македонците биде скршена и слободните Бугари не притекнат на помош на своите браќа за триумфот на нивното право – тогаш во Македонија ќе настапи еден фатален удар*“.[113] И во овој случај врховистите прават дистинкција помеѓу Македонците и Бугарите.

За да успее Бугарија да спречи една потенцијална војна со Османлиската Империја, во Истанбул бил испратен искусниот бугарски дипломат Григор Начович. Пред да отиде на својот дипломатски ангажман, Г. Начович остварува средба со генералот Иван Цончев. Средбата траела неколку часови.[114] На таа средба Г. Начович сака да дознае какви се плановите на врховистите во врска со претстоечкото востание. Преку овие примери се дава до знаење дека генералот Иван Цончев за време на целата негова „револуционерна“ дејност е сондиран од високи личности во бугарската политика.

На почетокот на јуни 1903 година, умира Иван Стојчев, секретарот на ВМОК, на 36 години од болест. Тоа било голема трагедија во најтесниот круг на врховистите.[115]

8. Австрискиот воен агент, полковник Фон Гизљ, на 3 јули 1903 година патувал од Софија кон Виена со воз. За време на неговото патување, во неговиот вагон се сместиле Тома Карајовов и Христо Станишев, дејците од поранешниот ВМОК – Станишев. Кога седнале до него, Карајовов му изјавил на Фон Гизљ дека тие се припадници на „*Организацијата на Македонските Комитети*“ и дека барале можност отворено да се искажат пред него, во врска со македонските работи. Тоа го направиле бидејќи биле уверени дека Австро-Унгарскиот дипломат во Софија не би ги примил, доколку тие побарале прием.[116]

За таа средба Фон Гизљ напишал извештај. Во него тој известува дека македонските комитети имале вложено значителни парични и човечки жртви за ослободувањето на Македонија. Сепак, дадените жртви не дале резултат, а Комитетите исто така загубиле надеж дека Русија би можела активно да се замеша

[113] Исто.
[114] Е. Спространов, Дневник..., 267.
[115] в. Реформи, г5, бр27, 14.06.1903, 4.
[116] С. Дракул, Македонија меѓу автономијата..., 264.

во полза на христијаните. Фон Гизљ известува дека Комитетите решиле привремено да подзапрат со организирањето на нови банди, бидејќи тие имале намера одново да ги активираат по завршувањето на жетвата во Македонија, за да предизвикаат сеопшто востание. Според Фон Гизљ, средствата на Комитетите не биле до крај истрошени и на нивно располагање се наоѓале од 2,500 до 3,000 луѓе, спремни да се борат за ослободувањето на Македонија. Таа почетна бројка гарантирала масовизација на движењето при едно востание. Бидејќи Русија не била заинтересирана активно да се замеша во Македонија, Т. Карајовов и Х. Станишев ја упатиле следната порака: „*Не би посакала ли Австро-Унгарската влада да го земе македонското движење под свое покровителство*?“. Во случај Австро-Унгарија да се согласела на тоа, раководителите на Комитетите биле спремни да ги уверат македонските христијани да ѝ пристапат на Унијата.[117]

Руската разузнавачка служба пресретнува нова телеграма од австриската разузнавачка служба по повод истиот настан. Во неа се вели дека австро-унгарскиот воен агент Фон Гизљ бил придружуван само од Т. Карајовов до с. Вакарел. Т. Карајовов изјавил дека е еден од главните раководители на постоечката организација во Македонија и дека се наоѓал во непосредна врска со водачите на движењето кои претстојувале во Бугарија. Тоа биле тие водачи кои не се ползувале со довербата на генералот Цончев, кој не ги споделувал нивните гледишта. Во возот со Фон Гизљ, Карајовов само го спомнал Х. Станишев дека е негов најблизок соработник.[118] Овде уште еднаш се гледа поделбата на ТМОРО и нивните соработници од една страна и врховистите и Цончев од друга страна. Впечатливо е тврдењето на Тома Карајовов дека тој е еден од „*главните раководители на постоечката организација во Македонија*“.

Т. Карајовов во разговорот со Фон Гизљ додал: „*Потпирајќи се врз многубројните Македонци што живеат во Кнежеството, Комитетите нема да запрат пред ниедна пречка, доколку за достигнувањето на нивните цели – имено ослободувањето на Македонија, би требало да се предизвика дури и*

[117] Исто. / Македонското православно население да ја отфрли бугарската Егзархија и грчката Патријаршија и како врховен духовен поглавар да го прими римскиот папа.
[118] Исто.

*судрување помеѓу Бугарија и Турција*“.[119] Ова е сериозна и тешка изјава направена од Карајовов и укажува колку се спремни ТМОРО и нивните соработници од поранешниот ВМОК – Станишев, да се борат за ослободувањето на Македонија.

Карајовов завршил со ставот дека бандите кои би се формирале во Македонија, би одвлекле со себе дел од турските војски, на тој начин тие би му ја олеснале работата на Кнежеството Бугарија. Исто така, Т. Карајовов изјавил дека неговите истомисленици биле цврсто решени да се борат со бугарската влада, доколку таа се обидела да го задржи македонското движење. Но, од друга страна тие би ја поштеделе личноста на кнезот Фердинанд.[120]

Овие радикални ставови на Т. Карајовов треба да се земат со резерва. Затоа што тој изјавува дека е еден од „*главните раководители на постоечката организација во Македонија*“, а тоа не е вистина. Ставовите што ги изложува индирекно покажуваат дека тоа се ставови што би ги кажал еден бугарски агент. Тоа ќе се потврди три години по оваа случка кога Тома Карајовов ќе биде поставен за раководител на II политичко одделение при Министерството за надворешни работи и вероисповед. Тоа одделение ќе биде задолжено исклучиво за македонското прашање и бранење на бугарските интереси во Македонија.[121]

9. На 5 јули 1903 година, турскиот комесар во Софија, Али Ферух Бег, дал интервју за рускиот весник, „Новое время“. Во интервјуто Али Ферух Бег ја обвинува Бугарија дека е главниот виновник за револуционерните поттикнувања во Македонија и дека тоа било познато за цела Европа. Тој вели дека многупати и укажувал на бугарската влада дека секој ден се организирале чети и се наоѓале вооружени востанички складови. Исто така додава дека посочувал имиња, како името на полковникот Јанков, кој ја крстосувал Бугарија и собирал парични средства за организирање на чети. Али Ферух Бег завршува: „*Но, бугарската влада не обрнува внимание на моите соопштенија*“.[122]

---

[119] Исто.
[120] Исто.
[121] Ванчо Ѓорѓиев, Бугарски документ од 1906 година за состојбите во Македонија и ВМОРО и бугарската политика кон нив, Историја, XXXIII/1-2, Скопје, 1997, 80.
[122] в. Реформи, г5, бр31, 12.07.1903, Турския комисаръ въ София Али-Ферух-Бей, 2.

Бидејќи бил посочен, полковникот Анастас Јанков му одговорил на турскиот комесар во Софија. Според Јанков, Али Ферух Бег неправедно ѝ се лутел на бугарската влада, бидејќи таа не му дозволувала да собира пари за формирање на чети. Полицијата го следела насекаде и му забранувала да се среќава со сомисленици. Јанков бил вратен од Бургас во Софија по заповед на министерот за внатрешни работи Димитар Петков, со забрана да се приближи до границите на Турција. Со тоа Јанков „докажува“ дека бугарската влада всушност била против врховистите.[123]

Според Јанков, Османлиската Империја постоела како царство, благодарејќи на официјална Бугарија, „*која постапила и постапува спрема Македонците како кон непријателска нација..*“. Доколку не била репресијата врз врховистите и запленувањето на оружје и материјали од страна на „*русофилските и русофобските*“ кабинети, Турците не би биле во состојба да водат борба со македонските револуционери: „*вашите диви орди, наречени низами, редифи и иљави, срамно ќе ги земеа своите парталави знамиња и ќе отидеа во Анадолија да ловат мајмуни*“. Јанков потоа го обвинува и бугарскиот премиер Рачо Петров, кој ги прибирал конфискуваните материјали на врховистите и министерот за внатрешни работи Димитар Петков, кој ги „*влечел по судовите*“.[124]

За кнезот Фердинанд, Јанков вели дека тој требало да ја отвори границата со Османлиската Империја и во тој случај Турците и нивните „*јуначки војски*“, кои биле храбри да убиваат и силуваат жени и деца, ќе воочеле колку вистински ќе можеле тие да царуваат во Европска Турција. Османлиската Империја требало да ја боготвори официјална Бугарија, бидејќи таа добро и ги чувала границите. Јанков додава: „*Ако бугарската официјална власт би се однесувала со нас, како романската и српската спрема приспоменатите бугарски дејци Раковски, Љубен Каравелов, Ботев, Левски, Караџата, Хаџи Димитар и други, тогаш вие сега ќе се преселевте во Багдад...*“. Јанков продолжува да напаѓа велејќи дека Турците и Арнаутите мислеле дека се создадени од Бога да управуваат со Македонија и Одринско, додека останатите биле родени само да работат, со

---

[123] Исто.
[124] Исто.

нивниот труд да ги хранат, а ќерките и жените да ја зголемуваат привлечноста на турските хареми.[125]

Али Ферух Бег требало да сфати дека веќе било XX век, век на цивилизацијата, еднаквоста, човековиот напредок и културата. За доказ требало да му послужат околните ослободени христијански народи од турскиот јарем, кои толку многу напреднале. Јанков прашува кога во Бугарија Турци, Цигани, Евреи и други народи служеле во војската, зошто тогаш македоно-одринските христијани не биле достојни да ѝ служат на татковината и нивниот цар. Според Јанков, христијанскиот елемент во управата би ја цивилизирал и култивирал самата Османлиска Империја. Тој завршува со прашањето: „*Зошто не е возможно во Самос и Либан да се вршат злосторства, какви што Турците вршат во Македонија и Одринско? Зошто таму во управата учествува и културниот христијански народ. Тоа ќе го разберете вие кога ќе ги напуштите Македонија и Одринско, како Крит. Да знаете, порано или подоцна тоа ќе се случи*“.[126]

Интересни се ставовите на полковникот Јанков, но сепак неговиот примитивизам и ароганција, не секогаш ги отсликуваат вистинските намери на врховистите и нивната политика кон Македонија и македонското прашање.

10. На 5 јули 1903 година, Стојан Михајловски упатил писмо до Казаис и до Грците, во кое радикално ги напаѓа и обвинува за шовинизам и бугарофобство. С. Михајловски вели дека древноста не можела да ги спаси Грците бидејќи биле „*расипан народ*“. Додека најрасипан народ бил оној кој барал за себе право да живее слободно, а им го оневозможувал на другите истото. Како и оневозможување на правото секој народ да си создаде место под сонцето.[127]

---

[125] Исто.
[126] Исто.
[127] в. Реформи, г5, бр30, 05.07.1903, Писмо на Михайловски до Казаисъ, 1.

## 8. Ставовите на претседателот на ВМОК – Стојан Михајловски за македонското прашање, Големите сили и Бугарија

1. Во мај 1903 година, пред видната софиска елита, претседателот на ВМОК – Стојан Михајловски одржал опширен говор кој е содржана неговата политичка анализа во врска со македонското прашање. На настанот биле поканети видни политичари, воени лица, видни личности од семејството на кнезот Фердинанд и други. Политичката анализа во говорот ќе стане дел на брошура, која врховистите ќе ја објават летото 1903 година. Преку овој говор можеме индирекно да проследиме каква идеологија има Стојан Михајловски, а преку него и останатите врховисти и која е нивната улога во македонското дело.

2. Првата тема во неговиот говор се руско-бугарските односи. Поларизацијата во бугарското општество помеѓу русофили и русофоби била преголема и на односите помеѓу Бугарија и Русија се гледало црно-бело.

Според С. Михајловски, со текот на времето од руските дипломатски сфери на тема јужно славјанство излегувале соопштенија, застапништва и изјави кои носеле јавно непријателски карактер спрема идеалите и националните стремежи на новото бугарско поколение. Според Русите, главните нарушувачи на мирот на Балканскиот Полуостров биле Бугарите и дека аспирациите на Бугарите биле неправедни. Додека пак, Според Михајловски, за „Бугарските-Македонски“ дејци, русите го велеле следното: *„Вие не сакате да скрстите раце и да се потчините на инструкциите кои ви се даваат, вие на своја глава работите и презедовте едно дело, кое доведе едно општоевропско размрдување и целосно разнебитување на Балканскиот полуостров...*“.[128] Од друга страна, според Михајловски, Русите избегнувале да ги критикуваат Турците за нивните жестоки репресалии во Македонија. Русите велеле дека Бугарите, со тоа што се воделе од етнички страсти, сакале да ја присоединат Македонија кон Кнежеството Бугарија. Додека пак, според Михајловски никој во Бугарија веќе не го сакал тоа, туку дека требало Бугарите да

[128] в. Реформи, г5, бр42, 27.09.1903, Сказката на Стоян Михайловски, Подлистник 2, 2.

се придружуваат на формулата на Вилијам Гладстон – *„Македонија за Македонците“*.[129] Во Бугарија таа формула била широко прифатена од сите видни општественици. Михајловски додава: *„Со еден збор, стана познато во цела Европа дури, дека ние се придружуваме строго кон принципот – Македонија за сите населенија кои се наоѓаат таму и кои се признати дури и од нашите најдобри етнографи, за кои имаме и специјална географска карта, како таа изработена од Васил К'нчов...“*.[130]

Михајловски прашува, зошто Русите биле против најприродните аспирации на една раса, која ја сакала својата унификација, своето убедување?[131] Исто така, ја обвинува Русија дека барала неутралност од Србија и Црна Гора во случај на војна помеѓу Бугарија и Османлиската Империја. Русија немала да се спротивстави доколку Турците ги задушат сите немири во својата држава затоа што Турците потполно го имале тоа право. Тоа поведение на Русија, според Михајловски, не било само од политичкиот преврат во Бугарија во пролетта 1903 година кога паѓа од власт прогресивнолибералната партија предводена од премиерот Стојан Данев т.е. русофилите, тоа поведение било и претходно.[132]

3. Ако во првиот дел од неговата анализа тој ја обвинува руската дипломатија, Михајловски во вториот дел ја обвинува и бугарската политика. Тој го резимира сервилниот однос на бугарското општество кон Русија и ја повторува фразата *„без поткрепата на Русија, Бугарија не може да расте“*. Зависноста, но и почитта кон Русија која доаѓала од разни општествено-политички субјекти била забележувана од агентите, кореспондентите, специјалните пратеници на Големите сили.[133] Потоа Михајловски додава, при дипломатскиот конфликт од 1901 година меѓу

---

[129] Исто, 3. / Ова е класичен пример како јавно Бугарите се конструктивни и „се водат“ под паролата на Гладстон, меѓутоа тајно бугарската политика преку воените служби и преку дејците – врховисти се водат токму кон политиката за која Русите ги критикуваат.

[130] Исто. / Фактот што С. Михајловски ја потенцира картата на В. К'нчов, индиректно се демонстрира пробугарската политика која тој како еден од лидерите на врховистите ја води. Всушност, еден од основачите на ТМОРО, Иван Хаџи Николов, за В. К'нчов ќе изјави дека тој еднаш дошол во Солун како учител за да ја бугаризира Македонија. (Тодор Петров и др. ВМОРО през погледа на нейните основатели. София, , 2002, стр. 97). Всушност на картата на К'нчов, целото македонско население е претставено како бугарско.

[131] Исто. / Оваа реченица целосно ја потврдува политиката на врховистите спрема Македонија.

[132] Исто, 4.

[133] Исто.

Кнежеството Бугарија и Романија, Русите им помогнале на Бугарите, за разлика од Австро-Унгарците. Русија тогаш ја искористила Бугарија за уште повеќе да се сврти против Романија, која според Михајловски, за Русија била поголем приоритет. Но, и тој случај русофобите во Бугарија го занемариле и продолжиле со своите критики кон Русија, на што Русија со право протестирала.[134]

Михајловски го цитира и Трајко Китанчев, првиот претседател на ВМК. Според него Китанчев не бил „*најсветлата личност*“ во бугарскиот политички свет, но Михајловски вели: „*го цитирам зошто се обраќам на присутните Македонци*“. Михајловски продолжил со цитатот: „*Апсурд е 2 милиони луѓе да удираат по 150 милиони, зошто против силата на нештата не можеме да врвиме...*“.[135] Михајловски го цитира и Славејков, кој делел слични ставови со Китанчев и неговата поука е дека политиката на Бугарија спрема Русија треба да биде претпазлива.

На овој начин дипломатски, Михајловски ги критикува и русофилите и русофобите во Бугарија. Исто така преку неговата анализа може да се види колку е значајно и големо руското влијание врз бугарските политички процеси, а преку тоа врз македонското прашање. Бугарија и Романија припаѓале на руската зона на интерес на Балканскиот Полуостров следствено на руско-австроунгарската тајна конвенција од 1897 година. Додека пак, Македонија и Македонците според таа конвенција припаѓале на австро-унгарската зона на влијание. Идеологијата на С. Михајловски, воопшто и на врховистичката елита се одразува индиректно во овој говор. Таа е комплетно бугарска и е зависна од бугарската политика.

---

[134] Исто.
[135] Исто.

## 9. Продолжуваат судирите на врховистите со османлиската војска во Македонија

1. Врховистите уште од февруари 1903 година биле во Македонија и до месец мај имаат неколку поголеми судири со силите на Османлиската Империја. И покрај „официјалната забрана“ на бугарската држава, врховистите ги зацврстиле своите позиции во Македонија внесувајќи се повеќе нови чети и оружје. Нивните позиции биле најсилни на дел од територијата на Серскиот и Струмичкиот револуционерен округ на ТМОРО. Во 1901 и 1902 година, на тие простори имало многу непријателства помеѓу ВМОК и ТМОРО, меѓутоа во предилинденскиот период и двете организации делуваат непречено.

2. На 6 мај 1903 година, врховистичкиот војвода Јордан Стојанов се наоѓал близу с. Кочериново. Тој испратил двајца четници до селото за да ги земат нарачаните работи од селаните. Двајцата врховисти биле пресретнати од турски аскер и во неможност да избегаат отвориле оган. Борбата траела 2 часа и двајцата врховисти успеале да се спасат.[136]

3. На 8 мај 1903 година четата на Јордан Стојанов се движела низ Пирин по горното течение на Арнаутската река, Кресенско. Четата забележала движење на турски аскер и башибозук странично од неа. Врховистите зазеле удобни природни позиции во карпите на Албутин. Брзо започнала борба и врховистите успеале да ги одбијат Турците. По првиот напад Турците се повлекле и чекале засилување. Засилувањето пристигнало и Турците започнале нов напад, овој пат во вериги со цел да ја опколат позицијата на врховистите. Но, и вториот напад не успеал. Врховистите успеале повторно да ги одбијат благодарејќи на своите бомби. Турците се повлекле, четата на Јордан Стојанов го напуштила Албутин и се повлекла до подножјето на Голак, Мелничко, каде престојувала 4 дена. [137]

---

[136] в. Реформи, г5, бр16, 16.05.1903, Победа на двама въстаници срещу 150 турци, 3.
[137] Георги Белев, Борбите при Албутин и Голак, Изъ живота на четитѣ, Илюстрация Илинден, г10, кн10 (100), декември 1938, 14.

Поради лошото време последниот ден, не се поставени стражари и четата е изненадена кога ги забележува надојдените Турци. Започнувал судирот на Голак. Врховистите се распоредуваат на своите позиции, а Турците бавно настапувале по каменестата стрмнина. Се решаваат да го заземат десното крило на врховистите, но по брза команда на Стојанов четата е прегрупирана и успеала да го одбие нападот на Турците.[138]

4. На 9 мај 1903 година, четата на Дончо Златков се наоѓа над селото Лилјаново, до св. Врачката река, Мелничко. Тој ден, пристигнал курир кој соопштил дека околу 600 души аскер се движел по патот. Четата веднаш тргнала да поставува заседа, а војводата Дончо извикал: „*држете се јунаци, како што доликува за еден македонски борец*!“.[139] Борбата започнала и во текот на денот повеќе турски засилувања дошле на местото на борбата. Четата на Дончо Златков била опколена од три страни и решила да отстапи. Со успешен маневар преку фрлање на бомби четата успеала да се извлече.[140] По оваа борба, Д. Златков му испратил писмо на Горноџумајскиот кајмакам во кое го поканил горноџумајскиот аскер да го испрати против него, за „*да си ги испробаат силите*“.[141]

5. На 13 мај 1903 година, при с. Барбарево, Петричка каза, се водела борба помеѓу соединетите чети на Дончо Златков и остатокот од четите на Никола Лефтеров и Христо Чернопеев, кои се повлекувале по судирот кај Готен против Турците. Бројот на четниците бил 120 души, додека бројот на Турците бил 100 души. Поради надмоќта, четите на врховистите и ТМОРО победуваат во борбата и Турците се повлекуваат.[142] На истиот ден, 13 мај 1903 година, при с. Влахи, четата на Јордан Стојанов водела борба со турски аскер.[143]

6. На 25 мај 1903 година имало судир во Голешово. Турците наишле на четата на Атанас Тешовалијата (војвода на ТМОРО кој во 1901 и 1902 година се бори против врховистите), која во тој момент е присоединета со мали врховистички четички –

---

[138] Исто.
[139] в. Реформи, г5, бр17, 17.05.1903, Сражението на Дончо войвода, 3.
[140] Исто.
[141] в. Реформи, г5, бр15, 15.05.1903, Писмо отъ границата, 3.
[142] в. Реформи, г5, бр25, 31.05.1903, Дупница, 4.
[143] в. Реформи, г5, бр22, 23.05.1903, Писмо отъ Дупница, 3.

четата на Димитар Кашинлијата и четата на потпоручник Танушев. Турската војска била предводена од Хусеин Тефиков[144]. Борбата започнала рано утрото. Четите на ТМОРО и врховистите го одбиваат првиот напад, се повлекуваат и брзаат да заземат повисока и поукрепена позиција. Турците ги напаѓаат од три страни. Тие успеале да се пробијат и да стигнат до позицијата на четите. Но четите веќе биле повлечени.[145]

7. На 29 мај 1903 година се случила нова борба на врвот на Голак, „Чавките", помеѓу здружените чети на врховистите и ТМОРО со Турците. При надоаѓањето на Турците, четниците се искачиле по височините и заземале три врва. Турците го нападнале најслабо чуваниот врв, но биле одбиени од фрлените бомби. Откако Турците добиле засилување, започнале да ги напаѓаат сите позиции. Во борбата бил смртно застрелан и еден од војводите на ТМОРО, Максим Војвода. Борбата завршила кога се стемнило и при мракот четите успеале да се повлечат.[146]

8. И покрај тоа што врховистите биле најактивни во Серскиот и Струмичкиот округ, тие преку војводи како Иван Карасулијата и Атанас Градоборлијата се претставени и во Гевгелискиот и Кукушкиот реон. На крајот на мај 1903 година, меѓу Кукуш и Солун се водела борба помеѓу четата на А. Градоборлијата на број од 15 души и турски аскер. Турците ќе и нанесат голем пораз на четата, а во самата борба бил убиен и самиот војвода, Атанас Градоборлијата.[147]

9. Поради навлегувањето на голем број на врховистички чети и чети на ТМОРО во Македонија, како и големиот број на судири во пролетта 1903 година и најавите за ново големо востание, Османлиската Империја го зголемила бројот на војската во Македонија. Бројот на османлиската војска во Македонија достигнал до 350 табори пешадија и 100 ескадрони коњаница, што е еднакво на 200,000 војници пешадија и 5000 војници коњаница. Во доверливите извештаи до бугарската влада се велело дека Османлиската Империја можела максимално да дејствува со 300,000 војници во една потенцијална војна против Бугарија, од кои 60,000 војници би биле

---

[144] в. Реформи, г5, бр27, 14.06.1903, Революционната борба, Второ сражение при с. Голешово, 2. / Соученикот на Гоце Делчев во бугарското воено училиште во Софија, кој ќе биде предводник на турскиот аскер во борбата во селото Баница на 4 мај 1903 година, во која Гоце Делчев ќе биде убиен.
[145] Исто.
[146] в. Реформи, г5, бр26, 07.06.1903, Революционната борба, 3.
[147] Исто.

веднаш на располагање, а остатокот би навлегол во Бугарија во времетраење на еден месец. Во доверливиот извештај се вели дека Турците како претекст ќе го искористат правото согласно Берлинскиот договор, да навлезат со војските во нивната поранешна провинција Источна Румелија.[148]

10. На 1 јуни 1903 година во близина на с. Сенокос кај Кресенската клисура дошло до судир помеѓу четата на врховистот поручник Христо Саракинов и Турците. Аскерот го започнал опколувањето на добро укрепените позиции на врховистите. Во меѓувреме пристигнало ново засилување за Турците. Следувале нови напади, но добро опремената врховистичка чета повторно ги одбива благодарејќи на *„црните јаболки“* т.е. бомбите кои биле фрлани врз аскерот. Турците се повлекле и чекале засилување со артилерија. Три горски топа биле испратени од Горна Џумаја со 15 души придружба. Но, близу бил војводата Павле Давков, кој со неговата чета брзал да му помогне на Саракинов. Четата на Павле Давков ја следела артилеријата до еден тесен преод, каде ја нападнала. Убиени биле сите Турци, а топовите биле запленети. После тој маневар, четата на П. Давков ја нападнала турската војска од тил. Поставени помеѓу два огна, Турците се повлекле.[149]

Турците по поразот во судирот кај с. Сенокос се прегрупирале и продолжиле да ја гонат четата на поручник Христо Саракинов. На 10 јуни во 8 часот утрината, четата е пресретната на месноста „Пешт“ под „Кешиш-Мандра“ и започнала нова борба.[150] Позицијата на четата била североисточно на месноста. Турците успеале речиси да ја опколат и во полукруг го започнале нападот во кој првата линија на четата отстапила. Потоа следел вториот турски напад кој бил одбиен од врховистите. Поради маглата, Турците успеале да се доближат многу блиску до четата и започнал трет напад. Во тој момент, лево од позицијата на врховистите, Турците се нападнати зад грб од 10 души нови врховисти кои дошле како

[148] в. Реформи, г5, бр22, 23.05.1903, Писмо отъ Дупница, 3.
[149] в. Реформи, г5, бр29, 28.06.1903, Сражението на мѣстностьта „Пѣщъ“ подъ „Кешишъ-Мандра“, 4.
[150] Исто.

засилување. По тој напад била разбиена блокадата на Турците. Овој судир е еден од поголемите судири помеѓу врховистите и Турците во предилинденскиот период.[151]

На 12 јуни 1903 година, четата на Христо Саракинов која се повлекува по судирот кај „Кешиш-Мандра“, повторно е пресретната од Турците. Започнал нов судир, овој пат на врвовите при „Езерец“ на Пирин планина. Врховистите се распоределе на два врва, додека Турците го започнувале настапувањето и опколувањето на четата. Врховистите со бомби успеале да си пробат пат низ турскиот обрач и да се повлечат.[152]

11. Истиот ден, се води уште една борба помеѓу врховистите и Турците кај Габрово. Близу до Габровските колиби се сместила една рота аскер. Четите на врховистите Пелтекот и Богдан решиле да ги нападнат Турците. Од заседа, четата на Пелтекот отворила оган. Турците одговориле со контранапад и започнале да настапуваат. Кога приближиле, од зад грб четата на Богдан отворила оган и Турците се нашле вклештени по што се повлекле. Во оваа борба загинал врховистичкиот војвода Гоше Пелтекот.[153]

12. На 4 јули 1903 година, помеѓу с. Игуменец и с. Стиник имало судир помеѓу четата на Алексо Поројлијата и турски аскер. Бидејќи претходно Алексо бил ранет во рамото, тој не може да се бори со полна кондиција и во борбата бил смртно погоден и убиен.[154] Врховистичкиот војвода Алексо Поројлијата во 1903 година учествувал во 8 борби: 1) борба при Чуричане; 2) при с. Смолари; 3) при с. Св. Петка на Беласица; 4) при Горни Порој; 5) при с. Тодорич; 6) при с. Бахтијар; 7) при с. Матница; 8) при с. Игуменец во која тој го губи својот живот.[155] Алексо е отпадник од ТМОРО кој преминал во редовите на врховистите.[156]

---

[151] Исто.
[152] в. Реформи, г5, бр28, 20.06.1903, Нови сражения, 3.
[153] Исто, 3.
[154] в. Реформи, г5, бр33, 27.07.1903, Алексо Поройлията, 3.
[155] Исто.
[156] В. Ѓорѓиев, Слобода или Смрт..., 504.

## 10. Формирање на благотворителни друштва во Бугарија и ривалството на врховистите и ТМОРО во нив

1. Кон средината на мај 1903 година, врховистите упатиле силна критика до македонската емиграција во Бугарија. Според нив, малку биле населените места во Бугарија каде македонска нога здраво не стапнала. Месните Бугари со завист гледале на македонските трговци кои биле со големи богатства. Но, тие трговци ни „*стотинка*“ не дале за ослободителното дело. Затоа трговците, претприемачите и занаетчиите заслужувале укор, бидејќи кога не можеле физички да влезат во Македонија и да се борат, требало да одвојат поголеми суми од нивниот капитал. Врховистите се жалат дека ништожна била собраната сума на сметките на сите комитети низ Бугарија. Според нив, во сите македонски класи пожртвуваноста била мала.[157]

Ако се поделеле парите собрани од емиграцијата по глава на човек, би испаднало дека секој Македонец дал по 10 лева. Врховистите обвинуваат дека емигрантите никогаш ја немале сплотеноста, еднодушноста и едномислието, карактеристики што биле потребни уште од првиот ден. Поделбите помеѓу емиграцијата ја оправдувале таа пасивност. „*Во морален однос емиграцијата е просто една имагинарна величина, опасна за Бугарија, но не и за Турција*“.[158] Врховистите апелираат за повеќе средства и повеќе борци.

Фактот што врховистите биле незадоволни од ситуацијата, не се должи на пасивноста на македонската емиграција. Тоа се должи на фактот што македонската емиграција во тој момент соработувала и повеќе била наклонета кон ТМОРО, организацијата која вистински ги застапувала македонските интереси. За врховистите официјално да можат да собираат средства, тие формирале благотворително друштво. Проблем за нив било што претходно ЗП на ТМОРО исто така создало такво друштво. Поради тоа ќе настане уште една ситуација на

[157] в. Реформи, г5, бр13, 13.05.1903, Мнима величина, 1.
[158] Исто.

ривалство помеѓу ТМОРО и врховистите, овој пат за кој да ги контролира материјалните средства кои се влеваат во благотворните друштва.

2. На 23 април 1903 година, под поктовителство на ЗП на ТМОРО во Софија се основало благотворително друштво за помагање на настраданите Македонци и Одринци. Истиот ден е донесен протоколот за основањето и устројството на Благотворителното друштво.[159]

Уставот ги содржи следните членови: 1) Во Софија се уредува Благотворително друштво за помагање на настраданите од турскиот режим Македонци и Одринци; 2) Друштвото има цел да им помага материјално на сите Македонци и Одринци кои настрадале од режимот во Турција; 3) За постигнување на својата цел, Друштвото ги прима донациите на сите благодетелни луѓе. Тие донации Друштвото ги распределува според потребите на настраданите; 4) Друштвото има своја управа, која се состои од претседател, касиер, секретар-сметководител и двајца советници. Управата се избира од членови на Друштвото со апсолутно мнозинство, со мандат од една година; 5) Член на друштвото е секој, кој ќе внесе во касата на Друштвото при неговото запишување 2 лева и секој месец по 1 лев; 6) Управата ги држи во исправност книгите за собирање на приходите и за плаќање на расходите. Таа им издава на членовите и донаторите редовни расписки; 7) Управата ги заклучува сметките на крајот на годината. Годишниот биланс заедно со сите книги се даваат на проверка на една трichlena комисија, која се состои од еден советник при Врховната финансиска палата и по еден книговодител од Бугарската народна банка и Софиската земјоделска каса; 8) Редот за внатрешно управување на Друштвото се определува од еден правилник, изработен од управата.[160]

Управата ја сочинувале: претседател: д-р Никола Червениванов, касиер: Христо Матов, секретар – сметководител: д-р Владимир Руменов, советници: д-р Христо Татарчев и Христо Станишев.[161]

---

[159] Вътрешна Македоно-Одринска революционна организация (1893-1919 г.), Документи..., 254.
[160] Исто.
[161] Исто.

Протоколот и уставот го потпишале: д-р Н. Червениванов, Хр. Станишев, д-р Хр. Татарчев, Т. Д. Иванов, д-р Вл. Руменов, Ј. Сандански, Д. Стефанов, Хр. Матов, К. Прличев, Е. Спространов, Т. Карајовов, Н. Наумов, Ил. Колачков, Л. Кереков, А. Г. Ников, Јор. Мирчев, Стефан Мирчев, П. Симончев, Иван Хаџи Николов, В. Думев и уште двајца дејци од македонската емиграција.[162]

3. Поради фактот што голем дел од хуманитарната помош и паричните средства насочени за настраданите Македонци се испраќале во благотворителното друштво на Христо Матов и д-р Червениванов, врховистите, за да имаат контрола врз средствата и материјалите создаваат паралелно „Македоно-Одринско благотворително друштво". Друштвото на Х. Матов и д-р Червениванов, врховистите го третираат како нерегуларно и на 15 мај 1903 година свикуваат собрание во локалот „2 февруари", кога ќе се прецизира формирањето на новото друштво. На состанокот присуствувале видни дејци од македоно-одринската емиграција, меѓу нив биле и самите Х. Матов и д-р Червениванов.[163]

На тоа собрание, другиот задграничен претставник на ТМОРО, д-р Христо Татарчев, настојувал веќе постоечкото друштво на Х. Матов и д-р Червениванов да се прогласи за легитимно. Врховистите тактизирале, избрале 10 члена комисија која требало да подготви устав за новото благотворително друштво и закажале ново собрание за 25 мај 1903 година. На второто собрание, врховистите не го признале веќе постоечкото друштво на Х. Матов и д-р Червениванов и тие официјално формирале ново благотворително друштво со управа во состав: претседател: Васил Дијамандиев, потпретседатели: Илија Гологанов и Михаил Попов, секретари: Спиридон Велев и Хр. Сапунџиев, домаќин: Д. Коцев, касиер: Никола Божинов и советници: Г. Георгов, Д. Станишев, Иван Блажев, Никола Стоилов и Ив. Наумов.[164]

Новото врховистичко благотворително друштво испратило циркулар до македоно-одринските друштва низ Бугарија. Во циркуларот се вели: „*Во историјата на нашиот народ немало такви критични времиња како денешните. Се работи за суштествувањето на бугарскиот народ. Сите, во кои*

---

[162] Исто.
[163] в. Реформи, г5, бр25, 31.05.1903, Столично македоно-одринско благотворително дружество, 4.
[164] Исто.

*тупа бугарско срце, треба да преземат енергична работа за триумфот на нашето праведно дело и тоа неизбежно ќе триумфира, ако ние се напрегнеме со сите усилби кон работа*“.[165] Самиот циркулар дава јасна слика под каква идеологија ќе работи новоформираното благотворително друштво од страна на врховистите.

4. Весникот „Бугарија“ објавил дека зад новото благотворително друштво стоел Цончевиот комитет. Врховистите во демант изјавиле дека друштвото на Х. Матов и д-р Червениванов било нелегитимно, тоа било избрано без собрание и било без управа, затоа тие формирале ново благотворително друштво. Притоа изјавиле: *„Тука нема никакви вмешувања и иницијатива од страна на комитетот Михајловски-Цончев, туку тоа е иницијатива на македоно-одринската емиграција во главниот град*“.[166]

Задграничните претставници на ТМОРО, д-р Христо Татарчев и Христо Матов испратиле соопштение до бугарскиот печат. Во соопштението тие и нивните соработници отворено ја негираат потребата од создавање на ново благотворително друштво и соопштуваат дека *„само парите испраќани до управата на д-р Червениванов и Хр. Матов ќе отидат вистински до настраданите во Македонија и Одринско*“.[167]

На ова соопштение од ЗП на ТМОРО, врховистите одговараат во нивниот орган, в. „Реформи“. Тие велат дека секогаш војувале за една македоно-одринска организација која би почивала на законите на бугарската држава и би била контролирана од општеството. Затоа, тие го поддржувале основањето на македоно-одрински благотворни друштва, оние кои биле основани по легален пат и со целосно избрана управа. На тој начин, основаните друштва би создале една организација, која би била позната и контролирана не само од нејзините членови, туку и од самото општество. Врховистите обвинуваат дека граѓани во Софија и низ

[165] Исто.
[166] в. Реформи, г5, бр22, 23.05.1903, 1.
[167] в. Реформи, г5, бр26, 07.06.1903, По съобщенията, 4.

провинцијата биле заплашувани писмено и усно за пари, од „*името на комитети и комисии*“.[168]

Тие објавиле како изгледало едно заплашително писмо што го заплениле. Во него се барала сума од 5000 лева, во спротивно на личноста и се заканувала ликвидација: „*инаку, ако одбиете да го направите тоа, една темна ноќ заедно со куќата, ќе ве фрлиме во облаците...*“. Покрај останатите заплашувања, писмото завршило со последна заканувачка порака содржината од истото тајно да се чува.[169]

5. На 28 јуни 1903 година, поради настанатиот конфликт во врска со благотворните друштва, врховистите упатиле тешки навреди кон ТМОРО и нејзините соработници. ТМОРО ја нарекуваат „*мафија*“, потоа дека нејзините дејци не биле подобни за борба, дека тие краделе од населението наместо да го вооружуваат. Исто така, критикувани била одредена група на бугарски универзитетски професори кои и помагалена Внатрешната организација.

Според врховистите, лицата кои сакале да се претставаат пред бугарското општество како олицетворители на македонското движење, олицетрворувале само една „*грозна злобна мафија*“, која ја ограбила Македонија и која го нанела најголемиот срам на „*нашиот*“ народ. Таа „*мафија*“ украла илјадници лири од несреќното македонско население во името на едно свето дело и ги потрошила неповратно. „*Мафијата*“ земала по 50-100 лири од поединечни лица, но не им доставала пушки. Таа не успеала ништо посебно да направи „*со своите детски атентати во Солун*“.[170]

Според врховистите, „*мафијата*“ со неколкуте чети имала задача само да собира пари и да ги троши најдобрите синови на „*татковината*“. Но, тие бидејќи биле неспособни за воени дејства, лесно биле убивани. Тие врбувале млади момчиња во Бугарија и ги испраќале во Македонија на неминовно колење. На тој начин, се подигал моралот кај Турците. Додека пак, од друга страна, врховистите со горноџумајското „*востание*“ од 1902 година и во текот на целата пролет и лето во

[168] в. Реформи, г5, бр29, 28.06.1903, Заплашителни писма, 4.
[169] Исто.
[170] в. Реформи, г5, бр29, 28.06.1903, Българските професори, 2. / Во овој случај, врховистите ги препишуваат Солунските атентати на ТМОРО, што не е точно.

1903 година вистински им дале до знаење на Турците да ја разберат *„моќта на македонскиот борец“*.[171]

Врховистите тврдат дека *„мафијата“* поради нејзините активности, *„изгубила значење во поробената Татковина и е исфрлена од секаде“*. Нападите продолжуваат со: *„Таа мафија, која се облекува со оделото на Внатрешната организација, не е ништо друго освен едно ѓубре од татковински престапници, кои во Бугарија сакаат да се истакнат за големи дејци...“*.[172]

Врховистите завршуваат со нападот дека Внатрешната организација, со чие име се гордеела *„мафијата“* во слободна Бугарија и пред европскиот свет, немала ништо заедничко со *„тие татковински предавници“*. Горноџумајското *„востание“* и ставило крај на таа мафија. Тоа востание ја *„спасило“* честа на Македонија. Според врховистите, по востанието од есента 1902 година, преродбата на *„злоставуваната Татковина“* со јуначките дејства на врховистите врвела брзо и тие смело оделе по патот на нивниот долг. Никакви соопштенија, навреди и критики немало да ги отклонат врховистите од нивниот татковински долг.[173]

6. Врховистите создаваат и женско македоно-одринско благотворително друштво кое ќе служи како нивен клон. Куриозитетно е писмото од 21 јуни 1903 година што женското благотворително друштво го испраќа до „Лигата на Мирот“ во Париз.

Во првиот дел од писмото, женското друштво укажува за злосторствата во Македонија, за убиствата, силувањата и егзодусот кој му се случува на *„македоно-одринскиот роб“*. Потоа, друштвото укажува дека варварствата на Европјаните им се чинеле како ужасни легенди и неверојатни приказни. Дека ниту еден извештај не можел вистински да ги прикаже ужасите вршени над христијаните во Османлиската Империја: *„Крвопролевањата за кои слушате не се замисливи во Вашиот живот! Зошто која и да е од вас, ако види по улиците на големиот*

[171] Исто.
[172] Исто. / Нормално е дека дејците на ТМОРО за врховистите дека ќе бидат *„татковински престапници“*. Едните се борат за автономна и независна Македонија, додека другите се борат Македонија да ја присоединат кон Бугарија.
[173] Исто.

*Париз едно ѕверство вршено над човечко суштество, не туку на едно животно – ако види на пример еден кочијаш да го тепа безмилосно својот впрегнат во претоварена кола коњ – тогаш таа ќе се смета за должна да го посочи „варваринот“ на првиот полицаец, или да извести за видената жестокост на друштвото за заштита на животните. И виновникот ќе ја добие брзо и заслужно одмаздата*“.[174]

Потоа, женското друштво укажува дека Европа покрај тоа што ги заштитувала животните, требала да го заштити и еден цел народ кој бил со запалени колиби, без храна, со синови борци и силувани жени. „*Зарем еден таков распнат народ не заслужува барем толкаво покровителство и заштита? Зарем така оддалечената од варварски племиња Европјанка, нема да го подигне својот глас кој трепери од негодување и да и каже на дипломатијата, дека тоа е страшно и дека ништо, потполно ништо не ги оправдува безбожните варварства што се вршат во Македоно-Одринско…*?“[175]

За крај благотворителното друштво во писмото додава дека немало македонска куќа, од која не паднал син, да не е затворен или смачкан од тепање старец, да не е натегнато на пушка доенче, да не е силувана невеста или девојка. Апелираат дека „*младото бугарско кнежество*“ се наоѓало на раб на војна која би го проголтала целиот државен потенцијал. Упатуваат силен апел до жените на просветените народи, да се застапат за еден народ, кој бил со свиткан врат.[176]

Писмото го потпишале: претседателка: д-р Брадел, касиерка: Ев. Валова, секретарка: Пиринска, советници: Х. Д. Јабланска, Н. Красникова, Г. Шанкова, Т. Рескова, А. Загорова, Балемезова.[177]

[174] в. Реформи, г5, бр28, 21.06.1903, Единъ Апелъ, 3. / Интересно е како женското благотворително друштво го споредува животот на животните во Франиција за повеќе вреден од животот на живите христијани во Османлиската империја.
[175] Исто.
[176] Исто.
[177] Исто.

# II

## 11. Бура во Македонија

1. Бугарската влада воочува дека прогласувањето на востание во Македонија е неминовно и дека таа нема никакво влијание кон носењето на таа одлука. Одлуката за востание во Македонија е исклучиво одлука на ТМОРО. Сепак, бугарскиот воен министер Михаил Савов, сугерирал востанието да се одложи и да се пролонгира. Воениот министер Савов упатил писмо до ЗП на ТМОРО, во кое посочил дека идеален датум за почеток на востанието би бил 1 октомври 1903 година. Го посочил тој датум затоа што дури тогаш *„бугарската армија би можела воено да се подготви*".[178] Обидите на бугарската влада да ги сопрат активностите во Македонија се залудни, затоа што за македонскиот народ и македонската судбина, донесува одлуки и понесува одговорност неговиот претставник ТМОРО, а не бугарската влада.

2. На 20 јули 1903 година (стар стил) во II Битолски револуционерен округ избувнува Илинденското востание. Илинденското востание е највисокиот акт на револуционерната дејност на Тајната Македоно-Одринска Револуционерна Организација. Со востанието раководи главен штаб составен од Дамјан Груев, Борис Сарафов и Анастас Лозанчев. Седиштето на главниот штаб е во с. Смилево, Демирхисарско.[179]

Објавувањето на востанието ја раздвижило македонската емиграција во Бугарија. Седиштето на Врховниот комитет, кој официјално е забранет, започнало да се полни со доброволци. Врховистите започнале да ги примаат доброволците со посебни белешки, по групи. Тие биле испраќани кон Македонија со документи како работници, туристи или патници.[180]

На 27 јули 1903 година, врховистите испратиле окружно до сите нивни друштва - клонови во Бугарија, по повод започнувањето на битките во Македонија. Во него се вели дека населението во Битолскиот вилает со своите раководители

[178] Архив Христо Матов..., 107.
[179] В. Ѓорѓиев, Подземната република..., 334.
[180] Георги Белев, Изъ живота на четитѣ, Ил. Илинденъ, г6, кн5-6 (55-56), март-април 1934, 18.

решило да го зададе последниот удар на петвековните потисници. Сите способни борци веќе се наоѓале во редовите на востаниците и врховистите прогнозираат дека востанието ќе се проширело во останатите делови на Македонија. Тие апелираат, македоно-одринската емиграција да ја засили поддршката, исто така и бугарскиот народ. Друштвата требало да развијат огромна активност за собирање на средства и материјали и никакво колебање немало да биде простено во тогашните судбоносни денови.[181]

3. На 5 август 1903 година, врховистите објавуваат повик до македоно-одринската емиграција во Бугарија. Во повикот се вели дека моментот за борбата настапил и дека во борбата со петвековните тирани требало да се потрошат сите сили. Исходот бил слобода или смрт. Водената борба се развила во заедничко, сенародно востание. Робот престанал да биде роб. Повикот продолжува со: *„Нашите браќа, организирани и сплотени како едно, се борат веќе во големи востанички одреди*“. Востаниците веќе станале господари на цели градови и села и владетели на цели области, додека тираните – Турци ја удвоиле својата тиранија, но тоа не ги очајувало борците. Врховистите велат: *„Верата во нивното право и сила, и надежта во помошта на нивните браќа отаде Рила и Странџа, ја подгрева нивната бескрајна љубов кон слободата и ги тера да ги удвојат своите сили против непријателот*“. Татковински долг на врховистите и македоно-одринската емиграција бил да се оправдала таа вера и да се поткрепи таа надеж, со тоа што тие требало да им помогнат на борците и да ги положат своите животи и имоти пред жртвеникот на слободата. *„Слободата на Вашата татковина го бара тоа и ние ќе останеме ли туѓи на својот долг? Не!*“.[182]

Во повикот се додава дека македоно-одринската емиграција во Софија, која била мотивирана од својот долг и воодушевена од заветот на паднатите борци, се сплотила во една колективна душа. Тоа го направила за да бара средства за брза и последна помош. Емигрантите од разните краишта избрале меѓу себе комисија, која требала да ги следи тие цели.[183]

---

[181] в. Реформи, г5, бр33, 27.07.1903, Окрѫжно, 4.
[182] в. Реформи, г5, бр45, 10.08.1903, Позивъ към Македоно-Одринската емиграция, 1.
[183] Исто.

Македоно-одринската комисија одлучила: 1) Софиската емиграција, потполно да ги напрегне своите сили и во најбрз рок да им даде на борците секакви материјали, морална и лична помош; 2) Таа помош да се дава на управување на претставниците на Македоно-Одринската Револуционерна Организација, д-р Христо Татарчев и Христо Матов.[184]

На крајот од повикот се апелира, емиграцијата да ја сфати критичноста и судбоносноста на положбата во „*нашата татковина*“ и да се исполни последниот долг кон неа, преку собирањето на материјални средства. Повикот завршува со: „*Ајде сите на работа! Сега е времето за помош! Да живее слободна Македонија и Одринско!*“.[185]

Мнозинството на потписници на повикот се врховисти: 1) Од Охридско: А. Протогеров; 2) од Ресенско: Т. Доревски; 3) од Крушевско: Чилев; 4) од Битолско и Демирхисарско: К. Стојанов и Ј. Ангелов; 5) од Прилепско: д-р Мих. Иванов и В. Здравев; 6) од Кичевско: Мл. Јовев; 7) од Дебарско: Авр. Станишев и Ив. Божинов; 8) од Тетовско и Гостиварско: П. Ѓорѓиев и Гл. Михајлов; 9) од Костурско, Леринско, Кајларско и Корчанско: Хр. Димитров и Апост. Димитров; 10) од Скопско, Кратовско, Кумановско, Паланечко и Кочанско: Дим. Цонев и Мих. Х. Попов; 11) од Пиринско, Серско, Драмско, Неврокопско, Разлошко и Џумајско: А. П. Петров и Хр. Сапунџиев; 12) од Велешко и Тиквешко: Геор. Георгов и Н. Караџев; 13) од Одринско: д-р П. Нејчев и С. Русев; 14) од Солунско, Кукушко, Гевгелиско, Воденско, Еницевардарско, Струмско и Демирхисарско: Н. Полински и К. Ѕеков. Во повикот исто така стојат потписите на членовите на ТМОРО: Еф. Спространов, д-р Д. Владов, д-р Вл. Руменов и свештеникот Тома Николов [186]

4. На 13 август 1903 година, на плоштадот пред црквата „Св. Крал“ во Софија се одржал митинг на македоно-одринската емиграција. На митингот држеле говор видни врховисти како: Васил Дијамандиев, Александар Протогеров, Андреј

[184] Исто. / Овде врховистите потполно се потчинуваат на претставниците на ЗП на ТМОРО и на нивната благотворна комисија, која во претходниот период ја сметаа за „*нелегитимна*“.
[185] Исто.
[186] Исто.

Љапчев, Славчо Бабаџанов и други. На самиот митинг било избрано биро во следниот состав: В. Дијамандиев, А. Казанџиев и д-р Г. Стрезов.[187]

Бирото ја донело следната резолуција: 1) Жестоко жалење за судбината на татковските огништа, кои одново се предмет на турски жестокости, благодарение на интересите на европската дипломатија, кои се непознати; 2) Искажување на должно признание кон сите добри луѓе во христијанскиот свет, кои со печатен збор или говори во живо ги поттикнуваат политичките фактори во Европа да дејствуваат за оддамна ветените и предвидени во трактати правдини во Турско; 3) Со тага се забележува нерешителноста со која европската дипломатија се однесува кон тешката положба на христијаните во Турско, чија судбина, со несуштински реформи како последните, уште повеќе се влошува зошто раздразнет е муслиманскиот фанатизам. Без да можат да ја спречат лошата турска управа, под турска власт, ниту можело, ниту може да има христијанска управа; 4) Се бара назначување на главен управител христијанин, независен од турската администрација, со постојана европска контрола како прва преелеминарна мерка, без која, никакви, апсолутно никакви подобрувања за христијаните во Турција не може да има, а не пак гаранција за реформи во смисла на просветително управување; 5) Се укоруваат поделбите помеѓу рајата кои се поддржани од егоистични размислувања, која за лошата турската управа, секогаш составувала едно цело за мухамеданскиот фанатизам; 6) Надеж дека соседните христијански држави ќе разберат дека братстките врски се поддржуваат со несебична помош во времето на искушение, какво што е денешното за христијаните во Турско. Покана до своите браќа од Македонија и Одринско кои живеат во Србија, Романија и Грција да бидат доблесни исполнители на својот долг, откривајќи ја вистината во средините меѓу кои потпаднале да си ја бараат својата прехрана и со тоа што ќе ги растурат замислените сомневања против чистотата и несебичноста на борбата; 7) Покана до граѓаните на бугарското кнежество да притекнат со својата општествена и државна моќ, за да се издејствува еден сносен живот за нивните истоверни и истоплемени браќа; 8) Покажување на својата подготвеност за да се жртвува својата егзистенција и живот за овенчување на успехот на започнатото свето дело; 9) Се

[187] в. Реформи, г5, бр36, 16.08.1903, Митингътъ въ София, 2.

ополномоштува бирото на митингот да ја поднесе оваа резолуција до кнежевската влада, до дипломатските претставници на Силите потписници на Берлинскиот договор, како и на дипломатските претставници на Србија и Романија.[188]

5. На 23 август 1903 година, во в. „Реформи“ објавува статија во која објаснува како во бугарската армија се проповедало за можниот конфликт со Османлиската Империја поради Илинденското востание во Македонија. Во таа статија директно може да се види односот на бугарската армија и држава кон Македонија и Македонците.

Во статијата врховистите велат, додека „*нашите браќа*“ мажествено војувале и извршувале чудесни подвизи во Македонија, во Бугарија сосема поинаква била ситуацијата. Срамни и одвратни биле потезите на бугарските управители: „*Тие, кои стојат на чело на војската и државните работи, ги впрегнале сите сили, сета енергија да го скршат јуначкиот дух на бугарската војска, да ги загушат симпатиите на слободните Бугари кон поробените браќа, да ги прекинат врските помеѓу Бугарите отаде и Бугарите овде*“.[189]

Истовремено, врховистите продолжуваат да ја критикуваат бугарската армија. Резервистите кои се повикувале на тринеделна обука во војската, тие „*бугарски синови*“ трчале со задоволство во редовите. Но, уште при влегувањето во касарните, нивните началници по заповед на високото началство, ги започнувале своите обесхрабрувачки лекции и безобразни притисоци врз бугарската душа. На војниците им се проповедало дека турската војска била една од најсилните во светот; дека Османлиската Империја имала спремна повеќе од 500,000 души; додека во случај на војна таа ќе подготви дополнителни 500,000 души; дека Бугарите ќе биле задавени за една седмица; дека Бугарите не можеле да се борат со една таква чудовишна турска сила. Потоа врховистите додаваат: „*Од друга страна, како помеѓу офицери, така и помеѓу војници, се проповеда дека, слободните Бугари нема зошто да го симпатизираат македонското востание, кое нема ништо заедничко со бугарските идеали и нема зошто Бугарите да се борат со*

[188] Исто.
[189] в. Реформи, г5, бр37, 23.08.1903, Отъ границата, 4.

*Турците за Македонија, бидејќи Македонците не сакале да се присоедини Македонија со Бугарија, туку мечтаеле за одделно постоење „Македонија за Македонците“, не за Бугарите“.*[190]

Критиката на врховистите кон бугарската армија завршува со објаснувањето на духот во кој се воспитувале бугарските војници. Кога светот се чудел на бугарското јунаштво, кога самите непријатели на Бугарија се восхитувале од неспоредливиот бугарски патриотизам, од прекрасната саможртва на бугарските офицери, големците во Бугарија се стремеле да го срушат сето мажествено и доблесно во бугарското срце.[191]

Бугарската армија јасно била на ставот дека немало зошто Бугарите да се борат со Турците за Македонија, бидејќи Македонците не сакале да се присоедини Македонија со Бугарија, туку сакале Македонија за Македонците. Додека пак, врховистите ја критикуваат бугарската армија дека не сакала да помогне во Македонија, за да може при една војна помеѓу Бугарија и Османлиската Империја, Бугарија да изврши анексија на Македонија.

---

[190] Исто.
[191] Исто.

## 12. Врховистите навлегуваат во Македонија, август 1903 година

1. На 7 август 1903 година, во европските весници се проширила гласина за односот помеѓу ТМОРО и врховистите. Обвинувањето гласело дека главните лица на врховистите – Стојан Михајловски, генерал Иван Цончев и полковник Анастас Јанков „*не дале согласност и од честољубие не посакале да се покорат во редовите на Внатрешната организација*". Врховистите ги демантирале овие обвинувања и ветиле дека ќе го исполнеле „*нивниот долг кон татковината*".[192]

2. За активностите на врховистите за време на Илинденското востание почнале да известуваат и агентите на Големите сили во Османлиската Империја. Во извештај од 26 август 1903 година од рускиот дипломат во Истанбул се вели дека генералот Цончев и потполковникот Јанков ја преминале бугарско-турската граница со бројка помеѓу 500 до 2000 четници. Четите биле со намера да ги разурнат железничките пруги помеѓу Одрин и Истанбул и помеѓу Дедеагач и Солун. Бугарската влада признала дека немала сила да им се спротивстави на Комитетите, бидејќи 50% од офицерите и од чиновниците биле Македонци, или пак биле приврзаници на Комитетите.[193]

На 27 август 1903 година, во телеграма од рускиот дипломат во Виена до рускиот министер за надворешни работи, гроф Ламсдорф, се вели дека турската војска во Македонија едвај достигала 170,000 војници. Војската била слабо опремена и демотивирана. Телеграмата продолжува со изјавата дека револуционерните комитети не гледале никаква полза за да ја вовлечат Бугарија во војна со Османлиската Империја, доколку Бугарија не би имала материјална поддршка од страна на други држави. Водачите на движењето согледале отворена опасност од потенцијална војна помеѓу Бугарија и Османлиската Империја, бидејќи во случај на пораз на Бугарија, за Комитетите би била разурната неопходната операциона база, без која нивната дејност би била невозможна. Неспоредливо попогодна се јавила, како за Комитетите така и за самата Бугарија, неопределената

---

[192] в. Реформи, г5, бр36, 16.08.1903, 4.
[193] С. Дракул, Македонија меѓу автономијата..., 340.

положба, што му дозволувала на Кнежеството, без вистинска војна со Турција и без опасност за својата територија, без разурнувачки трошоци, да води партизанска војна на турска територија.[194]

Руските дипломатски извештаи ја доловуваат политиката и логиката на бугарската влада и на врховистите. Меѓутоа, во Македонија ситуацијата е сосема поинаква. ТМОРО е организацијата која во името на македонскиот народ, без никакво барање или дозвола, самостојно кренала востание. Затоа, погрешно е претставувањето дека бугарската влада, која на ниту еден начин не го помагала востанието, дека таа „*водела партизанска војна на турска територија*".

3. На 6 август 1903 година, таборот на врховистите предводен од Иван Цончев, Јордан Стојанов, Љубомир Стоенчев, Петар Дарвингов, Димитар Зографов, Борис Стрезов, Христо Танушев, Константин Настев, Асен Партениев и Дончо Златков, заедно со уште 300 души доброволци тргнале за Македонија.[195]

Касиерот на ВМОК, Георги Белев, ќе ја опише глетката во неговиот дневник, во моментите кога врховистите ќе наближат кон бугарско-турската граница: „*Таму доле – во низините е пространата шир чиишто китни полиња, гори и долини, волшебно осветлени од месечината, будат во мене восхит и почит. На исток ја гледаш гордата величествена Родопа, како моќно ја испружила својата сила – во бескрај. На југ можеби, легендарната Пирин планина, заштитничка на робовите, закрилница на борците, свърталиште на сите бујни натури, кои копнеат за слободата и за достоен живот. А на запад – Осогово, Влахина-планина и Огражден, завршуваат – завршуваат во величествена рамка и не ми даваат да ѕирнам кон Вардар – матен и Охрид – син*".[196]

Врховистите се поделиле на неколку групи. Групата предводена од генералот Цончев, полковник Јанков, капетан Стојанов, поручник Дарвингов, потпоручник Танушев, Никола Лефтеров и други, навлегле во Македонија по линијата од Еленин

[194] Исто, стр. 342.
[195] Георги Белевъ, Изъ живота на четитѣ, Ил. Илинденъ, г6, кн5-6 (55-56), март-април 1934, 18.
[196] Георги Белевъ, Изъ живота на четитѣ, Ил. Илинденъ, г9, кн8 (88), октомври 1938, 10.

врв во насока кон бугарско-турската граница. Оттаму, тие се упатиле во насока по селата Годлево, Драглиште и Белица – Разлошко.[197]

Друга група од 160 врховисти, составена од четата на Љубомир Стоенчев и четата на капетан Јордан Стојанов, која била наречена Априлско-Габровска чета, на 9 август 1903 година, по долг ноќен поход низ Рила планина доближила до бугарско-турската граница.[198] На половина час растојание од нив бил турскиот граничен пост, кој броел 60 души аскер манафи.[199] Наредниот ден, на 10 август, двете чети вршеле обука во потфати и напади со пушки, фрлање на нож и фрлање рачни бомби. При четата пристигнале и фотографи од Софија, кои ги фотографирале двете чети и нивните началници. На 11 август, четите пристигнале на планината Исмаилица над Влашките ридови. Одредот денувал во густата гора на Мехомскиот богаташ хаџи Дамбо. Од Исмаилица, одредот го продолжил патот кон Годлево, каде стигнал на 12 август 1903 година.[200]

5. На 11 август 1903 година, ЗП на ТМОРО испраќа писмо до Јане Сандански во кое го информираат за врховистичкото навлегување во Серскиот округ. Во писмото се вели дека врховистите се нашле изолирани, па решиле собраните средства и материјали во Бугарија да ги предадат на ЗП на ТМОРО. Тие решиле револуцијата да биде претставувана од ЗП на ТМОРО и дека претставништвото ќе го финансира вооружувањето на четите.[201]

На 14 август 1903 година, ЗП испратило ново писмо до Јане Сандански, во кое се вели дека врховистите се ставале во услуга на ЗП и ТМОРО, дека тие не претендирале на ништо посебно и поради тоа не требало да се игнорираат како сила. ЗП на ТМОРО го советува Јане Сандански кон врховистите да се однесува тактички и да не ги преследува. Врховистите ги внесувале сите парични средства и сите воени сили на расположение на ТМОРО, затоа ЗП на ТМОРО во тој момент ги сметало за *„материјални сили кои ќе го помогнат општото дело“*. Потоа во

---

[197] Крум Петишев, Спомени, София, 8 юни 1966, ЦДА, ф. 1803 к, оп. 1, а. е. 4, л. 1-90, Оригинал, Машинопис.
[198] Георги Белевъ, Изъ живота на четитѣ, Ил. Илинденъ, г9, кн8 (88), октомври 1937, 10.
[199] в. Реформи, г5, бр36, 16.08.1903, Пиринъ планина, 3.
[200] Георги Белевъ, Изъ живота на четитѣ, Ил. Илинденъ, г9, кн8 (88), октомври 1937, 10.
[201] В. Ѓорѓиев, Слобода или Смрт..., 517.

писмото се додава: „*Тие немаат особени претензии, освен тоа ние не можеме и немаме право да ги игнорираме нив како сила, зошто ќе пропуштиме еден случај, кога ќе можеме да ги искористиме; ќе им дадеме сами да навлезат, се разбира, со претензии и поради некадарност – место да пакостат, да служат на вистинските интереси на делото*“. Потоа се вели дека кога врховистите се декларирале не како сила и организација, туку како луѓе кои сакале да се борат заедно со ТМОРО, тогаш ТМОРО немала причина да одбие да ги прими и да работи со нив во текот на востанието. Врховистите би биле примени под еден услов: „*се разбира, откако и тие признаваат само една Внатрешна организација и едно нејзино претставничко тело и едно благотворително друштво со клонови во провинцијата*“. Писмото завршува со насока Серчани да се држат кон врховистите во таа смисла.[202]

6. Одредот на Јордан Стојанов и Љубомир Стоенчев го назначил Христо Тодоров од с. Годлево за курир при навлегувањето во Македонија. Х. Тодоров бил месен курир на ТМОРО. Но, куририт наместо да ги однесе на определено место кон Пирин планина, тој намерно ги одвел врховистичките чети во с. Бачево, каде претходно биле стационирани голем број Арнаути – башибозук и аскер. Одредот го воочил предавството и навремено прекинал со патот кон Бачево и се упатил кон Пирин.[203]

Поради предавството, одредот на Ј. Стојанов и Љ. Стоенчев е преследуван од турски аскер на нивниот пат кон Пирин планина. Утрото на 13 август, тие стигнале до опасно место, каде требало да го поминат мостот на Банска река. Мостот од двете страни бил чуван од Турците. Тие во таа безизлезна ситуација, со вешт маневар успеале да се измолкнат низ турската стража и без да предизвикаат судир ќе го продолжат патот кон Пирин. По долг поход тие направиле почивка, каде се конституирал четнички совет на војводите по повод предавството на куририт на ТМОРО. За него врховистот Г. Белев вели: „*Навистина, како курир на ВМРО и противник на врховистите, тој можеше да ни ја откаже својата услуга. Но, да не измами со цел да не втера во с. Бачево за да не убијат Турците, тоа немаше*

[202] Исто.
[203] Георги Белевъ, Изъ живота на четитѣ, Ил Илинденъ, г4, кн6 (36), ноември 1931, София, 15.

*да му го прости никој од ВМРО, затоа што никогаш ВМРО не се служела и не се служи против никого со измамништво и предавство*".[204] Куририот и покрај тоа што требало да биде осуден на смрт, врховистите за да ги одбегнат „*братоубиствата*" се решиле да го казнат со 50 удари со стап. По извршувањето на пресудата, одредот се поделил. Четата на Љубомир Стоенчев се упатила кон Неврокопско, со крајна дестинација Демирхисарско. Додека четата на Јордан Стојанов го продолжила искачувањето на Пирин, каде запрела да преноќи при големите извори, близу до врвот Етипица.[205]

На 14 август, четата на Ј. Стојанов го искачила врвот Етипица и се спуштила јужно од него, на ноќевање во грмушките крај малата Елтепенска река. На 15 август утрото, на празникот „Богородица" (стар стил), четата е насетена од турска потера и започнала борба помеѓу стражата на четата, предводена од Асен Партениев и Турците. Останатиот дел од четата, се искачил назад на Етипица за да заземат погодни и укрепени позиции. По долга борба, аскерот се повлекол. По Турското повлекување, четата ја минала Елтепската река и продолжила да се движи низ горotата на Пирин.[206] На 16 август, Априлско-Габровската чета на Јордан Стојанов се упатила по врвовите на Влашката планина.[207]

На 17, 18 и 19 август, четата на Ј. Стојанов го поминала во почивка на височините на Влашката планина. За прехрана се погрижиле дејците на ТМОРО, кои ја снабдиле четата со намирници.[208] На 19 април, друга група врховисти се појавила на преслапот на Етипица. Таму била пресретната од турска војска и започнала нова борба. Турците ги зазеле западните позиции на Албутин, а врховистите источните. Оваа група на врховисти била предводена од поручник

[204] Георги Белевъ, Изъ живота на четитѣ, Ил Илинденъ, г4, кн7 (37), януари 1931, София, 4. / Додека касиерот на ВМОК, Г. Белев вели дека „*ВМРО никогаш не се служела со измамништво и превавство*", неговите колеги врховисти се служат против ТМОРО со најголеми навреди; Самиот факт што куририот ги предал врховистите, јасно ја доловува сликата дека македонското население во Серскиот и Струмичкиот округ не ги прифаќало врховистите како свои т.е. на ист начин како што тие ја прифаќале ТМОРО.
[205] Исто.
[206] Исто.
[207] Георги Белевъ, Изъ живота на четитѣ, Ил. Илинденъ, г4, кн9 (39), май 1932, 13.
[208] Исто. / Ако куририот Христов ги предал врховистите една недела претходно. Овој пат дејците на ТМОРО, слушајќи ги упатствата на ЗП на ТМОРО, ги примаат и помагаат врховистите на нивна територија.

Петар Дарвингов и потпоручник Димитар Зографов. По заповед на капетан Јордан Стојанов, група од 15 души, меѓу кои се Иван Господарев и Коце Марков, под команда на потпоручник Борис Стрезов се упатиле на местото на судирот. Борбата траела до вечерта, кога двете групи врховисти успеале успешно да се повлечат.[209]

Претходниот ден на 18 спрема 19 август 1903 година, четата на Петар Дарвингов, заедно со четите на Дончо Златков и Димитар Зографов, исто така имала борба против турците меѓу с. Србиново и с. Влахи на Бела река.[210] Турците биле во помал број, па затоа, војводите Дончо Златков и Дарвингов се решиле со половина капацитет да влезат во борбата. Поставиле два вода под команда на поручник Зографов, додека останатите се повлекле за да го чуваат тилот на борците. Во борбата Турците биле поразени.[211]

На 20 август, продолжило повторно преследувањето на врховистичките чети од страна на Турците. Се заврзала нова борба по врвовите на Ѓурѓица, јужно од Етипица која траела во текот на целиот ден.[212]

На 21 август, повеќе од 150 врховисти биле стационирани на мала ајдучка полјана, на месноста под Казанот при Икриштето на Пирин планина. Таму пристигнале по засилениот ноќен марш по судирот на врвовите на Ѓурѓица, *„капнати во бесознание, од умор и глад*“. Денувајќи на позицијата, слушнале звук од турска труба и четите брзо се распоределе во дефанзивна положба. Централната позиција била стрмнина, скриена меѓу густите борови дрвја, на 150-200 чекори оддалечена од реката. По некое време, на другиот брег од рекичката пристигнала голема турска војска, која полека врвела без да ги забележи врховистите. На позициите четниците останале молкум затскриени и била избегната борба. Вечерта, тие се спуштиле крај реката и тргнале на исток. На патот, застанале кај еден говедар, се нахраниле со месото од 2 телиња и 3 кози, земени под расписка за сметка на ТМОРО.[213]

[209] Исто.
[210] в. Реформи, г5, бр37, 23.08.1903, 4.
[211] в. Реформи, г5, бр38, 30.08.1903, Рила, 28-й августъ 1903 г., 3.
[212] Георги Белевъ, Тревога, Ил. Илинденъ, г4, кн5 (35), септември 1931, 7.
[213] Исто.

На 22 август, Априлско-Габровската чета на Јордан Стојанов, придружена со останатите чети, денувала среде густата борова гора наречена Бандерица на Пирин планина. На зајдисонце, одредот тргнал кон Неврокопско-Мелничко, за таму да се сретнат со главните револуционерни сили на ТМОРО, на совет за претстоечките заеднички акции. На 23 август, четите се наоѓале на месноста Кутовиот казан – Овче поле. Таму врховистите се сретнале со месните Разлошки револуционерни чети на ТМОРО, со кои целиот ден се советувале во врска со подготовката и духот на населението, претстоечките револуционерни дејствија, положбата во Бугарија и за разни политички прашања кои го засегале македонското ослободително дело. Во разговорите со револуционерот од ТМОРО, Коста Молеров, тие се увериле дека Серскиот револуционерен округ прераснал во моќна организација. Серчаните одлично ја уредиле административната, разузнавачката, судската и други служби, како и издршката и прехраната на четите. Но, според врховистите, малку сториле за вооружување на населението, за неговата подготовка, за тоа да можело со сопствени сили, достоинство и чест да крене масовен вооружен протест против турската управа.[214] Одредот предводен од Ј. Стојанов на 24 август пристигнал во Обидимско. На 25 август пристигнал во Кременско, од каде продолжил кон с. Брезник, Неврокопско.[215]

7. Поради започнувањето на Востанието, како и навлегувањето на врховистите во Македонија, дејците од Серскиот револуционерен округ на ТМОРО од 18 до 20 август 1903 година оддржуваат окружен Конгрес на месноста „Ливадка“ во близина на с. Пирин. За претседател на Конгресот бил избран поранешниот задграничен претставник на ТМОРО, Димитар Стефанов. Останати делегати биле: Јане Сандански, Мирчо Кипров, Ѓорги Баждаров, Димитар Николиев, Ињо Крчовалијата, Стојан Филипов, Димитар Пенков, Димитар Лазаров, Симеон Молеров, Александар Радославов, Борис Галев, Милош Колгачов, Александар Колгачов и други.[216]

---

[214] Георги Белевъ, Изъ живота на четитѣ въ недрата на Пиринъ планина, Ил. Илинденъ, г3, кн8 (28), октомври 1930, 7.
[215] Исто.
[216] В. Ѓорѓиев, Слобода или Смрт..., 602.

На 22 август 1903 година, Реонската управа на ТМОРО испратила писмо до врховистот, полковник Анастас Јанков, кој навлегол во нејзината територија. Во писмото управата вели дека од пролетта 1903 година зела за задача да снабдува храна, но не успеала поради секојдневните афери. Постојаното минување на чети, бежанци и пренесувачи ја потрошиле складираната храна, додека движењето на аскерот попречил ново снабдување. Големата суша предизвикала водата да се намали, а тоа предизвикало успорување во приготвување на брашното, кое било првиот и најнеопходен дел при дигање на востание.[217]

Се апелирало Јанков да ја воочи положбата на реонот, потоа се вели: „*доста добро ја знаете важноста на востанието пред надворешниот свет, ако тоа се дигне од самото срце на Македонија, што е ѝ образложение зошто востанието треба да се дигне на тој начин*“.[218] Потоа на Јанков му се објаснува дека Серскиот револуционерен округ, во согласност со Централниот комитет на ТМОРО, одржувал Конгрес, на кој требало да биде конечно решен датумот на востанието за секој реон. Делегатите веќе биле 15 дена на Конгресот и се очекувале новостите. Потоа се додава: „*Иако вашиот план за доаѓањето не го знаеме, цврсто сме убедени дека вие не идете да ја уништите Внатрешната организација, туку идете да ја поддржите и истовремено ќе се водите по истите решенија кои ќе ни бидат заповедани на нас и по кои ќе се водиме*“. Од управата се решиле да искомуницираат со Јанков, за да ги дознаат неговите планови, како и да ги дадат потребните инструкции од Серскиот округ кон Јанков.[219]

Во писмото се вели дека најнапред ќе востане Демирхисарскиот реон, потоа другите реони. Целта била стратегиските реони да бидат задржани во текот на целата зима, тие да служат за прибежиште на бегалци и чети до доаѓањето на пролетта, за да се може и наредната година борбата да продолжи доколку е потребно. На тој начин би се докажало пред надворешниот свет дека робот бил решен или да ги добие своите правдини или да умре. Од управата велат дека со тоа

---

[217] Полковник Анастас Янков..., 184.
[218] Исто. / Доколку востанието не се кренело од срцето на Македонија, тоа немало да биде прифатено од Големите сили како македонско и автохтоно, туку би било сфатено како надворешна провокација од Бугарија.
[219] Исто.

го соопштиле нивниот план и во случај Јанков да дојде во Разлог за да крева востание, тој требало да се врати назад додека ТМОРО не се подготви. Доколку сакал понатаму да навлезе во Македонија, би му бил отворен канал. Демирхисарско и Серско имале голема потреба од чети, и Јанков е советуван да се упати натаму.[220]

Полковникот Јанков одговорил на писмото од ТМОРО, наредниот ден на 23 август 1903 година. Во одговорот вели дека минувањето на четите од Бугарија било во согласност со двата Комитета, истовремено со тоа се определил и датумот за востанието, *„за кое брзавме и тргнавме полуголи за да стигнеме на време“*. Но, датата се одлагала и немало однапред складирана храна. Јанков вели дека ќе се консултира со генералот Цончев и побарал средба со реонската управа на ТМОРО за да се обмисли *„позрело“* тоа прашање. Во врска со кревањето востание, според Јанков, тоа требало да се крене во сите реони истовремено, за да не бидат разбиени востаниците на делови. Тоа било општ принцип на военото искуство. Ништо немало да ја спречи Османлиската Империја по задушувањето на востанието во долните реони на Округот потоа со здружени сили да се нафрли кон Разлог и да го уништи. Сите планови би биле разговорани откако Јанков би остварил средба со Цончев, и барал од ТМОРО да побрзаат со собирање на храна, бидејќи позади нив доаѓале уште многу чети.[221]

Ова е една од ситуациите во која врховистите не сакале да се потчинат на ТМОРО. Во оваа ситуација, гласината што проструила во европскиот печат дека главните лица на врховистите – Стојан Михајловски, генерал Иван Цончев и полковник Анастас Јанков *„не дале согласност и од честољубие не посакале да се покорат во редовите на Внатрешната организација“*[222], се покажала дека е вистинита.

8. На 27 август 1903 година, повеќе врховистички одреди се наоѓале на Тодоровата пољана. Таа месност се наоѓа во срцето и центарот на Пирин. За местото врховистот Дончо Златков вели: *„Ете, сега сме во срцето, во центарот на Пирин. Тука, во тие места, келав Турчин и бабаитин кесеџија не смее да припари за*

[220] Исто.
[221] Исто, 185.
[222] в. Реформи, г5, бр36, 16.08.1903, 4.

*ништо на светот. Само јако вооружени турски потери и војска во голем број, се решаваат понекогаш да го газат и загадуваат тој кат на Македонија“.*[223] Вечерта врховистите тргнале за с. Пирин, од каде им било соопштено дека во близина бил штабот на Јане Сандански. Сандански дал заповед да не преноќуваат врховистите во селото, туку директно да се упатат кон него и останатите дејци од Серскиот округ на ТМОРО, кои се наоѓале во месноста Пиринска ливада.[224]

Врховистите наближиле до Пиринската ливада, каде биле комитите на ТМОРО. За таа средба Георги Белев вели: *„Јане Сандански, Димитар Стефанов и Александар Радославов... Заедно со околу 30 души четници, сите вооружени и прави, не чекаат. Наближивме до нив и запревме на 20-30 чекори од нив. Прв Јордан Стојанов излезе напред од нашата редица, се доближи до Сандански, му подаде рака и го поздрави. Веднаш двајцата довчерашни непријатели се прегрнаа и бакнаа. Нивниот пример го зедовме сите и викнавме гласно и радосно: Ура! Ура!. И ете тука, во срцето на Пирин, во таа ноќна доба, при такви чудни околности, пред важноста на очекуваните случувања, сите ние заборавивме на непријателствата и делбите, заборавивме на лутите расправии меѓу „врховистите“ и „внатрешните“ и го фрливме минатото на заборав“.*[225]

Од 27 август ноќта до 31 август, здружените чети на ТМОРО и врховистите се наоѓале во околината на Пиринската ливада, западно од с. Пирин. На 31 август, тие биле забележани од Турците, кои решиле да ги нападнат. Аскерот се спуштал од врвот на планината и сакал да ги опколи. Откако ја зазеле првата позиција, Турците почнале да ја напаѓаат целата линија, но, по долга борба тие биле одбиени.[226]

9. На 31 август 1903 година, одредот на генерал Иван Цончев и полковник Анастас Јанков заедно со уште 300 врховисти се стационирале во близина на с. Пирин. Во тој одред се наоѓале четите на Александар Манов, Серафим Парталев, Христо Танушев, Ѓорѓи Герџиковиќ, Никола Лефтеров и Иван Ботушанов. Тие се наоѓале на месноста Глава, која била над самото село, со поглед кон Неврокоп. На 1

---

[223] Георги Белевъ, Изъ живота на четитѣ въ недрата на Пиринъ планина, Ил. Илинденъ, г3, кн8 (28), октомври 1930, 7.
[224] Исто.
[225] Исто.
[226] Георги Белевъ, Бой около с. Пиринъ, Ил. Илинденъ, г2, кн3 (13), февруари 1929, 4.

септември од Мехомија пристигнал турски аскер и го нападнал с. Пирин. За помош на селаните била искомандувана четата на Серафим Парталев, под раководство на поручник Александар Манов. Четата тргнала да го одбрани селото и започнала борба која траела до стемнување. Како засилување пристигнал Димитар Жељазков со 10 души. Во тој момент, на левото крило, од Неврокоп се појавил нов аскер.[227]

Истовремено, четите предводени од Јане Сандански се наоѓале при месноста Белевските чукари, на 5-6 часа оддалеченост од с. Пирин. По пристигнатото писмо дека во с. Пирин се водела голема борба, одредот на Сандански кој броел околу 400 души се упатил кон местото на судирот. Јане Сандански со неговиот одред пристигнал во с. Пирин. Одредот го опколил аскерот од тил. Одредот на Сандански отворил оган во грбот на Турците и го пресекол кордонот на војската која започнала да отстапува по течението на реката Бистрица. Во меѓувреме, од с. Пирин, четите на Никола Лефтеров, Иван Ботушанов и Ѓорѓи Герџиковиќ отвориле оган кон Турците. Поради тоа што се нашле во вклештена позиција, Турците целосно се повлекле. По завршувањето на борбата Михаил Чаков од четата на Ј. Сандански изјавил: „*Вечерва сите четници на чело со Цончев и Јанков излегоа живи-здрави без да дадат никаква жртва. Откако се собравме со Цончев, последниот не можеше да најде погодни зборови за да ја искаже благодарноста од навремената помош и неговото спасување, за кое лично призна, дека сите би биле убиени ако не дошла нашата помош*“.[228] По заедничко решение, ноќта одредите отстапиле од местото на борбата.[229]

10. На 4 септември 1903 година, друга група врховисти предводена од Константин Настев и Спиро Костов се нашла на денување при месноста Куклите на Пирин. Четите биле со мисија да го најдат генерал Цончев и неговиот одред.[230] Откатко добиле сведоштва дека од с. Пирин надоаѓа аскер, тие решиле да постават заседа и да се борат со Турците. Четите биле на број 22 души. Тие се распоредиле во

---

[227] в. Реформи, г5, бр41, 20.09.1903, Отъ Пиринъ, 3.
[228] Михаилъ Чаковъ, Участието ми въ Илинденското възстание, Ил. Илинденъ, г10, кн8 (98), октомври 1938, 5.
[229] в. Реформи, г5, бр41, 20.09.1903, Отъ Пиринъ, 3.
[230] Георги Белевъ, Боятъ при „Куклитѣ” въ Пиринъ планина, Ил. Илинденъ, г5, кн4 (44), март 1933, 14.

три групи, предводени од К. Настев, Сп. Костов и Хр. Сираков. Се појавил аскерот и навлегол во заседата. Започнала борба која траела до настапувањето на ноќта. Од врховистите убиен бил Илија Стојанов од с. Мечкул; поручник К. Настев бил на 4 места лесно ранет; унтерофицер Антон Колев од с. Драгалевци бил тешко ранет во ногата; Георги Ангелов од с. Јарково бил тешко ранет во градите и раката; Неврокопчето бил ранет во градите. Изгубени, без да се знае каде се, биле: Сп. Костов, Карамочев од Силистра и Мавродиев.[231] По оваа борба во која имаат големи жртви, четите на Константин Настев и Спиро Костов се распаѓаат.[232]

11. Истиот ден, на 4 септември 1903 година, здружените одреди на ТМОРО и врховистите се наоѓале во близина на месноста Дебелиот рид, помеѓу Неврокоп и Кремен. Кога ги слушнале пушките, одредите мирно чекале и зазеле одбранбени позиции. Во текот на целиот ден додека траела борбата помеѓу четите на К. Настев и С. Костов, одредите од 600 души биле на своите позиции и не се решиле да нападнат, затоа што требало да се чека денот за востание. Попладнето група турски аскер се провлекла близу до позициите на одредите, меѓутоа без да ги забележат четите го продолжила патот.[233]

12. На 5 септември 1903 година, се случило најважното советување за кревање востание во Серскиот револуционерен округ. Попладнето, здружените сили на ТМОРО и врховистите се советувале за наредните дејствија при Брезнишкото езеро, далеку од очите на непријателот на височините на Пирин планина. На советувањата се донеле следните решенија: 1) Востанието во Серскиот револуционерен округ да биде објавено на 14 септември, Крстовден, и тоа да биде заедничко и повеместно; 2) Одредите на Јане Сандански, Јордан Стојанов, Петар Дарвингов, Дончо Златков, да дејствуваат во Мелничко; 3) Одредите на Димитар Атанасов, Михаил Чаков, Стојан Малачков, да дејствуваат во Неврокопско; 4) Одредите на Анастас Јанков, Христо Танушев, Димитар Зографов, Александар Манов, Владимир Каназирев, Никола Лефтеров, Серафим Парталев, Цветко Бизев,

---

[231] в. Реформи, г5, бр41, 20.09.1903, Отъ Пиринъ, 3.
[232] Документи за историята на революционнитѣ борби въ Македония..., Ил. Илинденъ, г5, кн5 (45), април 1933, 16.
[233] Георги Белевъ, Изъ споменитѣ ми презъ 1903 година, Ил. Илинденъ, г2, кн1 (11), септември 1928, 15.

Константин Молеров и други, да дејствуваат во Разлошко; 5) Главниот штаб на чело со Иван Цончев и Димитар Стефанов да биде на Бањската планина.[234]

13. На 9 септември 1903 годима, одредот на Љубомир Стоенчев - врховист и Илија Крчовалијата – ТМОРО, имал борба при Ливадица, Демирхисарско со Турците. Во близина на местото, турски батаљон поделен на два дела се движел кон с. Пирин. Одредот на врховистите и ТМОРО решил да им постави заседа. Во меѓувреме паднала густа магла. Во моментот кога навлегле Турците во заседата, маглата се дигнала и од двете страни на проодот загрмеле пушките на одредот. Голем број Турци биле убиени, другите се повлекле.[235]

На 12 септември, истиот одред на Љ. Стоенчев и И. Крчовалијата имал судир при с. Крчово. Голема турска војска марширала со задача да се одмазди за нанесениот пораз при Ливадица. Кога ги забележале Турците, четите брзо се распоределе. Тие брзо се искачиле за да го земат блискиот врв Али-ботуш, за да заземат добра стратегиска позиција. Започнала борба која долго траела. Турците не успеале да го пробијат одредот и се повлекле.[236]

---

[234] Георги Белевъ, Възстанието въ Серския Революционненъ Окрѫгъ презъ 903 год., Ил. Илинденъ, г2, кн10 (20), София, 1929, 4.
[235] в. Реформи, г5, бр43, 04.10.1903, Възстанието, 1.
[236] Исто.

## 13. Ставови на видните личности од врховистите и ТМОРО, пред да се објави востанието во Серскиот револуционерен округ, август-септември 1903 година

1. На 5 септември, во врховистичкиот орган в. „Реформи“ во статијата под наслов „Одзив“ се вели: *„никој не сакал да им помогне на Македонците“*. Потоа се додава: *„Секој си служи на стомакот, на своите животински страсти и не сака да помисли на саможртвата. И кој е луд да го расипува спокојството за некакви Македонци; шега ли е да оди да умира човек за нив! Толку митинзи се случија, а во главниот град од 80,000 население, едвај се јавија 3-4,000 души, ниту на еден не се пројавија воинствени манифестации, ниту една резолуција не ја покани владата да објави војна!“*.[237]

2. Здружежните одреди на врховистите и ТМОРО на 10 септември денувале при Арнаутскиот рид, крај Лилјановата река на Пирин планина. Во релативен пријателски дух, четниците од таборите на двете организации разговарале меѓу себе. Врховистот Јордан Стојанов раскажувал за неговите многубројни битки во Македонија дотогаш. Додека пак Јане Сандански раскажал за неговото пријателство со Дончо Златков, пред да биде формирана ТМОРО.[238] Дончо Златков и неговата врховистичка тајфа ќе бидат најголемите штетници по македонското револуционерно дело во годините 1901 и 1902, кога врховистите започнале да испраќаат чети во Македонија со тенденција да ги завладеат пограничните пунктови и реони на ТМОРО. Нивниот најголем противник во тој период е Јане Сандански. Во овој случај, смртните непријатели од 1901 и 1902 година, заеднички се подготвуваат за востанички акции во Македонија.

3. Генералот Иван Цончев, во втората недела на септември, додека е во таборот составен од врховистите и ТМОРО, во неформален разговор изјавил: *„И нашите бугарски управители сеуште се двоумат и се плашат да се вмешаат во*

---

[237] в. Реформи, г5, бр39, 05.09.1903, Изъ българския печатъ, 3. / Оваа информација доволно кажува колку Бугарите биле заинтересирани за Илинденското востание, воопшто за Македонија и Македонците.

[238] Георги Белевъ, Пиринската четничка, Ил. Илинденъ, г5, кн7-8 (47-48), юни-юли 1933, 30.

*борбата! Каков престап прават тие спрема Македонија! И каков голем грев ќе изврши Бугарија, ако и сега, при тие погодни моменти, не го исполни својот долг и не ја грабне заедно со нас слободата на Македонија*!“.[239]

На 9 септември 1903 година, во заедничкиот одред кој бил во близина на с. Банско, се наоѓал и рускиот кореспондент Петар Орловец. Тој направил интервју со генералот Цончев. Во него Цончев вели: *„Јас не разбирам зошто кнезот не се застапи зад нас? Сите велат дека Бугарија сака да ја присоедини Македонија и поради тоа, сите наши соседи гледаат како волци еден на друг. Никој не сака да разбере дека бугарскиот народ сака војна само по чувството на справедливост. Јас би сакал само едно: кнез Фердинанд да собере народ, да излезе и отворено да изјави дека нема никаква намера да ја присоедини Македонија кон Бугарија, и немајќи можност да ја задржи желбата на народот, да и објави војна на Турција со чисто ослободителна цел. Во тој случај, што би можеле да имаат против тоа Романија и Европа*?“.[240]Цончев продолжил со тоа дека долг на секој човек во Европа било да помогне за слободата на Македонија, за оние кои ги жртвувале своите животи и имоти и што мрзнеле по снегови и дождови.[241] Генералот Иван Цончев како царедворец совршено ги знаел интимните планови на кнезот Фердинанд кон Македонија, затоа искажаните ставови пред странскиот новинар не преставуваат ништо друго освен чиста демагогија.

Во разговорот помеѓу П. Орловец и И. Цончев се вклучил и друг врховист кој изјавил доколку Македонија била како Крит, оддамна би била слободна. Тој продолжил. *„Австрија сака излез на Егејско море, Италија сака да го има во рака Јадранското море и да ја заземе Албанија, заедно со неа и Битолскиот вилает. Солун претставува, сам по себе, доста убав стратешки пункт за Австрија. На Русија не треба да ѝ е особено пријатно тука господството на Австрија, особено додека Русија не ги завладее Дарданелите*“.[242] Врховистот додал дека Европа ќе спорела и разигрувала, додека народот ја леел својата крв. На крај завршил: *„Додека ние го трпевме ропството, никој не ни помагаше и никој не ги*

---

[239] Георги Белевъ, Изъ живота на четитѣ, Ил. Илинденъ, г5, кн1 (41), септември 1932, 10.
[240] в. Реформи, г5, бр44, 11.10.1903, Подлистникъ, Въ Македония, 2.
[241] Исто.
[242] Исто.

*пројавуваше своите заштитнички инстинкти за сметка на нашата земја, а кога ние востанавме, кога поставивме се на карта, Европа бара случај да не ни помогне, а да исползува од нашиот живот, да не разделат на делови. Тоа е политиката на новиот век*!".[243]

4. Разговорите помеѓу Јане Сандански и врховистите кои се во рамките на неговиот одред, даваат вистинска светлина за разликите помеѓу идеологиите на ТМОРО и врховистите.

Додека логорот на заедничките одреди се наоѓал во близина на Лилјановата река кај Арнаутскиот рид на Пирин планина, вечерта при огнот во разговор со врховистите Петар Дарвингов и Георги Белев, Сандански изјавил дека вмешувањето на врховистите во Македонија било пакосно за ослободителното дело поради две причини. Првата причина била дека тоа вмешување давало повод и основано сомнение да се мисли дека револуционерното дело во Македонија е вештачко, дека тоа се распалува и се раководи од надвор – од бугарските управители. Втората причина била дека кнезот Фердинанд и бугарската влада, преку врховистите сакале да ја завладеат ТМОРО и да ја искористат за свои цели. Сандански продолжил дека: походот на полковник Јанков во Македонија; Горноџумајската провокација од 1902 година; објавувањето на Илинденското востание од ТМОРО, биле многу прибрзани и ненавремени активности, штетни за делото. Тој завршил со тоа дека, револуцијата требало да се објави тогаш кога работните народни маси: Бугари, Турци, Албанци, Власи, Грци, Евреи ќе се освестеле и революционеризирале, кога тие ќе ја гледале и ќе се ужаснеле од социјалната неправда, од тиранијата, од погазеното свое право, од господството на капиталот над трудот. На крај Сандански додал дека моменталното востание му било наложено и покрај неговите ставови и волја: „*но еднаш фатени за орото, треба да се игра*".[244]

На кажаното од Сандански, реплицирале врховистите велејќи дека масовната револуција на работното население во Македонија, биле само мечти

[243] Исто.
[244] Георги Белевъ, Изъ живота на четитѣ, Ил. Илинденъ, г5, кн6 (46), май 1933, 4.

примамливи за млад мечтател-идеалист, но не и за еден револуционер реалист. Тие прашуваат, која била таа сила која ќе може да ги впрегне во револуционерната кочија: Бугари, Турци, Албанци, Грци, Евреи и други, кога сите тие, со исклучок на Бугарите, биле слободни и ниту најмалку не чувствувале некаков гнет на тиранијата. Тие продолжуваат дека во Османлиската Империја: „*Во минатото и сега, само Бугаринот е угнетениот, обесправениот, само тој е ограбен, исмеван, измачуван и за тоа само тој – Бугаринот, жедно ја восприма револуционерната идеја, само тој смело, решително и масовно се строи под револуционерното македонско знаме*“.[245] Според нив, масовната револуција во Македонија за која мечтаел Сандански била невозможна. Сето тоа што ТМОРО го градела со толкав труд, Турците, Албанците, Грците и Србите, здружени заедно, би го срушиле и уништиле сиот тој труд. Потоа продолжуваат дека левичарите во македонското револуционерно движење требало да се водат од реалноста, а не од однапред научени формули за широки револуции. Ситуацијата во Македонија барала: брза засилена, планска работа; брза, смела револуционерна подготовка и тоа на најпогодниот таков елемент – каков што бил „*нашиот Бугарскиот*“ и дека тоа било возможно во погодниот момент, за да се објавела револуцијата, да се вмешале Големите сили и да се ставело крај на ропството. Врховистите се фалат дека по походот на полковник Анастас Јанков во Македонија и Цумајското „*ситно*“ востание од 1902 година, положбата на Македонија станала неодржлива и затоа Големите сили се вмешале и ги наложиле „Падарските реформи“. Тоа покажало дека Големите сили добро ги знаеле причините за немирите и востанијата во Македонија и не ги барале надвор од неа и дека при едно повсеместно востание, какво што било Илинденското, со сигурност Големите сили би се вмешале во управувањето на Македонија. Врховистите завршуваат: „*Ако Вие допуштевте офицери, воени лица, кои ќе го подготвеа населението за вешти и смели активни дејствија, бес сомнеж, под началството на тие опитни воени инструктори, револуцијата ќе беше поподготвена, повеличествена, пострашна за*

[245] Исто.

*непријателот и порезултантна. Тоа Вие, левичарите-серчани не го допуштивте и таму е Вашата грешка*“.[246]

Додека Серскиот округ на ТМОРО се спремал за една револуција, која немало да биде избрзана, која би била темелна и масовна, врховистите пак, како што е карактеристично за нив, македонското движење го гледаат на сосема друг начин. Тие се стремеле за смутови и „*ситни*“ востанија во Македонија, како што впрочем прават во 1895 година и во 1902 година. Го запустуваат и жртвуваат македонското население со нивните постапки, додека бенефит од сите нивни активности имаат кнезот Фердинанд и бугарската држава.

Јане Сандански нервозно им одговорил на врховистите: „*Да, да, ние решително се противевме на Вашите другари-офицери, затоа што го знаеме нивното воспитание, нивните интимни замисли. Тие се луѓе, кои дале клетва за верност на бугарскиот Кнез и на бугарската држава. Тие не можат да бидат ништо друго, освен слепи и послушни орудија. А пак, ние не сакаме да ја замениме турската тирјанија, турските султани со други такви, дури ниту со бугарската тиранија и бугарскиот кнез. Ние сакаме Македонија да биде автономна, независна, слободна; Македонија На Македонците!*“.[247]

После овој изблик на Сандански, разговорот продолжил при што врховистите ги дале своите аргументи за нивната борба во Македонија. Според нив, и тие биле чеда на Македонија. И тие ја сакале нејзината слобода, автономија, независност и во името на таа идеја биле заедно со ТМОРО во тој момент. Потоа набројуваат дека, врховистите – офицери: Тома Давидов, Тодор Саев, Софрониј Стојанов, Борис Сугарев, Димитар Милев и други, дека тие паднале жртви за таа идеја. Тие велат дека неосновано било изедначувањето на бугарскиот кнез и Бугарија со турските султани и Османлиската Империја: „*Додека турскиот султан издига бесилки насекаде и полни затвори со невини луѓе, додека тој ја облива Македонија со нашите солзи и крв, додека тој сее ветришта за да почнат бури – бугарскиот кнез гради железници, пристаништа, патишта, болници,*

[246] Исто.
[247] Исто.

*училишта, цркви и сее хуманизам, правда, просвета, култура, прогрес, за да пожнее благодетство, задоволство, среќа и величие на својот народ, на својата држава. Поради тоа, Турција врви назад, поназад и е кон крајот на пропаста, а Бугарија чекори гигантски напред, таа зајакнува и се развива и таа е важен фактор на Балканот*".[248] Овие комплименти од врховистите кон кнезот и Бугарија, доволно кажуваат каде припаѓаат идеолошки и всушност кому му служат.

Врховистите продолжуваат: „*Воените бугарски офицери и тие се чеда на мајка Бугарија, и тие се врели носители и крепители на народните идеали. И кога тие високо изјавуваат дека ќе војуваат за својата слобода, за автономијата на Македонија и се подчинуваат на наредбите и заповедите на В.М.Р.О., тогаш нема зошто да ги одбивате при познатата неопходност од нив. Нашата желба, драги, била и е: сите македоно-одрински дејци, без исклучок, да си поддадеме искрено братска рака и заеднички, при координирана дејност одвнатре и однадвор, да работиме заеднички за слободата на Македонија и Одринско и кога ќе ја извојуваме таа слобода, тогаш да оставиме населението само да се управува, така како што тоа сака, како што диктираат неговите витални интереси*". Врховистите завршуваат со тоа дека било неразумно и престапно да му се наметнуваат на населението идеите и погледите на двете организации, да се воделе жестоки крвави спорови и борби помеѓу организациите, од кои имале корист само непријателите на „*нашето*" ослободително дело.[249]

Сандански го завршува разговорот со следната поента: „*Гледате ли сега? вие ја сакате слободата на Македонија и Одринско како средство, како етапа за идни завојувања и соединувања, кога кај нас слободата, автономијата на македонија е легална во основата, како цел. Ете каде е големата разлика меѓу нас – внатрешните и вас – врховистите. Ако ги допуштевме вашите другари – офицери, тие ќе водеа вооружена борба, тие ќе сакаа да ги имаат во свои раце четите, борбените јадра и организацијата. Преку тоа, при слободна Македонија, тие ќе сакаа да му наложат на македонското население, тие ќе*

[248] Исто.
[249] Исто. / Кога воените офицери се чеда на „*мајка Бугарија*", тогаш која е причината што тие сакаат да војуваат во Македонија?!

*сакаа да му диктираат да го сака присоединувањето на Македонија и Одринско кон Бугарија, како што се случи во источна румелија во 1885 година. Ние ја месиме питата, вие сакате да ја јадете. Ете што не плашеше, ете зошто се спротивставувавме ние левичарите против офицерите – националисти*".[250]

Оваа изјава на Јане Сандански директно ја опишува целата врховистичка идеологија и целата врховистичка политика кон Македонија. Фактот што, двете организации кои се водат од сосема различни идеологии и идеали, една спрема друга се контрадикторни и крајно непријателски, дека тие заедно се подготвуваат да кренат востание во Серскиот округ, покажува дека политиката и историјата знае понекогаш да биде многу чудна. ТМОРО има потреба од колку што е можно повеќе борци и оружје да влезат во нејзините редови и врховистите го користат моментот. Бидејќи ТМОРО во моментот има поголем непријател, а тоа е главниот непријател, Османлиската Империја, дозволува врховистите да војуваат страна до страна со нив.

5. На 13 септември 1903 година, ден пред објавувањето на востанието во Серскиот револуционерен округ, е објавено интервју со поранешниот претседател на ВМОК, Стојан Михајловски. Во него тој изјавува: „*Раководните класи во Цариград веруваат, или се преправаат дека веруваат, дека барањата на Македонците го загрозуваат господаречкото племе т.е. Исламот*".[251] Тој продолжува, македонските востаници војувале против еден политички систем кој им ја правел државата неподнослива за живот. Нивните барања се темелеле на меѓународни договори. Според член 23 на Берлинскиот договор, Македонија требала да биде надарена со институции слични на воведените на островот Крит. Ст. Михајловски вели: „*Сето тоа, кое им се подарило на Берлинскиот ареопаг, за Македонците е придобиено право. Во суштина, тие треба да бидат слободни. Тие сакаат да бидат слободни и de facto и за да бидат слободни се борат со оружје во рака*". Македонците сакале христијанин за главен управител и чиновниците и жандармеријата да биле избрани од средината на населението. Исто така, сакале назначување на една европска контролна комисија со седиште во

[250] Исто.
[251] в. Реформи, г5, бр40, 13.09.1903, Декларация, 1.

Солун. Само таа комисија би можела да ги гарантира потенцијалните реформи: *„Зошто само измама и злонамерност може да се очекува од Турците – тие испечени мајстори во искуството на одлагање и фрлање прав во очите на Европејците*“.[252] Јавно прокламираните барања на Ст. Михајловски овој пат биле во склад со основните барања на ТМОРО. Очигледно, Михајловски барем за момент, јавно морал да се приклони кон принципите на Внатрешната организација.

[252] Исто.

## 14. Востанието во Серскиот револуционерен округ

1.1. Касиерот на ВМОК, Георги Белев има напишано опис за Серскиот револуционерен округ во неговите спомени. Тој ја опишува географијата на просторот што требало да востане, етнографските елементи и историјата, величенственоста на Пирин планина, како и атмосферата во здружените одреди на ТМОРО и врховистите пред започнувањето на востанието. Г. Белев вели: *„Од ослободувањето на Бугарија, Пиринската област станала главно свртолиште на сите бујни карактери, кои копнееле за слобода и убав живот. Кога Берлинскиот ареопаг реши да ја остави Македонија под турска власт, Македонците направија еден вооружен протест тука – во Кресненските клисури. Тоа беше Кресенското востание во 1878 година*“.[253]

1.2. Кореспондент на англискиот весник „Daily News“, Мекдоналд, направил одлична компарација за условите на војување во Битолскиот револуционерен округ и Серскиот револуционерен округ. Тој објавил дека во неколку борби на почетокот на септември близу до Пирин, Турците биле победени, но дека востанието сеуште не било започнато. Северниот дел на Пиринската верига и Разлошката каза, како и нивната блискост до бугарската граница биле предност за четите. Мекдоналд се надевал дека востаниците од североисточна Македонија, немало да ја направат истата грешка која што се случила во Битолскиот вилает. Во Битолско, тоа што се напаѓале и окупирале градовите било грешка, затоа што се навлекувала врз незаштитеното население одмаздата на султанските башибозуци. Според Мекдоналд, окупирањето на градови и села било отклонување од планот за партизанско војување, кој бил добро смислен од востаничките водачи многу месеци претходно. Тој додава: *„Јасно беше, дека додека Македонците се биеја само со сопствени сили, нивниот најдобар план би бил да ги поделат силите на мали чети и да ги тераат Турците постојано да клинкаат*“.[254]

---

[253] Исто.
[254] в. Реформи, г5, бр40, 13.09.1903, Промѣна на тактика, 3.

Мекдоналд додал дека за планинска партизанска борба, источна и североисточна Македонија биле особено пригодни. Тој пердвидува дека, кога ќе се дал знак за општо востание, востаниците би нападнеле одредени села во кои имало турски одреди и воени складови, но тие немало да бидат окупирани. Според него, во северна и североисточна Македонија имало околу 2000-3500 души спремни да востанат. Додека Турците требало да имаат околу 17000 души за да можеле да задушат едно востание во тие предели.[255]

1.3. На 13 септември 1903 година, четите на врховистите и на ТМОРО, ги прават последните подготовки и испраќаат заедничка прокламација. Во прокламацијата се вели: „*Браќа Македонци и Одринци! Во долгата борба за слободата се боревме како херои. Под развеаното знаме на светата револуција војувавме постојано и со упорност. Прекрасна беше Вашата смелост! Вие не се поколебавте да настапите против грозната тиранија и да застанете само со сопствените свои сили против една моќна империја, поткрепена од безброј Ваши безмилосни жртви. Со силата на Вашата десница и со моќта на вашиот дух, Вие го затресовте омразеното османлиско владетелство; 100,000 султанови војници и безброј агарски банди не го уништија Вашиот полет. Вашата саможртва немаше граница: се одрековте од сè и принесовте сè пред олтарот на слободата. Селата Ви беа опожарувани, домовите разрушувани и разграбени; децата исклани; Вашите сестри, мајки, жени обесчестени; редица, доблесни борци, гинеа во борбата и ги оросуваа татковинските планини со својата скапа крв. Колку поскапи беа жртвите и загубите, уште пожестоко ја прегрнувавте борбата. Димот од експлозиите ја крепеше Вашата машкост, пискотот на децата и плачот на жените ја уништуваа Вашата душа; од утробата на татковинската земја полетаа нови борци и ги зедоа местата на загинатите. И светото знаме на слободата уште погордо се развиваше по врвовите на милата родина*“.[256]

[255] Исто.
[256] Ванчо Ѓорѓиев, ВМРО 1893-1903. Поглед низ документи, 464. / Георги Белевъ, Изъ живота на четитѣ, Ил. Илинденъ, г6, кн3 (53), януари 1934, 10.

Со оваа прокламација, преку курири ТМОРО и врховистите го канеле населението да востане. Официјалниот датум за отпочнување на востанието во Серскиот округ бил 14 септември 1903 година. Но, и покрај оваа прокламација, Јане Сандански, лидерот на Серскиот револуционерен округ на ТМОРО, имал свои сомнежи и недоумици. Според него, населението многу слабо било вооружено и не било подготвено за една активна револуционерна дејност. При таква положба, населението немало да ризикува со голи раце да се изложи на пропаст, тоа нема да востане и немало да ги заследи четите. Јане завршил со: *„Но, ждрепката е фрлена. Враќање нема*“.

2. На 14 септември 1903 година (стар стил) започнало востанието во Серскиот револуционерен округ, на празникот „Крстовден“. Четите на ТМОРО и врховистите се распоредиле во рамките на целиот округ. Нивната позиција не била завидна поради големата концентрација на турската војска на турско-бугарската граница поради востаничките активности во Битолскиот револуционерен округ, како и претходните мерки што ги презела Османлиската Империја за да може да задуши било какви немири и востанија во Македонија.

На денот на почетокот на востанието во Серскиот револуционерен округ на Крстовден, во Софија над македонските домови и дуќани надвиснале траурни знамиња. Македонската емиграција групирана под траурните знамиња на братствата, се упатила кон црквата „Св. Крал“ да се помоли за паднатите борци и за оние кои активно се бореле. Плоштадот пред црквата се преполнил со народ кој носел портрети од паднатите борци, траурни знамиња и плакати, како и уметнички сцени кои го демонстрирале турскиот терор и крвожедност. Во црквата е отслужена панихида за паднатите борци и молебен за оние што се бореле. Потоа, поранешниот претседател на ВМОК, Стојан Михајловски, одржал краток говор во кој истакнал дека *„престапно е да мирува и мудрува Бугарија, кога нејзината половина гине*“. Тој исто така, истакнал дека на бугарскиот народ одамна му била објавена војна и дека тој требало да се заштити.[257]

[257] в. Реформи, г5, бр41, 20.09.1903, Траурно ществие, 4.

После поворката, повеќе од 20,000 души тргнале по булеварот „Дондуков". На почетокот врвел оркестар кој свирел траурен марш, по нив се носеле портретите на загинатите борци: Тодор Саев (ВМОК), Гоце Делчев (ТМОРО), Софронија Стојанов (ВМОК), Борис Сугарев (ВМОК), Димитар Милев (ВМОК), Крсто Асенов (ТМОРО), Мирче Ацев (ТМОРО), Христо Чемков (ТМОРО), Јордан Гавазов (ТМОРО) и други. Поворката поминала покрај дворецот на кнезот Фердинанд, потоа запрела на кратко кај англиското конзулство, *„за да оддаде почит и уважување кон благородниот и високохуман англиски народ, кој дури од Атлантикот воздивнувал за тешката судбина на Македонецот"*.[258] Според Ефтим Спространов, запирањето пред англиското конзулство било сосема случајно и било преувеличено во бугарскиот печат.[259]

Поворката минала и покрај куќата на премиерот Рачо Петров и запрела пред споменикот на Васил Левски. Таму, врховистот Александар Протогеров оддржал краток говор. Тој истакнал дека ужасите кои се развивале во Македонија, не можеле да не допрат до Македонците кои биле жители на слободна Бугарија. Тие како граѓани на слободна Бугарија требало да и ги кажат своите барања на својата влада. Македонците апелирале кон целиот свет, кон славјанството, но никој не сакал да ги чуе. Потоа Протогеров додал: *„Ако и Бугарија не ги чуе, ако сака да ги пресече своите крвни врски со нив, нив не им останува ништо друго, освен да отидат да умрат"*. По говорот, се избрала трочлена комисија составена од: Александар Протогеров, д-р Димитар Владов и Тома Карајовов. Комисијата требала да се претстави пред премиерот Рачо Петров за да испита што ќе преземе Бугарија во врска со Востанието.[260]

2.1.1. Првата востаничка група, предводена од врховистите: потпоручник Димитар Зографов и потпоручник Владимир Канзирев, била определена да дејствува внатре во градот Мехомија. В. Каназирев со својата чета се сместил во градот, додека Д. Зографов бил на определен пункт од каде требало да организира пренос на експлозиви во самиот град Мехомија. На 14 септември 1903 година, вечерта,

[258] Исто.
[259] Е. Спространов, Дневник..., 311.
[260] в. Реформи, г5, бр41, 20.09.1903, Траурно шествие, 4.

врховистичкиот одред на генералот Иван Цончев, во кој влегувале четите на врховистите: Анастас Јанков, Александар Манов, Константин Настев, Ѓорѓи Герџиковиќ, Серафим Парталев, Михаил Лазаров, Христо Ботушанов; заедно со четите на Димитар Стефанов од ТМОРО, се распределиле во близина на градот Мехомија. Тие биле со задача кога нападот во градот Мехомија ќе се разгори, да започнат да делуваат.[261]

Планот за нападот бил следен: 1) Владимир Канзирев, Владислав Канзирев, Петар Личинов, Иван Јуруков, Ѓорги Кондев и други одбрани четници, да дејствуваат во градот при даден сигнал; 2) Коста Атанасов со група четници заминал за с. Бачево за да ја минира џамијата; 3) Сигналот за дејствија требало да се даде со динамитен атентат од група четници под началство на Димитар Зографов и Димитар Ботков; 4) Лазар Томов и Симеон Костадинов со група четници требало да го саботираат телеграфот помеѓу Бања и Разлог.[262]

Меѓутоа, на 14 септември, Д. Зографов (ВМОК) и Д. Ботков (ТМОРО) не успеале да влезат внатре во центарот на градот Мехомија. Затоа, тие решаваат да нападнат со бомби на периферијата на градот. По одекнувањето на бомбите, се дигнала силна узбуна и започнала жестока борба. Четите на врховистите и ТМОРО, кои веќе биле стационирани внатре во градот воделе битки од маалата: Карпата и Долгото маало.[263]

Кога Д. Зографов му соопштил на генералот Цончев, кој заедно со останатите востаници биле во околината на Мехомија, дека не успеал во својата мисија да ги внесе експлозивите во центарот на градот, Цончев снабдил 10 нови четници со експлозиви и заедно со Зографов ги упатил повторно назад. После 3 часа се слушнал неверојатен тресок и експлозија од Мехомија. Ноќта била осветлена од пламенот што настанал, а востаниците „*како демони*“ ползеле по улиците и се бореле против турската војска стационирана во градот. Во тој момент, турската војска го напуштила градот и се повлекла за да се утврди околу него. Аскерот броел

[261] в. Реформи, г5, бр41, 20.09.1903, Притурка, Първитѣ, дни на възстанието, 1.
[262] Лазаръ Томовъ, Революционнитѣ действия въ Разложко презъ 1903 год., Ил. Илинденъ, г5, кн7-8 (47-48), юни-юли 1933, 27.
[263] Исто.

5 батаљона. Откако се прегрупирале, Турците гневно навлегле во Мехомија и започнала крвава сеча.“[264]

Борбата не престанала ноќта, 14 спрема 15 септември, таа продолжила и наредниот ден. Утрото, турската војска започнала да стрела и да ги потпалува македонските маала. Градот пламнал. Населението избезумено бегало на сите страни и налетувало на куршумите и ножевите на турскиот аскер. Се случил прав масакр. Убиени, исечени и изгорени човечки тела лежеле по улиците. Востаниците биле опколени во маалата и систематски се елиминирани од војската. Вечерта, на 15 септември, целиот град Мехомија бил пеплосан. Во борбата за Мехомија, Турците претрпеле значителни загуби. Востаниците немале големи жртви, но од цивилното население настрадале повеќе од 1000 души. *„После повлекувањето на борците, војската и башибозукот се предале на познатата скотштина: старци, жени и деца безмилосно биле кастрени. Сите полични моми се запленети во харемите и во лагерот на аскерот*“.[265]

2.1.2. Истиот ден кога се води борбата во градот Мехомија, како што е претходно договорено според планот за делување, друга група востаници составена од врховистите и ТМОРО, предводена од Коста Атанасов (ТМОРО), ноќта на 15 септември се упатила кон с. Бачево во кое живееле Помаци. Првата чета била насетена пред да стигне во селото и селаните брзо се мобилизирале за да ги заштитат своите куќи. Во селото исто така бил стациониран и турски гарнизон. Востаниците се приближиле до селото и потпалиле неколку турски плевни. Поради тоа, Турците и Помаците можеле да ја видат поставеноста на нападот на востаниците и ноќниот напад бил осуетен. Турците започнале со стрелба со која ги одбиле востаниците.[266]

Наредното утро, на 16 септември в зори, се покажало: *„каков јуначен елемент се Македонците*“.[267] Востаниците го започнале нападот и покрај тоа што местоположбата не била во нивна полза. Со јуриш, фрлени бомби, стрелба и борба

---

[264] в. Реформи, г5, бр41, 20.09.1903, Притурка, Първитѣ, дни на възстанието, 1.
[265] Исто. / Освещаване на паметника на падналитѣ разложки граждани на 15 септемврий 1903 - Илинденското възстание, Ил. Илинденъ, г8, кн9 (79), ноември 1936, 9.
[266] в. Реформи, г5, бр41, 20.09.1903, Траурно шествие, 4.
[267] Исто.

лице в лице, тие се пробиле во селото. Војската и вооружените Помаци се повлекле во турските маала. Борбата за селото траела 8 часа. Востаниците се приближиле до турските маала и им фрлале *„македонски црни јаболки“* т.е. бомби. Позицијата на Турците била критична, но поради пристигањето на засилување цел табор аскер од Мехомија, востаниците биле принудени да се повлечат.[268]

2.1.3. По доаѓањето турското засилување во с. Бачево, ноќта на 16 септември, оние Турци што се спасиле заедно со војската тргнале и се нафрлиле врз македонските села во околината. Палеле и ограбувале се пред нив. Македонското население кое успеало да се спаси избегало во горага.[269]

На 17 септември, како одговор на турските ѕверства, заедничките востанички одреди решиле да го нападнат аскерот во с. Белица и да го заземат селото.[270] Наредниот ден, на 18 септември, соединетите месни чети на ТМОРО и четите на полковникот Анастас Јанков тргнале кон с. Белица. Како членови на овие чети биле и руските коресподенти: Петар Орловец од в. „С.П. Ведомности“ и Р. Прживалски од в. „Славјански југ“. Четите по патот се насетени од турска војска и борбата започнала при воените постови околу селото. Востаниците биле успешни, ги пробиле Турците и вечерта го нападнале самото село. Тие навлегле во селото, го запалиле турското маало и ја презеле селската кула. Во меѓувреме пристигнала нова турска војска која исто така навлегла во селото. Аскерот го опожарил егзархиското маало, црквата и училиштето. Во с. Белица биле убиени неколку четници. Турците исто така имале големи жртви, додека сите селани избегале кон Бугарија. Борбата завршила кога востаниците успеале да се повлечат, а населението кое останало во селото: старците, болните, сакатите и други - сите биле убиени и исклани од турската војска и башибозукот.[271]

По судирот во с. Белица, востаниците се повлекуваат заедно со сите селани бегалци, поради што ќе бидат лесен плен за турската војска. На 18 и 19 септември, здружените чети воделе нови битки со Турците при Семково.[272] Утрината на 18

[268] Исто.
[269] Лазаръ Томовъ, Революционнитѣ действия..., Ил. Илинденъ, г5, кн7-8 (47-48), юни-юли 1933, 27.
[270] в. Реформи, г5, бр41, 20.09.1903, Притурка, Първитѣ дни на възстанието, 1.
[271] Лазаръ Томовъ, Революционнитѣ действия..., Ил. Илинденъ, г5, кн7-8 (47-48), юни-юли 1933, 27.
[272] Исто.

септември, аскерот наближил и започнал стрелба. Страшната атмосфера била исполнета со пукање, викотници на жените, пискотници на децата и ревови на добитокот. Дел од востаниците започнале да ги евакуираат бегалците, додека дел се распоредиле на позиции за борба. Во судирот Турците биле одбиени, а до затишје дошло кога се стемнило. Тогаш, полковник Јанков дал наредба да се запалат 50 огнови. Пламнало целото место, додека Турците систематски освојувале позиција по позиција, оган по оган. Во истовреме, Јанков заедно со 30 души,ползејќи им се доближиле на Турците од зад грб и започнале да стрелаат. При светлината на огновите Турците биле лесна мета. По тој маневар, Турците се распрснале и се повлекле. Од востаниците немало ниту еден убиен. Убиено било само едно бебе и ранети биле 7 бегалци, од кои 4 жени. Пробиен бил патот и бегалците можеле да тргнат кон Бугарија.[273]

2.2. Вторите одреди составени од чети на ТМОРО и врховисти, на 15 септември, имале судир при месноста Предел, на истиот ден кога се воделе битките во градот Мехомија и с. Бачево. Месноста Предел е проод кој ги спојува Разлог со Џумајско и на тоа место Турците изградиле кули и поставиле неколку воени поста. Четите на Христо Танушев (ВМОК) и Никола Лефтеров (ВМОК) имале задача да ги саботираат телеграфските жици помеѓу Горна Џумаја и Разлог, потоа да ги нападнат Турците при Предел. Откако ги искинале телеграфските жици, тие се упатиле кон Предел. Започнала борба. Турците и покрај тоа што биле добро укрепени, по кратко време ги напуштиле позициите и се повлекле кон Мехомија. Веста за судирот стигнала до турскиот гарнизон во Горна Џумаја, кој испратил 2 табора пешадија, 1 горска батерија и коњаница за повторно да го заземе Предел. Поради надоаѓањето на големата турска сила, востаниците решиле да се повлечат за да не ги изгубат бесполезно своите сили.[274]

2.3. Третата група востаници, околу 200 души предводени од Димитар Атанасов Думбалаков (ВМОК), Петар Ангелов (ТМОРО) и Иван Даскалот (ТМОРО), имала задача да ги нападне турските гарнизони во с. Обидим и с. Кремен. Во темни зори, на 15 септември, востаничкиот одред ги нападнал Турците во с. Обидим, кои броеле

---

[273] в. Реформи, г5, бр42, 27.09.1903, Възстанието, 2.
[274] в. Реформи, г5, бр41, 20.09.1903, Траурно ществие, 4.

120 души од две страни. Еден дел од одредот се провлекол внатре во селото и започнал борба, другиот дел нападнал на периферијата на селото. Борбата траела неколку часови, додека поголемиот дел од аскерот не бил совладан. Само 30 души Турци успеале да се спасат и тие се загнездиле во гарнизонската кула. Востаниците ги оставиле, ја прекинале борбата, затоа што требало да се упатат кон с. Кремен и да го нападнат и тамошниот гарнизон. Овој напад имал за цел да се прекратат соопштенијата и да се одземе можноста Турците од Неврокоп да испратат засилувања кон Разлог.[275]

Истиот ден одредите на Димитар Атанасов, Петар Ангелов и Иван Даскалот пристигаат во с. Кремен. По поразот на Турците утрото во с. Обидим, во текот на пладнето востаниците добиле информација дека голема турска војска и коњаница се упатила да ги преследува. Информацијата се покажала дека е лажна, но одредите сепак решиле да се повлечат и да се стационираат на месноста Харами бунар. Одредите поставиле стража на сите четири страни: Кон Неврокоп под команда на четникот „Владика“; западно од Харами бунар под команда на Добриништенчето; источно на највисокиот рид под команда на кременчанецот Ризов; еден караул на пољаната при Харами бунар, под команда на четникот „Европата“; и една стража во тилот на одредот, при мостот на реката Ретиж, под команда на Никола Кременецот. Вечерта, околу 19 часот, на позицијата нападнал турски аскер кој надошол од Неврокоп. Поради доброто позиционирање на востаниците, борбата траела кратко во која Турците биле одбиени. Наредниот ден, на 16 септември, одредите повторно имаат судир со Турците на истото место. Во оваа борба Турците повторно биле поразени и се повлекле.[276]

2.4. Четвртата група востаници, предводена од Јане Сандански (ТМОРО), Јордан Стојанов (ВМОК), Петар Дарвингов (ВМОК) и Дончо Златков (ВМОК), на 15 септември се наоѓала високо на Пирин, на арнаутските ридови близу Лилјановата река. Додека траело советувањето на овој одред Јане Сандански изјавил: „*Турците ги знаеле сите наши замисли и презеле мерки за да го попречат населението да*

[275] в. Реформи, г5, бр42, 27.09.1903, Възстанието, 2.
[276] Исто.

*востанува. Што можеме да направиме сега ние, шепа борци, против многуилјадната турска армија?*".[277]

Наредниот ден, на 16 септември 1903 година, одредот се спуштил во месноста Пиљафот. Тој ден по добиената информација дека наближувала турска војска, одредот се преместил отспротива, во Комитските чукари. По некое време пристигнала турската војска. Таа тактички се обидела да ги опколи востаниците, но по иницијатива на врховистот Дончо Златков, вечерта, востаниците наоѓаат начин како да отстапат без да дадат жртва. Во апсолутна тишина целиот одред, човек по човек се повлекувал. Патот по кој оделе водел кон бездна, која востаниците на храбар начин „*како кози*" успеале да ја преминат. Кога се пододалечиле, тие од далеку ги гледале стратешките позиции на Турците кои целосно ги опколиле Комитските чукари. Доколку останале четниците на тоа место, тие би биле потполно уништени. Утрото на 17 септември, одредот пристигнал под Сивиот врв над Сиканица.[278] Додека вечерта одредот запрел да преноќи во нивите на месноста Самовилица.[279]

На 18 септември, одредот се наоѓал високо над с. Влахи на Пирин планина. Востаниците забележуваат дека им се приближила голема турска војска и тие брзопотезно се распределуваат. Турците биле во голем број и наближиле на 800 чекори до одредот. Востаниците притаени во нивните позиции, залегнати чекале да почне борбата. Меѓутоа, турската војска минала покрај одредот без да го забележи. Четите од одредот уморни од долгиот поход се решиле и тие да не отворат оган. Така била избегната борбата.[280]

На 28 септември четите на Јордан Стојанов и Петар Дарвингов, по долг поход проследен со поројни дождови помешани со снег и град, се нашле над с. Годлево. Тие биле на 3 километри одалеченост од турската гранична војска и решиле да ја нападнат. Авангарда составена од 15 души предводена од Ј. Стојанов тргнала кон Турците. Главните сили предводени од П. Дарвингов, Б. Стрезов и А. Партениев

---

[277] Георги Белевъ, Спомените отъ революционнитѣ борби презъ 1903, Ил. Илинденъ, г2, кн7 (17), юни 1929, 7.
[278] Исто.
[279] Георги Белевъ, Изъ живота на четитѣ, Ил. Илинденъ, г6, кн7 (57), май 1934, 12.
[280] Георги Белевъ, Изъ живота на четитѣ, Ил. Илинденъ, г8, кн8 (78), октомври 1936, 12.

тргнале по нив. Турците ја забележале авангардата и ја нападнале, без притоа да ги забележат главните сили. Во меѓувреме авангардата навлекувајќи ги Турците создала поволен тактички маневар за главните сили да атакуваат странично во турското крило. Турците биле изненадени и вклештени, тие претрпеле огромни загуби и се повлекле. По борбата, востаниците го зазеле воениот пост Ај-Гидик на турско-бугарската граница.[281]

2.5. Петтата група на востаници, предводена од Радон Тодев (ТМОРО) и Владимир Канзирев (ВМОК), на 22 септември 1903 година имала судир на месноста Св. Богородица на Годлевската планина. Четата е насетена од турска војска и е нападната од сите страни.[282] Аскерот надоаѓал од с. Годлево и с. Бачево. Востаниците биле 120 души. Турците настапувале, но неколку пати биле одбиени од востаниците. Во меѓувреме, турско засилување ги напаѓа востаниците од зад тил. Во тој момент Турците имаат голема предност и неколку востаници паѓаат убиени. Но, една востаничка чета, тајно зазела позиција позади новата надојдена војска и отворила оган. Во тој момент Турците ги опфатил хаос, од вклештувачи станале вклештени, се распрснале и тргнале да се повлечат. Околу 20 четници биле убиени и ранети.[283] Според Лазар Томов, 25 четници биле убиени, меѓу кои паднал убиен и војводата Радон Тодев.[284]

2.6. Шестата група востаници делувала во Демирхисарскиот реон на Серскиот округ. Во тој реон, најголемиот судир бил при с. Крчово во Беличката котлина. Востаниците биле насетени од турските потери и тие зазеле позиции на Алиботушките височини, под Црвената карпа. Таа месност се наоѓала над селата Крчево и Крушово. Војводи во оваа група се Љубомир Стоенчев (ВМОК), Илија Крчовалијата (ТМОРО), Генко Гечев (ТМОРО), Наки Ѓорѓиев (ТМОРО), Стојан Божов (ТМОРО). Турците нападнале од три страни, но после долга борба биле одбиени. По некое време, турската војска се прегрупирала и повторно нападнала,

---

[281] в. Реформи, г5, бр45, 18.10.1903, Бѣлѣжки по възстанието, 3.
[282] Лазаръ Томовъ, Революционнитѣ действия..., Ил. Илинденъ, г5, кн7-8 (47-48), юни-юли 1933, 27.
[283] в. Реформи, г5, бр42, 27.09.1903, Възстанието, 2.
[284] Лазаръ Томовъ, Революционнитѣ действия..., Ил. Илинденъ, г5, кн7-8 (47-48), юни-юли 1933, 27.

но и вториот пат била поразена. Загубите на Турците биле големи, но исто така паднале жртви и неколку востаници.[285]

2.7. Седмата група востаници била предводена од Стефан Николов (ВМОК), Никола Винаров (ВМОК), Христо Саракинов (ВМОК), Илија Балтов (ВМОК), Малинчев (ВМОК). Во овој одред се наоѓале и воениот кореcподент за англискиот весник „Daily News" – А. Г. Хејлс и рускиот козачки офицер – Борис Тагеев. На 8 октомври 1903 година, овој одред решил да ја нападне турската касарна стационирана во Добро Поле. Разделени на три дела, четите ненадејно го сардисале турскиот аскер. Тие веднаш се предале без да дадат отпор.[286]

А. Г. Хејлс во неговите депеши за в. „Daily News" опишува дека подготовката на рачните бомби била клучна за победата во борбата. Доброто вооружување на четите со експлозивни материјали придонело касарната за кратко време да биде разрушена. Исто така експлозиите внеле страв кај сите соседни турски постови и гарнизони.[287]

2.8. Осмата група составена од околу 150 востаници, предводена од Никола Грујчинов (ТМОРО) и Асен Василев (ТМОРО), на 10 спрема 11 октомври го нападнала помашкото село Рибиново. Селото се наоѓало на подножјето на планината Доспат, на левата страна на реката Места. Овој одред решил да го нападне селото, затоа што голем број на башибозукот кој вршел масакри во селата Кремен и Обидим, потекнувал токму од с. Рибиново. Н. Грујчинов со 100 души се позиционирал јужно од селото, а А. Василев со 50 души северно. Тие оставиле мал вакум за да може жените и децата да побегнат.[288]

Четата предводена од Грујчинов била насетена и Турците отвориле оган. Започнала борбата за селото и аскерот се повлекол западно. Четите влегле во селото и започнале уличните борби. Тие успеале со бомби да ја разрушат селската џамија

[285] в. Реформи, г5, бр42, 27.09.1903, Възстанието, 2.
[286] в. Реформи, г5, бр44, 11.10.1903, Нови сражения, 4.
[287] в. Реформи, г5, бр47, 01.11.1903, А. Г. Хейлс, Съ Четитѣ, 2.
[288] в. Реформи, г5, б45, 18.10.1903, Бѣлѣжки по възстанието, 3.

и неколку куќи. Турците биле поразени. Речиси целото село било запалено и разрушено, останале незасегнати само две куќи.[289]

3.1 Во втората половина на месец октомври 1903 година, востаничките активности во Серскиот округ спласнале. На 18 октомври во Бугарија е објавено дека генералот Цончев веќе бил вратен во Софија.[290] Додека пак на 25 октомври, кремот на врховистите организирал вечера на која присуствувале: руските коресподенти Р. Пржеваљски и П. Орловец, рускиот козачки офицер Б. Тагеев и австралискиот кореспондент за англискиот в. „Дејли Њуз“ – А. Г. Хејлс. Тие биле заедно со Иван Цончев, Анастас Јанков, Стефан Николов, Јордан Стојанов, Љубомир Стоенчев, Петар Дарвингов, Христо Саракинов, Илија Балтов, Константин Настев, Борис Стрезов, Никола Зографов, Владимир Каназирев, Христо Танушев, Георги Белев, Александар Протогеров, Илија Гологанов и Стојан Михајловски.[291]

Рускиот кореспондент П. Орловец го опишал повлекувањето на четите. Одредот во кој се наоѓал, наишол на еден четник за кој мислеле дека е Турчин. По правилно одговорената парола: „- *Александар*“; „- *Македонски*“; четникот е прибран во четата.[292]

За време на востанието, како и за времето на повлекувањето на четите, бугарската влада саботирала. Еден таков пример е заповедта никој да не ги помага востаниците со храна, оружје и покрив. Дури и Рилскиот манастир не им давал храна и покрив на востаниците. Бугарската влада за таа цел сместила една дружина војска во манастирот, за да бидат наложени владините декрети.[293]

3.2. Другиот руски кореспондент Р. Пржевалски го пренесува ставот на предводникот на врховистите, генералот Иван Цончев, по завршувањето на востанието. Цончев изјавил: „*Турскиот аскер, тоа не е редовна армија, а ѓаволот знае какво нешто е. При првиот мажествен притисок тие се фрлаат во бегство,*

---

[289] Исто.
[290] в. Реформи, г5, бр45, 18.10.1903, 4.
[291] в. Реформи, г5, бр47, 01.11.1903, 4.
[292] в. Реформи, г5, бр47, 01.11.1903, Въ Македония, Прѣминаване обратно прѣзъ границата, 2.
[293] в. Реформи, г5, бр44, 11.10.1903, При Четитѣ, 1.

*но затоа пак покажуваат најгнасна бездушност во постапувањето со мирното население. Имотот на Македонците, нивните жени и деца, страшно настрадуваат за време на такви напади. Востанието ќе ги истошти сите сили на Македонија. Кон него, нема збор, се подготвувавме цели години. Сметката беше таа, Македонија ќе ја истошти Турција со своите партизански дејствија, а потоа Бугарија ќе ја нападне со својата свежа, добро организирана армија и ќе ја смачка главата на муслиманската хидра. Но, се разбира, за да може Бугарија да се фрли во таа жестока борба, треба да ја чувствува зад својот грб православната поддршка на Русија. На таков начин, крајното решение на македонското прашање се наоѓа потполно во рацете на Русија и целиот македонски народ гледа на неа со вера и надеж... Страшно е да се помисли, што ја очекува Македонија, ако ние бидеме оставени сами. Турците свесно ги уништуваат целите залихи на леб и нема да им дадат на Македонците да ги извршуваат своите полски работи. Од своја страна, јас се сомневам дека Русија ќе го дозволи сето тоа*“.[294]

Оваа изјава на генералот Иван Цончев уште еднаш ја потврдува тезата за која идеологија и за која политика врховистите работат. Нивната идеја да се истрошат сите сили на Македонија преку востанија, а потоа „*свежа, добро организирана*“ бугарска армија да навлезе во Македонија вистински ја отсликува нивната кауза. Врховистите не се борат за „*Македонија за Македонците*“, туку тие се борат за „*Македонија за Бугарија*“.

4. И покрај тоа што за време на востанието ТМОРО и врховистите заедно се бореле против Османлиската војска, сепак анимозитет помеѓу нив не исчезнал. На првата средба помеѓу Јане Сандански и Серчани со врховистите, Сандански ги извадил бугарските војнички грбови и еполети од шапките на врховистите.[295]

Главната пречка помеѓу нив била за распоредувањето на востаничките сили. Серскиот окружен конгрес на ТМОРО донел стратегија востанието да се дигне

[294] в. Реформи, г5, бр50, 24.11,1903, Р. Пржевальский, Македонски писма, Срѣща съ Цончевъ, 3. / Покрај тоа што Цончев и овде ја застапува бугарската кауза и бугарската политика, тој сепак зборува за Македонци и македонски народ.
[295] Движението отсамъ Вардара и борбата съ Върховистите..., 41.

во јужните реони Демир Хисар – Серес, а потоа скалесто да се прошируваат дејствата северно кон Неврокоп – Разлог. Тоа било со цел, четите кои би биле разбиени во борбите, да имаат непречен канал северно кон бугарската граница. Другиот дел од планот на ТМОРО бил во Разлог и долината на реката Места, четите да се задржат во текот на целата зима, бидејќи местото било природно заштитено и непристапно. Од друга страна, врховистите биле против такво делумно востание, бидејќи според нив, Турците полесно ќе можеле систематски да ги поразуваат четите. Врховистите, како што и впрочем се покажало, го прифатиле планот на ТМОРО. Полковник А. Јанков се покорил: „*Сандански така решил*“.[296] Во еден разговор во логорот на врховистите помеѓу генералот Цончев и полковник Јанков, Цончев велел: „*Ние треба да ги слушаме Внатрешните, за да не даваме повод за критика во случај на неуспех*“. Јанков одговорил: „*Но тие не се воени дејци генерале. За неуспехот на нас ќе се сипат прекорите, тоа да знаете*“.[297]

Јане Сандански го критикувал генералот Цончев, за неговото тактичко потфрлање во нападот на градот Мехомија на 15 септември 1903 година. Сандански вели: „*Пратиле 100 внатрешни луѓе – мехомијци, договорени – тие одвнатре да подигнат бунт, а од надвор на сигнал Цончев да удри. Но, тие коишто вечерта требало да отворат оган, Турците ги насетиле и се отвара оган после пладне, се зафаќа борба внатре, палење на куќи, а Цончев кој бил на половина час оддалечен од Мехомија, не отишол на помош. Во тоа време пратени биле Лефтероф и Танушев на Предел, за да му попречуваат на аскерот, ако дојде од таму да го сопрат. Додека пак тие ги нарамиле пушките право кон границата. Цончев го направи истото*“.[298]

[296] Полковник Анастас Янков..., 187.
[297] Исто. 190.
[298] Движението отсамъ Вардара и борбата съ Върховистите..., 42.

## 15. Епилог од востанието во Серскиот округ

1. Под притисок на Големите сили и под опасноста за отворена војна со Османлиската Империја, бугарската влада на 11 октомври 1903 година во владиниот весник „Нов век“ ќе го објави следното соопштение: „*Замолени сме од императорското османлиско комесарство да дадеме гласност на следното: сведоштвата и сижеата на слики, објавени во последно време во неколку весници во главниот град, во врска со лажните престапи на воените и полициските органи спрема христијанското население во европските вилаети се безусловно невистинити и се измислени со тенденциозни цели*“.[299] Со оваа изјава Бугарија отворено го негира и осуетува Илинденското востание кое има катастрофални последици за Македонците. Наведеното исто така покажува дека за Македонија, Македонците и нивната борба, никогаш не се грижела Бугарија.

2.1. Меѓутоа состојбата во Македонија по Илинденското востание е сосема поинаква. Во писмото на благодарност од бежанците од с. Обидим и с. Кремен може да се види горката и макотрпна слика на Македонците кои настрадале за време на востанието во Серскиот револуционерен округ. Во него се прикажува целата голгота на босите, неухранети селани бегалци кои заедно со своите жени, деца и добиток страдаат на патот кон Бугарија. Недостигот на храна и соодветна облека за походот предизвикале големи болести и заразии дел од бегалците умираат при самиот поход. Благодарејќи на водството на врховистот Љ. Стоенчев селаните успеале да ја поминат границата.[300]

Овој пример за извлекувањето на Македонците од селата Обидим и Кремен од страна на Љ. Стоенчев, е пример дека и покрај тоа што имаат различна идеологија и поинакви намери, има и мали позитивни примери во врховистичкото делување. Но, тие на никаков начин не можат да го оправдаат врховистичкиот занес и агенда кон Македонија и Македонците.

---

[299] в. Реформи, г5, бр44, 11.10.1903, 4.
[300] в. Реформи, г5, бр43, 04.10.1903, Писмо отъ Бѣжанцитѣ, 3.

2.2. Додека во писмото од бежанците е опишана голготата на Македонците за време нивното бегство кон Бугарија, Христо Самарџиев, раскажал каква е вистинската положба на Македонците кои се наоѓале во бегалските кампови во Бугарија. Тој ја опишал траорната слика кога пристигнале мизерните бегалци. Сите биле со рани по телата и не личеле на луѓе. Една мајка го притискала во прегратките мртвото дете, кое било пронижано од турски куршуми. Убиено било додека се наоѓало на нејзинот грб, бегајќи од турските потери. Друга мајка плачела за своите две деца, кои биле истргнати од нејзините раце и биле испосечени на парчиња од Турците. Свештеникот од село Белица раскажувал како Турците обесчестиле 5 жени пред неговите очи.[301]

2.3. За голготата на Македонците – бегалци по востаничките активности во Серскиот округ пишува и воениот кореспондент на англискиот весник „Дејли Њуз", А. Г. Хејлс. Тој раскажува за многуте селани кои биле изгубени по планините и умреле од студ и глад. Четата од која тој бил дел често наидувала на човечки трупови. Потоа тој опишува дека групите бегалци што ги наоѓале биле полуголи, боси и со искинати опинци. Нивните тела и засирени рани ја покажувале нивната изнемоштеност и целото нивно страдање. Хејлс пишува: „*Нозете на тие што беа боси претставуваа таква глетка пред која дури и најкоравиот човек требаше да ги покрие очите и се растрепери*". Тој завршува со описот на една македонска мајка, која со раскрварени нозе успеала да ги спаси нејзиното тригодишно дете и бебето на нејзиниот грб: „*Еден маж може да отиде и да се бие и умре како на игра; но само една жена може да го изврши тоа кое го направи таа селанка*".[302]

Трогателната состојба на Македонците – бегалци е еден од главните суштествени епилози на востаничките активности на ТМОРО и врховистите во Серскиот револуционерен округ. Големиот број жртви, масакри, пеплосани и напуштени села, опљачкан и убиен добиток тотално ќе опустошат голем број на реони во тој дел на Македонија. Иако дел од запалените села ќе бидат повторно

[301] в. Реформи, г5, бр44, 11.10.1903, Македонскитѣ бѣжанци, 3.
[302] в. Реформи, г5, бр48, 08.11.1903, А. Г. Хейлсъ, Съ Четитѣ, Подлистникъ, 2.

обновени, дел од реоните после Илинденското востание ќе останат засекогаш напуштени и Македонците нема да се вратат назад.

3. Според Х. Силјанов, за време на востанието најмногу настрадала Разлошката околија. Само во неа биле ограбени 3 580 христијански куќи, 612 куќи биле изгорени, или 12,5% од вкупниот број. Без покрив над главата останале 2 500 души, а 207 (1% од населението) биле убиени и исклани. Истовремено 35 жени и моми биле обесчестени. Во Неврокопско најмногу настрадале селата Обедим и Кремен, а во Мелничко селото Пирин. Во целиот Серски санџак, биле изгорени 1 090 куќи во 10 села. Истовремено биле убиени 290 души, 50 моми и жени биле обесчестени, а 4 пленети. Без покрив над главата останале 5 772 семејства.[303]

Според податоците собрани од рускиот и австрискиот конзул најмногу настрадале жителите на пограничните реони кон Бугарија: Мелничко, Неврокопско, Разлошко и Џумајско. До темел биле изгорени 1 033 куќи, 2 цркви, 2 училишта и неколку десетини амбари.[304]

Посебно лоша била положбата на бегалците од Разлошко и Неврокопско. Покрај нивната желба да се вратат на своите огништа, голем дел од нив останале во Бугарија. Една Декларација до управникот во Самоков од зимата 1903 година, тие истакнале: „*сите ние сакаме да се вратиме во нашите родни места, но не како раја, какви што бевме до сега, туку, како граѓани, со исти права како Турците ... но нема каде да се сместиме за да ја поминеме зимата, сепак ние би се вратиле по нашите родни места доброволно со бугарски, или со руски и австриски чиновници, доволно само да не не остават... на произволството на султанските власти и откако ќе се постави редот во земјата согласно ветените реформи од Берлинскиот конгрес*“.[305]

[303] В. Ѓорѓиев, Слобода или Смрт..., 613.
[304] Исто.
[305] Исто, 615.

# III

## 16. Став на врховистите за Мирцштегските реформи

1. Илинденското востание предизвикува страшна бура во дипломатијата на Големите Сили, највеќе кај најзасегнатите држави за Балканскиот полуостров – Австро-Унгарија и Русија. Императорите на двете држави Франц Јозеф I и Николај II, како и нивните влади, во врска со немирите во Османлиската Империја составуваат нови реформи, популарно наречени „Мирцштегски реформи“, кои имаат цел да ја реформираат Македонија. Реформите се договорени во Мирцштег, близу Виена, во периодот од 30 септември до 2 октомври 1903 година.

Мирцштегската програма за реформи предвидувала: 1) Меѓународна контрола при спроведувањето на реформите; 2) Реорганизација на османлиската жандармерија и полиција во Македонија со помош на странски офицери и под раководство на еден странски генерал во османлиска служба; 3) За успешно спроведување на оваа мерка, територијата на Македонија да се подели на сектори помеѓу големите сили; 4) Откако ќе се констатира смирување на земјата, да се изврши административна реорганизација заради соодветно групирање на националностите; 5) Реорганизација на административните и судските институции во кои ќе се вклучат и христијани, со што ќе се овозможи развој на локалната автономија; 6) Формирање на мешовити комисии во вилаетските центри за разгледување на политичките и други престапи извршени во текот на Востанието; 7) Високата порта да обезбеди финансиски средства за враќање на бегалците и ублажување на состојбата во најзагрозените краишта во текот на Востанието како опожарени и опљачкани куќи, имот, цркви, училишта. Средствата за тоа да ги распределуваат мешовити комисии под контрола на конзулите на двете реформаторски земји Русија и Австро-Унгарија; 8) Во опожарените христијански села населението се ослободува една година од сите даноци; 9) Власта се задолжува да ги спроведе претходните Февруарски реформи, со кои, меѓу другото, било предвидено и формирање на одделен финансиски буџет за трите македонски

вилаети, да ги распушти илавето и башибозукот и да забрани формирање на башибозучки одреди.[306]

2. Врховистите својот став за Мирцштегските реформи го искажуваат на 18 октомври 1903 година. Според нив, нивните барања биле добропознати на бугарската и европската јавност. Целосно смирување на Македонија преку една автономија, која била предвидена во Берлинскиот договор. Додека пак, Мирцштегските реформи кои биле изработени од Австро-Унгарија и Русија, не се темелеле на обврските од Берлинскиот договор спрема Македонија, иако во нив имало некои добри принципи.[307]

Според врховистите, првите две точки од реформите биле најважните и најсуштествените. Со првата точка Австро-Унгарија и Русија признавале дека Османлиската Империја оставена сама, никогаш немала да сака и да може да воведе подобрување во востанатите области. Меѓународната контрола би била најважен фактор за зауздувањето на турското беззаконие. Таков пример претставувале турските беззаконија на Крит и покрај широката автономија што ја имал островот. Отсуството на европска контрола го вовеле Крит во нереди. Додека пак, со една директна контрола во Македонија би можело да се набљудуваат активностите на османлиската управа. Меѓутоа, контролата би останала само набљудувач, затоа што таа немала правен основ да ги запира проблемите. Затоа, Австро-Унгарија и Русија предвиделе жандармеријата и полицијата да биде одземена од Турците и да биде целосно во рацете на Европејците. На тој начин полицијата и жандармеријата би ги остранувале големите неправди и своеволија.[308]

Иако првите две точки од реформите биле ветувачки, за да се случело едно значително подобрување во државата требало да има амнестија за сите Македонци и банкарски заем гарантиран од Големите сили предназначен само за Македонија, каков што бил примерот со островот Крит. Без финансиска помош воведувањето на рерофмите би било незамисливо. Од друга страна, според врховистите, историјата јасно покажувала дека Османлиската Империја никогаш не отстапувала, освен кога

[306] В. Ѓорѓиев, Подземната република..., 341.
[307] в. Реформи, г5, бр45, 18.10.1903, Новитѣ реформи, 1.
[308] Исто.

била под притисок на Големите сили. Султанот се подготвувал да реагира против спроведувањето на Мирцштегските реформи, тој не ги демобилизирал редифите и стационирал уште повеќе војска во европскиот дел на Турција. Врховистите апелираат Големите сили да употребат сила доколку е потребно, во случај Османлиската Империја да се противи на реформите.[309]

Според врховистите, состојбата во Македонија била момент на испит за Австро-Унгарија и Русија, како и за другите Големи сили. Наложувањето на реформите би покажало колку тие биле искрени во своите дејствија. Тие додаваат: *„Ако тие се покажат немоќни со своите дејствија, вината и срамот ќе падне целосно врз нив, особено врз Австрија и Русија, кои ја зедоа во рацете судбината на Македонците. Зошто по силата на нештата, востаничките дејствија на Македонците ќе прекратат во зимата и реформските сили не ќе можат да се извинуваат со возбудувањата предизвикани од востаниците. Дотогаш, додека не се воведе ред, законитост и правда во државата, Македонците ќе останат со пушка во рака, за да отпочнат уште порешителна борба за својата слобода и човечки правдини*“.[310]

Врховистите, колку и да се слепи послушници на бугарската влада и бугарскиот кнез, тие во својот официјален орган не можат да одречат дека Македонците ја заслужуваат својата слобода и човечки правдини. Самите пишувања за Мирцштегските реформи кои ги засегаат Македонците, уште еднаш ја потврдуваат автохтоноста на македонскиот народ, како и свесноста на пробугарските врховисти дека Македонците целосно се вложиле во нивната борба на слобода или смрт.

[309] Исто.
[310] Исто.

## 17. Врховистите и ТМОРО по Илинденското востание

1. По Илинденското востание, ТМОРО запаѓа во длабока внатрешна криза. Поради големите критики, забелешки и меѓусебни обвинувања помеѓу одредени фракции, на крајот на 1903 и почетокот на 1904 година, во Софија се одржуваат повостанички советувања на ТМОРО. На советувањата учествувале повеќе истакнати раководители, реонски војводи, окружни и околински началници. Како главни противници на советувањата ќе бидат две струи: Конзервативната – предводена од задграничниот претставник на ТМОРО, Христо Матов и Реформско-демократската, предводена од Серчани и Јане Сандански.[311] По завршувањето на востанието, заедничкото делување престанува и се обновува анимозитетот помеѓу врховистите и ТМОРО.

2.1. Во октомври 1903 година, врховистите се обиделе да склучат договор со ТМОРО за заедничко делување по македонското дело. Врховистот Александар Протогеров стапил во контакт со ЗП на ТМОРО, со Христо Матов и д-р Христо Татарчев. Во преелиминарните разговори се зборувало за создавање на централно тело, под име „*благотворително друштво*", и кое би имало цел да им префрла средства ѝ на ТМОРО ѝ на врховистите. Средствата би служеле за организирање на чети, купување на оружје и материјали, поддршка на дејците и други потреби. Со телото требало да управуваат 2 претставници од ТМОРО и 2 претставници од врховистите. Од ТМОРО: д-р Х. Татарчев и Х. Матов, од врховистите: потполковник Стефан Николов и капетан Александар Протогеров. Сепак овие преелиминарни разговори ќе бидат саботирани од ЗП на ТМОРО.[312]

Во меѓувреме, на 14 октомври 1903 година, на советувањата на ТМОРО во Софија било дискутирано прашањето за соработка со врховистите и бугарските воени дејци. Било донесено решение сите окружни комитети на ТМОРО да се изнесат по прашањето за врховистите.[313] Два месеци подоцна сеуште немало

---

[311] В. Ѓорѓиев, Подземната република..., 349.
[312] Светлозар Елдъров, Тайните офицерски братства в освободителните борби на Македония и Одринско 1897-1912, София, 2002, 95. / Архив Христо Матов..., 150.
[313] С. Елдъров, Генерал Цончев..., 137.

решение, па затоа А. Протогеров се обратил писмено до ЗП на ТМОРО. Им припомнил за дотогашните преговори и помпезно искоментирал дека со такво темпо договорот би се одолговлекол до наредната пролет.[314] Протогеров во писмото вели дека планот за создавање благотворително друштво се одолговлекувал од страна на задграничните претставници. Според тоа, врховистите подразбирале дека ЗП на ТМОРО, со умисла се отргнувало од договорот. На крајот, Протогеров повторно упатува барање задграничните претставници да му дадат конечен одговор до 6 декември 1903 година.[315]

2.2. Три дена подоцна, на 5 декември 1903 година, ЗП на ТМОРО испратиле одговор до А. Протогеров и врховистите. Во одговорот се вели дека поимот *„овдешна организација“* не требало да се изедначува со поимот *„луѓе на поранешниот Врховен Комитет Михајловски-Цончев“*. Потоа се вели дека Х. Матов не го сменил ставот за создавање на благотворително друштво кое би испраќало средства до ЗП на ТМОРО, за подоцна ЗП да префрла пари на врховистите. Писмото завршува дека во одлагањето немало ништо неискрено.[316]

Писмото од ЗП на ТМОРО било крајно навредливо за врховистите бидејќи било една стуткана белешка без потпис. Врховистите исто така биле гневни, затоа што со запазувањето на статусквото, средствата собирани од благотворните друштва требало да минуваат задолжително преку ЗП на ТМОРО во Софија. Потоа, ЗП на ТМОРО би одлучувало колку средства би се одвојувале за дејците од поранешниот ВМОК.[317] Тоа претставувало целосна потенцијална финансиска контрола врз врховистите и нивно финансиско лимитирање од страна на ТМОРО.

2.3. На 16 декември 1903, врховистите испратиле окружно до македоно-одринските друштва во Бугарија во кои ги образложуваат преговорите со ТМОРО. Во окружното се вели дека ВМОК имал тенденција да продолжи со востаничките активности наредната пролет и доколку не се сторело тоа, сите жртви ќе биле залудни. Тие сакале да започне голема иницијатива за собирање средства и

---

[314] Светлозар Елдъров, Тайните офицерски братства..., 95.
[315] Вътрешна Македоно-Одринска революционна организация (1893-1919 г.). Документи..., 332.
[316] Исто. / Архив Христо Матов..., 152.
[317] Светлозар Елдъров, Тайните офицерски братства..., 95.

материјали, затоа што требало да се сфати важноста на *„моментите кои општобугарската татковина ги поминува*“, воедно сите собрани средства да се испраќаат во седиштето на органот на врховистите, в. „Реформи“ на плоштад Славејков.[318] Понатаму, врховистите велат дека генералот Иван Цончев бил игнориран од ТМОРО, бидејќи не сакале тој да биде член во едно заедничко тело помеѓу ТМОРО и врховистите и тие се сложиле со тоа. На крајот се вели дека ТМОРО ги поништила сите преговори и решила да се зачува статускվото во односите, поради што преговорите пропаднале.[319]

3. По одбивањето на договорот од ЗП на ТМОРО за заедничко делување по македонското дело помеѓу ТМОРО и врховистите, тие решиле да ги возобноват „Тајните офицерски братства“. Во тој период во кругот околку генерал Цончев се наоѓале: полковник Стефан Николов, полковник Анастас Јанков, капетан Александар Протогеров, поручниците Христо Саракинов и Јордан Стојанов, потпоручниците Илија Балтов, Константин Настев, Владимир Каназирев, Борис Стрезов и Христо Танушев, војводите Дончо Златков, Васе Пеливанот, Илија Крчовалијата, Атанас Тешовалијата и цивилните дејци д-р Димитар Владов, Георги Белев, Илија Гологанов, Кочо Аврамов и Иван Битраков. Цел кружок околку генералот Цончев активно се зафатил со задачата да се обноват Тајните офицерски братства.[320]

На 18 декември 1903 година, врховистите издале ново тајно окружно со кое формално се обновувале Тајните офицерски братства во бугарската армија. Во окружното се вели дека благодарение на офицерството, македонското прашање било поставено на зелената маса и го чекало своето решавање. Борбата и востанијата требале да продолжат во 1904 година и да се продолжи со собирање на средства и материјали. Потоа во окружното се изложува принципот како да се свикаат поединечни собранија за составување на братствата. На крајот се вели: *„И без да преувеличуваме ни најмалку, без да правиме некому комплименти, ќе кажеме дека офицерството било овде душата на ослободителното дело.*

[318] Архив Христо Матов..., 155.
[319] Исто, 156.
[320] Светлозар Елдъров, Тайните офицерски братства..., 97.

*Офицерството дало најмногу и најскапи жртви, било во пари, било во материјали, било во свои другари. Во офицерството била и ќе биде единствената надеж, кон него денес се свртени погледите на целиот свет, кон него пред се македоно-одринскиот роб протегна рака за помош*“.[321]

Препотентноста на врховистите изразена во нивното окружно се коси со реалноста. Бугарското офицерство никогаш не било душата на македонското ослободително дело. Преку многу примери се покажало дека бугарското офицерство е најголем саботер на македонското револуционерно ослободително дело, бидејќи тоа не се води од македонските национални интереси, туку служи единствено на бугарскиот кнез, бугарската влада и бугарската политика. Затоа никогаш Македонецот вистински не ги прифатил врховистите, како свои застапници, туку ТМОРО била организацијата со која Македонците се идентификувале и за која се застапувале.

4. Неколку месеци претходно, во ноември 1903 година, генералот Иван Цончев заминал на европска турнеја во главните градови на Големите сили на која требало да ги застапува ставовите и интересите на врховистите во врска со македонското прашање. Цончев ги посетил сите Големи сили освен Русија. Истовремено со него, на европска турнеја исто така отпатувал и Борис Сарафов, поранешниот претседател на ВМОК, кој во тоа време формално бил дел на ТМОРО. Сарафов имал цел да собира средства и материјали во полза на ТМОРО.[322]

Во писмо од 16 декември 1903 година, од ЗП на ТМОРО – д-р Христо Татарчев до Борис Сарафов и Михаил Герџиков се вели да се следеле активностите на Цончев при неговите посети во Европа. Б. Сарафов и М. Герџиков требало да бидат во унисон со неговите ставови, доколку тие ставови не го поткопувале авторитетот на ТМОРО. Х. Татарчев дал вакви инструкции за да не се доведе ситуацијата до меѓусебни обвинувања помеѓу врховистите и ТМОРО пред претставниците на

[321] Исто, 98.
[322] Светлозар Елдъров, Тайните офицерски братства..., 100.

Големите сили, а со тоа македонската револуција да го изгуби кредибилитетот пред нив.[323]

Иван Цончев и Борис Сарафов како претставници на две организации оствариле средби со претставници на речиси сите Големи сили кон крајот на 1903 и почетокот на 1904 година. Меѓутоа епилогот од тие средби нема да донесе значителен бенефит за македонското движење.

5.1. На 7 ноември 1903 година во Софија извршен е неуспешен атенат врз врховистот Васе Пеливанот. Атентатот е извршен од Григор Ѓорѓиев – Ѕверката, кој бил близок човек на војводата на ТМОРО, Христо Чернопеев. Цела вечер Пеливанот бил во друштво со Григор Ѓорѓиев и Иванчо Рецо. Тие тргнале кон улицата Позитано, за да се сретнат со уште еден другар. Кога нашол соодветно место по улицата, Григор Ѕверката стрелал 4 пати во Васе Пеливанот, со што го погодил во белиот дроб. Но, сепак, атентатот не бил успешен, Пеливанот после долго лекување останал жив.[324]

Со нападот врз Васе Пеливанот од страна на работници на ТМОРО, официјално се обновиле непријателствата помеѓу врховистите и ТМОРО. Наредниот месец, во декември во Ќустендил бил убиен Лазар Томов, работник на ТМОРО од страна на врховистот Пундев.[325]

На 24 декември 1903 година извршен е неуспешен атентат и врз видниот врховист Јордан Стојанов. Едната причина за атентатот врз Ј. Стојанов од страна на ТМОРО била неговата вмешаност во убиството во Ќустендил. Втората причина е дека Ј. Стојанов посегнал по складираното оружје на ТМОРО. Јане Сандански и Серчани по востанието го складирале тоа оружје во пограничните села на турско-бугарската граница. Нападот врз Јордан Стојанов, врховистите го сфатиле како отворено објавување војна врз нив од страна на ТМОРО.[326]

---

[323] Архив Христо Матов, Документален сборник, София, 2004, 157.
[324] в. Реформи, г5, бр49, 15.11.1903, Убийството на Васе Пехливана, 4.
[325] С. Елдъров, Генерал Иван Цончев..., 139.
[326] Исто.

Во врска со обновените непријателства помеѓу врховистите и ТМОРО, касиерот на ВМОК, Георги Белев пишува: *„Навистина, за време на востанието во 1903 година, навредите, меѓусебните расправии и прогоните престанаа и сите дејци си подадоа братска рака против заедничкиот непријател, но по востанието расправиите се подновија. Сандански и Чернопеев го стрелаа и тешко го ранија војводата – капетан Јордан Стојанов во Дупница. Генерал Иван Цончев и други видни македонски дејци – врховисти, беа осудени на смрт. Сите тие тажни и пакосни нешта за македонското дело доаѓаа од Бугарија од името и сметката на ВМРО. А, според доверливи наши сведоштва, Централниот комитет на ВМРО не бил запознаен и инволвиран во тие престапни дејствија на некои македонски дејци – левичари, коишто преку интриги и заплашувања со силата на оружјето, сакаа да се наложат овде во Бугарија и таму во Македонија*“.[327]

Бидејќи ТМОРО е во криза поради неуспехот во Илинденското востание, точни се тврдењата на Г. Белев дека атентатите врз видни врховисти се вршени од страна на поединечна група т.е. од ТМОРО – Серчани. Впрочем ЦК на ТМОРО воопшто нема никаква контрола врз активностите на поединечни окрузи и се повеќе се форсира децентрализацијата како метод на фунционирање на ТМОРО. ТМОРО – Серчани е групата која најмногу има настрадано од пакосните дејствија на врховистите во периодот 1901 – 1903 година, впрочем таа е истата група која заедно се бори со врховистите за време на Илинденското востание во Серскиот округ. Но, непријателствата повторно биле обновени во моментот кога врховистите сакаат да посегнат по складираното оружје од страна на Серчани. Во наредните години непријателствата помеѓу врховистите и неоврховистите од една страна, и ТМОРО – Серчани од друга страна се повеќе ќе се заоструваат.

На крајот на 1903 и почетокот на 1904 година, врховистите на сите можни начини ќе го експлоатираат неуспешниот атентат врз капетан Јордан Стојанов за да ја напаѓаат ТМОРО. Но, и покрај тоа што ТМОРО е во голема криза по Илинденското востание, таа не ги смета за релевантни нападите од врховистите. На

[327] Георги Белевъ, До Солунъ, Битоля и Охридъ през 1904 година, И. Илинденъ, г3, кн9 (29), София, 1930, 8.

едно собрание на ЗП на ТМОРО, Христо Матов изјавил: „*Ако дојде работата да се биеме, ние имаме толку терористи, што за две недели можеме да ги смачкаме*“.[328]

Врховистите за извршител на атентатот врз Ј. Стојанов го обвинуваат д-р Владимир Руменов, кој е работник на ТМОРО. Руменов, кој се противел на тие обвинувања, се подготвувал да испрати секундант до Ј. Стојанов, за преку дуел да се решел спорот помеѓу нив. Сепак, до дуел не дошло.[329] Руменов претпоставувал дека Ј. Стојанов го сомничел него, затоа што во Дупница Руменов го затекнал Ј. Стојанов како вршел злоупотреби во собирањето на пари со комитетски расписки. Ј. Стојанов собирал пари кои наводно биле наменети за бегалците, додека тој ги користел за финансирање на врховистите.[330]

5.2. На 4 јануари 1904 година, видни претставници на македонската емиграција во Софија свикале собрание на кое се дискутирало како да се стави крај на непријателствата помеѓу врховистите и ТМОРО. На собранието се начнала само темата за која требало да се размислува, а на следното собрание да се одлучело што да се прави. Главните точки за дискусија требало да бидат: 1) За да може да се наложи и на едната и на другата страна, тоа што се бара, треба самите видни македонски емигранти да претставуваат нешто. Со други зборови, да се организираат и да создадат едно тело, кое ќе ги сосредочи сите приходи во своите раце; 2) Ќе се признае ли, дека има Внатрешна организација, која се претставува тука од свои претставници или не; 3) Претставуваат ли луѓето на Цончев некаква организација во Бугарија и внатре, и каква е таа?; 4) Ако се признае дека има Внатрешна организација, треба ли да се поддржува морално и материјално?; 5) Каква поддршка треба да се дава на групата околу Цончев?; 6) Укажувајќи поддршка на едните и на другите, емигрантското тело треба да прави притисок врз двете страни да се договорат заеднички, кога, како и каде ќе дејствуваат, за да не си пречат и да ги расипуваат своите планови.[331]

---

[328] Е. Спространов, Дневник..., 345.
[329] Исто, 347.
[330] Исто, 353.
[331] Исто, 350.

На наредното собрание, претставникот на македонската емиграција Евтим Спространов изјавил: „*Организацијата внатре се расклати од востанието, но не се растрои. Ако се растрои, како што мислат цончевистите, дали можат тие и дали можеме ние да отидеме и да создадеме нешто друго од остатоците на бившата организација? Тоа е прашање зададено до првите, но нели тие не ја гонат таа цел?!*". Потоа, Е. Спространов додал: „*Затоа што тие знаат дека не е така и дека Внатрешната организација пак ги собира своите сили и се труди да застане на истата положба, која ја заземаше пред востанието. Луѓето на Цончев се навистина група, но не се никаква организација, ниту тука, ниту внатре. Тогаш врз што ги градат своите претензии за еднаквост? Ете од каде ќе блесне дека тие се водат од своите амбиции, а не од друго*".[332]

Понатаму на собранието се дискутирало за причините за кои врховистите ја осуетувале согласноста за заедничка работа со ТМОРО од летото 1903 година. На собранието било истакнато од Е. Спространов дека врховистите летото 1903 година, најфлагрантно нарушиле низа точки од договорот за заедничко дејствување за време на востанието со ТМОРО. Било договорено на ТМОРО да и се даде помош, но врховистите требало да дејствуваат во Џумајско, а не да се натрупаат во Разлошко и на Пирин. На тој начин сосема бил осуетен планот на Јане Сандански. Бидејќи тие натрупале многу чети, Турците ги насетиле и почнале да ги преследуваат. Со тоа се уништил целиот план за успешно делување во Серскиот округ. Според Спространов, поради таа причина Јане Сандански бил ужасно настроен против нив. На собранието, д-р Руменов додал дека во договор со ТМОРО весникот „Реформи" требало да запре со работа, „*но не само врховистите што не го запреле, тие уште го издавале и пишувале гадости во него*".[333]

5.3. На 11 јануари 1904 година се одржало ново собрание помеѓу видните дејци на македонската емиграција во Бугарија. На тоа собрание присуствувал и врховистот Александар Протогеров, кој во дебата со д-р Владов јавно изјавил дека борбата се водела за пари. Протогеров изјавил дека доколку имало пари, тие немало да имаат потреба за да се собираат. Врховистите отворено го нападнле професорот Димитар

[332] Исто, 351.
[333] Исто, 352.

Агура кој раководел со благотворната комисија, затоа што „*им помагал на Внатрешните, а на нив не им давал ништо*“. Целта на врховистите била да се дограбат до средствата на благотворната комисија, која ги давала за помош на настраданите Македонци. Тие сакале да воведат нов член во уставот на комисијата, со кој дел од средствата легално би можеле да се слеваат кај нив. Но, мисијата на врховистите да го протуркаат тој член била неуспешна, па затоа тие се обвинувани дека свесно го парализирале собирањето на хуманитарна помош, само затоа што комисијата не им давала пари на нив.[334]

Врховистите биле очајни за средствата на благотворната комисија, затоа што токму таа комисија го заменила нивниот примат во работата со македоно-одринските друштва во Бугарија од кои ВМОК се финансирал до неговото формално затворање и распуштање на почетокот на 1903 година. Со создавањето на комисијата предводена од проф. Димитар Агура, токму комисијата заедно со ЗП на ТМОРО го контролирала целосното собирање на средства во Бугарија. При тоа финансирање врховистите биле занемарени, затоа што веќе никој не верувал во нивната кауза, а главниот легитимитет кај македонската емиграција во Бугарија го имала ТМОРО.

5.4. На истото собрание од 11 јануари 1904 година, дејците од македонската емиграција изработиле проект-правилник за идното раководење на Македоно-одринската емиграција во Бугарија.

Состав и цел: 1) Македоно-одринската емиграција во Софија и Кнежеството се организира во братства со цел да им помага морално и материјално на сотатковинците тука и во татковината; 2) Моралната помош се состои во детално изучување на положбата и потребите на нашите сонародници во Македонија и Одринско и осветлување на емиграцијата, бугарското општество и надворешниот свет за таа положба преку: јавни говори, конференции, митинзи, брошури, весници, апели, меморандуми и друго; 3) Материјалната помош се состои во парично и материјално помагање за подобрување на положбата на настраданите во Македонија и Одринско; 4) Братствата се основаат од сите жители емигранти на

---

[334] Исто, 355.

секој град од Македонија и Одринско; 5) Сите емигранти од Македонија и Одринско, кои поради бројноста не можат да состават братство, се соединуваат кон географски соседното најблиско братство; 6) Братствата се управуваат од раководствата избрани од нивните членови; 7) Братствата се раководат од една заедничка емигратска комисија, чии членови се избираат во заедничките собранија заедно со раководството; 8) Секое братство, кое брои од 50 до 100 члена, избира еден претставник. Секое братство кое брои над 100 членови избира по двајца претставници;

Средства за братствата: 9) Средствата на братствата се состојат од членски влогови, доброволни донации, честитки, вечеринки и друго; 10) Две третини од собраните суми на братствата се внесуваат во касата на заедничката емиграциона комисија, додека останатата сума ја задржуваат за своите потреби; 11) Постојаното биро има право да прави секогаш преглед на средствата на секое братство; 12) Постојаното биро на крајот на годината дава отчет до претставниците;

Состав на заедничката емиграциона комисија: 13) Избраните претставници на братствата во Софија образуваат заедничка емиграциона комисија, која ќе се грижи за начините преку кои со заеднички и здружени сили ќе се подобри положбата на нашите сонародници;

Средства: 14) Средствата на заедничката емиграциона комисија се состојат од: а) двете третини од средствата на братствата во Софија и Кнежеството; б) од доброволни донации, собрани во името на настраданите во Македонија и Одринско, собрани тука, во странство или на друг начин.[335]

5.5. Конечното одобрување на проект-правилникот скроен од видните дејци на македонската емиграција во Софија се одложува на барање на врховистите. Поради тоа, дејците од емиграцијата на собранието изјавиле: *„Ако не може тоа да се случи, да се растури сето, тогаш што ќе прават цончевистите?! Ако тие се групираат, затоа што не им се давани пари, или пак ќе пречат да се даваат на другите, подобро да не делуваме. Тоа ќе го правиме и ќе ги лажеме луѓето дека*

[335] Исто, 356.

*работиме за Македонија и Одринско, додека всушност ќе ги крепиме материјално Цончевите луѓе, дека немало од каде да црпат пари за да живеат. Тоа е срамно*“.[336]

Но, сепак, на 13 јануари 1904 година, на ново собрание, конечно бил прифатен изработениот проект-правилник на македоно-одрнската емиграција во Бугарија.[337] Сепак проект-правилникот преставувал само формалност и нема никако значително да придонесе во подобрувањата на односите помеѓу врховистите и ТМОРО. Македоно-одринската емиграција при еден конфликт меѓу врховистите и ТМОРО, освен советодавна улога, немала реална сила, можност и механизам да се наложи како авторитет и врз врховистите и врз ТМОРО.

5.6. Нов обид за помирување помеѓу врховистите и ТМОРО е направен на почетокот на 1904 година од страна на претседателот на благотворната комисија проф. Димитар Агура. Според него, благотворната комисија ја претставувала бугарската државна субсидија. Поради големите долгови и недостигот на средства, ТМОРО заедно со врховистите решиле да преговараат со проф. Агура. Било договорено благотворната комисија да префрла средства до ЗП на ТМОРО, кое подоцна од своја страна ќе им префрла средства на врховистите. Во знак на добра волја, ЗП на ТМОРО се согласило да ги исплати долговите на врховистите направени во гостилницата „Балкан“. Предложено било да се состави раководно тело од Х. Матов и Х. Татарчев од страна на ТМОРО и А. Протогеров и Д. Владов од страна на ВМОК. Но, повторно не се испочитувало договореното поради различните идеологии и целите кои ги гонат двете страни. Поради тоа преговорите пропаднале.[338] Професорот Агура подоцна ќе биде напаѓан со најголеми нискости од страна на врховистите дека бил главниот помагател и сојузник на ТМОРО – Серчани во Бугарија.

6. Поради непријателствата со Серската група на ТМОРО, врховистите решиле да ги заобиколат нив и да стапат директно во комуникација со окружните комитети на ТМОРО во Битола и во Солун. За таа цел, на почетокот на 1904 година, Георги

[336] Исто, 357.
[337] Исто, 358.
[338] Исто, 363. / Светлозар Елдъров, Тайните офицерски братства..., 101.

Белев остварил средба во Солун со Димитар Мирчев и Христо поп Коцев од ЦК на ТМОРО. Г. Белев на таа средба во името на врховистите го предложил следното: 1) Двете организации, Внатрешната и Надворешната, се автономни, независни една од друга во своето внатрешно уредување; 2) Границата помеѓу Бугарија и Османлиската Империја е граница на двете организации; 3) Секој работник во Македонија е Внатрешен и се потчинува на Внатрешната организација, а секој македонски работник во Бугарија е надворешен и се потчинува на Врховниот Македоно-Одрински Комитет;[339] 4) Последниот, по взаемен договор со првиот, ја потпомага со пари и материјали Внатрешната организација; 5) Управителните тела на двете организации контактираат директно без посредници и претставништво; 6) Тие тела, или редовни ополномоштени делегати, се собираат секоја година на советување по заеднички прашања во време и место определено од ЦК на ВМРО; 7) Моментално да се запре секоја активна револуционерна дејност, за да се даде полна слобода на Големите сили да ги оделотворат своите ветувања за Македонија.[340]

Практично тоа што го бараат врховистите преку Георги Белев е потполно потчинување на ТМОРО кон врховистите. Всушност, токму предлогот двете организации да контактираат директно, без претставништво, имал за цел да се ликвидира дејноста на задграничното претставништво на ТМОРО, кое всушност им ги заматувало сметките на врховистите, затоа што финансирањето на македонското дело било главно насочувано и одело преку него. Додека пак точката од предлогот, ВМОК да ја помага ТМОРО со пари и материјали, ја прикажува амбицијата на врховистите тие да ги контролираат средствата, а ТМОРО да биде финансиски зависна од нив.

Претставниците на ЦК на ТМОРО, според врховистите, генерално „*се согласиле*“ со нивните предлози. Но, бидејќи ЦК на ТМОРО во тој момент немал наложителна моќ, предлогот бил испратен до останатите окружни комитети на

339 Георги Белевъ, До Солунъ, Битоля и Охридъ през 1904 година, И. Илинденъ, г3, кн9 (29), София, 1930, 11.
340 Георги Белевъ, До Солунъ..., И. Илинденъ, г3, кн10 (30), София, 1930, 15.

ТМОРО. На референдум требало да се изгласа дали целата Внатрешна организација е согласна со предлогот на врховистите или не.[341]

Георги Белев го напуштил Солун и се упатил кон Битола за да оствари средба со Битолскиот окружен комитет на ТМОРО. На средбата Белев го изнел предлогот и ставовите на врховистите кон Македонија и македонското револуционерно дело. На средбата во Битола исто така бил присутен и Димитар Мирчев, кој веќе го пречекал Г. Белев во Солун. Мирчев го сослушал Г. Белев и по неговото излагање го искажал следното пред останатите работници на ТМОРО од Битолскиот комитет: *„Вие, г. Белев, дојдовте во Солун да водите преговори со нас за една заедничка дејност на двете организации, а тука во Битола, вие агитирате против нас во полза на врховистите. Таквите агитации ние не ги толерираме. Ние го следиме секого тука, ве следиме и вас и ако продолжите да го правите истото во иднина, Организацијата ќе преземе соодветни мерки*".[342] Предлогот на врховистите пропаднал, а турнејата на Г. Белев била неуспешна. Со тоа пропаднал уште еден обид за *„помирување и заедничко работење*" помеѓу врховистите и ТМОРО.

---

[341] Исто.
[342] Исто.

# IV

## 18. Говор на бугарскиот премиер Рачо Петров во врска со Илинденското востание во Македонија

На 24 ноември 1903 година, премиерот на Бугарија, Рачо Петров, одржал говор во бугарското собрание во врска со последиците од Илинденското востание. Во говорот е отсликано неговото видување на македонското прашање и на бугарската политика спрема истото.

Според Р. Петров, македонското прашање датирало уште од Берлинскиот Конгрес. Со неуспехот да се воведат реформи во Македонија, дел од македонското население решило да емигрира во Бугарија, дел од населението се радикализирало за да бара подобрување на својата судбина во Османлиската Империја. Формираните комитети во Македонија најпрвин имале за цел да го будат самосознанието на населението, да ја вдахнуваат идејата за слободен и независен живот. Потоа со формирањето на чети од страна на македонските комитети, идејата за слобода започнала сè повеќе да станува реалност. Р. Петров вели дека тоа требало да ја предупреди Османлиската Империја на каков начин работите би се развивале во иднина. Наместо Турците да го помагаат морално и материјално тоа население што било жедно за култура и со него да се управувало преку едно татковско владеење, тие го третирале населението како непријател на империјата. Систематски било задушувано секое духовно движење, кое според премиерот на Бугарија, имало една цел, „*истребување на бугарскиот елемент*“.[343]

Р. Петров продолжува дека таквата констелација во Македонија не можело да не ја заинтересира Бугарија. Тој повторува дека преследуваното население во Османлиската Империја било „*бугарско*“, додека населенијата од другите народности не биле во ист степен преследувани. Бугарското население во Македонија било исто како населението во Бугарија, по јазик, вера, народност, историја и култура. Тоа население заедно со населението во Бугарија, претставувајќи го целиот бугарски народ се изборило за независна народна црква.

---

[343] в. Реформи, г5, бр50, 24.11.1903, Македонския въпрост въ Камарата, 2.

Р. Петров додава дека соседството со Бугарија, културното единство, огромниот број емигранти трајно населени во Бугарија и поврзувањата со роднински врски, го правеле Бугаринот во Кнежеството да не се разликува по народност од „*македонскиот Бугарин*“. Поради тоа Бугарите ја сметале македонската кауза за своја, за сопствена и бугарска, тие не можеле да не се тревожат и вознемируваат и да не стојат во постојана возбудена состојба за еден вооружен судир со Османлиската Империја. Бугарските економски интереси исто така страдале поради немирите во Османлиската Империја. Р. Петров обзнанил дека во Бугарија имало 150 000 македонски емигранти, додека по Илинденското востание во Бугарија пребегнале уште 25 000 емигранти. Тој ги сметал тие емигранти за „*духовен пролетаријат*“ т.е. непроизводствен и непотрошувачки елемент кој бил економски штетен за Кнежеството. Додека активното држење на армијата во висока подготвеност поради немирите во Македонија, дополнително ги исрцпувало државните ресурси на Бугарија.[344]

Поради тие околности, новата влада на Р. Петров ги употребила сите возможни средства со цел да му помогне на „*несреќното македонско население*“, да му даде можност за достоен човечки живот. Преку тоа бугарската влада сакала да создаде нормална политичка состојба на работите која немало да пречи, туку ќе помагала во развојот на „*сопствената држава*“ на македонското население. Во таа смисла владата направила семожни постапки пред Османлиската Империја и пред Големите сили. Но, Османлиската Империја од друга страна ја обвинувала Бугарија пред Големите сили, дека всушност таа поттикнувала и давала поддршка на револуционерното движење во Македонија, преку македонските комитети и преку чети, кои се формирале во Бугарија и се испраќале во Македонија. На тој основ, Османлиската Империја успеала да влијае на општественото мислење во Европа и врз дел од управувачките кругови кај некои држави.[345]

Поради тоа Големите сили кои сакале да го запазат мирот по секоја цена, вршеле постојан притисок врз Бугарија за да запре дејствувањето на комитетите,

---

[344] Исто. / Интересна е забелешката на бугарскиот премиер Р. Петров што ги смета Македонците за елемент кој бил економски штетен за Кнежеството.
[345] Исто.

формирањето на чети и да се преземат мерки за да се воспостави строга заштита на бугарско-турската граница. Затоа Бугарија, за да ја докаже својата коректност, активно ги зголемила пограничните војски. Од друга страна, Османлиската Империја охрабрена од притисокот врз Бугарија, решила да го задуши секое движење и преку тоа да ја казни Бугарија, поради тоа што сочувствувала и се застапувала за несреќното македонско население и покрај тоа што Бугарија веќе имала подготвена активна војска. Османлиската власт го зголемила редовниот состав на војската и распоредила голем број војници на турско-бугарската граница.[346]

Како контра мерка, владата на Р. Петров решила дополнително да ја вооружи војската, да ја снабди со дополнителни воени материјали и логистика и ги активирала резервистите. Но, Бугарија со тоа не сакала да го возбудува населението во Македонија и македонските бегалци во Бугарија, не сакала да гони агресивни цели, туку тие мерки биле преземени само како одговор на турските мерки. Доказ за тоа бил извештајот на конзул на една од Големите сили, дека и покрај сите мерки и влијанија на Бугарија да го запре избувнувањето на Илинденското востание, тоа било невозможно. Владата на Р. Петров сакала да биде во добри односи со Османлиската Империја, но добрите односи не можеле да зависат само од едната страна. Според Р. Петров, Бугарија направила сè што било возможно за да биде во пријателски и соседски односи со Османлиската Империја. Тие во неколку наврати ја уверувале Високата Порта дека имале намера да оддржуваат коректни и лојални односи со сизерната влада и дека ги употребувале сите мерки кои зависат од Бугарија за да се зачувал мирот на границата.[347]

Затоа владата на Р. Петров се надевала дека Османлиската Империја ќе ја поздрави таа политика и дека ќе прекине со прееследувањата на „*сродното население*“. Од друга страна Османлиската Империја исто така декларирала дека ќе биде во добри односи со Бугарија и повеќе пати ветувала дека ќе направи отстапки за „*бугарското население*“. Но, тоа биле само декларации, во реалноста ништо не се преземало. Од друга страна, според Р. Петров, Големите сили делувале премногу

[346] Исто.
[347] Исто.

бавно, затоа што тие требало да ги анализираат нивните интереси, да се уверат во состојбата на теренот, меѓусебно да се договорат, па потоа да направат постапки. Сето тоа би било искористено од Османлиската Империја и таа би имала шанса потполно да го истреби „*бугарското население*“, исто како што тоа го направила во Ерменија. Но, поради многу околности Турците биле задржани, додека Големите сили побрзале да се вмешаат во Македонија.[348]

Резултатите на дејствијата што ги преземала бугарската влада во иднина би ја докажеле нивната своевременост и целесобразност. Според Р. Петров, владата била задоволна со околноста дека со своите дејства извршила влијание за Големите сили да се заинтересираат за решавање на македонското прашање. Бугарската влада го следела со големо внимание македонското прашање и ќе направела сѐ што е во нејзина можност да ги обезбеди бугарските интереси.[349]

Говорот на Рачо Петров јасно ја отсликува бугарската политика кон Македонија и македонското прашање. Описот за македонското население дека е бугарско, поради „*истите*“ културолошки и општествени карактеристики ја потврдува бугарската политика за бугаризација на Македонците. Додека пак, со нагласувањето на отстапките кои Бугарија ги правела кон Османлиската Империја, тој докажува дека Бугарија немала никаква поврзаност со Илинденското востание. Со тоа докажува дека востанието е автохтоно и е кренато под знамето на ТМОРО, организација која го претставува македонскиот народ.

---

[348] Исто.
[349] Исто.

## 19. Формирање на Времениот комитет

По враќањето од европската турнеја како претставник на ТМОРО, Борис Сарафов ја искористил настанатата ситуацијата во која ЦК и ЗП на ТМОРО трпат огромни критики поради неуспехот на востанието и во почетокот на 1904 година во Софија формирал комитет под негова контрола наречен „Времен Комитет". Во Времениот комитет членувале Владислав Ковачев, Васил Чекаларов, Апостол Димитров, Пандо Кљашев и други. Целта на Сарафов била со формирањето на овој комитет да го занемари ЗП на ТМОРО и на тој начин да го преземе раководењето на македонското револуционерно движење. Времениот комитет постоел од 1904 година до средината на 1905 година.[350]

Борис Сарафов, користејќи ги своите врски во Европа, со сомнителните средства добиени како од бугарската, така и од српската влада, ќе се обиде да воспостави паралелна структура во рамките на ТМОРО која финансиски ќе зависи и ќе биде раководена од него. Неговите соработници биле многу подобро платени за разлика од останатите работници на ТМОРО. Тој самостојно испраќал чети во Македонија кои се бореле за превласт на териториите со месните чети на ТМОРО. Кога дел од неговите чети ја постигнале целта за да завладеат определени реони од Скопскиот револуционерен округ, со негова согласност српски чети започнале непречено да навлегуваат во Македонија и со тоа српската пропаганда значително се засилила.

Деецот на ТМОРО, Кирил Прличев, во неговите спомени ја опишал дејноста на сарафистите во овој период. Според Прличев, Сарафов се издигнал, возобновил и прославил со подвизите на другите „*македонски синови*" кои биле рамнодушни на неговите амбициозни планови и мегаломански стремежи. Тој бил член на главниот штаб на Илинденското востание, но тој исто така го украл востаничкото знаме и парадирал со него. Дволично и фамозно се произнел против „*крајната*

[350] Архив Христо Матов..., 161.

*централизација*“ во организацијата на ТМОРО, додека самиот претставувал сѐ што било апсолутистички авторитет и централизирана власт.[351]

Според К. Прличев, Сарафов потполно го искористил настанатиот психолошки момент. Тој мајсторски се приспособил кон новите услови во ТМОРО, апсорбирал приврзаници од сите теченија и пробал да се издигне над сите нив. Но, благодарејќи на фактот што никакви декларации и шармантни изјави не можеле да ги избришат лошите работи кои Сарафов ги направил кон македонското дело, невозможно било тој да се издигне на висока позиција во ТМОРО. Одредена група во ТМОРО ја хранела својата алчност со „*милостината*“ на Сарафов, која била фаворизирана од неговото влијание пред разни владини чиновници и државни службеници и била убедена од ветувањата за идни материјални придобивки. К. Прличев додава дека токму таа група биле сарафистите и тие претставувале уште едно зло во македонската организација.[352]

---

[351] 36 години във ВМРО, Спомени на Кирил Пърличев, София, 1999, 70.
[352] Исто.

## **20. Врховистите и ТМОРО на почетокот на 1904 година**

1. На 8 февруари 1904 година започнала руско-јапонската војна. Оваа војна индирекно ќе има големо значење врз процесите на Балканскиот Полуостров. Руската Империја зафатена со воените операции на Далечниот Исток нема да биде во можност активно да влијае кон македонското прашање како што тоа го правела дотогаш. Минималното присуство на Русија на Балканскиот Полуостров за време на војната ќе има големо влијание врз внатрещполитичките состојби во Османлиската Империја и во остнатите балкански држави.

Дел од македонската емиграција сакала да организира молитва за поддршка на Русите и нивен успех во војната. Но, Александар Протогеров во име на врховистите се искажал против таа идеја затоа што според нив, Македонците не требало да ја изгубат симпатијата кај „*западњаците*“ што ја стекнале со Илинденското востание. Поради ова противење на врховистите да искажат симпатија кон Руската Империја, тие биле обвинувани дека се русофоби воедно и соработници на министерот за внатрешни работи на Бугарија, Димитар Петков. Петков и припаѓал на Народнолибералната партија т.е. Стамболистите, кои се дел од русофобската струја во политичкиот живот на Бугарија. Во некои случаи генералот Иван Цончев е отворено обвинуван дека е „*жесток стамболовист*“.[353]

Во врска со тоа прашање, на една средба ЗП на ТМОРО, Христо Матов и Христо Татарчев тврделе дека министерството за внатрешни работи почнало да ги поддржува Цончевите луѓе, отпуштајќи им пари под предлог исплаќање на некакви средства. Матов и Татарчев тврделе дека тоа било параван позади кој и бугарските владини функционери се богателе за сметка на македонското дело. На истата средба ја критикуваат и владата на Рачо Петров поради тоа што сакала да потпише договор со Османлиската Империја за потполно да го запре делувањето на Македонците во Бугарија. Додека министерот за внатрешни работи Д. Петков бил обвинуван дека профитирал од македонското дело исто како поранешниот

[353] Е. Спространов, Дневник..., 367.

министер Радославов. Х. Татарчев изјавил: „*Нема потреба Петков да има фонд на шпиони и агенти, цончевистите без надоместок ја исполнуваат таа улога. По границите пребаруваат и предаваат се што ќе најдат*“.[354]

2. На 18 март 1904 година, нотиран е разговор помеѓу Симеон Радев и српскиот конзул во Австро-Унгарија. Симеон Радев е поранешен уредник на весникот „Le Mouvement Macedonien“ кој излегувал во Париз, Франција, и е еден од најголемите соработници на Борис Сарафов. Во разговорот С. Радев изјавил дека ТМОРО тежела исклучиво кон ослободувањето на Македонија, без да сака присоединување ниту кон Бугарија (како што сакала Цончевата организација), ниту кон Србија. Тој додал дека Македонците во тој период требало да мируваат, во спротивно можела да се случи судбината на Босна и Херцеговина.[355]

Во извештај од дипломатската агенција на Кралството Србија во Бугарија од 21 март 1904 година, направена е споредба помеѓу ТМОРО и врховистите. Во него се вели дека неуспешен бил обидот да се формира македонска емиграциона-федеративна организација. Зад тој неуспех стоеле приврзаниците на генералот Цончев, кои имале отворени врски и послушност спрема бугарската влада. цончевистите јавно сееле омраза кон членовите на ТМОРО и поради тоа немале симпатии кај Македонците. Последните биле разочарани и почнале со недоверба да гледаат кон бугарската влада и тие што ја воделе македонската политика во Бугарија. Поради таа состојба, немало да биде изненадување доколку Врховниот македонски комитет, кој формално бил распуштен, дека никогаш повторно немало да се состави. Во извештајот се предвидува и дека симпатиите на македонската емиграција би се свртеле кон ТМОРО. Имало гласини дека дел од работницте на ВМОК преминале во редовите на ТМОРО. Тоа се должело на односот на врховистите кон четниците, изгубената доверба во врховистите и затоа што тие не работеле како што работела ТМОРО, чии поважни членови не доаѓале во Бугарија на зимување, туку активно останувале во Македонија.[356]

[354] Исто, 370.
[355] Dokumenti o spoljnoj politici Kraljevine Srbije 1903-1914, t1, kn2, Februar 1904 – Decembar 1904, Beograd, 1998, 167.
[356] Исто, 190.

3. Во меѓувреме на 13 април 1904 година, официјално се распуштил Централниот комитет на ТМОРО во Солун. Одлуката била донесена од Димитар Влахов и Борис Мончев. Причини за таа одлука биле новите тенденции во ТМОРО за децентрализација во управувањето, изгубениот авторитет на ЦК и кризата по Илинденското востание и поделбата на фракции. ЦК во Солун по таа одлука се претворил во окружен комитет.[357]

[357] В. Ѓорѓиев, Подземната република..., 351.

## 21. Обнова на активностите на врховистите во Македонија во 1904 година

1. Врховистите во 1904 година имале извесна контрола во 3 реони во Македонија. Тоа се Г. Џумајскиот, Петричкиот и дел од Малешевскиот реон. Делумно влијание имале во Поројско и Гевгелиско. Одделни приврзаници на врховизмот повремено се среќавале и во други градови, како Битола и Прилеп. Врховистите во пролетта 1904 година ја засилиле својата дејност во реоните што ги контролирале и имале тенденција да завладеат нови реони во Серскиот и Струмичкиот револуционерен округ кои биле под контрола на ТМОРО.[358]

Четите на врховистите повторно почнале да се служат со истите методи, со кои се служеле од 1901 година во борбата против ТМОРО. Внатрешната организација повторно била „*мафија*“, а нејзините приврзаници „*коцкари*“, „*даскалчиња*“, „*крадци*“. Додека пак, ТМОРО ги обвинувала врховистите дека се „*лакеи на Фердинанд*“, „*подлизурковци*“ и „*торбари*“. Врховистите имале за цел да го истиснат влијанието на ТМОРО во реоните под нивна контрола, како и да ги завладеат Разлошко, Мелничко, Кресненско и Струмичко. Тие почнале да ги преследуваат селата кои биле под контрола на ТМОРО, раководителите „*централисти*“ и учителите. Најголема жестокост покажувале старите арамии – врховисти: Дончо Златков, Гоше Пелтекот, Атанас Чифлигарот и поранешните членови на ТМОРО, кои за да го избегнат судот на Организацијата преминале во редовите на врховистите. Оваа врховистичка банда се служела со заседи, измачувања, киднапирања со откуп, малтретирања во домовите на селаните, подметнување пожари и убиства. Омразата одела дотаму што тие им наредиле на потчинетите селани да немаат никаква трговија со „*коцкарите*“, да не се женат нивните деца со „*коцкари*“ и да не одат во црква во „*коцкарски села*“. Тие вршеле терор врз учителите поставени на служба со помош на ТМОРО.[359]

[358] Христо Силянов, Освободителнитѣ борби на Македония, т2, София, 1943, 381.
[359] Исто.

Врховистот Давитко Милчев го претепал учителот во с. Дебочица, Горноџумајско, затоа што и покрај тоа што врховистите му забраниле, тој продолжил да учителствува. Д. Милчев, исто така, му се заканил со смртна казна на учителот во с. Габрово во случај тој да го отворел училиштето. На сличен начин биле изгонети учителите од с. Русиново и други места.[360]

Од друга страна, Османлиската Империја не ги гонела четите на врховистите во Петричко, Џумајско и Малешевско. Преку тој факт се објаснува тактиката на Османлиите. Врховизмот е непријател на ТМОРО, затоа тие се оставени да и пркосат на организацијата и да прават штета на македонското движење, на ист начин како што тоа го правеле српската и грчката пропаганда во Македонија.[361]

Со обновувањето на Тајните офицерски братства од страна на врховистите во декември 1903 година, тие пробале да ја засилат својата агенда да играат водечка улога во македонското револуционерно движење. Врховистите имале намера тотално да го узурпираат движењето и да бидат негови претставници како во Бугарија, така и пред Големите сили. Преку коресподенцијата на генерал Цончев со неговите приврзаници се докажало дека нивните политички кредитори во Бугарија биле премиерот Рачо Петров и воениот министер Михаил Савов, зад кои стоел кнезот Фердинанд. Меѓутоа, претензијата на врховистите не можела да биде осуштествена. Реалноста била дека ВМОК бил заменет со македоно-одринските благотворни братства, а врховистите биле само бледа сенка на моќта што ја имале во минатото.[362] Но, и покрај тоа, тие ќе продолжат да делуваат и да бидат пакосни по македонското дело.

Главниот мотив да продолжат да делуваат биле Тајните офицерски братства, преку кои се надевале дека ќе го зголемат бројот на призаници како и финансиските ресурси. Но, офицерските братства ја немале таа моќ каква што ја имале во времето на ВМОК на Борис Сарафов. Поради строгата заповед во

---

[360] Исто, 382.
[361] 36 години във ВМРО..., 82.
[362] Светлозар Елдъров, Генерал Цончев..., 138.

бугарската армија да се спречат војниците да членуваат во македонското движење, невозможно било Тајните офицерски братства да се засилат.[363]

Иако на почетокот на 1904 година, голем број на врховистички војводи и бивши разбојници веќе биле во Македонија, врховистичката елита сеуште била во Софија. Во јуни 1904 година се одржала конференција во домот на потполковник Стефан Николов. На овие советувања се разговарало за начинот на кој требало да се продолжи нивната понатамошна борба. Дел од офицерите врховисти биле против директна конфронтација со ТМОРО, дел сакале да се вратат назад во армијата, а дел останале слепо лојални кон генералот Цончев. Во првата група припаѓале: Александар Протогеров, Илија Балтов и Љубомир Стоенчев кои биле против конфронтација со ТМОРО. На советувањата Васил Каназирев изјавил дека со евентуалното напуштање на врховистичките територии во Македонија, би изгубило „*бугарското население*“ иако на тој начин би се спречела „*братоубиствена борба*“. Иван Цончев одговорил дека врховистите немало да отстапат и борбата ќе продолжела со тие што ќе останат. Поради цврстиот став на Цончев, А. Протогеров се обраќа со писмо до него во кое одмерено го критикува дека бил своеглав и дека не ги слушал ниту советите на неговите најблиски соработници.[364]

По оваа конференција, голем дел од врховистите офицери се вратиле назад во бугарската армија. Меѓу нив биле: капетан Јордан Стојанов, капетан Александар Протогеров, поручник Љубомир Стоенчев, поручник Петар Дарвингов, потпоручниците Борис Стрезов, Константин Настев, Илија Балтов, Владмир Каназирев и Христо Танушев.[365] Веста дека најтесните соработници на Цончев се вратиле во бугарската армија, органот на ТМОРО „Револуционерен лист“ ја искоментирал на следниот начин: „*Овој факт уште еднаш го потврдува мислењето дека тие господа кои доаѓале тука со чети, доаѓале како чиновници*“.[366]

---

[363] Исто.
[364] Исто, 141.
[365] Исто.
[366] в. Революционненъ листъ, г1, бр1, 12.08.1904, Височайша заповедъ, 16.

2. Во летото 1904 година, во рускиот весник „Рус“ била објавена анализа на македонското револуционерно движење. Во статијата се објаснува дека Внатрешната организација била таа на која и принадлежела раководната улога во македонското ослободително движење. Додека пак, врховистите немале никаков одлучувачки глас. Потоа се додава дека потполно било установено „*делата на Внатрешната организација се во потполна независност од решенијата кои се донесуваат од македонските комитети во Бугарија. Тој факт значително ја усложнува борбата со македонското движење, како на Турција, така и за државите, кои ја презедоа тешката задача за смирувањето на Македонија*“.[367]

Анализата продолжува, доколку сѐ зависело од Комитетите во Бугарија т.е. врховистите, тогаш Османлиската Империја требало само добро да ја чува границата и да влијае врз Бугарија за да ја задуши дејноста на Комитетите. Исто така, Големите сили извршиле решителен притисок врз бугарската влада за да прекрати револуционерната агитација во Кнежеството. Таа за да ја тргне одговорноста од себе, направила многу за да ја забрани дејноста на Комитетите. Но, ништо од тоа не дало резултат, затоа што раководната улога во револуционерното движење не им припаѓала на комитетите/врховистите, туку и припаѓала на Внатрешната организација.[368]

3. Уште еден руски весник, „Ст. Петербурскія Ведомности“, го анализира македонското револуционерно движење. Според анализата, затишјето во македонското движење се карактеризирало поради пасивизирањето на Врховниот комитет на генерал Цончев. За ВК ништо не можело да се слушне, додека поголемиот дел од неговите видни членови се вратиле на служба во бугарската армија. Претходно офицерите доброволно дезертирале од армијата и се впуштале во борба, сега тие речиси сите се вратиле назад. „*Во самата Македонија и во месните македонски револуционерни организации, Врховниот к-т не е претставен*“. Во Македонија имало неколку приврзаници на врховистите, но тие биле второстепени дејци кои немале влијание. Внатрешната организација ги држела во рацете сите нишки на месното движење, на нејзе и биле потчинети сите

[367] в. Революционненъ листъ, г1, бр1, 12.08.1904, 7.
[368] Исто.

месни револуционерни организации и таа имала големо влијание врз населението, додека врховистите имале за цел само да дигаат востанија во Македонија.[369]

Врховистите немале никаква поврзаност со ТМОРО. Внатрешната организација го мотивирала и го одржувала духот на населението и го поттикнувала да ги искористи реформите што се воведувале во Македонија. Наспроти тоа, врховистите се откажале од секоја дејност која би можела да има значење за мирното и културно развивање на населението. Според анализата, врховистите имале една цел, а тоа било востанието и преку него да се ослободи Македонија. Тие биле непостојани во своето делување во македонското револуционерно движење и *„по некакво чудно совпаѓање, неговата дејност вообичаено се совпаѓа со плановите на кнежевскиот дворец“*.[370]

Врховистите сметале дека политичкото ослободување на Македонија можело да се постигне само преку востанички чети организирани од Бугарија, со цел да се предизвика војна помеѓу Бугарија и Османлиската Империја. Тие не се плашеле од спротивставените интереси на Големите сили, ниту од претензиите на Австро-Унгарија и Италија врз Стара Србија и Албанија, ниту од можниот пораз во една војна со Османлиската Империја, кој пораз би донел понатамошни катастрофи за словенското население во Македонија. Тие не се плашеле ни од потенцијалната австриска окупација, која можела да се случи доколку се усложнеле состојбите на Балканскиот Полуостров. Според весникот, ништо од тоа немало значење за врховистите, затоа што тие длабоко биле убедени во својата идеја. Таа идеја била дека автономијата на Македонија *„обесена на бугарски клуч“*, зависела од бугарската армија. Исто така, не се плашеле од војна со Османлиската Империја, поучени од примерот на грчко-турската војна, каде и покрај поразот на Грција, Османлиската Империја направила отстапки.[371]

4. На 16 и 17 април 1904 година, Струмичкиот револуционерен округ на ТМОРО одржал окружен конгрес. На тој Конгрес се разгледувале актуелните состојби во ТМОРО и идните насоки кој Струмичкиот округ требало да ги презеде. Меѓу

---

[369] в. Революционненъ листъ, г1, бр3, 17.09.1904, 9.
[370] Исто.
[371] Исто.

другото, на Конгресот биле осудени задграничните претставници на ТМОРО, Христо Матов и д-р Христо Татарчев бидејќи: 1) Преговарале и пробале да склучат договор со врховистите, иако претходно било решено да не се прават никакви компромиси со нив; 2) На своја сметка праќале чети на границата да се борат, а тоа покажувало дека одработувале за бугарската влада. На тој основ, ЗП на ТМОРО е обвинето дека ги нарушиле принципите и не ја запазиле самостојноста на Внатрешната организација.[372]

Јане Сандански како лидер на Серскиот округ, на 22 јуни 1904 година испратил писмо до жителите Грци на градот Мелник. Во него изјавува дека не требало Грците да гледаат на македоно-одринското прашање како на чисто бугарско прашање. Според него, Грците ја разбирале борбата како доминација на бугарската националност над другите, наместо како борба за еден слободен живот. Тоа не било така, зошто борбата која ТМОРО ја водела со врховистите претставувало нешто сосема спротивно на ставовите на Грците за македонското движење. Но, за таквите ставови тој не ги обвинувал жителите, туку официјалните политики на Грција и Бугарија. Непријателствата помеѓу населенијата во Македонија биле во корист само на Османлиската Империја. Бидејќи ја сметале Внатрешната организација за бугарска, кај Грците преовладувал ставот дека таа ги преследувала сите што не се Бугари, а тоа било далеку од вистината. Организацијата го казнувала секој оној, без да обраќа внимание од која народност е, доколку тој служи на Османлиската Империја. Вистина било дека Бугарија имала завојувачки стремежи кон Македонија, какви што имале и Србија и Грција, но Внатрешната Организација не била оружје за да се постигнат тие стремежи. Сандански додава: *„Таа дала премногу силни докази дека се заснова на интернационална основа и дека е сосема самостојна и независна. Многумина од вас се убедиле досега дека нашата кауза, која што треба да биде заедничка за сите нас, е сосема чиста од национализам. Не сакаме бугарска Македонија, туку Македонија за Македонците, Македонија ослободена од тиранијата!“.*[373]

---

[372] Ванчо Ѓорѓиев, Струмичкиот окружен конгрес на ТМОРО од 1904 година, сп. Историја, 2005, 69. / Вътрешна Македоно-Одринска революционна организация (1893-1919 г.), Документи..., 364.
[373] в. Революционненъ листъ, г1, бр3, 17.09.1904, 8.

Со активностите на дејците на Серскиот и Струмичкиот округ на ТМОРО се покажува противтежата на повторената врховистичка наезда во првата половина од 1904 година. Всушност, освен кратката „сплотеност“ за време на Илинденското востание, борбата помеѓу врховистите и ТМОРО на оваа територија на Македонија трае од 1901 година.

5. На 20 јуни 1904 година, австрискиот конзул во Битола, Август Крал, опишува врховистичка активност и агитации во тој град. Со поддршката на бугарскиот трговски агент во Битола, А. Тошев, врховистите кои се инфилтрирале длабоко во територијата на ТМОРО започнале да развиваат агитација кон локалните работници на Организацијата. Тие сакале да ги подведат под влијание на кнезот Фердинанд, да ја контролираат нивната дејност и да ги парализираат активностите кои не биле во нивен интерес. Август Крал додал дека тие имале цел Битолскиот комитет на ТМОРО требало да стане играчка во рацете на бугарскиот трговски агент. Таа акција била преземена од бугарската влада за да може постепено да ја потчини Внатрешната организација и да ја стави под своја контрола.[374]

Таа акција е исто така инспирирана и од генералот Цончев. Неговиот план бил врховистите да се втурнат и да зајакнат во внатрешноста на Македонија, паралелно со контролираните реони од нив, Горноџумајско, Малешевско и Петричко. За таа цел се назначувале врховистички приврзаници во различни градови, како што е примерот со д-р Димитар Владов кој бил назначен во Битола.[375]

Генералот Цончев исто така се надевал дека ќе добие помош од офицерите на бугарското воено разузнавање кои биле прекомандувани како секретари во трговските агенства во Македонија. Но, планот му бил осуетен затоа што трговските агенства ја промениле тактиката во нивното делување и започнале да соработуваат со компромитирани дејци на ТМОРО, а со тоа ги ставиле врховистите во втор план.[376]

6. Кон крајот на летото 1904 година, врховистите одново добиле наредба да ја напуштат војската. Оваа наредба била дадена од генералот Иван Цончев кој бил во

---

374 Ванчо Ѓорѓиев, Петар Поп Арсов. Прилог кон проучувањето на македонското националноослободително движење, Скопје, 1997, 153.
375 С. Елдъров, Генерал Иван Цончев..., 142.
376 Исто.

дослух со премиерот Рачо Петров и воениот министер Михаил Савов.[377] Практично, реактивираните врховисти требало да спроведат одредени мисии кои бугарската влада ги подготвувала во Македонија.

Во врска со новите активности на врховистите, деецот на ТМОРО, Михаил Герџиков, во в. „Револуционерен лист“ пишува дека ТМОРО мора итно да го реши односот со нив. Тој вели: „*Зад границата, особено во Софија, хиените на ослободителното дело почнаа да се гушат и да лејат крокодилски солзи за некакво зближување и заедничко дејствување*“. Според Герџиков, агентите на врховистите повторно ќе се појавеле на границата, вооружени од бугарската влада, испратени од амбициозни личности, со обележја на главата и еполети на рамењата со цел да го заблудуваат несреќниот роб и да го употребуваат како оружје за постигнување на „*користни и гадни цели*“.

Во Македонија и во Одринско веќе имало неколку врховистички чети. Според Герџиков, тие биле составени од најрасипаните типови, дел од нив биле исфрлени од ТМОРО. Доколку ТМОРО не нашла решение, бројот на врховистичките чети уште повеќе би се зголемил. Герџиков додава дека во тој случај ТМОРО би требала да се оттргне од својот чисто револуционерен пат, затоа што ќе требала да се занимава со истребување на врховистите.[378]

7. Во ноември 1904 година, Димо Хаџи Димов, прави анализа на врховистите и македонската емиграција во Бугарија. Според него, Бугарија со својот стремеж да го оствари идеалот за целокупна Бугарија, се спротивставила на девизата на ТМОРО, „*Македонија и Одрин за македоноодринците*“. Во Бугарија се создале три теченија во врска со Македоно-одринското прашање. Во првото течение преовладувале погледите и стремежите на елементи излезени од средината на слободната младина и учителството. Тие биле ослободени од секаков шовинизам со тоа што ги сфаќале правилно интересите на Бугарија и на Македонија и ја поддржувале ТМОРО. Од таа средина потекнале многу несебични и самопожртвувани борци за ослободителната кауза. Тие вложувале големи напори

[377] Исто, 140.
[378] в. Революционненъ листъ, г1, бр6, 18.11.1904, Трибуна, 5.

за да го убедат бугарскиот народ дека идеалот за целокупна Бугарија е неостварливо зло кое можело економски да го разори Кнежеството и дека тоа било насочено спротивно на вистинските интереси на Македонија и Одринско. После востанието, приврзаниците на тоа течение молчеле. Според Димо Хаџи Димов, тоа можеби се должело на фактот дека ЦК и ЗП на ТМОРО по востанието со нивните политики биле на патот да започнат да одработуваат за каузата „*целокупна Бугарија*“.[379]

Во второто течение се изразувале погледите и стремежите од средината на чиновништвото, офицерството, духовенството, трговците и претприемачите. Оваа група која се фокусирала само на своите егоистични интереси, биле поддржувачи на идејата за целокупна Бугарија. Тие не правеле избор на средствата за да се обидат да ја направат ТМОРО оружје во рацете на бугарската влада. Според Д. Хаџи Димов, тие „*подли и егоистични елементи*“ секогаш мислеле како што мислела Бугарија. Затоа што идејата за „*национално обединување*“ служела за унапредување и актуелизирање на офицерството и военштината. Под оваа девиза офицерството можело да живее удобно на сметка на работните жители во Кнежеството. Од друга страна духовенството не можело да просперира освен при силен милитаризам и неуко население. Затоа тој дел од македоно-одринската емиграција гледал благопријатни услови во националната политика на Бугарија. Затоа емигрантите, кои не сакале ништо да жртвуваат за ослободувањето на Македонија, вложувале надежи во бугарската армија и ја поддржувале. Додека пак, доколку ја држеле страната на ТМОРО, тие би требало да дојдат назад во својата татковина и таму на терен да работат и да умрат за нејзиното ослободување.[380]

Третото течение го образувале кнезот Фердинанд заедно со неговите најблиски приврзаници. Според, Д. Хаџи Димов, тој не можел да дозволи полно политичко сознание и економски расцвет на населението во Кнежеството, зошто тие социјално-општествени моменти биле контрадикторни со растот на тронот и неговата династија. Тој учествувал во македоно-одринското прашање за да докаже пред светот дека бил гарант за мирот на Балканскиот Полуостров. Втората причина била, преку револуционерното движење да добие територијални придобивки за

[379] в. Революционненъ листъ, г1, бр7, 1904, Трибуна, 6.
[380] Исто.

својата династија. Димо Хаџи Димов ја завршува својата анализа со тоа што вели дека македоно-одринските друштва во Бугарија кои го сочинувале Врховниот комитет, биле составени од членови привразаници на второто и третото течение кои биле погубни за ослободителното дело.[381]

8. Органот на ТМОРО, весникот „Револуционерен лист" редовно ги бележи активностите и методите на врховистичките чети во Македонија во 1904 година. Прва задача на четите на генералот Цончев била да ги преследуваат попросветните и попознатите членови на ТМОРО. Потоа, тие ги преследувале сите селани кои соработувале со Внатрешната организација. Врховистите исто така присилно ги терале селаните да ги предаваат четите на ТМОРО на османлиската власт. Таков пример бил кога врховистот Анастас ги натерал селаните од с. Будинарци да предадат чета на ТМОРО. Четата била пронајдена од Турците и била нападната и уништена. Потоа се создала нова чета, а врховистите измачувале еден селанец за да им ја посочи локацијата на четата на ТМОРО, по што ја нападнале и уништиле. Според деецот на ТМОРО под псевдоним Малешевец, авторот на овој извештај, врховистите Анастас и Бакалов го убиле и раководителот на ТМОРО во с. Добри Лаки, Петричко, затоа што одбил да им се потчини на нивните ајдучки наредби. Тие не застанале со своите зулуми, во с. Игуменец, Петричко, изгореле 5 куќи и убиле жена и дете, затоа што селаните не ги пречекале добро. Врховистите Дончо, Анастас и Бакалов јавно говореле дека имале заповед да ги убиваат членовите на ТМОРО.[382]

Потоа извештајот продолжува со обвинувањето дека врховистите „*ја исмукуваат и последната капка крв на робот*". Секој поимотен селанец бил должен да им дава од 5 до 20 лири, доколку сакал да биде спокоен. Во случај кога врховистите не добивале пари, тие го краделе накитот на жените. Селанецот Трајко Лангов од с. Чифлик, бидејќи немал пари да им даде, врховистите го одзеле целиот накит на неговата снаа. Четникот Анастас во с. Чифлик барал да му се предаде и

[381] Исто.
[382] в. Революционненъ листъ, г1, бр7, 1904, Писмо от Малешевско, 12.

црковната каса. Додека во с. Ратево, тој ги претворил селаните во свои чифлигари.[383]

Врховистите Дончо, Миладин, Пелтекот, Анастас и Мицов украле пари и предмети кои чинеле повеќе од 100 лири од селаните во месноста Црн Дол. Тие исто така оделе во с. Русиново и ги прогонувале учителите. На селанецот К. Василов му ја расцепиле главата затоа што се осмелил да им каже дека немале право да ги гонат учителите, бидејќи учителите ги просветлувале селаните. После целиот терор им предложиле на селаните на Русиново да им дадат 500 лири доколку не сакале да им доаѓаат во селото. Според Малешевец, врховистите од една страна ги преследувале поразбудените членови на ТМОРО, од друга страна ги ограбувале веќе соголените македонски робови. Тие го вршеле истото, што османлиската власт го вршела врз населението.[384]

Со овие активности, врховистите во 1904 година не претставуваат ништо поразлично од четите на грчката и српската пропаганда кои заедно со османлиската власт вршат терор врз месното македонско население. Врховистите кои во текот на целиот историјат дотогаш се труделе да бидат „*главни*“ во одбраната на македонското население се претвориле во едни од неговите најголеми непријатели.

---

[383] Исто.
[384] Исто.

## 22. Дипломатски извештаи за состојбата во македонското революционерно движење во 1904 година

1. Во телеграмата од српскиот дипломат во Софија до Министерството за надворешни работи на Србија од 21 август 1904 година, се опишуваат непријателствата помеѓу врховистите и ТМОРО, како и односот на бугарската влада кон Македонија. Во неа се вели дека раздорот помеѓу надворешната организација (врховистите) и внатрешната организација (ТМОРО) сеуште траел. Врховистите воделе усмена и писмена кампања против ЗП на ТМОРО во Бугарија. Во Бугарија генералот Цончев, полковниците С. Николов и А. Јанков, а во Македонија д-р Владов во Битола и Г. Белев во Солун, агитирале против Внатрешната организација и ја нарекувале „*мафија*". Дипломатот Јовановиќ претпоставува дека сеуште не дошло до отворена борба помеѓу двете организации бидејќи ТМОРО не сакала да го компромитира револуционерното дело со вооружени меѓупресметки и затоа што генералот Цончев немал поддржувачи од другата страна на Рила.[385]

Дипломатот известува дека на 8 август 1904 година бил свикан состанок во домот на задграничниот претставник на ТМОРО, д-р Христо Татарчев на кој присуствувале Христо Матов, Анастас Лозанчев, А. Наумов, Андреј Љапчев, генерал Иван Цончев и полковниците Анастас Јанков и Стефан Николов. На овој состанок бил поканет и Борис Сарафов заедно со неговите приврзаници, но последниот не сакал да присуствува. На состанокот била составена комисија за да го „*проучи целото прашање во врска со недоразбирањата и да реферира на следниот состанок*". Другиот состанок се одржал на празникот Голема Богородица, но и тогаш не било договорено ништо.[386]

Според дипломатот Јовановиќ, се планирало да се формира македонски револуционерен комитет во Женева чиј претседател требало да биде Дамјан Груев. Исто така, се размислувало да се назначи посебен делегат, претставник на ТМОРО и во Белград, затоа што меѓу Македонците почнувало да се приметува дека не била

[385] Dokumenti o spoljnolj politici Kraljevine Srbije 1903-1914..., 503.
[386] Исто.

само Бугарија државата од која секогаш требало да се бара помош и дека македонското прашање не можело да се реши без Србија. Србија од своја страна почнала повеќе да обрнува внимание на македонското движење.[387]

Идните планови на ТМОРО биле да ги вратат работниците внатре во Македонија и да испраќаат луѓе и оружје кои ќе го одржуваат револуционерниот дух кај македонскиот народ. Меѓутоа, според дипломатот, тие планови биле исти со плановите на Министерот за внатрешни работи на Бугарија, Димитар Петков. Петков бил добро информиран, а неговите луѓе ги следеле чекорите на сите револуционери кои работеле во Бугарија. Бугарските трговски агенти во Македонија испраќале слични тврдења. Јовановиќ предвидувал дека до пролетта 1905 година немало да има никакви бунтови во Македонија.[388] Иако дел од предвидувањата на српскиот дипломат нема да се остварат, сепак неговото согледување за антагонизмот помеѓу ТМОРО и врховистите е вистинит.

2. Во друга телеграма од 25 август 1904 година, српскиот дипломат во Русија исто така пишува до српското министерство за надворешни работи за состојбата во македонското револуционерно движење. Според него, кнезот Фердинанд имал голем страв од Македонците. Неговата сила била со тоа што потполно стоел на гледиштето на бугарските шовинисти кон македонското прашање. Разликата во погледите на чистите Македонци и бугарската пропаганда избила во јавноста уште со расцепот на ВМОК на две фракции, а со текот на времето станувала поосетлива и пореална. Кога се говорело дека поделби во движењето немало, тоа било затоа што приврзаниците на Комитетот Михајловски-Цончев го изгубил теренот кај Македонците и сам по себе постепено исчезнувал.[389]

Во телеграмата се додава дека и двата Комитети (ТМОРО и ВМОК) барале привидно едно исто, а тоа било автономија за Македонија. Разликата помеѓу нив била во тоа што за ТМОРО автономијата е крајно и дефинитивно решение, додека за врховистите тоа било само преодна фаза, која имала за цел да ја подготви анексијата на целата Македонија од страна на Бугарија. За тоа време, Македонците

---

[387] Исто.
[388] Исто.
[389] Исто, 515.

дошле до целосно сознание за својата моќ и своите права. Тие сакале во борбата за ослободување да се определуваат сами слободно. Од друга страна, бугарските шовинисти секогаш сакале да работат за интересите на чисто бугарската политика. Исто така, кнезот Фердинанд во никој случај не сакал да ја испушти можноста да раководи со целото револуционерно дело.[390]

3. Забележана е изјавата на бугарскиот дипломат во Истанбул, Григор Начович, во која тој го анализира македонското револуционерно движење и последиците од истото врз Бугарија. Според Начович, ниту неговата влада, ниту егзархот Јосиф ја одобрувал работата на комитетите. Ниту самите македонски комитети во Бугарија чии водачи биле Михајловски, Цончев и Татарчев, не ја одобрувале работата на „*неколкумина безумници и интернационалисти*“, кои на своја рака го подгревале народот во Македонија. Според Г. Начович, доказ за тоа бил органот на македонската организација во Бугарија, весникот „Реформи“, кој овие комитети одамна ги нарекувал „*разбојници*“.[391]

Г. Начович се залагал пред османлиските власти дека против тие „*разбојници*“ енергично ќе делува. Но, според него имало многу знаци дека самата турска власт фаворизирала создавање на бугарски чети, затоа што немало друг начин да се разбере зошто османлиската власт не преземала ништо против нив. Начович прашувал: „*Во која друга земја би можело да се случи разбојништвата толку долго да траат, а разбојниците да не се арестуваат или убијат?*“. Г. Начович исто така го бранел егзархот Јосиф дека им препорачувал на бугарските владици и директорите на бугарските школи да не поставуваат за свештеници и учители, луѓе кои биле злонамерни и компромитирани. Но, Начович константирал дека ниту владиците, ниту директорите имале влијание над оние револуционери и националисти, кои не знаеле за вера и народност, кои го тргале од патот сè што им смета за изведување на нивната револуционерна програма.[392]

4. На 22 декември 1904 година, српскиот дипломат во Софија, Светислав Симиќ, испраќа опсежен извештај до српскиот премиер Никола Пашиќ во врска со

---

[390] Исто.
[391] Исто, 624.
[392] Исто.

состојбите во Македонија, Бугарија и македонското револуционерно движење. Во извештајот се вели дека во македонското движење владеел раздор и дека бугарската влада работела во насока да ја дофати во свои раце врховната управа над револуционерната организација. Односите помеѓу Македонците сеуште биле во стадиумот на вриење и неодреденост. Сеуште не можело да се знае дали Македонците ќе успеат да постигнат согласност и единство во работата. Македонските револуционери биле разбиени на неколку фракции, чии претставници се бореле за предимство и раководна улога.[393]

Неуспехот на Илинденското востание била главна причина за заемните обвинувања и поделбата на фракции. До востанието имало две главни групи: врховистите, предводени од генералот Цончев и централистите, предводени од Х. Татарчев, Х. Матов, Б. Сарафов, В. Чекаларов, Д. Груев, Ѓ. Петров и други. Меѓу врховистите и централистите имало разлика. Генерал Цончев бил сметан за претставник на политичките тенденции на кнезот Фердинанд и бугарската влада, додека пак централистите, спротивно на бугарските националистички тенденции на врховистите, се истакнувале како поборници на политичкиот и националниот сепаратизам базиран на принципот „*Македонија за Македонците*" и автономна Македонија.[394]

Симиќ додава дека во изминатиот период централистите се разбиле на повеќе фракции. Една групација предводел Борис Сарафов, втората била околу Х. Татарчев и Х. Матов, третата била околу Д. Груев која имала најмногу релации со работниците во Македонија и четвртата била анархистичка групација во која спаѓале П. Поп Арсов, М. Герџиков и други. Четвртата групација се групирала околу в. „Револуционерен лист". Српскиот дипломат продолжува со анализата велејќи дека македонските дејци во Софија со нивното делување почнувале воопшто да не се разликуваат од врховистите – цончевисти. Речиси сите претставници на сите фракции се повеќе се истакнувале како националисти, незадоволни од приликите се помириле со политичкиот сепаратизам. Според Симиќ, веќе автономијата не ја

[393] Исто, 803.
[394] Исто.

гледале како преоден степен, туку ја гледале низ призмата на духовно и национално бугарско обединување.[395]

Симиќ известува дека доколку се измазнеле начелните разлики помеѓу врховистите и централистите ќе дошло до дефинитивно помирување. Такви обиди имало и тие биле симпатично прифатени од бугарската јавност. Тоа значело дека бугарската влада сакала да ги помири. Кога Дамјан Груев пристигнал во Софија, опозицијата сакала да му приреди банкет на кој би биле поканети претставници од сите македонски фракции. Но, банкетот не се случил затоа што се сфатило дека не можело да дојде до помирување.[396]

Генералот Цончев во името на врховистите поставил услов началници на реоните да бидат офицери, негови приврзаници. Додека пак, самиот Цончев сакал да биде назначен во Софија како еден од задграничните претставници на ТМОРО. Но, ниту една централистичка фракција не сакала да слушне за овие услови. Татарчев и Сарафов го одбиле, додека Д. Груев неуспешно се обидувал да најде средина. Централистите му одговориле на Цончев, доколку му значело македонското дело, тој требало без било какви услови да премине во Внатрешната организација. На врховистите би им била одредено место и улога, според тоа што ТМОРО мисли за каде би биле тие најпотребни. Ваквите позиции биле причината за неуспехот во обидот на помирување.[397]

Извештајот продолжува со анализа на самата ТМОРО. Според српскиот дипломат главната борба се водела помеѓу Борис Сарафов и задграничните претставници на ТМОРО, д-р Христо Татарчев и Христо Матов. Главна причина за недоразбирањата било прашањето за реорганизација на ТМОРО. Проектот за децентрализација на Внатрешната организација преовладувал.[398]

---

[395] Исто. / Оваа анализа на крајот на 1904 година ги забележува пипците на бугарката политика кон македонското револуционерно движење. Бугарија го создава II политичко одделение при Министерството за надворешни работи на Бугарија чија главна задача ќе биде преземање на македонското револуционерно дело, бугаризацијата на Македонија и подготвувањето на Македонија за идната анексија од Бугарија. Голем дел на видните дејци на ТМОРО уште во 1904 година, на индиректен или директен начин ќе почнат да соработуваат со бугарската држава.
[396] Исто.
[397] Исто.
[398] Исто.

Симиќ исто така ја следел „*четвртата група, анархистите*“ (Серската револуционерна група) во рамките на ТМОРО. Таа група била собрана околу в. „Револуционерен лист“ кој од почетокот излегувал со согласноста на Татарчев и Матов, но од петтиот број на весникот, групата се дистанцирала од задграничните претставници. Според нив, реорганизацијата на ТМОРО требало да се изврши на следниот начин: 1) Централизацијата на организацијата не можела да обезбеди интернационален карактер. Само доколку ТМОРО била интернационална, би можела да ги привлече сите синови на Македонија без разлика на народноста; 2) Внатрешната организација требала да биде интернационална и федеративна. Интернационална, затоа што тоа била неопходна состојба поради реалните прилики и разноликоста на населението. Федеративна, затоа што само како таква ќе можела да го расее длабоко вкоренетиот сомнеж, кој бил предизвикан од дотогашната револуционерна работа; 3) Само кога ТМОРО би се базирала на тие принципи, тогаш би можела да биде непристрасна во своите смртни пресуди. Бидејќи имало луѓе, кои вршеле предавнички услуги, не поради материјални награди, туку затоа што сакале да го спречат населението да потпадне под власт на организација која работела за Бугарија. Само врз таков принцип би можела да воспостави неколеблива доверба помеѓу народот, дека таа не била бугарска, туку била македоно-одринска. Дека не ги загрозувала, туку ги почитувала и уважувала правата на малцинствата. Дека се борела и ќе се бори за слободата на сите. На тој начин, би ги натерала и околните народи да ја помагаат, а населението би било воспитувано на една федеративна управа по примерот на Швајцарија.[399]

Сите фракции на ТМОРО испраќале свои чети во Македонија. Тој пример го следеле и врховистите на генералот Цончев за да не заостанат зад своите противници. Поради тоа што немале влијание во пределите подалеку од бугарската граница, фокус на врховистите била Пирин планина. Приврзаниците на Цончев се фалеле дека располагале со 2000 пушки бедранки и дека се подготвувале повеќе бугарски офицери повторно да навлезат во Македонија.[400]

---

[399] Исто.
[400] Исто.

Според Симиќ, одамна било познато дека бугарската влада се трудела да ја стави под своја контрола ТМОРО и да ја направи орудие за извојување на своите државни политики. Обидот во 1901 година со генералот Цончев не успеал. Македонците осудувачки го одбиле тој обид, кој довел до крвави пресметки низ Македонија до почетокот на Горноџумајската провокација. Тоа „востание“ било и главна задача за генералот Цончев да стане „*македонски херој*“. Тоа што не успеало тогаш, повторно започнало да се прави. Оставени без средства и без можност до нив лесно да се дојде, македонските првенци се упатиле да бараат потпора од бугарската влада, а таа ги финансирала речиси сите фракции на ТМОРО. Врзувајќи ги за себе со тие субсидии, бугарската влада имала влијание врз нивната работа. Тоа во тој момент претставувало навистина оружје за бугаризација на Македонија, целта по која одамна се тежнеело. За да се развијат повеќе системи и поактивна да биде бугаризацијата во Македонија, во Министерството за надворешни работи на Бугарија се основало посебно одделение, на кое според Симиќ прв раководител бил А. Радев, кој бил поранешен министер за правда и Македонец по род. Првично за раководител бил планиран Н. Наумов, поранешен секретар на бугарското трговско агенство во Скопје и автор на книгата „Македонија и Одринско за време на востанието“. Меѓутоа тој поставил услов Министерството само со материјали и дипломатија да ја помага ТМОРО, не да управува со неа. Симиќ вели: „*Самиот факт што тој не е наименуван за шеф, покажува дека не само што тој услов е спротивен, туку тој треба да биде главна задача на ова одделение*“. Во МНР на Бугарија често биле забележувани генералот Иван Цончев, Борис Сарафов и Христо Татарчев, но таму чекале во различни одделенија.[401]

[401] Исто.

## 23. Врховистите и ТМОРО во втората половина на 1904 година

1. На 13 октомври 1904 година, задграничниот претставник на ТМОРО, Христо Матов, испратил писмо до поранешниот задграничен претставник, Димитар Стефанов, во кое тој се замолува да дојде во Софија и да го редактира органот на ТМОРО, весникот „Революционерен лист". Со овој гест, Х. Матов сакал преку соработката со Д. Стефанов да даде впечаток дека ЗП на ТМОРО ќе биде во унисон со групата од Серскиот револуционерен округ на која Д. Стефанов и припаѓал. Но, оваа покана ќе биде одбиена од Димитар Стефанов.[402]

2. На 14 октомври 1904 година во Софија се одржале советувања помеѓу видни личности на ТМОРО. На советувањата биле: д-р Христо Татарчев, Христо Матов, Иван Гарванов, Михаил Герџиков, Сава Михајлов, Ѓорче Петров и други. Х. Матов ја искажал потребата дејците на ТМОРО да дојдат до решение како да постапуваат со врховистите, па доколку тоа би се случело на овие советувања, одлуката требала да се испрати до видните дејци и сите окрузи на Внатрешната организација во Македонија. Откако окрузите ќе го дадат својот став, со гласање требало да се одлучи за понатамошната политика на ТМОРО кон врховистите привржаници на генералот Иван Цончев.[403]

Ставот на Михаил Герџиков бил дека ЗП на ТМОРО требало да објави отворена војна со врховистите и сарафистите, во меѓувреме да ги одбегнува влијанијата на бугарската влада и бугарските партии. Сите работници на ТМОРО требало да заминат внатре во Македонија, да ја вратат хармонијата во Организацијата и да постават препреки за секакво навлегување од надвор без контролата на ТМОРО.[404]

Иван Гарванов дал предлог, ЗП на ТМОРО да се зголеми со уште пет души, кои имале влијание врз видни војводи или раководители внатре. Тој имал став да се создаде ново раководно тело кое самостојно ќе го реши прашањето со

---

[402] Архив Христо Матов..., 213.
[403] Ванчо Ѓорѓиев, ВМРО Поглед низ документи (1904-1908), Скопје, 2020, 172.
[404] Исто.

врховистите и сарафистите и дали тие требало да се примат во ТМОРО. Тоа тело требало да функционира до избирањето на легитимно ЗП од окрузите на ТМОРО внатре во Македонија.[405]

Д-р Христо Татарчев бил на иста линија со Христо Матов и Иван Гарванов. Според него, прашањето со сарафистите и цончевистите требало да се реши од внатре од окрузите на ТМОРО во Македонија. Додека пак, Ѓорче Петров бил на став со взаемна добра волја помеѓу соработници на ТМОРО и сарафистите да се образува привремено тело без цончевистите.[406] Ѓорче Петров можеби ја држел оваа линија затоа што бил под дирекна субсидија и зависел од средствата што Борис Сарафов му ги давал со одлуката на неговиот Времен комитет од 21 август 1904 година.[407]

Димитар Стефанов бил на мислење, Сарафов како еднаш прифатен во ТМОРО, да се третира како таков и да не изостанува од заседанијата. Сава Михајлов велел односите со Сарафов требало да останат status quo додека не се произнела внатрешноста, а во врска со цончевистите, според него, доколку тие се согласеле со принципите на ТМОРО би биле добредојдени, под услов да ги денунцираат своите војводи кои што биле осудени од ТМОРО. Димитар Мирчев бил против Сарафов, кој според него, застранил од принципите на Внатрешната организација и требало да се преследува. Д. Мирчев предложил да се изберат внатре во Македонија, едно или две лица од групата на Цончев кои би влегле во постојаното Задгранично претставништво. Христо Поп Коцев бил на мислење да се формира едно Претставништво во кое би биле вклучени лица од сите теченија. Но, лично исклучени да биле само Борис Сарафов и Иван Цончев.[408]

Петар Поп Арсов изјавил дека примарен услов било да се преземат сите мерки или за сплотување или за парализирање на сите теченија во Софија, затоа што тие влијаеле и на внатрешните поделби во Македонија. Потоа, да се формира едно Претставништво составено од лица кои имале доверба кај војводите и раководителите од Македонија. Тоа Претставништво требало со компромиси да се

---

[405] Исто.
[406] Исто.
[407] Вътрешна Македоно-Одринска революционна организаця (1893-1919 г.). Документи..., 353.
[408] В. Ѓорѓиев, ВМРО Поглед низ документи (1904-1908)..., 173.

погрижи да ја ангажира емиграцијата и општеството во Бугарија, било да е тоа преку цончевистите, братствата и друго. Но, тие компромиси не требало да бидат за сметка на Внатрешната организација. Кирил Прличев изјавил дека без согласност од Македонија, во никој случај да не се тргне во спогодба со врховистите – цончевисти.[409]

Сепак овие советувања нема да донесат никаков резултат. Овие дејци околу ЗП на ТМОРО повеќе не биле моќни да се наметнат и да ги спречат активностите на сарафистите и на врховистите. Сарафистите продреле скоро во сите краишта на Македонија со свои чети, додека врховистите се повеќе се утврдувале во пограничните реони во Македонија: Петричко, Малешевско и Горноџумајско. Единствената сила која можела да им се спротивстави на овие две групации била Серската револуционерна група на ТМОРО. Таа ќе биде единствената која ќе се бори активно за Автономна Македонија како цел, која подоцна би се издигнала во Независна Македонија.

3. Поради поделбата на ТМОРО на повеќе фракции, лошата ситуација после Илинденското востание, распуштањето на ЦК на ТМОРО, големите критики што се упатени до ЗП на ТМОРО и поради други причини, задграничните претставници Христо Матов и д-р Христо Татарчев на 4 декември 1904 година поднеле оставка која ефективно стапила на сила на 1 јануари 1905 година.[410]

Во писмо од 12 декември 1904 година, од соработникот на ТМОРО, Анастас Лозанчев до Димитар Ризов, бугарскиот дипломат во Цетиње, Црна Гора, исто така се опишувала состојбата во македонското револуционерно движење кон крајот на 1904 година. Во него се вели дека работите по македонското дело оделе лошо, тоа било една од причините што задграничните претставници си дале оставка. Ситуацијата била хаотична поради сарафистите, цончевистите и сите што можеле да делуваат на своја глава. Во меѓувреме бугарската влада *„ловела риби во матна вода*“ и доколку работите не се уределе, дејците на ТМОРО би требало да се простат од независноста на Внатрешната организација. Според Лозанчев, ТМОРО би била

---

409 Исто.
410 Архив Христо Матов..., 218.

силна се додека била независна. И покрај развратот во Бугарија помеѓу фракциите, во Македонија работите по делото не врвеле лошо.[411]

На 20 декември 1904 година, од Кожув, четите на ТМОРО од Гевгелиско, Воденско и Еницевардарско испратиле писмо до ЗП на ТМОРО со кое бараат оставка од задграничните претставници. Овие чети, бидејќи се во внатрешноста на Македонија не биле информирани дека претходно д-р Христо Татарчев и Христо Матов поднеле оставка. Една од причините за барањето оставка, според војводите на четите, е компромисот што ЗП го правел со врховистите. Во писмото за оставка се вели дека ЗП на ТМОРО се предало во рацете на владата на Стамболовистите (народнолибералната партија) со тоа што ја искористиле силата на Внатрешната организација за да и помогнат на партијата за време на парламентарните и локалните избори во Бугарија. Тоа било голема злоупотреба на чистотата и чесноста на ТМОРО, од која и бугарските граѓани биле збунети и кои биле убедени во нејзината независност. За време на изборите во некои средини настанале и крвопролевања, тоа било непростливо. Потоа четите и војводите на ТМОРО го обвинуваат ЗП за правењето компромиси со српскиот шовинистички комитет и со врховистите. Им се дало слободен пат на нивните чети, кога се знаело дека ТМОРО се декларирала против странските пропаганди. Тие додаваат: „*Што се постигна од компромисот со врховистите? – само изневера, а потоа загуба на оружје и материјални средства*“. Тие го обвинуваат ЗП дека директно и индиректно ја засилиле структурата на Борис Сарафов во ТМОРО. Војводите биле против потенцијалното ново присилено востание, кое би било уште една катастрофа. Имало план како партизански да се делува кога околностите би биле погодни, но доколку ЗП инсистирало на изнасилено востание, четите и војводите би гледале во задграничните претставници како на опасни непријатели на Внатрешната организација.[412]

[411] В. Ѓорѓиев, ВМРО Поглед низ документи (1904-1908)..., 181.
[412] Исто, 190. / Писмото го потпишале војводите на ТМОРО: Андон Ќосето, Серменински, Лука Иванов и Апостол Петков.

# V

## 24. Војна помеѓу врховистите и ТМОРО во 1905 година

1. Во декември 1904 година во Струмичко навлегла четата на врховистот потпоручник Асен Партениев. По него влегла и четата на Никола Лефтеров. Врховистите кои иако за кратко биле назад во армијата, тие повторно ја напуштиле со цел на крајот од 1904 и почетокот на 1905 година да можат да навлезат во Македонија. Оваа нивна акција била во дослух со бугарскиот премиер Рачо Петров и воениот министер Михаил Савов. Врховистите офицери повторно станале лидери на врховистичките чети кои дотогаш создале бази во Горноџумајскот, Петричкиот и Малешевскиот реон.[413]

Поради навлегувањето на чети од бугарска граница, турската војска како контрамерка прави разни маневри и прераспределувања за поголемо концентрирање на војска на турско-бугарската граница. Од Драма биле испратени два табора кон Неврокоп, од Сер биле испратени три или четири табора кон Горна Џумаја. Бродовите на реката Места и мостовите биле заземени со силни воени постови. Слични мерки османлиската војска спровела и по течението на реката Вардар.[414]

За истата цел биле испратени војски по селата. На тој начин, низ цела Македонија се простирала мрежа од постови и гарнизончиња, кои имале задача да бдеат над четите, додека ловџиските дружини во лесни одреди крстосувале и ги гонеле. Тоа бил начинот на кој раководителот со османлиските војски во Македонија, Назир паша, сметал да ги уништи четите. Комуникациите меѓу селата и градовите биле проретчени, селаните не смееле да отидат на пазар, затоа што насекаде ги чекале *„царските разбојници“* за да ги ограбат и претепаат. Градовите биле пусти, селата мртви, патиштата празни. Трговијата била во стагнација.[415]

---

[413] С. Елдъров, Генерал Иван Цончев..., 140.
[414] в. Реформи, г7, бр5, 18.12.1904, Изъ Македония, 1.
[415] Исто.

2. Во писмо од војводата на ТМОРО, Сандо Китанов, од 12 март 1905 година до в. „Револуционерен лист“ можат да се видат деструктивните активности на врховистите во Серскиот и Струмичкиот револуционерен округ. Во него се вели дека во другите окрузи биле присутни српски и грчки чети, додека во Серскиот и Струмичкиот округ биле присутни врховисти. Врховистите кои од населението биле наречени „*торбари*“ го започнале својот терор над оние кои не се согласувале со нивните замисли. Во Петричко, каде населението пропиштело од нив, се собрале околу 150 души врховисти.[416]

Тие речиси го упостошиле петричкиот крај, па решиле своите разбојнички активности да ги прошират во Струмичко. „*Храбриот*“ бугарски офицер Асен Партениев навлегол во Струмичко. Неговата агитација не се разликувала од агитацијата на другите „*торбари*“: „*Русија и Бугарија ќе не ослободат, а Бугарија ќе даде пушки без пари*“. Но, А. Партениев не можел да ја постигне целта и се вратил во Бугарија. После него, во Струмичко влегле други врховисти кои го нарекувале страшливец, зошто не врвел напред да ги презема реоните на ТМОРО. Но, ниту тие не успеале да ја прошират врховистичката територија.[417]

Војводата Сандо Китанов известува дека неговата чета решила да ги пушти повнатре во неговиот реон, потоа тие биле одбиени и 15 часа патувале за да се вратат назад од каде што дошле. Четите на ТМОРО ги пресретнале со силен оган. Потоа, врховистот Н. Лефтеров со неговата чета сакал да се одмазди и да ги уништи селските раководства на ТМОРО во околните села. Тој во село Нивичино сакал да го истреби раководното тело, да ја изгоре куќата и да ги заколе децата на пунктовиот началник на ТМОРО, Атанас Цонев (Нивички). Сепак, планот му бил осуетен. Врховистите успеале да ги заловат членовите на раководното тело и да ја опколат куќата на Атанас, во која биле неговите деца. Бидејќи не можеле да влезат внатре, решиле да ја потпалат куќата и живи да ги изгорат децата. Лефтеров сам се качил горе на покривот за да полее газија. Но, во моментот кога запалил кибрит,

[416] в. Революционненъ листъ, г1, бр12, 1905, 10.
[417] Исто.

испукан куршум од селската чета го принудил да скокне од куќата и да бега. Лефтеров ја скршил ногата, а и тројца од неговите другари биле ранети.[418]

3. Во органот на ТМОРО, в. „Революционерен лист“ започнале да излегуваат серија статии насловени „Врховистите“ во кои се опишуваат врховистичките злосторства против Внатрешната организација и македонскиот народ. Во првата од тие статии е даден историјатот на врховистичките активности во Македонија од крајот на 1904 и почетокот на 1905 година. Во неа се вели дека од есента 1904 година во Горноџумајскиот реон имало голем наплив на врховистички чети кои вршеле големи зулуми. ТМОРО се жалела од грчките чети дека гореле села и убивале незаштитени селани, се жалела од српските чети, но и врховистите не биле подалеку со своите злосторства. Тие со насилство им се наметнуваат на месните селани и го ограбувале сето тоа што несреќните селани успевале да го скријат од турскиот аскер. Додека четите на ТМОРО се хранеле со сол и леб, врховистите краделе овци и свињи од селаните. Тие колеле и јаделе волови. Секое семејство било задолжено да им дава по една ока сирење, една ока сланина и 50 до 300 оки жито. Имало случаи каде ја соблекувале облеката и опинците од селаните.[419]

Тие го преследувале секој повиден работник на ТМОРО, а во дадени случаи и ги убивале. Врховистот Анастас го убил синот на солунскиот поп Стамат, војводата Дончо убил двајца работници на ТМОРО од Кашлите, Малешевско, како што ги убиле и Александар Илиев и Ѓорѓи Данчев исто работници на ТМОРО. Тие се служеле и со турските власти, кога со својата деморализаторска агитација ги терале селаните да ги предаваат рабониците на Внатрешната организација. Не требало да се жалат „*тие коцкари*“. Врховистот А. Партениев во с. Железница, Горноџумајско ги натерал селаните да му испечат месо за 10-15 души и да му донесат буре вино и буре ракија. Откако се најале и напиле, Партениев држел „*агитаациски говор*“ во кој истурил куп клевети, напади, пцовки и закани кон дејците на ТМОРО. Тој продолжил: „*Нас и турските власти не знаат, но нé не преследуваат*“. Агитацијата на Партениев, сепак, немала никакво битно влијание врз селаните.[420]

---

418 Исто.
419 в. Революционненъ листъ, г1, бр14, 1905, Върховиститѣ, 12.
420 Исто. / Османлиската власт за да ѝ наштети на ТМОРО не ги преследува врховистите.

Три дена по доаѓањето на Партениев во с. Железница започнала голема афера во Горна Џумаја и во селата. Главни осомничени за предизвикувањето на таа афера биле *„глупави и слепи“* приврзаници на врховистите. Тие ги предале четите на ТМОРО раководени од П. Китанов и Андреја. Цончевите агенти киднапирале поимотни селани и ги ослободувале со откуп. Капетан Јордан Стојанов ги киднапирал Стефан Христов и Коле Стојанчин од с. Хоштава, Мелничко и им побарал 150 лири откуп. Откако добил 30 лири, го ослободил К. Стојанчин да собере и да донесе 120 лири. После тоа, Ј. Стојанов го киднапирал селанецот Мицо Чакалски од с. Сенокос, Мелничко и му зел 95 лири. Истото го направил и со Тасе Радев од с. Мечкул. Статијата продолжува со објавување на писмото од врховистот Ботков до врховистичкиот раководител Ѓорѓи во кое се вели дека треба да се пресретне чета на ТМОРО и да се уништи. Требало да се уништи четата, затоа што не сакала да стане оружје на нивните злосторства и замисли.[421]

Во ново писмо од 27 април 1905 година, се опишувале нови злосторства на врховистите во Серскиот и Струмичкиот округ. Од 18 април 1905 година, врховистите: капетан Ј. Стојанов, Љ. Стоенчев, С. Николов и М. Ботков се движеле околу с. Сенокос, Мелничко. На Павел Ристодов од с. Сенокос тие му зеле 10 лири и потоа го претепале до смрт. Тие зеле 20 лири од Христо Тренков, 30 лири од Доско Тренков и 100 лири од Ив. Чакарски и после тоа сакале да ги убијат, затоа што биле членови на ТМОРО и одбиле да станат нивни приврзаници. Наредниот ден М. Ботков со чета го опколил Чакарското маало во с. Сенокос за да ги залови И. Чакарски, Д. Тренков и Х. Тренков. Четата навлегла во куќата на Тренкови, украле се што нашле и претепале 90 годишен старец кој изгубил свест и по некој ден умрел. Старецот бил подложен на измачувања за да соопшти каде се наоѓале неговите два сина и да ги предаде парите. Потоа, Ботков ја фатил сопругата на Х. Тренков, неговата 13 годишна ќерка, 13 годишниот и 7 годишнит син и сите ги врзал со јаже. Ботков ја напуштил куќата на Тренкови и се упатил во куќата на Иван Чакарски. Но, бидејќи не го нашол него таму, ги фатил мајка му и жена му и ги врзал. Тој го

[421] Исто.

грабнал петмесечното бебе од мајчините раце и го фрлил на земјата, каде околу 3 часа лежело полумртво, без да има кој да му помогне.[422]

Освен тоа, целата прехрана на овие семејства им била украдена. Врховистите им украле кокошки, овци, говеда, вино и ракија. Тоа станало вообичаена работа на сите места каде што се појавувале врховистите. Селаните покрај тоа што биле подложни на терор од Турците, тие станувале принудени сето останато да им го даваат на врховистите. Писмото продолжува: „*Тие не доаѓаат тука за да ги положат коските за ослободувањето на робот, туку за да ги скршат коските на работ и да му ја исмукаат крвта. Турците, денес веќе се воздржуваат да го прават тоа, што го вршат тие злосторници. Жени и деца тие врзуваат и смртни пресуди им се закачуваат на градите*!“.[423]

Имало и случај каде капетан Јордан Стојанов испратил писмо до мудирот на с. Кресна. Во него велел дека Г. Рујчов од с. Влахи, синовите на Дуков од с. Божово, Илија Патронев од с. Дебрене и други, го криеле и поддржувале Јане Сандански. Тој го советувал турскиот мудир да се арестуваат тие селани, за Јане Сандански да не продолжува да талка низ Мелничко.[424]

4. Весникот „Реформи“ за да прикаже во јавноста дека всушност врховистите офицери своеволно навлегле во Македонија, а не по задача на воениот министер Михаил Савов, на 26 март 1905 година ја објавува дисциплинската постапка од бугарската армија. Офицерите капетан Протогеров, капетан Стојанов, поручник Николов и потпоручник Настев биле казнети по дисциплинарен ред. Потоа, во статијата се бранат врховистите дека тие не извршиле никакво неморално дело што ја засегнало честа на бугарската армија, туку со своите способности, долгогодишна дејност и со своето поведение биле едни од најпримерните офицери.[425]

Од друга страна, органот на ТМОРО в. „Револуционерен лист“ ја напаѓа и ја обвинува бугарската влада дека на сите можни начини сакала да го завладее и контролира македонското револуционерно движење. Бугарската влада го држела

[422] Исто.
[423] Исто.
[424] Исто.
[425] в. Реформи, г7, бр16, 26.03.1905, 4.

секогаш македоно-одринското прашање во свои раце, за да се послужи со него во нејзина полза или во полза на кнезот Фердинанд. Бугарија уште пред да се формира ТМОРО, повеќе пати директно ја провоцирала Османлиската Империја кога тоа било во интерес на кнезот. Но, ТМОРО се издигнала, засилила и станала единствен фактор со чие знаење и согласност можело само да се презема некаква активност во Македонија. Затоа, бугарската влада си задала мисија да ја опседне самата Внатрешна организација или да ја уништи, за на тој начин да стане единствен фактор во Македонија преку егзархиското духовништво или преку трговските агенти. Воедно, како надворешен фактор да шиканира со испраќање чети во пограничниот реон на турско-бугарската граница, кога тоа е погодно за неа. Бугарските „*братства*“, дејноста на егзархиското духовништво и бугарските трговски агенти го докажувале првото тврдење, додека пак врховистичките авантури од 1895 и 1902 година го потврдувале второто. Но, според „Револуционерен лист, ниту еднаш групацијата околу кнезот Фердинанд не постигнала нешто значајно. „*ТМОРО со своите скромни сили, како гранитна карпа се испречуваше пред агентите, пред оружјата на бугарската влада, на која тие си ги разбиваа поткупените глави*“.[426]

Статијата продолжува дека ниту уништувањата на Бугарските тајни револуционерни братства од ТМОРО, ниту фијаското на врховистите од 1902 година, не ги очајувало бугарските власти и нивните агенти. Тие по секоја цена продолжувале да ја следат својата цел, ослабнување или уништување на секоја внатрешна самостојна организација. Тие не правеле избор на средствата и нивни соработници можеле да бидат луѓе од секаков калибар, во нивната политика немало морал. [427]

[426] в. Революционненъ листъ, г1, бр10, 15.03.1905, Одно изъ двухъ..., 5.
[427] Исто.

## 27. Судир при Кашина, 6 спрема 7 април 1905 година

1. Главната врховистичка база во Македонија се Петричкиот, Мелничкиот и Малешевскиот реон. Главна пречка за понатамошно продирање се преостанатите територии на ТМОРО од Серскиот и Струмичкиот революционерен округ. Борбите на врховистите и ТМОРО во овие краишта датираат од 1901 година. Тие траат до 1903 година, каде по краткото примирје за време на Востанието, ќе продолжат од крајот на 1903 година. Јане Сандански, Серската и Струмичката група на ТМОРО се добро „исчеличени“ во борбите со врховистите, кои за овие окрузи на ТМОРО претставуваат поголем непријател и од османлиската власт. Според уставот и правилникот на ТМОРО, Организацијата на својата територија не трпела навлегување и создавање на други корпорации и организации и тие требало да бидат преследувани и уништени. Под овој основ, ТМОРО ги гони врховистите. Во пролетта 1905 година, врховистите преземаат нова офанзива за проширување на нивните бази во Македонија.

Според П. Пенчев, ТМОРО во 1905 година располагала со околу 55 чети кои биле распоредени во 45 револуционерни реони, додека врховистите располагале со 14 чети распоредени во 4 реони. Според „Официјалната притурка“ на в. „Револуционерен лист“, ТМОРО контролирала повеќе од 45 реони, додека врховистите контролирале само 3.[428] Во април 1905 година ќе се случи најсудбоносната борба помеѓу врховистите и ТМОРО, која ќе биде главниот симбол за односите помеѓу двете организации што претендирале дека се вистинскиот претставник на македонскиот народ и Македонците.

2. Главната задача на врховистите била да се ликвидира лидерот на Серската група на ТМОРО – Јане Сандански. За оваа задача бил задолжен капетан Јордан Стојанов кој со голема чета навлегол во Македонија. Ј. Стојанов отворено изјавувал: „*или главата на Сандански ќе падне или мојата...*“. Четата навлегла во Мелничко и по некое време пристигнала во селото Кашина. Врховистите три дена

[428] Димитар Димески, Кашина – Симбол на непомирливата антиврховистичка борба на Јане Сандански, Јане Сандански 1915-1975, Скопје, 135.

претстојувале во селото и храната ја плаќале за да создадат впечаток дека не се разбојници, туку луѓе кои ги заштитувале интересита на народот.[429]

Јане Сандански бил информиран од Таско Стоилов од с. Кочериново за врховистичкото навлегување уште при самиот влез на четата на Ј. Стојанов. Терористот на ТМОРО, Андон Јанев Ќосето, бил задолжен да го следи движњето на Стојановата чета.[430] Додека врховистите биле во с. Кашина, Сандански се наоѓал во месноста Желава, одлично бил информиран за активностите и плановите на Ј. Стојанов преку раководителот на месната организација на ТМОРО во с. Кашина, Христо Гуштеров. Од друга страна врховистите Димитар Филчев од с. Кашина и Златан од с. Игралиште им пренеле на селаните за времето и правецот во кој тие требало да заминат. Таа информација ја добил и Јане Сандански кој решил да постави заседа.[431]

Ноќта помеѓу 6 и 7 април 1905 година[432], врховистите го напуштиле с. Кашина и се упатле кон с. Ковачево. По патот тие несвесно навлегле во веќе поставената заседа од Јане Сандански. Заседата била поставена од 70 души на ТМОРО, додека врховистите биле 54 души. Според планот, Сандански требало да се движи напред за да ги навлече, а Ќосето да се движи позади него, на тој начин Ј. Стојанов би бил вклештен и врховистите немало да имаат никаква шанса да се повлечат кога ќе почне борбата.[433]

Во 23 часот и 30 минути, започнала најкрвавата борба помеѓу врховистите и ТМОРО. Обрачот на заседата ги сардисал врховистите и од сите страни е пукано врз нив. Во самата борба загинале врховистите: Давидко Милчев; Димитар Арнаудов (Филчев) Кашинлијата; Стефан Јанков од Мустафа-паша; Михаил Јакимов од с. Белјово, Демирхисарско; Илија Николов од с. Просечен, Драмско; Христо Иванов од село Севлиево; Никола Великов од с. Герман, Демирхисарско; додека ранети

[429] Исто.
[430] Ванчо Ѓорѓиев, Андон Јанев Ќосето, Скопје, 2016, 202.
[431] Д. Димески, Кашина..., 135-143.
[432] в. Реформи, г7, б19, 22.04.1905, Злодѣйството на Сандански, 1. / в. Революционненъ листъ, бр13, 01.05.1905, 10. / Х. Силяновъ, Освободителнитѣ борби на Македония, т2..., 383. / Според Ангел Динев настанот се одиграл на 08.05.1905 година, Ангел Динев, Илинденска епопеја, т2, Скопје, 1949, 285.
[433] В. Ѓорѓиев, Андон Јанев Ќосето..., 202.

биле: Иван Господарев од с. Либјахово, Неврокопско; Асен Партениев, ранет бил во рамениците; Илија Јончев; Агапија Крстев; Никола Волчев; Петар Ангелов.[434]

Единствени кои успеале да се извлечат се лидерот на врховистичката чета капетан Јордан Стојанов и Иван Господарев, кои во решавачкиот момент како „*зајци*" се криеле во еден џбун капини. Во врска со постапката на дезертерот, капетан Ј. Стојанов, Андон Ќосето во своите спомени иронично вели: „*Ако јас бев на неговото место да гледам како ги разоружуваат моите другари, тоа не би можел да го истрпам во никој случај. Ами нели тој беше тргнал да нé убива, зошто не ја крена пушката да ме убие мене или Сандански? И тој ти бил маж!*".[435]

Заробени биле 43 врховисти, од кои 6 биле подложени на револуционерен суд, а 4 биле осудени на смрт. Тоа биле бугарскиот офицер Асен Партениев, Христо Панајотов од Дупница, Александар Стефчев од Софија, Георги Самарџиев од с. Просечен, Драмско.[436] Заробените врховисти по кратка постапка водена од Серската група по револуционерните правила се осудени на смрт, бидејќи било утврдено дека и претходно навлегувале во Македонија и ги прекршувале правилата на ТМОРО. Наредниот ден четворицата врховисти се свирепо погубени и се испосечени на парчиња. Најгрозоморното било убиството на потпоручникот во бугарската армија Асен Партениев, кој дотогаш правел огромни пакости на Внатрешната организација. На Партениев најпрво му биле отсечени рацете, потоа ушите и на крајот бил заклан.[437]

Другите двајца биле ослободени по ургенција на Сандански од почит кон дедо Илија Крчовалијата, бидејќи едниот бил негов син. Андон Ќосето и Таската Серски ги разоружале и ги повеле другите 35 заробени врховисти назад кон границата. Пред протерувањето на заробениците, Сандански пред нив одржал говор при што им нагласил дека друг пат немало да им простат. Истовремено им порачал да им пренесат на оние што ги пратиле, друг пат да не праќаат чети во

[434] Д. Димески, Кашина..., 135-143.
[435] В. Ѓорѓиев, Андон Јанев Ќосето..., 202.
[436] Д. Димески, Кашина..., 135-143.
[437] в. Реформи, г7, б19, 22.04.1905, Злодѣйството на Сандански, 1.

Македонија.[438] Според врховистите, Јане Сандански говорел за нив: „*Дека сме иделе во Македонија само за да го поминеме времето и сме биле плаќани од кнезот и поддржувани од владата. Дека нашата цел била да ја освоиме нивната татковина Македонија и да го направиме кнезот – крал, дека тие не сакале Македонија да ги плаќа долговите на Бугарија и слично. Им рекол дека тие се Внатрешна организација, дека нив ги сака народот и дека немаат потреба од бугарски пушки, бугарска помош, од Егзархијата и пцуел се бугарско...*“.[439] Ј. Стојанов по судирот при Кашина избегал во с. Влахи каде се поврзал со Љубомир Стоенчев и Тренков. Таму врховистите се собрале околу 70 души и уште тогаш се подготвувале да се одмаздат за нанесениот понижувачки пораз.[440]

3. Судирите на врховистите и ТМОРО продолжиле во текот на пролетта и летото 1905 година. Два дена пред судирот при Кашина, на 4 април 1905 година, четата на ТМОРО предводена од Андреја Докурчев потпаднала во врховистичка заседа над с. Падеж, Горноџумајско. Пресретната била од три страни со куршуми, но успеала да се извлече.[441] Подоцна во месец април, четата на ТМОРО предводена од Х. Чернопеев успеала да ја победи и разоружа четата на А.Протогеров при нејзиниот обид да ја премине реката Вардар. На 23 мај 1905 година, одредот на Х. Чернопеев ја нападнал и четата на поручник Консантин Настев. Во тој момент како засилување за К. Настев пристигнал Н. Лефтеров кој ја нападнал четата на ТМОРО од зад грб. Паднале убиени и ранети од двете страни.[442] На 27 април 1905 година имало борба помеѓу Серчани и Турците. Турците по судирот при Кашина, концентрирале голем број војска за да го смират Мелничкиот реон. Борбата се водела во с. Сугарево каде Турците нападнале, но по долга борба се повлекле.[443]

[438] В. Ѓорѓиев, Андон Јанев Ќосето..., 202.
[439] Д. Димески, Кашина..., 135-143.
[440] В. Ѓорѓиев, Андон Јанев Ќосето..., 202.
[441] Х. Силяновъ, Освободителнитѣ борби на Македония т2..., 383.
[442] С. Елдъров, Генерал Иван Цончев..., 140. / в. Революционненъ листъ, г1, бр16, 05.07.1905, Сражение, 12.
[443] в. Революционненъ листъ, г1, бр16, 05.07.1905, Яне Сандански, 12.

## 26. Епилог од судирот при Кашина, гледиште на врховистите

1. По судирот при с. Кашина и јавната ликвидација на голем број врховисти од страна на Серската група на ТМОРО, ситуацијата во македонското револуционерно движење и во бугарското општество ќе ескалира во невидени размери. На 22 април 1905 година, в. „Реформи" објавил трогателно писмо од братот на убиениот потпоручник Асен Партениев упатено до генералот Цончев, во кое тој бара одговори за да дознае што се случило со врховистичкиот офицер.

Во него тој му се заблагодарил на Цончев за испратената телеграма и запрашува каков морал имала Серската група: „*Какви се тие бугарски изроди? Возможно ли тие да се Бугари?*". Додава дека неговата фамилија би била горда доколку неговиот брат бил пронижан од турски куршум при исполнувањето на „*патриотскиот долг*". Писмото трогателно продолжува со јадовите на братот на Асен Партениев, во кој тој раскажува делови од неговата семејна историја. Братот константира: „*Но ти брате мили, не се сомневаше дека нема турски, туку братски нож ќе ги прониже бујните твои гради; не турски јатаган, туку братски, бугарски нож ќе ти ја оддели убавината, патриотската глава од стројното твое тело*!". Писмото завршува со аманетот братот на Партениев што му го дал на капетан Јордан Стојанов, за да го одмазди и уште еднаш бара од генералот Цончев точни детали за ликвидацијата.[444]

2. Во весникот „Реформи", покрај обвинувањата кон Јане Сандански и Серската група на ТМОРО, тие го обвинувале и бугарскиот професор Димитар Агура, кој го сметале за нивен покровител. Кога врховистите добиле сведоштва за Кашина, тие сфатиле дека дел од соучесниците на Сандански веќе биле во Бугарија. Но, според нив, тие немало да бидат арестувани од бугарската полиција, затоа што се работело за пријатели на Сандански кој бил под силно покровителство на професорот Д. Агура. Сандански кој можел да биде најголемиот злосторник, најодвратниот разбојник, кој покривал во црно цели бугарски семејства, тој и неговите

444 в. Реформи, г7, бр19, 22.04.1905, Отъ брата на Партениева, 4.

соработници не само што биле недопирливи, но уште се раскажувале и воспевале неговите дела за да добиел уште поголемо охрабрување.[445]

3.1. Најзначајниот проглас на врховистите и нивните грозоморни навреди кон ТМОРО е статијата објавена во в. „Реформи“ од 22 април 1905 година, насловена како „Злосторството на Сандански“. Во неа е опишана борбата при Кашина и погледите на врховистите за односот со ТМОРО.

Статијата започнува со писмо во кое се известува дека на 6 април 1905 година, четата на Јордан Стојанов во заседа била разбиена. Претходно, Ј. Стојанов добил информации дека Јане Сандански имал желба да се сретне со него и да се разберат. Стојанов поверувал во тоа бидејќи тие гласини стигале од негови луѓе од доверба. Тргнале со курир кој намерно ги водел по лоши патеки. Тој ги втерал во еден дол. Токму таму била поставена заседата на Сандански во која учествувале Сандански со 30-35 души, Таската Серски со 15 души, четата на А. Тешовалијата со околу 15 души и 4-5 селани со мартинки и кримки. Според Стојанов, секое спротивставување било апсурд. Била месечева ноќ. Патеката водела по дното на една рамна и гола долина.[446]

Заседата била поставена од двете страни на долината, на работ на горада, од сенка и зад карпи. Четата целосно навлегла во заседата. При првото пукање, четата залегнала и никој не можел да возврати оган. Во целиот напад врховистите лежеле на земја и за отстапување не можело да стане збор. Јордан Стојанов се спасил без повреди само поради чудо. Во авангардата од 10 луѓе, освен Стојанов и Генко, останатите биле убиени или ранети. Асен Партениев врвел на чело на главните сили и уште при првото пукање бил пронижан во двете рамења. Низ целото време додека траела стрелбата, луѓето од четата на Сандански, како и самиот тој, најгадно ги пцуеле Стојанов, врховистите, Бугарија, Егзархијата, верата, кнезот, владата и други.[447]

---

[445] Исто.
[446] в. Реформи, г7, бр19, 22.04.1905, Злодѣйството на Сандански, 1.
[447] Исто.

После ранувањето на Партениев и уште неколку души од главните сили, четата се предала. Откако била обезоружана, Сандански со неговите соработници ги извадиле своите пили и почнале да ги сечат врховистите, како тешко ранетите, така и лесно ранетите. Партениев и уште 4 души скриле дека се ранети, за да не бидат заклани. Стојанов и Генко раскажувале за таа случка. Сандански сам ги сечел рацете на ранетиот Христо. Тој го молел да не го сече. Наместо милост, Сандански му ги отсекол рацете кога се молел, а потоа му го здробил черепот. Така постапиле со сите ранети. Потоа ги заплениле пушките и ги одвеле заробениците над с. Кашина. Низ целото време по патот ги пцуеле и ги тепале. Иван Господарев бил ранет во стомакот, успеал да се извлече, но наредниот ден бил фатен од Турците.[448]

Другиот ден четите на ТМОРО ги заплениле сите материјални работи што ги имале врховистите. Им ги зеле и опинците. Потоа извеле 6 души од заробениците, Асен Партениев, Г. Семерџиев, Христо Панајотов, А. Стефчев, Г. Георгиев и Генко Драганов. На тие шестмина Сандански им објавил дека се осудуваат на смрт. Потоа заповедал првите четворица да се соблечат по бели алиштта и им биле врзани нозете точно над колената, а рацете отпозади, на крај ги врзале со јаже на вратот и ги повеле. На 30 чекори од тоа место тие четворица биле испосечени на најѕверски начин. На Партениев најпрво му биле отсечени рацете, потоа ушите и на крај го заклале. Другите исто така биле мачени.[449]

Георги Семерџиев пред да го заколат извикал: „*збогум другари*!“. Потоа, Јане Сандански се обратил со еден говор кон останатите, во кој ја навредувал целата врховистичка дејност. Велел дека врховистите оделе во Македонија само за да го поминуваат времето и биле плаќани од кнезот и поддржувани од владата. Целта на врховистите била да ја завојуваат нивната татковина Македонија и да го направат кнезот – крал. Тие не сакале Македонија да ги плаќа долговите на Бугарија и друго. Сандански велел дека тие биле Внатрешна организација и дека нив ги сакал народот. Тие немале потреба од бугарски пушки, бугарска помош, од Егзархија и навредувал се што е бугарско. За да всее страв кај заробените, тој не го кажал името на седмиот осуден врховист. Тројцата врховисти кои не биле егзекутирани над

[448] Исто.
[449] Исто.

Кашина, биле одредени да бидат заклани по патот низ 2-3 села, за да се всее страв во селаните и да се покаже врховистичката слабост. Потоа, затворениците во две чети од по 16 луѓе, водени од Таската Серски и Андон Ќосето биле испратени кон Бугарија. Требало да се соблечат по бели алишта и да се пуштат во Бугарија, за да се видело колку бил силен Јане. Низ селата требало да им се покаже на селаните дека врховистите веќе биле уништени.[450]

Врховистите обвинуваат дека немало свесни луѓе во Бугарија кои би се заинтересирале за македонското дело и би го проучиле. Во рацете на луѓето од четата на Сандански имало бугарски пушки, во неговата чета имало Бугари од Северна Бугарија, Сандански бил стокмен и облечен со пари собирани низ Бугарија или дадени од проф. Агура, потоа се додава: *„и да ги слушаш тука неговите пцовки и закани против се што е бугарско?!“*.[451]

3.2. Во вториот дел од статијата: „Злосторството на Сандански“ се објавува окружното на Серскиот революционерен комитет на ТМОРО, потпишано од Сандански. Врховистите пишуваат: *„Го печатиме ова окружно, за да видат умниците во Бугарија со професорот Агура на чело, како се воспитува населението во Македонија од „революционерите“, кои тие морално и материјално ги поддржуваат“*.[452]

Во окружното се вели дека македонското ослободително движење никогаш не било без шовинистички теченија. Завојувачките апетити на соседните државички Бугарија, Србија и Грција не можеле да се помират со девизата на ТМОРО: „*Македонија за Македонците*“. Мислата дека Македонија еден ден можела да се јави на политичка сцена како самостојна единица ги ужаснувала. И секоја од тие држави поединечно финансирала милиони за поткупи, прибегнувала кон најподлите средства, правела сè што е возможно, за да го привлече населението и ТМОРО кон нивната кауза и да го убеди надворешниот свет, дека Македонија била населена само со нивни сонародници. Но, неспорно првенство во тој однос имала Бугарија. Кога другите држави се труделе нивните цели да ги постигнат преку

[450] Исто.
[451] Исто.
[452] Исто.

еволуционен пат преку основање на пропаганди, Бугарија воспоставила и еден друг чисто револуционерен метод на дејство. Бугарскиот кнез и неговите државници сфатиле дека еволуционата просветна дејност на нивното оружје Егзархијата не можело така брзо и лесно да ги постигне посакуваните резултатити и тие прибегнале кон смутови и востанија.[453]

Во 1895 година бил направен првиот обид во таа насока. Ред чети формирани во Бугарија и предводени од нејзините активни офицери навлегле во пограничните места на Македонија со цел да предизвикаат востание. Движењето се диктирало од дворецот и неговите плодови ги собрал кнезот. Потоа, ТМОРО почнала да излегува од маглата на својата таинственост и преку низа факти ја пројавува својата моќ. Тогаш Бугарија се сепнала. ТМОРО требала да се преземе, а населението да се револуционеризира на секаков можен начин за да можело да се подигне востание, а потоа да се вмешале Големите сили. Се основал во Софија, прочуениот Врховен Комитет и тој започнал да испраќа чети во Македонија. ТМОРО навреме ја согледала опасноста за нејзината самостојност од тоа ново течение, врховизмот, и му објавила војна. Но, и покрај тоа врховистите успеале да предизвикаат „востание" во 1902 година во Кресенско и Џумајско. Резултатите од таа провокација биле „Падарските реформи", кои не придонеле никакво подобрување на состојбата во Македонија. Крајната цел не била постигната, а во европската јавност уште повеќе закрепнало убедувањето дека македонското движење било чисто бугарско движење.[454]

Тоа било така до востанието на ТМОРО од 1903 година. Тоа грандиозно востание му докажало на целиот свет дека ТМОРО немала ништо заедничко со Бугарија или со некоја друга држава, дека таа била туѓа на секаков шовинизам. Сомнежите и недовербата од надворешниот свет исчезнале. ТМОРО успеала да се подигне на соодветна висина и никој не се сомневал во нејзиниот интернационален карактер и во искреноста на нејзиниот краен идеал. Сепак, тој успех не бил во хармонија со интересите на Бугарија. Бугарија видела јасно дека Македонија можела да се извлече од нејзините раце и со уште поголема енергија продолжила

[453] Исто.
[454] Исто.

да работи. Но, генералот Цончев, главниот на врховистите и неговите креатори, биле доволно компромитирани како пред надворешниот свет, така и пред очите на самото население. Затоа, генерал Цончев требало да се замени со некое друго лице некомпромитирано, кое ќе имало доволен авторитет. На сцената се истакнал Борис Сарафов. „*Комедијата остана иста, се сменија само актерите – врховизмот се заменил со сарафизам*“.[455]

Сарафов ги поседувал сите неопходни квалитети за да го замени Иван Цончев. Тој формално се вбројувал во редовите на ТМОРО и поради таа околност тој можел одлично да маневрира. Поради тоа што бил член на Внатрешната организација, обвинувањата дека тој бил оружје на Бугарија изгледале неосновани. Неговото течение започнало да претставува голема опасност за самостојноста на ТМОРО. Додека врховизмот играл со отворени карти, сарафизмот се служел со подземни средства и на секој начин се трудел да не биде сфатен како одделно течение на делото.[456]

Популарноста на Сарафов почивала на заслуги од сомнителна вредност. Авторот на фалсификуваните банкноти, злоупотребувачот на облигациите, крадецот на стотини илјади организациски пари, поранешниот истомисленик на Цончев, не можел да биде полезен и верен на Внатрешната организација. Сарафов бил човекот кому бугарската влада му префрлила илјадници лева и стотици пушки за да ја предаде внатрешноста и да ги протурка во ТМОРО завојувачките стремежи на таа влада. За таа цел тој испраќал чети во Македонија и Одринско против согласноста и желбата на ТМОРО. Во аитациите на неговите агенти и неговите чети немало ниту доза искреност. Во одредени случаи во Македонија, сарафистите соработувале со врховистите, затоа сарафизмот потполно се идентификувал со врховизмот.[457]

Во окружното се вели дека не требало да се верува дека Бугарија, Русија или било која друга држава би се јавела како ослободителка на Македонија, како што уверувале врховистите и сарафистите. Востанието била одлична шанса за било која

[455] Исто.
[456] Исто.
[457] Исто.

од нив да помогне, кога цела Македонија била во оган и пламен. Ако Русија сакала да помогне, немала да ги нарекува револуционерите – разбојници, луѓе од интерес, мечтатели за големи служби во слободна Македонија, немала да замижува пред убиствата на нејзините конзули во Османлиската Империја, не би го советувала султанот да се справи со ТМОРО на начин каков што сметал дека е најдобар и да ја казни Бугарија за приемот кој и го давала на ТМОРО.[458]

Ако Бугарија сакала да ѝ помогне на ТМОРО, не би презела никакви преследувања против македонската емиграција и револуционерите кои се наоѓале таму. Тие преследувања ги надминувале оние во Османлиската Империја. Немало Бугарија да стои со скрстени раце за време на востанието. Но, дури и Бугарија да сакала да помогне, немало да и се дозволи да го стори тоа, зошто време било да се разбере од секого дека македонското прашање не било бугарско, туку општоевропско. Бугарија, ниту Русија, немало да ни помогнат само доколку тие биле водени од хумани чувства. Тие би сакале обесштетување, награда за своите војници, награда за дадената помош. Македонија не требала да бара помош надвор од себе, туку во себе. Нејзината слобода немало да биде дар, туку крвав откуп од илјадниците жртви кои ТМОРО ги дала и продолжувала да ги дава.[459]

Покрај овие заканувачки опасности, против ТМОРО се јавиле и други непријатели. Српските комитети и грчките комитети сфатиле дека македонското прашање во меѓународен однос влегува во нова фаза. Сфатиле дека ТМОРО успеала да го докаже својот интернационален карактер на европската јавност. Гледајќи дека потенцијалното разрешување на македонското прашање нема да биде во нивна корист, тие ги смогнале сите сили и вложиле сѐ што можат да вложат за да се втурнат во Македонија и да пробаат да ги остварат своите цели. Грција и Србија ја ископирале завојувачката политика на Бугарија. Започнале да испраќаат голем број на грчки и српски чети во Македонија. Битките на ТМОРО со овие чети станале секојдневие во Македонија. Покрај Грција и Србија, исто и Романија ја засилила својата национална активност во Македонија. Во меѓувреме, поради заканата што ја претставувала ТМОРО, Османлиската власт решила жестоко да ги преследува

458 Исто.
459 Исто.

четите на Внатрешната организација, додека пак четите на соседните држави не се преследувале.[460]

Османлиската власт само за да ја заблуди јавноста прикажувала дека ги гони грчките и српските чети. Тие во многу случаи после неколку дена ги ослободувале четите од затворите. Турција настапувала така користејќи го политичкиот прагматизам, „*раздели па владеј*“. Тоа било правилото во нејзината внатрешна политика во однос на нејзините христијански елементи. Идејата на ТМОРО била да се групираат во едно цело сите незадоволни елементи од Македонија, дури и Турците, за да се извојувала побрзо и полесно заедничката слобода. Но, ТМОРО не можела да седи пасивна пред заканите за нарушувањето на организациската самостојност и пред постоечката опасност од страна на туѓите чети. Внатрешната организација е една и неразделна, таа не можела да дозволи постоење во Македонија на други корпорации со цели различни на нејзините и тие веднаш се преследувани. Секој, кој сакал да војува за идеалот „*Македонија за Македонците*“, немало да има друг начин, освен да влезе во ТМОРО, зошто тој идеал е нејзин основен принцип. Додека сите оние кои со својата дејност се воодушевувале од шовинистички идеали, за ТМОРО биле непријатели и таа би постапувала со нив како со сите свои непријатели.[461]

ТМОРО очекувала поддршка во борбата против туѓите чети и против сите нејзини непријатели. Таа советувала да не се прифаќаат од населението никакви нови чети, без тие да покажат полномошно од Серскиот окружен комитет. Доколку може, населението да ги прогонува туѓите чети од своите села и реони, за таа работа би биле помагани и од ТМОРО. Злото требало да се искорени во својот зародиш, затоа што подоцна би било прекасно.[462]

Со самото тоа што врховистите го објавуваат окружното на Серскиот революционерен округ, преку информациите и фактите во него, практично тие јавно се обезличуваат себе си, како и бугарската влада. Преку ова окружно се отсликува самостојноста на македонското револуционерно движење предводено од

---

[460] Исто.
[461] Исто.
[462] Исто.

ТМОРО, се отсликуваат завојувачките аспирации на соседните балкански државички. Се соголува бугарската политика кон Македонија преку изнесување докази за нејзините саботажи во македонското револуционерно движење. Повторно ТМОРО докажува дека главниот лајтмотив на револуционерната борба е девизата „*Македонија за Македонците*“.

3.3. Врховистите продолжиле со нападите кон Јане Сандански и кон ТМОРО. Жестокоста на Сандански ја потресла душата на секој вистински Бугарин. Подмолната жестокост на тој „*злосторник*“ произвела длабоко огорчување, токму во моментите кога целиот бугарски народ ја оплакувал судбината на испосечените Загоричанци од грчкиот нож. Бугарскиот татковински долг добил тежок удар и бугарското општество било засрамено.[463]

Покрај тоа, потсетуваат на борбите помеѓу нив и ТМОРО пред востанието. Според врховистите, принципите и идеалите биле еднакви за сите: „*ослободувањето на едно братско наше население од тешкото политичко ропство*“. Тие обвинуваат дека се издигнала одредена групација, која во името на светото дело, се издигнала во надвластна организација и се стремела да ја наметнува својата волја и над ТМОРО и над врховистите. Таа група сакала да го монополизира патриотизмот. Врховистите обвинуваат: „*никој како членовите на таа група не се тинтарел така покорно во дворецот и околу владинте кругови и никој така алчно не се поставил кон владината трпеза*“.[464]

После востанието на сцената влегла нова група, слична на третата организација (ЗП на ТМОРО), но со социјалистичко-анархистичка идеологија. Според врховистите, околу неа се добрале сите „*паднати*“ величини, сета „*интелегентна бугарско-македонска орда*“, која барала во македонското дело слава, поддршка, богатство и служби. Со името на Внатрешната организација, Јане Сандански и неговите приврзаници извршиле огромни злосторства врз бугарското население во Македонија и Одринско, што голем број делегации дошле во Софија на поплака. Од окружното на ТМОРО што било испечатено во в. „Реформи“,

---

[463] в. Реформи, г7, бр20, 30.04.1905, Загинали борци за свободата на Македония, 1.
[464] Исто.

бугарското општество можело да види што се проповедало и како се просветувало македоно-одринското население од тој социјалистичко-анархистички џган, кој имал седиште во главниот град на Бугарија. Социјалисто-анархистите се протнале под знамето на Санданисти, за да ја цицаат крвта на ропското население и да му ги проповедаат нивните големи принципи. Врховистите обвинуваат дека уште потажно и посрамно било што на чело на Внатрешната организација и во Бугарија и во Македонија, која објавила војна на верата и на народноста, стоел еден бугарски професор (Димитар Агура).[465]

Професор Агура по востанието ја презел улогата на Христо Станишев, кој според врховистите бил „*покојникот за македонското дело*“. Додека Станишев пишувал дека „*востание во Македонија нема*“, професор Агура обработувал пошироки задачи. Тој располагал со огромни суми, кои главно ги употребувал за вооружувањето на Сандански, Б`лгаријата, Бабата и други. Тој ги налагал нив врз „*македоно-одринското бугарско население*“ како Внатрешна организација. Додека во истовреме во Бугарија, во владините и општествени кругови ги нарекувал „*разбојници*“ и „*злосторници*“, кои немале ништо заедничко со ТМОРО. Но, кога нападите врз овие дејци ќе преовладале во јавноста, проф. Агура секогаш се јавувал за да ги заштити. Според врховистите, тие факти покажувале дека проф. Димитар Агура е фактичкиот главатар на „*таа своеродна Внатрешна организација*“, која го соблекувала и измачувала населението во Македонија, ја разнебитувала народната моќ и која со планирана мрежа го заблудувала општеството во Бугарија. Проф. Агура бил морално одговорен за сите злосторства извршени во Македонија од страна на Сандански и неговите приврзаници. Тој бил моралниот деец на ѕверштината при Кашина, која го потопила во срам и жал целиот бугарски народ. Солзите и клетвите на огромен број мајки, татковци и сираци требало да паднат врз главата на тој бугарски професор, кој ја напуштил својата воспитувачка улога и ја зел улогата на поддржувач и покровител на „*разбојниците*“, паралелно со тоа и улогата да го заблудува општеството во Бугарија. Врховистите апелирале: „*Со надеж дека свесните луѓе во Бугарија ќе се заинтересираат за тоа македонско*

[465] Исто.

*дело и ќе го проучат. Во спротивен случај, најглавните народни интереси ќе се распаднат и народот ќе се покрие од срам*“.[466]

Една од причините за нападите врз професорот Димитар Агура се должи на фактот што тој како претседател на Благотворната комисија за помош на настраданите Македонци и Одринци, не им префрлал директно пари на врховистите, туку тие пари оделе во ЗП на ТМОРО. Потоа, ЗП на ТМОРО требало да одлучува колку пари би биле префрлани на врховистите, приврзаници на генералот Цончев.

4. На 30 април 1905 година, во весникот „Реформи“ е објавено и писмо кое има наслов „*Вие не сте Бугари…*“. Тоа писмо дава дополнителна светлина на разликата помеѓу македонскиот и бугарскиот народ, како и разликата помеѓу идеологијата на ТМОРО и идеологијата на врховистите.

Во писмото се вели дека невозможно било таков злосторник како Јане Сандански да живее под бугарско небо. Неговиот напад врз четата на Јордан Стојанов бил каиновски крвожеден подвиг. Тие чети на крилата на својот беззаветен патриотизам летале на помош за истребувањето на бугарскиот народ, поставиле подла заседа и потполно ја уништиле и заклале четата на Ј. Стојанов. Сандански бил главниот херој на ТМОРО, на организацијата која наводно се борела за слобода, почит на човековиот живот, човековите слободни убедувања и хуманост. Наводно се борела и против Турците. Во истовреме се обвинува Сандански дека не бил испрскан со ниту една капка турска крв. Додека Ј. Стојанов имал над 20 крвави битки со турскиот аскер. Требало да се срамат сите морални виновници на тоа крвничко дело против „*светлата борба за слободата на измачениот Македонец-Бугарин*. Моралните виновници немале ниту капка патриотизам. Требало да се срамат и бугарските интелектуалци, бугарските управници и сите оние кои ги помагале тие „*разбојнички банди*“, таа „*мафија*“ наречена Внатрешна организација. Во писмото се додава: „*Таа змија, која вие ја*

[466] Исто.

*храневте и храните, сега ве каса самите вас*!". Требало да се срамат сите поранешни и сегашни соработници на Крвавиот Бугароубиец – Јане Сандански.[467]

Авторот се запрашува што требало бугарскиот народ да каже за претставниците на злобната ТМОРО. Што требало да кажат родителите и роднините на убиените од „*братоубиственото оружје*". Бугарското општество станало свесно, каква змија донела до своите гради. Општеството велело за ТМОРО: „*Вие не сте Бугари*!". За ТМОРО со нејзината интернационалност и народољубиво срце, помили и биле грчките, српските чети, турските банди отколку бугарските чети. Тие бугарски чети во составот имале повеќе „*Македонци-Бугари*" од самите команди на ТМОРО. Сите престапници од Внатрешната организација требало да избегаат во далечни пустини, зошто таму било местото на сите предавници на својата народност.[468]

Ова писмо е уште едно од низата тендециозни напади од врховистите кон ТМОРО по судирот при Кашина. Но, со него уште еднаш се потврдува фактот за Внатрешната организација и македонскиот народ: „*Вие не сте Бугари*!". Самата реченица е вистинската дефиниција за ТМОРО и нејзината идеологија. ТМОРО не се Бугари, туку Македонци!

---

[467] в. Реформи, г7, бр20, 30.04.1905, Писмо отъ Търново, Вий не сте българи..., 4.
[468] Исто.

## 27. Епилог од судирот при Кашина, гледиште на ТМОРО

1. Како одговор на нападите од врховистите, ТМОРО се чувствува за должна да ги објасни причините за нападот на врховистите во борбата при Кашина, како и да даде објаснување за непријателствата кои траат од 1901 година. За оваа цел в. „Революционерен лист" објавил официјална притурка на 2 јуни 1905 година, во која се дава вистинската светлина за односите помеѓу двете организации.

Во официјалната притурка се вели дека ТМОРО била обвинувана, осудувана и ругана по повод убиствата при Кашина. Тоа не било прв пат, ниту последен. Нејзините непријатели ја обвинувале и осудувале при секој повод. ТМОРО немала потреба да се правда, туку целта била да се разјаснат прашањата поврзани со ослободителната кауза за да се отстрани заблудувањето кое одредени групации го сееле пред бугарското општество. Ќе се објаснат причините зошто Внатрешната организација ги преследувала врховистите.[469]

Внатрешната организација не била никаква случајна ниту претходна појава. Страшна заблуда било да се мисли дека таа е плод на некаква надворешна агитација. Во неа немало ништо лажно, таа била природна и наложувачка рожба на крвавиот турски режим, кој се одликувал со чисто средновековни односи, монархички апсолутизам, вандализам и анархија. Организираните усилби на рајата, која била социјално потисната и економски потиштена, тоа била Внатрешната организација.[470]

Причините за нејзиното потекло постоеле и пред нејзе. Но со времето и просветата на населението тие станале несносни. Населението научило само да се заштитува, пред сè од посегањата на оние кои биле предназначени да го заштитуваат. Почвата за една организација како ТМОРО, која се јавила првенствено како заштитничка на интересите на угнетеното и онеправдано население, била повеќе од благопријатна. Нејзината идеја си го пробила патот и

---

[469] Официялна притурка, в. Революционненъ листъ, г1, 02.06.1905, 4. / Овој документ е познат и објавен од македонската историографија во повеќе наврати.
[470] Исто.

брзо проникнала на долго и на широко, се чувствувало како населението и претходно да имало искуство со креирање мрежа на слична организација.[471]

Главни задачи на ТМОРО биле: 1) Со воспитувањето на населението во револуционерен дух, да го подготви за сериозна и долготрајна борба, за да може тоа само да си извојува слобода; 2) Да го заштитува населението, да му обезбеди еден посносен живот и во периодот на ослободителната борба. Таа требала истовремено да го заштитува од посегањата на администрацијата, од корупцијата, несправедливоста и одмаздливоста на судовите, од злосторствата на определени корпорации и одделни лица. Со тоа таа се одрекла од турската власт, организирала своја администрација и свои судови, каде што немало одолговлекување, ниту бесполезни формалности, ниту рушвет, ниту некаков интерес да се присили правдата. Преку поставените органи таа се зафатила да се грижи за спроведување на пропорционална распределба, во зависност од материјалната состојба на секое семејство, на оние даноци со кои се збогатувала општината. Таа ги преследувала административните чиновници, создала селска милиција и ги уништувала разбојничките банди. Чекор по чекор станала вистинска господарка на својата територија и ги добила сите права на една легална влада, ТМОРО станала држава во држава; 3) Покрај овие задачи имала и трета непомалку важна задача. Таа не само што воспитувала и подготвувала свесни револуционерни сили, туку таа го воспитувала и подготвувала целото население на еден слободен живот: „*Се знае дека често многу полесно за еден народ е да си ја извојува слободата, отколку да се користи од неа и да може да ја заштитува. Историјата е полна со слични примери*“. Покрај тоа што го воспитувала револуционерниот, таа истовремено го воспитувала и идниот слободен граѓанин.[472]

Горенаведените задачи, согласно месните услови и надворешната меѓународна положба на државата уште од самиот почеток строго го определиле патот на Организацијата. Таа требала да си постави за цел политичка автономија,

[471] Исто.
[472] Исто.

при која сите народности на државата би биле рамноправни. И таа го избрала за своја девиза, принципот од Вилијам Гладстон: „*Македонија за Македонците*“.[473]

Поради тие причини Организацијата требала да биде револуционерна, анационална и децентрализирана. Центарот на тежината на Организацијата требало засекогаш да остане во нејзината сопствена територија. Ако центарот бил во некоја од соседните држави, во извесен момент под притисок на Големите сили или поради интересите на таа држава, тие тела би биле уништени, како што тоа се случило во Бугарија со растурањето на македоно-одринските друштва. Во друга држава Организацијата полесно би подлегнала на надворешни влијанија и би станала оружје на туѓи интереси. Целата сила на Организацијата требала да лежи во самото внатрешно население. Организацијата која имала своја внатрешна политика, определени односи спрема сите внатрешни фактори, црковни и училишни институции, национални пропаганди, влада, турски комитети и други, требало да има и своја надворешна строго определена политика кон соседните држави. Тие имале важни политичко-економски интереси во Македонија, затоа секоја од нив се стремела да ја преземе најважната и најмоќната од сите фактори во Македонија – Внатрешната организација. Токму затоа Организацијата се стремела постојано да се заштити себеси од надворешни посегања и влијанија, за да не стане спроводник на туѓи интереси. Таа требала да биде целосно самостојна и независна.[474]

Колку посвесно станувало населенито, толку подлабоко проникнувала револуционерната идеја во него и би се засилила довербата во сопствените негови сили. Преку тоа, Внатрешната организација, која не претставувала ништо друго, туку самото тоа население, растела и се засилувала. Таа се претворила во моќен изразител на сите негови социјални, политички и економски барања. Организацијата ги практикувала сите права на една влада, таа претставувала многу пореална сила од турската влада. Тоа се должело на самото население, кое го почитувало нејзиниот ред и кое ја подржувало. Преку Организацијата населението се самоуправувало. Тоа било нескршливата сила на Внатрешната организација.

[473] Исто.
[474] Исто.

Апсурдно било да се мисли дека таа можела да се уништи пред да се уништи населението или пред да се реализира крајната цел која таа ја следи. На неа можеле да и се нанесат посилни или послаби удари, можело да и се пакости, но таа не можела да се уништи.[475]

2. Официјалната притурка продолжува со опис на врховистите. Тие биле шепа луѓе, еден мал кружок на чие чело бил пензионираниот генерал Иван Цончев. Покрај тоа што не постоеле повеќе, тој продолжувал да се нарекува себе си и да се потпишува како претседател на непостоечкиот Врховен комитет кој раководел со македоно-одринските друштва во Бугарија.[476]

Врховистите претставувале полна негација на Внатрешната организација, меѓу двете организации имало бездна. Наспроти целта на ТМОРО за автономна Македонија и нејзината девиза „*Македонија за Македонците*", врховистите се бореле за некаква „*автономна Македонија*", со прекриена девиза „*Македонија за Бугарија*". Автономна Македонија од ТМОРО се сфаќала како самостојна државичка, која ќе влегла како одделен член во федерацијата на другите држави на Балканскиот Полуостров. Додека врховистите ја сфаќале автономијата како преодна форма кон Санстефанска Бугарија: „*која е остварлива само за оние кои не гледаат подалеку од својот нос*". Внатрешната организација не се борела за национални предимства, ниту за територијално проширување на Бугарија и го држела знамето на ослободителната борба над сите вероисповедни и национални стремежи. Од друга страна врховистите, со својот тесногледен и неразбран национализам, без да ја имаат во предвид меѓународната положба на македонското прашање, се труделе на секаков начин и со сите свои акции да го претстават пред надворешниот свет, ослободителното движење како чисто бугарско. Со тоа, тие ја компромитирале каузата и ѝ нанеле тешки удари. Наспроти внатрешното устројство на ТМОРО, наспроти нејзините избрани институти, кои имале огромно воспитно значење, врховистите го практикувале дисциплинскиот устав на бугарската армија. Секој од нив бил роб на својот началник и тиран над своите потчинети. Додека центарот на ТМОРО останувал секогаш внатре во нејзината

---

475 Исто.

476 Исто.

територија, врховистите чекале заповеди од Софија, а од Софија никогаш не знаеле какви се месните услови на моментот во кој требало да се дејствува. Внатрешната организација е независна и самостојна, а врховистите се наоѓале под влијанието на бугарските влади и често преку нив тие влади се служеле, за да го искористат ослободителното дело за државнички, партиски или лични интереси. Во притурката се додава: „*Денес веќе никој умен човек не мисли дека со такви лажни движења, насочени и поддржани однадвор, Македонија може да се ослободи. Тие би спечалиле за Бугарија една војна со Турција или со некоја од соседните држави, но никогаш слобода за Македонија*“.[477]

Оние кои не ја гледале бездната помеѓу ТМОРО и врховистите, или никогаш не се запознале со суштината на работата или свесно го заблудуваат општественото мислење. Имало и такви кои гледале дека меѓу ТМОРО и врховистите немало ништо заедничко, но сепак, ја обвинувале Организацијата дека го монополизирала ослободителното дело. Тие велеле дека врховистите можеле да имаат убедувања какви што сакаат, но оделе со пушка во рака да се борат во Македонија. Зошто да им се пречело и зошто да се преследуваат? На тоа прашање можело многу лесно да се одговори. И доколку не постоела никаква принципиелна разлика меѓу Внатрешната организација и врховистите, тогаш таа пак ќе ги преследува. Затоа што тие составувале нешто одделно од неа. ТМОРО не можела да трпи на својата територија никаква друга револуционерна организација или корпорација која не се потчинувала на нејзините закони. Таа ги примала во своите редови сите оние кои сакале искрено да работат. Немало потреба од други сили, освен ако некои групи не следеле цел да се внесе расцеп. При постоењето на друга организација или корпорација, ТМОРО не би можела да ги казнува своите членови престапници. Тие кои би биле гонети од ТМОРО би преминале во другата организација, дури и оние кои биле осудени на смрт. Поради тие причини и повеќе второстепени, ТМОРО уште при самото нејзино создавање поставила принцип да ги преследува на својата територија сите револуционерни организации или корпорации, кои не се потчинуваат на нејзините закони. Затоа таа се објавила против Бугарските тајни револуционерни братства, додека тие не се слеале во неа. Затоа ги преследувала

---

[477] Исто.

националистичките пропаганди кои и се испречувале на нејзиниот пат и го кочеле нејзиниот развој и нејзината дејност. Затоа ТМОРО ги преследувала врховистите![478]

ТМОРО имала и други причини зошто ги преследувала врховистите. Тие со нивното пребрзано и фатално движење од есента 1902 година предизвикале најтежок удар за ослободителното дело. Но, ТМОРО во тој случај била повеќе виновна од врховистите, затоа што тогаш имала сила и требала да го осуети тоа движење без да се сопира од изборот на средствата. При сето тоа, таа не го осуетила.[479]

Внатрешната организација ја разобличила „*патриотската*" дејност која ја развивале врховистите во Горноџумајско и Петричко. Врховистите ниту во тие реони не биле господари на положбата. Тие не правеле избор на средствата што ги користеле против Организацијата која контролирала 45 реони, наспроти нивните 3 реони. Врховистите биле лишени од свесни и интелегентни сили, затоа што никој благоразумен, добросвесен и запознат со ослободителното дело – човек, никогаш не би се согласил да влезе во нивните редови, за да пакости на делото. Тие им подале рака на професионални разбојници и убијци, на луѓе кои Организацијата ги исфрлила од своите редови, дел поради злоупотреби, дел поради развратниот начин на живот. Тие подале рака и на оние елементи кои ТМОРО ги осудила на смрт.[480]

Врховистичкиот кадар се состоел од: Дончо Златков, стар разбојник; Васе Пеливанот, осуден од ТМОРО за разврат; Атанас Чифлигарот, злосторник и арамија; Гоше Пелтекот, осуден од бугарските судови на смрт поради киднапирање; Иван Карасулијата, разбојник и арамија; Коте од Руља, Костурско исто така бил соработник на полковникот Анастас Јанков. Со такви луѓе соработувале бугарските офицери, приврзаници на Цончев. Преку тоа тие тотално се деградирале во очите на македонското население и започнале да сеат и деморализаторска агитација. Кога виделе дека со пцовки, клевети против ТМОРО и со ветувања да не се презема ништо и да се чекале Русија и Бугарија, тие преминале на заплашувања, грабежи и

---

[478] Исто.
[479] Исто.
[480] Исто.

убиства. Работникот на ТМОРО, Георги Сушицалијата бил киднапиран од Ј. Стојанов, кој му барал 200 лири откуп. Но, бидејќи не можел да ги собере потребните пари бил обесен од Стојанов во подножјето на Рила, Бистричко.[481]

Дончо Златков, по налог на Ј. Стојанов, зел 200 лири од Дукото од Горна Џумаја, но и покрај тоа го заклал зошто велел дека не било време за востание. Д. Златков и Ј. Стојанов го убиле раководителот на ТМОРО во с. Бождево, Мелничко. Тие го убиле учителот Александар Илиев од с. Братца. Стојанов ги обложил селаните на с. Влахи на данок и за да воспостави авторитет убил тројца работници на ТМОРО во тоа село. Врховистите го раниле во заседа Ѓорѓи Данчев, потоа го заробиле и жив го испосекле затоа што бил четник во редовите на Внатрешната организација. Коте од Руља, кој бил интимен другар на полковникот Јанков, столбот на врховистите во Костурско ги надминал сите во неговите дејствија. Тој го убил еден од навредните работници на ТМОРО во Костурско, Лазар Поп Трајков. Со измама го навел, го убил и му ја отсекол главата, која ја пратил како награда за грчкиот владика во Костур, Германос Каравангелис. [482]

Во врска со поставувањето заседи, врховистите први прибегнале кон тоа средство. Тие поставувале многубројни заседи против четите на ТМОРО. Во 1902 година, Стојанов им поставил заседа на Сандански и Илија Крчовалијата во која убил еден од нивните другари. Дончо Златков и Ј. Стојанов им поставиле заседа и на пиринските чети на ТМОРО, по која борба паднале жртви на двете страни. Од заседа бил ранет и потоа заклан Ѓорѓи Данчев итн. Често четниците на Стојанов, Дончо Златков, Партениев и други, биле среќавани во пограничните реони како водат овци, крави, волови и коњи. Тие го ограбувале добитокот на соголеното население.[483]

3. Потоа во официјалната притурка на в. „Революционерен лист“ следуваат низа на писма во кои се опишуваат злосторствата на врховистите. Во нив се зборува за разбојништвата, теророт и грабежите кои тие ги вршат во реоните кои ги контролираат во Македонија. Поради врховистите, многу села во Горноџумајско не

[481] Исто.
[482] Исто.
[483] Исто.

ги отвориле своите училишта, затоа што ги сметале учителите за нивни непријатели. Врховистот Давидко Паничерски го заробил учителот од с. Дебочица и го претепал, затоа што учителот сакал да го отвори училиштето. Истиот Давидко им се заканувал во повеќе села на учителите дека ќе ги убие, затоа што биле „*коцкари*“, а не биле врховисти.[484]

Врховистот Гоше Пелтекот им се заканувал на селаните кои немале црква, да не идат на богослужби во соседните села, зошто тие биле „*коцкарски*“ села. Јордан Стојанов во неколку села на левиот брег на Струма натепал попови. Врховистите вовеле тешка парична глоба, од 10 до 20 лири, врз оние селани кои ги мажеле ќерките за членови на Внатрешната организација, за „*коцкари*“ или во „*коцкарски села*“. Тие определиле една до пет лири глоба за секој кој ќе одел да работи како слуга или за надница во „*коцкарски*“ села и 50 стапа за прв пат, а за втор пат – смрт.[485]

Тие се обиделе со разни методи на терор да ги принудуваат селаните да ги предаваат четите на ТМОРО на Турците, но не успеале во тоа. Потоа, тие им се заканувале селаните за четите на ТМОРО да ги предаваат на нив, за да знаат каде се наоѓаат, да можат да им поставуваат заседи или со пукање на пушки да го привлечат вниманието на Турците, за аскерот да ги неутрализира четите. Врховистите започнале и да бараат од секое село по 200-500 турски лири, за пушките кои во претходните години бесплатно ги раздавале. Назначувале во секое село по двајца курири за да им приготвуваат храна, ракија, вино, опинци, алишта и да ги известуваат кои селани имаат домашни расправии и недоразбирања. При средувањето на секое такво недоразбирање, меѓу маж и жена, татко и син, меѓу браќа тие наплаќале по 5 до 7 лири.[486]

Во писмата се известува и за заседата која Гоше Пелтекот и Никола Лефтеров на 4 април 1905 година и ја поставиле на една чета на ТМОРО. Сепак, четата успешно се справила со врховистите и не дала ниту една жртва. Поради тоа, во с.

---

[484] Исто.
[485] Исто.
[486] Исто.

Падеж пристигнале турски потери, почнале да прават пребарувања, да ги измачуваат селаните и да ги обесчествуваат жените.[487]

Објавени се и писмата пишувани од врховистички војводи до генералот Цончев кои биле фатени од ТМОРО. Во писмата се докажува недостатокот на интелегенција кај многу од војводите-разбојници врховисти, потоа принудувањето и лихварството врз незаштитените селани и останатите злосторства. Од писмата јасно се гледало дека врховистите го тероризирале населението, го соголувале, зошто тоа стоело на страната на ТМОРО. Војводите на Цончев не може да се откажат од својот стар занает, покрај тоа, тие ги преследувале сите поразбудени и посвесни членови на Внатрешната организација како најголеми непријатели. Во писмата бил докажан и фактот дека тие во борбата против ТМОРО не бирале средства. Поради тоа, ТМОРО ги преследувала врховистите.[488]

4. Во врска со убиствата што ги извршила Внатрешната организација, таа имала право да го прави тоа. Таа судела и казнувала, казнувала и со смрт. Населението за кое се борела и го давала тоа право. ТМОРО не можела да казнува со затвор, не можела да екстернира, која се борела против една крвава транија, имала право да се служи со смртна казна. Сите тие кои биле бесни од случката при Кашина, од една страна знаеле како дејствувале врховистичките чети во Македонија, а од друга страна не сакале да ги земат во предвид тешките, судбоносни услови при кои функционирала Организацијата. Грчките и српските чети ја преполовиле Македонија, на тој начин и нанеле силен удар на ТМОРО и на населението со тоа што убивале жени и деца, гореле цели села. Османлиската влада содејствувала со тие чети, за да искористи колку што може повеќе од борбите меѓу четите во Македонија. Таа дала налог да се преследуваат само четите на ТМОРО. Турската војска исто така во голем број била присутна во Македонија. Таа беснеела, го тероризирала и уништувала населението. Турските антиорганизациски комитети ја засилиле својата дејност преку разбојничките арнаутски и турски банди кои постојано вршеле убиства и грабежи. Организацијата била распната на крст. Ретко

487 Исто.
488 Исто.

поминал ден кога некоја од нејзините чети не водела борба. Благодарение на предавства, 20 нејзини чети биле уништени.[489]

Токму во тие мигови, врховистите ги ископирале методите на дејствување на српската и грчката пропаганда и повторно почнале да испраќаат чети во Македонија. Тие велеле: „*Сега Организацијата е слаба, елајте да ги преземеме нејзините реони*“. Така започнале врховистите засилено да ги преследуваат работниците на Внатрешната организација, започнале да се служат со терор против организациските села, со терор ги принудувале селаните да ги предаваат четите на ТМОРО или на врховистите или на Османлиската власт и тие засилено започнале да навлегуваат во Струмичкиот и Мелничкиот реон. ТМОРО на тоа одговорила со обезоружување на врховистичките чети откако ќе ги поразела, но тие во Бугарија повторно се прегрупирале и навлегувале назад.[490]

Кога Јордан Стојанов со своите соединети чети навлегувал во туѓ реон за да го преземе, знаел многу добро дека влегува во непријателска држава каде не може на друг начин да биде пресретнат освен како непријател. Секоја чета која влегувала однадвор во одреден округ, без знаењето на задграничниот претставник на тој округ и без да биде побарана дозвола од реонската управа, се сметала за непријателска и се преследувала. Основниот принцип на ТМОРО бил дека таа не можела да трпи на своја територија никаква друга револуционерна организација или корпорација. Затоа, активностите преземени при Кашина биле оправдани.[491]

Секоја мерка која ја користела ТМОРО, била наложена од условите во кои функционира и од целта што ја следи. Таа била строга и екстремна во својата строгост. Но, нејзините напори и жртви кои ги дала, нејзините задачи и нејзината цел и давале полно право да биде безмилосна кон сите оние, кои сакале да го украдат тоа што таа успеала да го изгради. Додека во моментите кога сите непријатели ја напаѓале на еден бесен начин одвнатре и однадвор, за неа екстремните средства не само што се дозволени, туку тие се задожителни. Внатрешната организација за да ги заштити интересите на својата кауза, би

---

[489] Исто.
[490] Исто.
[491] Исто.

прибегнала до уште поекстремни мерки од оние во Кашина. И во таков случај таа би била оправдана.[492]

5. Крвавата борба помеѓу ТМОРО и Врховистите би продолжила, би се изострила и би зела уште поголеми размери. Врховистите привлечени од мислата дека настанал моментот за да можат да го постигнат тоа што дотогаш не можеле да го остварат, да преземат дел од реоните на ТМОРО, раздразнети и исполнети од желба да се одмаздат за убиените при Кашина, немало лесно да се откажат од таа пакосна борба за ослободителното дело. Гоше Пелтекот постави заседи на 6 места близу с. Покровник. Пензионираниот полковник Анастас Јанков издал окружно да се убива секој член на Внатрешната организација. Тие продолжувале со борбата, затоа ТМОРО била спремна да прибегне и до најголеми крајности и таа била подготвена да ја префрли борбата во Софија, од местото каде што им се давале заповеди на врховистите. Нејзините предани раководни сили немало да дозволат „*таа шепа на луѓе од обезумени и неразбрани патриоти, да го рушат тоа што Организацијата со цената на потоци човечка крв, на безбројни и бесценети жртви успеала во еден единаесет годишен период да го изгради*". Речиси сите повидни дејци на ТМОРО ја сметале за една од најкапиталните грешки индиферентноста на Организацијата за време на есента 1902 година, кога врховистите ја вршат Горноџумајската провокација, која имала грозни последици за ослободителното дело. Сите од нив се каеле зошто ТМОРО тогаш не прибегнала до најкрајни средства за да го осуетела тоа фатално движење. Борбата помеѓу Внатрешната организација и врховистите се повеќе би се засилувала, додека не настапело едно вистинско самоистребување.[493]

Дел од повидните македонски дејци, кои случајно или поради други причини сè уште останувале во кружокот на генерал Цончев и кои искрено биле предани на ослободителното дело, требало да се откажат од својот шеф, кој не им давал никаков отчет за своите решенија, кој се однесувал кон нив како кон свои потчинети, како кон свои орудија и кој им заповедал од Софија. Тие требало да влезат, без да губат време, во редовите на Внатрешната организација. Таа била подготвена на секој од

[492] Исто.
[493] Исто.

нив, според неговите способности и подготвеност кон делото, да му даде соодветно место во своите широки редови. Кога од кружокот на Цончев, најискрените дејци коишто биле предани на ослободителното дело би влегле во редовите на ТМОРО, кога би се разделиле од своите другари професионални разбојници како Дончо, Пелтекот, Атанас и други, тогаш врховистите би ја изгубиле сета можност да ја продолжат борбата и би се растуриле. Тогаш би се воспоставило полно единство во Внатрешната организација.[494]

Доколку врховистите се покажеле неспособни за една таква благородна постапка, ако тие заслепени од своите лични амбиции, не можеле да се откажат од својот престапнички пат, ако нивниот шеф ги поставил своите лични амбиции повисоко од светата ослободиелна борба и тие продолжеле да дејствуваат против единството на Организацијата и ја принудувале во тие судбоносни моменти да троши време и сили против нив, тогаш преостанувало бугарското општество да го даде својот суд. Тоа требало да престане да го смета секој оној кој би отишол со пушка во Македонија како полезен за ослободителното дело и секој оној кој се вратил од таму како херој кој заслужува да биде уважуван и поддржуван. Еднаш засекогаш требало да се разбере дека секој оној кој дејствувал против Внатрешната Организација, дејствувал против ослободителното дело на измаченото и обесправеното македонско население.[495]

---

494 Исто.
495 Исто.

## 26. Епилог од судирот при Кашина, Гледиште на странскиот печат

1. Бугарскиот весник „Ден“ пишува за борбата при Кашина. Според статијата, уништувањето на четата на Јордан Стојанов од страна на Јане Сандански, кој бил припадник на Внатрешната организација, произвело во Бугарија силен впечаток. Со тој настан се срушиле сите обвинувања против ТМОРО дека таа *„разбојничка“* организација, која зад нејзиниот интернационален карактер се криел скриен бугарски шовинизам, дека зад нејзината крајна цел „автономна Македонија“ и *„Македонија за Македоцните“* всушност означувало *„Македонија за Бугарија“*. Таа со борбата при Кашина го докажала својот карактер и ги одбранила своите принципи. Внатрешната организација смело фрлила ракавица на шовинистичките чети без разлика од каде тие доаѓале и дали се: бугарски, српски или грчки.[496]

Двете организации, ТМОРО и врховистите се разликувале речиси во сè. Внатрешните се бореле за автономијата на Македонија и се приджувале до девизата *„Македонија за Македонците“*. Тие решително ги отфрлале претензиите на Бугарија и бугарската влада кон Македонија. Од друга страна врховистите мечтаеле за присоединувањето на Македонија кон Бугарија. Првите мислеле дека ослободувањето на Македонија, за да било вистинско ослободување, требало да биде дело на самиот народ, резултат на добро подготвено и целосно организирано востание. Вторите ги вложувале сите свои надежи во вооружената Бугарија и меѓународните усложнувања на Балканскиот Полуостров. Првите на прво место ја поставувале својата програма, подготвителната организациска работа и не брзале со востание, вторите мислеле само за активна борба која требала да го забрза бугарското вмешување во Македонија. Природно било, при таква разлика во програмите и идеологијата, Внатрешната организација да има право да не им допушта на врховистите да го засилат нивното влијание на нејзина територија.[497]

Јане Сандански не бил нов човек во ТМОРО. Неговото име, како еден од најголемите претставници на *„левицата“* во македонската революционерна

[496] в. Революционненъ листъ, Кашина, г1, бр14, 1905, 8.
[497] Исто.

организација, било познато уште со прочуената афера „Мис Стон“. Тој самиот никогаш не го одрекол учеството во тоа киднапирање. Името на Сандански, заедно со имињата на Христо Чернопеев и други прочуени војводи на ТМОРО се спомнувале во врска со востанието од 1903 година. Тој бил главниот началник на Серскиот револуционерен округ. Тој не бил никаков случаен деец, туку еден од видните дејци на Внатрешната организација. Потоа весникот „Ден“ ги опишал настаните од судирот при с. Кашина.[498]

2. Весникот „Народни права“ известувал дека говорот што Сандански го одржал при Кашина и објавувањето на окружното потпишано од него ја покажала големата идеја по која се движела Македонската организација. Искрените дејци на таа организација длабоко ги презирале сите оние, кои се шегувале со ослободителната кауза, кои безбожно ја експлоатирале за лични збогатувања, амбиции или ја употребувале како ков во политиката на балканските државички. Говорот, окружното и решителното дело извршено на 6 април 1905 година, сугерирал голем респект кон македонските борци. Безбожното експлоатирање на тоа прашање го очајало Македонецот и затоа тој со меч во рака ја пцуел Бугарија, бугарскиот кнез, бугарската влада, Егзархот и сето она што било ценето и почитувано од сите Бугари.[499]

Тие пцовки, придружени со заклaните Бугари кои оделе во поробената Македонија да ги положат коските за нејзината слобода, јасно говореле за политиката на Внатрешната организација и за нејзиното расположение кон оние, кои свесно ја *„мателе водата*“. ТМОРО не сакала чети ниту од Грција, ниту од Србија, ниту од Бугарија. Таа свечено изјавила дека секој што сакал да работи за слободата на Македонија, требало да се откаже од претензиите на својата држава кон Македонија. Покрај тоа, да влезе како војник во редовите на Организацијата без да командува или да биде гласен, туку да се потчини на нејзините закони и наредби. *„Македонија за Македонците*“, а не за Бугарите, Грците или Србите,

[498] Исто.
[499] Исто.

безусловно потчинување на ТМОРО со чиста и непречена дејност. Тоа била девизата на таа Организација.[500]

Таа девиза, добро осмислена, покажала дека Внатрешната организација доволно созреала и закрепила. Таа веќе не се восхитувала од патриоти кои израснале само дотаму, за да ги положат коските за слободата на Македонија, туку таа сакала и барала војници кои всушност знаеле кога и како да ги положат своите коски, за да бидат полезни на делото. ТМОРО стоела близу до населението за чија слобода таа се борела. Таа подобро ги знаела неговите потреби и условите при коишто живее. Само таа имала право да раководи со судбините на тоа население. Бугарските „*патриоти*" немале морално право да навлегуваат со чети во Македонија, без да се прашало тоа население. Зошто тоа население не сакало да се изложува на грозните последици кои настапувале после секој неуспешен обид за востание. На интелегенцијата која не живеела во Македонија и Одринско и останувало да го помага морално, материјално и интелектуално делото. Додека оние кои сакале да помогнат со оружје, должни биле да влезат во Македонија како приватни лица и да се потчинат на тамошната волја, раководена од Организацијата.[501]

Таа идеја на ТМОРО, која била пројавена така жестоко на 6 април 1905 година, истовремено била многу корисна и за ослободувањето на Македонија и за олеснувањето на надворешната политика на Бугарија. Со тој акт, немало веќе да се сомничи Бугарија дека поддржувала чети во Македонија. Секој можел да види дека македонското население така се организирало, што тоа ги напаѓало и уништувало сите чети кои доаѓале однадвор. Тоа негодувало против сите кои жестоко го експлоатирале крвавиот откуп, кој Македонецот го плаќал за својата слобода.[502]

3. Весникот „Балкански новини" пишува дека генералот Цончев и неговите другари биле виновници за смртта на толку луѓе при Кашина. Тие не престанувале да го полнат својот орган „Реформи" со проклетства испратени на адреса на работниците на Внатрешната организација. Со дрскост соодветна само за нив, се

---

[500] Исто.
[501] Исто.
[502] Исто.

силеле да докажат дека таа Организација со ништо суштествено не се разликувала од нивната. Принципите и идеалите биле еднакви за сите, тие биле ослободувањето на братското население од тешкото политичко ропство. Грандиозната борба која постојано ја водела Внатрешната организација против наворешните влијанија, цончевистите ја објаснувале со состојбата дека некаква група со социјалистичко-анархистичка позадина, потпомогната од професорот Агура, се силела, не за да заштитува човечки принципи и идеали, туку барала да стане господарка на ситуацијата и во Македонија и во Бугарија. И најмалку запознаениот човек со македонското прашање би сфатил колку биле бледи горните мотиви.[503]

Врховистите оделе дотаму да го негираат постоењето на ТМОРО, да ја нарекуваат имагинарна и работниците самопрогласени. Во статијата запрашуваат, ако Внатрешната организација со целата своја интелегенција била некаква фикција, тогаш чие дело била таа мрежа во Македонија која заседнала како држава во држава? На кого требало да му се препише делото на Македоно-одринецот, кој со својата зрелост и здруженост го восхитувал светот? Цончевистите со нивната дрскост го навредувале целиот македонски народ, со тоа што му ја нарекувале организацијата имагинарна, истата таа организација која дала толку многу скапи жртви и импресивни докази за своето постоење. Врховистите имале само ограничено влијание во Македонија, додека во Одринско немале никакво.[504]

4. Рускиот весник „Ново време“ пишувал за општите разлики помеѓу врховистите и ТМОРО. Врховистите мислеле да ја постигнат нивната цел со четничко навлегување во Македонија и да кренат востание на тој начин, што ќе предизвикаат воен конфилкт помеѓу Бугарија и Османлиската Империја. Тој конфликт би ја принудил Бугарија да влезе со војски во Македонија. ТМОРО напротив, мислела дека целта ќе се постигне преку една внатрешна револуција, затоа требало да се подготви населението во Македонија на долга револуционерна дејност. Врз тој основ, Внатрешната организација ги сметала врховистите за најголем непријател на нејзиното революционерно дело.[505]

---

[503] Исто.
[504] Исто.
[505] Исто.

Статијата продолжува со анализа на Окружното од Серскиот револуционерен округ на ТМОРО кое врховистите го објавиле во в. „Реформи“ и со Официјалната притурка на в. „Револуционерен лист“ во кои јасно се гледале разликите помеѓу ТМОРО и врховистите и причините за нивната борба. Понатаму се додава дека Внатрешната Македоно-Одринска Револуционерна Организација претставувала многу симпатични аспекти. Таа навистина била една револуционерна организација која се потпирала на масата внатре во Македонија. ТМОРО ја организирала масата за самозаштита, самоуправа и борба за подобра иднина.[506]

[506] Исто.

## 29. Активности на врховистичките чети во Македонија по судирот при Кашина

1. Во неколку писма испратени до органот на ТМОРО, в. „Револуционерен лист“ се прикажани злосторствата на врховистите извршени во Македонија во 1905 година. Во првото писмо испратено од работникот на ТМОРО со псевдоним „*Драк*“ се вели дека врховистите крстосувале слободно во реоните кои ги контролирале и ја ограбувале и последната пара на населението, која била спечалена со крвава пот. Со насилство, борба, тепање и убиства тие принудиле еден дел од населението да им се потчини и да ги слуша.[507]

По тој повод бил свикан реонски конгрес на ТМОРО на 20 април 1905 година во Малешевско од сите повидни дејци од тој реон. Но, поради теророт на врховистите, еден дел на делегати не се јавиле на Конгресот. Делегатите што присуствувале решиле да побараат сметка за злосторствата на разбојничките врховистички чети. Тие донеле решение да се преследуваат сите чети испраќани од соседните држави и нивните јатаци. Но, тоа не ги вразумило врховистите.[508]

На 12 мај 1905 година, врховистичка чета од 50 души, предводена од Никола Лефтеров го опколила с. Русиново и ги заробила сите селани. Лефтеров им изјавил доколку сакале да бидат ослободени требало да платат 80 лири откуп, во спротивно би биле убиени. Со тепање и заплашувања четата успеала да извлече 50 лири од селаните, а како плен со себе ги зела: Ѓорѓи Илов, Андон Пецов и неговиот татко и уште двајца. По неколку дена откако ги држеле врзани и гладни, ги пуштиле со ветувањето дека ќе донесат уште пари за откупот. Една недела после тој случај, четата на Лефтеров се вратила во с. Русиново, но таму веќе се стационирала реонската чета на ТМОРО. Започнала престрелка по која врховистите се повлекле.[509]

---

[507] в. Революционненъ листъ, г1, бр16, 05.07.1905, Врховиститѣ, 15.
[508] Исто.
[509] Исто.

2. Во второто писмо од работникот на ТМОРО со псевдоним „*Сливаров*“ се вели дека само човек кој не живеел на територијата на ТМОРО и не бил одблизу запознаен со нејзината цел, со нејзините задачи и со нејзината уредба, само тогаш би можел да поверува во клеветите кои биле пишувани во в. „Реформи“ и некои други бугарски весници. Внатрешната организација изникнала од средината на безбожно измачуваниот македонски роб. Таа се стремела да ги прибере сите незадоволни елементи, потиснати под тиранскиот режим на Турците и откако ги сплотила во едно цело, започнала сериозна системска работа против поредокот во расклатената држава. Таа стигнала до степен да биде држава во држава.[510]

Внатрешната организација требала да ја чува својата самостојност и да не дава никакви поводи, кои можеле да се експлоатираат од нејзините непријатели. Познато било, дека непријателите не запирале пред ништо, за да ѝ придадат бугарски колорит, за да ја претстават како оружје во рацете на Бугарија, со цел да ја искомпромитираат пред европското општествено мислење.[511]

Врховистичките чети кои влегувале на територијата на Организацијата, требало еднаш засекогаш да разберат дека тие не можеле незаконски да влегуваат и излегуваат кога ќе им текнело, без да се усогласат со законите на ТМОРО. Нивните началници требало да разберат, дека земјата на робот не била земја за воени трошоци. Сето тоа ја оправдувала борбата при с. Кашина.[512]

Фатени биле преписки на врховистите преку кои се докажува како тие ги мачеле селаните и изнудувале пари од нив. Се објавува дека убиството на момчето Атанас Витков исто било дело на врховистите, затоа што не успеал да ја собере потребната сума која му била барана. Врховистите разбојници Васил Димитров, Костадин Смоларски и Иван Смоларски оперирале во Петричко. Но, бидејќи тој реон бил веќе опустошен од други врховистички арамии, врховистите сакале да го прошират својот терен во Струмичко. Разбојниците Бакалчето, Иван, Динчето и други пробале да навлезат во Струмичко, но биле одбиени од селската милиција и реонските чети на ТМОРО. Но, таа акција привлекла потоа да дојде турска војска и

---

[510] в. Революционненъ листъ, г1, бр17, Врховиститѣ, 15.
[511] Исто.
[512] Исто.

да се стационира во тој крај. Сите повидни селани од тие места биле арестувани и однесени во затворот Еди куле во Солун.[513]

3. Во писмо од 11 јули 1905 година, потпишано од „*Малешевец*“ се вели дека здружените чети на врховистите, околу 100 души, предводени од Н. Лефтеров, К. Настев, Г. Ангелов и други сеуште оперирале во Македонија. Тие ја „*ослободувале*“ сета храна, пијалоци и пари. Нив им се придружил Анастас Дуната, кој бил ревносен крадец на говеда, коњи, магариња и познат крадец на куќи. А. Дуната и Васе Пеливанот биле стари „*ослободители*“.[514]

Тие од една куќа во с. Митрашинци ограбиле се што можеле да најдат. Тие зеле 30 лири од селанец од с. Берово, го убиле Иван Точев и брат му Гане Точев од с. Берово и им ограбиле 48 говеда и 10 телиња. На многу места ги ограбиле црковните скапоцености. Поради тоа, Дончо Златков и Никола Лефтеров погледнале со завист кон нив и тие им побарале сметка. За да не поделат од пленот, Атанас и Пеливанот заминале во Бугарија за да му дадат отчет на генералот Цончев, кој велел дека направиле одредени „*грешки*“. Цончев ги испратил назад со уште 20 души наоружани четници за да ја продолжат својата „*ослободителна*“ дејност во Малешевско.[515]

Кога пристигнале во Малешевско уште во првото село смртно претепале еден селанец. Во друго село претепале до смрт уште двајца селани, поради тоа што едниот се оженил за вереницата на еден од братучедите на Пеливанот. Каде и да оделе ја јаделе и одземале сета храна на селаните. Потоа, на некои овчари од Плачковица за пет дена им заклале 24 овци, им одзеле 40 чифта чорапи и 30 оки кашкавал.[516] Овие примери се само дел од посведочените злосторства на врховистите во Македонија.

---

513 Исто.
514 в. Революционненъ листъ, г1, бр18, Врховиститѣ, 15.
515 Исто.
516 Исто.

## 30. Одговор на врховистите за Официјалната притурка на ТМОРО

1. По објавувањето на Официјалната притурка на ТМОРО во в. „Революционерен лист“, врховистите во својот орган в. „Реформи“ објавиле одговор на притурката. Во одговорот се вели дека во Внатрешната организација изникнало ново течение, кое врбувало работници од сите раси кои ја населувале Македонија. Тоа било новост за бугарскиот народ. Тоа било почетокот на еден сепаратистички дух, кој се веел во редовите на ТМОРО. Таа, која дејствувала дотогаш од името на „*целокупниот бугарски народ*“, која со сласт ги примала неговите помошници, излегла и изјавила дека помеѓу нејзе и бугарскиот народ имало грамадна пропаст; таа никогаш не дејствувала за една бугарска Македонија и би ги разбивала сите нејзини чети, како што ги разбивала српските и грчките.[517]

Според неа, врховистите се јавувале како носители на чисто бугарски државнички аспирации и со сите свои акции, тие се труделе да го претстават движењето пред надворешниот свет како бугарско. Со тоа се компромитирала каузата на Внатрешната организација. Таа не трпела на својата територија никакви шовинистички течениjа, таа се борела против секое надворешно влијание. Затоа еднакво ги преследувала четите исрпаќани од српскиот генерал Атанасковиќ, грчкиот професор Казаис и бугарскиот генерал Цончев.[518]

Тие изјави според врховистите биле престапни, зошто едни „*Бугари*“, кои ја уважувале својата народност, не би говореле на таков начин. Тие исто така биле неморални зошто им давале можност на странските пропаганди да ја обезличуват „*бугарската маса*“ во Македонија, која уште не била зајакната во културен однос. Врховистите ја почитувале саможртвата на македонските дејци, но биле должни да ги стигматизираат тие изјави, кои ја навредувале честа, моралот и патриотизмот. Претставниците на „*некогаш силната организација*“, наместо да се стремеле да ја запазат „*бугарската физиономија*“ на Македонија, сами придонесувале за

[517] в. Реформи, г7, бр25, 04.06.1905, Българскиятъ печатъ и Македонското дѣло, 3.
[518] Исто.

нејзиното обезличување. Доколку не се ставело крај на таа „*анархија*", немало да биде далеку денот кога „*бугарскиот елемент*" ќе бил само историски спомен.[519]

Врховистите запрашуваат, кога ТМОРО се борела за сепаратизам, дали бугарското општество требало да ја помага таа кауза, што била насочена против неговите интереси. Кога националните разлики биле туѓи за некои револуционери, тогаш во името на каква националност тие апелирале за помош? Во името на каква националност благотворната комисија собрала неколку стотини илјади франци? Врховистите продолжуваат да прашуваат, во името на кого се барале четници, оружје и залихи и во името на која националност барале толку многу средства од бугарската држава. Кога ТМОРО ја одрекувале националноста, тогаш што барале помеѓу бугарската средина на грбот на која живееле? Бидејќи ТМОРО сакала да прави збирштина од народности, таа требала да отиде во Белград и Атина и таму во името на своите врховни принципи да побара гостопримство. За душманите на бугарската националност немало поголеми сојузници од работниците на Внатрешната организација.[520]

2. Својот став во врска со ТМОРО и епилогот од судирот при Кашина го објавува и поранешниот претседател на ВМОК, Стојан Михајловски. Според него, македонската емиграција, Бугарите од Кнежеството, бугарскиот печат и сите бугарски влади, едногласно изјавувале дека работат за автономијата на Македонија и „*Македонија за Македоцните*", тогаш се појавиле неколкумина „*самоповикани претставници*" од типот на Чернопеев, Гарванов и други, кои ја оспорувале искреноста на целиот бугарски народ и на самата македоно-одринска емиграција. Тие препишувале завојувачки цели, истовремено се објавувале за заштитници на „*Бугарите*" во Македонија и Одринско од посегањата на слободните Бугари и емиграцијата. Кој сакал да влезе во Македонија требало да ја добие нивната согласност, во спротивно Јане Сандански ќе му ги извадел очите.[521]

Таа дрскост не би заслужувала никакво внимание, доколку не ги чинело врховистите толку жртви, доколку не направиле толку скандали во

---

[519] Исто.
[520] Исто.
[521] в. Реформи, г7, бр25, 04.06.1905, Опасна нахалность, 1.

ослободителното дело и ако немало најави за потенцијални бедности за бугарскиот народ. Стојан Михајловски продолжува дека, Бугарите имале мала солидарност и дека бугарското национално сознание било многу слабо. Тоа што се нанесувало удар на бугарското слабо сознание, било најголемиот престап кој можел да го изврши Бугаринот. „*Самоповиканите и наметнати*“ претставници на Македонија и Одринско го извршувале тој престап. Нивни омилени средства биле: подлоста, дрскоста, насилството, злоупотребувањата и шарлатанството. Постојано тие пееле една иста песна: „*За вас автономна Македонија е средство, а за нас е цел. Вие сакате да се случуваат делумни востанија во Македонија и Одринско, а ние работиме за масовно издигање на робовите. Вие сте оружје на бугарскиот кнез и на бугарската влада, а ние сакаме робот сам да си го избере моментот за борбата*“.[522]

Михајловски продолжува, откако ќе се разгледале делата на работниците на ТМОРО ќе се видело дека на секој чекор тие ја злоупотребувале довербата на „*Бугарите*“ во Македонија и Одринско, како и на Бугарите во Кнежеството. Поради тоа, Внатрешната организација била изложена на разрушување. Истовремено во Бугарија имало еден куп агенти на ТМОРО. Во Македонија со насилство тие ги наложувале своите барања. Не создавале таму револуционери, туку реакционери кои сееле грозна поделба меѓу поробените „*Бугари*“. Додека пак во Бугарија, нивните агенти и печатените органи како в. „Македонски преглед“, се објавувале отворени писма, во кои се велело дека ќе ја исечела главата на секој Бугарин, кој би си дозволил да ја премине границата без согласноста и дозволата на „*самопрозваните претставници*“ во Софија. Истовреме, се величел и оправдувал Сандански дека неговата постапка била хероизам и патриотизам. Поради тие причини, Стојан Михајловски бил на став дека неговата Бугарија не била управувана од Бугари.[523]

Бугарското општество требало да се стресне пред тие околности. Бугарите ја сакале автономијата на Македонија затоа што тоа било најразумниот начин за решавањето на македонското прашање. Поради две главни причини сакале да се

---

[522] Исто.
[523] Исто.

разреши тоа прашање: 1) Мнозинството во Македонија било „*бугарско*“ и колку поскоро ќе се ослободело, толку поскоро тоа „*бугарско население*“ би се издигнало, а бугарштината ќе се освестела и би залечила; 2) Македонија е соседна држава на Бугарија. Колку подолго имало анархија таму, толку и бугарските интереси страдале во политички и економски однос.[524]

Со таквата поставеност на работите, од бугарска страна погрешно и глупаво било да се работи за каузата, во својство на луѓе без национален облик и со самоодрекување. Врховистите работеле и давале жртви за Македонија како Бугари, немало зошто да се срамат или страдаат поради тоа. Врховистите се гордееле и со фактот дека во Македонија речиси исклучително само „*Бугарите*“ воделе борба против тиранијата. Се гордееле зошто „*Бугарите*“ ги давале најголемите и најскапите жртви за автономијата на Македонија, од која автономија еднакво би користеле и бугарските непријатели Турците и Грците. Врховистите се бореле за една праведна кауза, немало зошто да се одрекуваат од својот народ, од себе си. Доколку го направеле тоа, тоа би послужило само за засилувањето на апетитите на Грците и Србите.[525]

---

[524] Исто.
[525] Исто.

## 31. Состојбата во ТМОРО по судирот при Кашина

1. На 12 јуни 1905 година во в. „Револуционерен лист“ било објавено писмо од Борис Сарафов во кое се бранел против нападите упатени до него и неговата група сарафисти. Сарафов не сакал да биде поистоветуван со Цончев и цончевистите. Во писмото вели дека в. „Револуционерен лист“ во неколку броеви систематски објавувал тешки обвиненија против сарафистите, дека тие без да ги уважувале принципите и традициите на Внатрешната организација, испраќале од Бугарија непотребни чети во внатрешноста. Исто така, дека биле вооружувани и земале парични средства од бугарската влада и дека станале нејзини агенти во протуркурањето на нејзините цели. Сарафистите биле обвинувани дека преку четите сакале да ја заземат положбата во Македонија.[526]

Истото се говорело и во окружното на Серскиот револуционерен округ потпишано од Јане Сандански и Петко Пенчев. Кога би се прочитале тие обвиненија впиени со јад, злоба и бес, поткрепени со толку детали, не можело да не се поставеле сарафистите на исто рамниште со цончевистите и да не се сметале сарафистите за заколнати непријатели на ослободителното дело. Поради тие обвиненија, Сарафов се решил да напише отворено писмо. Тој прашува од каде одредени дејци на ТМОРО земале оружје и финансиски средства за испраќање чети во Македонија, индиректно потенцирајќи дека земале од Бугарија. Тој ги повикувал јавно Иван Гарванов и Дамјан Груев, кои после донесените резолуции на Скопскиот окружен конгрес, дали „*проселе*“ средства од ист извор, истовремено со Цончев. Ако тие господа црпеле од тој извор, туѓ на Организацијата, дали тогаш ги заложиле интересите на ослободителното дело и дали тие станале агенти во полза на тој извор. Сарафов запрашувал дали неговата група која се претставувала себе си и ги користела личните познанства или оние кој црпеле од тие извори, биле повеќе виновни.[527]

---

[526] в. Революционненъ листъ, г1, бр15, 12.06.1905, Прѣдизвикани обяснения, 6.
[527] Исто.

Тој велел дека немало зошто да биде неговата група обвинувана, кога и сарафистите и останатите дејци на ТМОРО се послужиле со „*некаков забранет извор*“ за револуционерните цели. Сарафистите не можеле да ја компромитираат Организацијата, туку тоа го правеле тие што имале полномоштва и се служеле со туѓи извори.[528]

2. На 5 јули 1905 година, д-р Карло Блинд напишал статија со наслов „*Бугарските злосторства против Бугарите*“ во лондонскиот весник „Пал мал газет“. Во неа стои дека двата востанички комитета меѓусебно се самоуништувале. Цончев го предводел врховистичкиот, а Сандански централистичкиот комитет, односно Внатрешната организација. Јане Сандански се претставувал како единствен претставник – Македонец. Тој си поставил за цел од Македонија да создаде независна држава, која единствено можела да влезе во составот на идната Балканска федерација, кога таа „*сомнителна*“ творба би се создала. Цончев од своја страна, се стремел да создаде бугарска автономна Македонија, која потоа би ја соединил со Кнежеството Бугарија.[529]

Македонскиот комитет се залагал да создаде јазик единствен за сите. Учените од комитетот на Сандански создале граматика на македонски јазик, како јазик на целата област. Дијалектот на Битолскиот вилает се зел за основа на тој нов македонски „*есперанто*“. Новиот македонски јазик требало да ги истисне српскиот и бугарскиот јазик од Македонија, бидејќи тој бил различен од јазикот кој се зборувал во Србија и Бугарија.[530]

На сличен начин пишувал и Родолфо Фоа во весникот „Ла Италија Ил Естро“. Во неговата статија се вели дека Сандански проповедал во смисла: „*Македонците ќе ја ослободат Македонија без мешање на соседните држави. Во Македонија не треба да има ниту Бугари, ниту Грц, ниту Срби, ниту Романци, ниту Турци, туку само Македонци*“.[531]

---

[528] Исто.
[529] Ванчо Ѓорѓиев, Јане Сандански и посебноста на Македонија и Македонците, Зборник од научниот собир по повод 90 години од убиството на Јане Сандански одржан во Скопје на 20 и 21 октомври 2005 година, МАНУ, Скопје, 2007, 91.
[530] Исто.
[531] Исто.

3. За борбите помеѓу ТМОРО и врховистите свое мислење дал и деецот на ТМОРО, Петар Поп Арсов. Според него, врховистите си ја одиграле својата улога исто како српската пропаганда. Внатрешната организација која се потпирала врз народот била единствен фактор во Македонија на кој можело да се смета. Но, поради тоа, народот требало подобро да се организира за борба. Основата на ТМОРО е федеративноста, а целта – сепаратизмот. Таа се противела на ново востание и мислела дека сета работа требало да се прилагодува за во иднина да дојде до меѓународна воена интервенција. Кон тој план се избирале и средствата. Според Поп Арсов, малите терористички чети и бомбардирањата се покажале како најдобро средство за таква работа.[532]

[532] Ванчо Ѓорѓиев, Петар Поп Арсов (1869-1941). Прилог кон проучувањето на македонското националноослободително движење, Скопје, 1997, 160.

# VI

## 32. Создавање на МОТРО

1. Врховистите биле потиштени бидејќи како што поминувало времето нивното влијание и нивната моќ се повеќе опаѓале. Поразот при Кашина, недостигот на средства од бугарската влада и од благотворните комисии, одбивањето на бугарската владата да соработува со нив и нејзиното претпочитање да соработува со одредени дејци на ТМОРО, довеле врховистите да се најдат во апатична ситуација. Иван Цончев повеќе не бил таа значајна личност во која се полагале сите надежи да го потчини и стави македонското револуционерно движење под контрола на бугарската влада.

Но генералот Цончев, смислил нова тактика за да се возобнови неговата релевантност како и релевантноста на врховистите – цончевисти. Тој решил да ја следат стратегијата на ТМОРО во Македонија и целосно да ги копираат нејзините методи во реоните кои имале свои бази (Петричко, Малешевско и дел од Мелничко). Во летото 1905 година со таа цел била формирана Македоно Одринската Тајна Револуционерна Организација – МОТРО. Организацијата на врховистите тендециозно била крстена така, за да предизвикува забуна кај обичните селани поради сличноста со името на ТМОРО.[533]

Главната идеологија на МОТРО е оцртана во едно писмо на Александар Протогеров до Иван Цончев од 5 мај 1905 година. Протогеров во него сугерирал подобар избор на кадрите, ангажирање на месното население, привлекување на млади и интелегентни сили, системска и упорна работа итн. За таа цел МОТРО требала да спроведува реонски конгреси и да избира месни раководители со цел да се свика окружен конгрес, кој има задача да му даде легитимитет на генерал Цончев за тој да може во иднина да стане задграничен претставник на ТМОРО во Софија. Цончев на тоа писмо одговорил: „*Едно е сега најважно, што ќе те молам да го имаш во предвид, тоа е опстојувањето внатре. Само на тој начин ние ќе можеме да поправиме многу работи и да ја зацврстиме позицијата. Нашите пријатели*

[533] С. Елдъров, Генерал Иван Цончев..., стр. 143.

*нека си створат едно поголемо трпение и самоодрекување. Тоа треба да биде нашата прва и најважна цел*".[534]

На 25 јуни 1905 година во реоните каде врховистите имале свои бази, бил организиран Конгрес на МОТРО. Било избрано времено раководно тело кое потоа станало централно биро во состав: потполковник Стефан Николов, капетан Александар Протогеров и војвода Дончо Златков. Нивниот мандат требало да трае до свикувањето на општ онгрес. Територијата на МОТРО била поделена на 5 реони: Џумајски, Малешевски, Петрички, Мелнички и Поројски. Секој реон имал началник, реонски војвода и реонско раководно тело. Реоните од своја страна се делеле на ограноци составени од десетина или повеќе села, кои се раководеле од ограночни комисии. Организационата структура и хиерархијата во МОТРО била поставена по принципот на избор. Од селските дејци се избирале членовите на ограночните комисии; секој огранок бил претставен од свој член во составот на реонското тело; секој реон делегирал еден претставник во Централното раководително биро.[535]

На 10 јули 1905 година, МОТРО објавила окружно во кое наложувала околиските раководители да назначат свои учители во училиштата. Учителот во училиштето требало да биде само воспитувач, а не револуционер, бидејќи децата требало да се занимаваат со училишна работа, но не со револуционерната. Неговата воспитувачка улога била поважна од револуционерната. Со овие ставови се копирала тактиката на ТМОРО за контрола на училиштата. Разликата била во тоа што ТМОРО сакала да ја револуционеризира младината, додека идеологијата на врховистите била потполно исто со онаа на Бугарската егзархија која го следела еволуциониот пат во Македонија.[536]

На тие конгреси на МОТРО се избирале членови на реонските раководните тела. Овие тела имале задача да собираат материјални средства за МОТРО. Врховистите ги обложиле селата под нивна контрола со годишен данок за

---

534 Исто.
535 Исто.
536 Исто.

подмирување на трошоците и купување на оружје. Данокот прогресирал во зависност од големината на селата. Исто така, дел од данокот се земал во натура.[537]

Форматот на сите селски конгреси е речиси идентичен. На сите нив се наметнува истиот шаблон за „*функционирањето*" на врховистичката организација. Забележително е и прелевањето на исти членови на различни конгреси. Оваа замисла на врховистите имала за цел, формално да ја популаризира нивната идеја и подалеку во Македонија. Меѓутоа, освен незначителните донесени решенија за време на селските конгреси, МОТРО нема да преставува ништо друго освен уште едно врховистичко фијаско. Таа организација не фатила никаков корен и не постигнала никаков позначителен успех.

Се покажало дека ниту оваа стратегија на генерал Иван Цончев и на врховистите не дала никаков краткорочен, но и долгорочен резултат. МОТРО била игнорирана затоа што во суштина не претставувала никаква сила, додека сите усилби на врховистите биле залудни. Во таква ситуација врховистите го пречекале Рилскиот Конгрес на ТМОРО од есента 1905 година. Иако претендирале да бидат поканети и да присуствуваат на Конгресот како претставници на „Внатрешната организација". Всушност интимната замисла на генералот Цончев била со МОТРО, да создаде популарна база внатре во Македонија и на тој основ преставницните на МОТРО да бидат поканети на конгресот на ТМОРО, како еден дел на Внатрешната организација. Во тој случај, Цончев како преставник од внатрешноста на Македонија, претендирал повторно да биде избран на висока функција во македонското револуционерно движење, за да си го возобнови својот углед и авторитет. Меѓутоа, неговите планови нема да се остварат.

---

537 Протокол №1, Княжество България..., 336.

## 33. Распуштање на групата врховисти, нивното слевање во ТМОРО и појавата на неоврховизам

1. Големата криза помеѓу фракциите на ТМОРО, како и борбата на Внатрешната организација со грчката, српската и бугарската пропаганда предводена од врховистите предизвикала итна потреба во есента 1905 година да се одржи Конгрес. Останати прични за свикување на Конгресот биле устројството на Внатрешната организација за преуредување на нејзината дејност и прифаќање на нова директива и правила по која ТМОРО ќе се води во иднина. Моделот на децентрализација во функционирањето на ТМОРО добивал на сила од голем број работници на Организацијата.[538]

Во пролетта 1905 година во блиски односи влегле генералот Цончев и Дамјан Груев. Двајцата во тие моменти имале нарушен авторитет и углед. Тоа нивно зближување најверојатно се должело поради планот на II политичко одделение при Министерството за надворешни работи на Бугарија, за слевање на групата на Цончев со поумерените елементи на ТМОРО и преземањето на контролата врз Организацијата одвнатре, за потоа таа да се стави во функцја на бугарските политички интереси.[539]

2. На 8 септември 1905 година во Софија повторно се направил обид да се обедини македоно-одринската емиграција во Бугарија. После долги и бурни расправии за начинот на организирањето на емиграцијата дошло до согласност. Било формирано врховно тело во кое влегувале: д-р П. Нејчев – претседател, К. Шахов и Н. Ников – потпретседатели, Чернодрински – секретар и Е. Куманов – касиер.[540] Сепак новото раководно тело на емиграцијата нема да има битно значење затоа што Рилскиот конгрес на ТМОРО од есента 1905 година, тектонски ќе ги измести внатрешните услови во македонското револуционерно движење.

[538] В. Ѓорѓиев, Подземната република..., 427.
[539] Исто.
[540] в. Реформи, г7, бр38, 10.09.1905, Македоно-Одринскитѣ братства във столицата, 4.

Пред Рилскиот конгрес, врховистите целосно го имале изгубено интегритетот пред бугарското општество и пред ТМОРО. Тие имале огромни долгови кои изнесувале над 36,000 лева.[541]

3. Со заедничка согласност, сите окрузи на ТМОРО кон крајот на септември 1905 година, испратиле делегати во Софија. На тие предконгресни советувања настанала несогласност на која локацијата да се оддржи Конгресот. Серската група на ТМОРО сакала Конгресот да се оддржи внатре во Македонија на организациска територија. Но, бил прифатен компромис, Конгресот да се оддржи во пограничниот реон, на бугарска територија во Рилскиот манастир.[542] Поради големите османлиски потери и турска војска во Македонија, дел од дејците на ТМОРО се плашеле дека во тие услови било невозможно да се оддржи Конгрес во Македонија.

Конгресот започнал во октомври 1905 година и на него учествувале сите фракции на ТМОРО. Една од поважните теми била и решавањето на односот на Внатрешната организација со врховистите – цончевисти и со бугарската влада.

Рилскиот Конгрес го имал следниот дневен ред: 1) Извештај за минатата дејност и сегашната положба во Организацијата по окрузи и околии; 2) Идната дејност на Организацијата; 3) Устројство и управа на Организацијата: а. административен оддел; б. судски оддел; в. финансиски оддел; г. културно-економски оддел; 4) Литература и печат; 5) Односот и поведението на Организацијата спрема разните теченија; а. спрема сите пропаганди (легални и вооружени); б. спрема бугарскиот државнички национализам и Егзархијата; в. спрема врховистите, емиграцијата и јавноста во Бугарија; г. спрема одделни организациски групи внатре и надвор; 6) Тактика на Организацијата; 7) Отчет за дејноста на ЦК и Задграничното претставништво.[543]

Во врска со петтата точка, Конгресот потенцирал дека ВМОРО ќе им се спротивставела на сите појави и постапки на Егзархијата и нејзините органи кои биле насочени во *„духот на бугарскиот државнички национализам“*. Затоа што

---

[541] С. Елдъров, Генерал Иван Цончев..., 147.
[542] В. Ѓорѓиев, Подземната република..., 411.
[543] Исто.

биле штетни за целите на Организацијата. Во врска со надворешните пропаганди, ВМОРО изјавила:

1) Ќе се залагала за зачувувањето на слободата на верата, убедувањата и националното чувство на секој човек во Македонија и Одринско и дека ќе се спротивставела на секоја легална пропаганда која го отклонувала населението од Организацијата и нејзината револуционерна активност; 2) ВМОРО најстрого ги осудувала нелегалните дејства на вооружените пропаганди. Грчките и српските чети ги сметала за органи на соодветните влади. Како такви, таа ќе ги преследува со сите свои сили и средства, бидејќи тие биле оружја на држави и влади кои сакале да ја завладеат организациската територија, а со тоа биле против автономијата на Македонија и Одринско; 3) Во однос на емиграцијата, Конгресот го задолжил Претставничкото тело да се грижи за искористувањето на македоно-одринската емиграција во Бугарија и нејзиното приврзување кон ослободителното дело и Организацијата.[544]

4.1. Едно од најбитните прашања кои Конгресот требало да ги реши било прашањето за идниот однос на ВМОРО со врховистите (По одлука на Конгресот, ТМОРО се преименувала во ВМОРО). Поради жестокото настојување на генералот Иван Цончев да се наложи во Македонија, ВМОРО решила еднаш засекогаш да расчисти со нив.

На Конгресот се донело следното решение. Борбата со врховистите внатре во Македонија и надвор во Бугарија се сметала како крајно поразителна за ослободителното дело. Таа се прифатила како задолжителна за целата Организација и затоа требало да и се стави крај и „*конечно да се искорени таа рана*“.[545]

За таа цел се испратило соопштение до општеството во Бугарија. Во него се вели дека Организацијата цврсто била решена да оди незапирливо по својот пат и да ги уништи сите препреки кои ја попречуваат во истиот. ВМОРО во врховистите гледала надворешно влијание и тенденции кои биле спротивни на нејзините

---

[544] Исто. / Даме Груев. Спомени, коресподенция, Съставител: Цочо Билярски, София, 1999, 265.
[545] Исто.

основни начела. Опишаните посегања на врховистите во „Револуционерен лист“ биле доказ за тоа. Тие ги спроведувале своите стремежи со силата на оружјето и на тој начин насилно посегале врз целоста на организационата територија. Поради тоа тие влегле во редот на непријателски корпорации. Правилникот на ВМОРО бил дециден како Организацијата требало да се справувала со тие групи и корпорации. Поради тие факти, ВМОРО немала да води никаква сметка за општественото мислење во наметнатата борба.[546]

Заедно со соопштението до бугарското општество, ВМОРО испратила соопштение до *„групата македонски дејци, наречени врховисти“*. Во него се вели дека гаранција за успшено довршување на започнатата борба била самостојноста, единството и моќта на Внатрешната органзиација, затоа било донесено решение да се зачуваат овие начела кои биле скапоцен влог за ослободувањето на Македонија. Поради тоа, ВМОРО во иднина не можела по никој начин да трпи на својата територија никакви други корпорации и групи со истата цел и задача. Таа ќе ги преследувала по секоја цена и со сите сили активните дејци на таквите групи и корпорации како опасни непријатели на ослободителното дело, а нивните водачи би подлежеле на сите строгости на Уставот и на Правилникот, предвидени за пакосниците на ослободителното револуционерно Дело.[547]

За да не се случи тоа, Организацијата со своите нови уредби давала широка слобода на членување во неа. Гореизложеното решение отварало пристап во Организацијата на секого без разлика на народност, место на раѓање и убедување. Преку тоа се надевала да ги види во своите редови обединети силите на сите искрени и вистински приврзаници на ослободителната револуционерна борба против турскиот режим во Македонија и Одринско.[548]

На тој основ, Конгресот ги поканил врховистите, *„во името на вистинските разбрани интереси на ослободителното дело“*, доброволно сами да си ја растурат својата група и да прекинат со својата дејност внатре во Македонија и надвор од неа. На крајот се вели: *„Горното соопштение не значи водење преговори,ниту*

[546] Исто.
[547] Исто.
[548] Исто.

*подлежи на третирање, туку допушта само категоричен и неодложен одговор*“.[549]

4.2. Во врска со ултиматумот на ВМОРО кон врховистите, генералот Цончев на 10 ноември 1905 одговорил со свое писмо. Во него се вели дека и покрај недостојните изрази упатени кон врховистите, тие соопштуваат: 1) Врховистите биле претставници во Кнежеството на едно од революционерните групи која се наоѓала во Македонија (МОТРО); 2) Бидејќи внатрешните „*македоно-одрински*“ дејци се собрале на конгрес кој требало да создаде единство во Внатрешната организацја, врховистите биле „*воодушевени*“ од желбата да се постигне единство и тие го прифаќаат ултиматумот на ВМОРО; 3) Врз основа на тоа врховистите се растураат.[550]

6. Ултиматумот на ВМОРО кон врховистите, бил прифатен од страна на генералот Цончев. Врховистите требало да бидат распуштени и неговата група требало да биде слеана во редовите на ВМОРО. Но, поради кризата која ќе ја зафати Внатрешната организација по Рилскиот Конгрес, единството во Организацијата ќе биде потполно разрушено. Поради тоа, нема да има формално слевање на врховистите во ВМОРО. Горниот факт значел дека врховистите биле распуштени само на хартија.

Во случај Иван Цончев да го одбиел предлогот на ВМОРО, последнава се заканила дека ќе излезе со ново соопштение со кое ќе ја осветлела јавноста за водените преговори и ќе ја тргне од себе одговорноста за сите лоши последици на борбата. ВМОРО се заканила и со атентати на бугарска територија.[551]

На истиот ден кога генералот Цончев го испратил писмото до Рилскиот Конгрес, во многу бугарски весници се објавило дека помеѓу централистите и врховистите дошло до спогодба за заедничка работа. Цончев пред да одговори на писмото од Конгресот, ги свикал сите свои приврзаници на состанок. На состанокот врховистите биле затечени од остриот тон на ултиматумот на ВМОРО и решиле

[549] Исто.
[550] Исто.
[551] Архив Христо Матов..., 238.

повторно да се состанат во хотелот „Бугарија". На вториот состанок се решиле да се распуштат и да се слеат во ВМОРО.[552]

По ултиматумот на ВМОРО, голем дел од офицерите врховисти повторно се вратиле на служба во бугарската армија, само генералот Цончев останал надвор од неа. Тој се оттргнал од револуционерната борба и отстапил од револуционерниот метод. Наредната година во германскиот весник „Политише Кореспонденц" изјавил дека ја воспримил теоријата на мирната еволуција врз основа на културата.[553]

Фактичкото растурање на врховистичката организација уследило после тајна средба на Цончев и неговите приврзаници во март 1906 година. На таа средба врховизмот бил формално закопан. Но, врховизмот во наредните години ќе доживее метаморфоза. Местото на компромитираниот врховизам го зазел неоврховизмот.[554]

Врховистичката приказна не завршила со ултиматумот на ВМОРО, приврзаниците на Цончев да се слеат во Внатрешната организација. Со создаденото II политичко одделение при Министерството за надворешни работи на Бугарија, дел по дел многу видни дејци на ВМОРО биле компромитирани од бугарската влада и практично ја замениле улогата на врховистите во самата Внатрешна организација. Тоа одделение е креаторот на неоврховизмот кој во наредните години ќе прави исклучителни штети во македонското движење.[555]

---

552 Глигор Тодоровски, Прилози за српско-македонските односи во минатото, Скопје, 1987, 101.
553 36 години във ВМРО, Спомени на Кирил Пърличев, София, 1999, 86.
554 Д. Димески, Кашина..., 135.
555 В. Ѓорѓиев, Бугарски документ од 1906 година..., 77. / В. Ѓорѓиев, ВМРО Поглед низ документи (1904-1908)..., 360.

## 34. Анализа на II политичко одделение при Министерството за надворешни работи на Кнежеството Бугарија како креатор на Неоврховизмот

1. Документот на II политичко одделение при Министерството за надворешни работи на Бугарија објавен на 25 март 1906 година, дава вистинска светлина за политиката на Бугарија кон македонското револуционерно движење. Во 1906 година, раководител на тоа одделение бил Тома Карајовов, поранешниот член на ВМОК.[556]

Во него се прави цела анализа на односот на Бугарија кон македонското прашање. Таму се анализира меѓународниот однос кон прашањето и политиките на балканските држави кон Македонија. Се анализираат и методите кои бугарската Егзархија ги применувала во Македонија и како тие требало да се подобрат и модифицираат. Егзархијата била надлежна за образованието во бугарските училишта во Османлиската Империја. На егзархот Јосиф му се препишувала заслугата за разбудувањето на бугарското сознание кај „*македонските Бугари*“, бидејќи егзархиските училишта го создале „*бугарскиот народ*“ во Македонија.[557]

Според Т. Карајовов, хуманитарното образование си ја завршило својата мисија. Еден народ кој се борел за политички права, требало да биде подготвен да ги оствари тие права. Автономијата во Македонија, доколку таа се остварела, на Бугарија не и била потребна како одвлечен принцип на слободата. Таа требала да биде или бугарска автономија или никаква.[558]

Во документот се вели дека идејата за автономна Македонија била „*оцрнета*“. Постоела група на сепаратисти, кои имале сфаќање за автономијата што ја пресекувало секоја политичка врска поеѓу Бугарија и Македонија. Таа група буквално се водела под извесни принципи преземени од статутите на ВМОРО. Тие

[556] В. Ѓорѓиев, Бугарски документ од 1906 година..., 77. / В. Ѓорѓиев, ВМРО Поглед низ документи (1904-1908)..., 360.
[557] Исто.
[558] Исто.

идеализирале нова ситуација во Македонија, при која високите начела на слободата, братството и еднаквоста ќе преовладале и спротивставените народи ќе заживееле тивко и мирно „*како јагненца*". Извештајот жали за пропуштените можности за преземање и насочување на „*сепаратистичкото*" движење, кое доколку било своевремено правилно канализирано, бугарското движење во Османлиската Империја би било многу поинакво и поуспешно.[559]

Во ВМОРО постоеле луѓе кои ја „*оцрнувале*" автономијата и предизвикувале сомневања во чувството за народно единство. Тие биле брутална реакција против активното појавување на генералот Цончев во револуционерното движење. Тие потекнувале од реоните, каде што токму дејствувале луѓето на генералот Цончев. Таа група мислела дека можеле лесно да се отцепат и живееле во илузиите за некакво заемно помирување на народите. Тие гледале пречка во одделните аспирации на секој народ за територијално проширување. Како „*Бугари*", тие сакале да дадат пример. Се одрекувале од политичката целина со Бугарија и претпочитале да образуваат од Македонија одделна политичка единица, која би послужела како јатка за идната Балканска федерација. Тие луѓе претставувале опасност за бугарското национално единство со нивните погледи. Луѓето од таа група се вдахнувале од мислата дека живеат за Македонија и само за Македонија. Токму поради тоа тие не сакале да му допуштат на бугарскиот кнез да стави кралска круна на својата глава за сметка на Македонија.[560]

2. Поради тие околности политичкото одделение предлагало да се продолжи да се следи бугарската задача по македонското прашање: од една турска Македонија да создадат една цела, неделива и бугарска Македонија. За таа цел биле предложени следните чекори. По однос на ВМОРО требало да се потпомогне нејзиното соземање, под водството на умерените елементи и поставувањето на можна хармонија меѓу сите.

Според Карајовов, тоа не било невозможно, но за истото било потребно: 1) Бугарската полицијата строго да бдеела врз незаконските потфати на некои, што

[559] Исто.
[560] Исто.

добивале средства, на незаконски начин; 2) Да се дава материјална помош на сегашното Претставништво, за која тоа тропало на други врати; но таа помош, не требало да му се дава преку трети лица, туку дирекно нему. Со тоа се компромитирала основната положба на Претставништвото и би се постигнал раздор меѓу него и луѓето од категоријата на Сандански. Фактички и на преостанатите со стари разбирања, им се налагала еволуција на умерените елементи; 3) Да се натерал генерал Цончев формално да ја растури својата група и да влезе во Организацијата, за да се слее со умерените елементи; 4) Да се стават во функција постапно, тактично со средства, расположените закони во Кнежеството, за да се отстранат и направат безвредни екстремните елементи, кои никогаш немало да се вразумат и секогаш би се мешале; 5) Да се убеди Неговото Блаженство, да назначи за учители луѓе, кои по заобиколен пат ќе му се препорачаат или пак да премести некои други, според потребите на работата. Со тоа би се создале подобри услови за истата и би се избегнале непријатности, на кои Н. Блаженство било изложено од разни комитетски луѓе. Тој начин на дејство би создал атмосефра, во која тогашните судири меѓу егзархиските органи и комитетите би биле поретки и помалку опасни.[561]

Втората етапа од тој план била: 1) Испраќање на офицери во Македонија, како нелегални дејци со мисија: да ја проучуваат топографијата, да се запознаваат со населението и условите за живот и да ги подготвуваат кадрите, кои треба да дојдат на помош на бугарските развеани знамиња, ако тој момент стане неизбежен; 2) Заокружување и организирање на револуционерните реони, со стратегиско значење, врз основа на специјални наредби од Главниот Штаб на бугарската армија; 3) За топографските изучувања можело да се искористат поинтелегентните учители. За таа цел можело да се организира еден курс по топографија за студентите што се наоѓале во Бугарија, а за време на распустот и за учителите, кои специјално би дошле во Бугарија само за тоа.[562]

3. Преку овие постулати, II политичко одделение при Министерството за надворешни работи на Кнежеството Бугарија ги оцртува контурите на

[561] Исто.
[562] Исто.

неоврховизмот кој ќе проникне во редовите на одредени фракции на Внатрешната Македоно Одринска Револуционерна Организација. Преку успешното спроведување на целите на ова политичко одделение, Бугарија ќе успее да ја контролира и насочува нејзината дејност согласно своите интереси. Последиците од тие политики ќе се почувствуваат во наредните години.

# Заклучок

Со овој труд се надеваме дека успеавме да ја прикажеме сликата за врховистичките активности во контекст на македонското револуционерно движење.

Горноџумајската врховистичка провокација од 1902 година ќе предизвика големи потреси во македонското револуционерно движење. Големите сили стануваат свесни за потенцијалните немири во Македонија и тие се уверени дека во наредната 1903 година ќе има востание. Поради тие активности на врховистите, ќе биде извршен притисок врз бугарската влада предводена од премиерот Стојан Данев и на крајот на јануари 1903 година, Врховните комитети формално ќе бидат забранети. Поради стравот од загуба на оружјето кое било макотрпно собирано во текот на целиот претходен период, предизвикан од засилувањето на османлиската војска во Македонија и нејзините претреси во македонските села, ТМОРО на јануарскиот конгрес 1903 година во Солун решава да крене востание.

Иако формално се забранети, тајно врховистите испраќаат чети во Македонија. Тие чети предводени од бугарски офицери ќе имаат неколку судири со османлиската власт со што ќе го продлабочат немирот во Македонија во 1903 година. Во март истата година, договорена е согласност за паралелно и непречено делување помеѓу врховистите и ТМОРО. Тоа ќе доведе до заедничко помагање и делување во еден од најкрвавите судири во предилинденскиот период, а тоа е борбата при Готен во пролетта 1903 година.

Поради големиот притисок вршен од страна на Големите сили, ќе падне владата на премиерот Стојан Данев. На негово место во мај 1903 година доаѓа генералот Рачо Петров кој е директно поставен од кнезот Фердинанд. Новата бугарска влада има задача да го попречува револуционерното движење на македонската емиграција, за да се спречи помошта која доаѓа од емиграцијата за ТМОРО.

Во летото 1903 година се формираат благотворителни друштва во Бугарија кои ќе имаат за цел да им помагаат на настраданите Македонци и Одринци. Врховистите пробуваат да го узурпираат веќе создаденото благотворително друштво од страна на ЗП на ТМОРО со цел да имаат контрола врз финансиите определени за истото. Сепак, на крајот тие ќе бидат поразени и главниот контролор на финансиите кои се наменети за помош на Македонците ќе биде благотворителното друштво под контрола на ТМОРО.

Настапува Илинденското востание во Македонија. Во Серскиот и Струмичкиот округ заеднички ќе делуваат одредите на ТМОРО и врховистите. Поради потребата на борци и оружје, како и поради согласноста за непречено делување, ЗП на ТМОРО ќе им наложи на Серчани и Струмичани да ги примат врховистите во своите редови. На 14 септември 1903 година, официјално е започнато востанието во Серскиот револуционерен округ. Востанието во овој округ активно ќе трае до средината на октомври кога полека ќе почне да згаснува. Резултат од Илинденското востание се Мирштегските реформи. По кратката соработка за време на Востанието, непријателствата помеѓу ТМОРО и врховистите се обновуваат во есента 1903 година. Повторно започнуваат меѓусебните ликвидации и борба за контрола на средствата наменети за македонското движење во Бугарија. На почетокот на 1904 година се формира и Времениот комитет предводен од Борис Сарафов. Во 1904 година, врховистичките чети повторно ќе навлезат во Македонија во реоните кои делумно биле под нивна контрола: Петричко, Малешевско и Џумајско. Тие имале тенденција да се зацврстат во овие предели и дополнително да преземат и други реони кои и припаѓале на ТМОРО. Всушност, тие не се разликувале во нивното пакосно делување кон македонското население од српската и грчката вооружена пропаганда кои биле активирани по Илинденското востание во Македонија. Тие на најсвиреп начин го угнетуваат и пустошат македонското население во селата под нивна контрола.

Во пролетта 1905 година засилуваат напорите на врховистите да се наметнат во Македонија. Тоа ќе доведе до навлегување на бугарски офицери со свои чети кои имаат задача да се пресметаат со четите на Серскиот и Струмичкиот револуционерен округ на ТМОРО. Таа констелација ќе доведе до најголемиот судир

помеѓу ТМОРО и врховистите, а тоа е борбата при с. Кашина од 6 спрема 7 април 1905 година. Во овој судир врховистите ќе доживеат огромен пораз, а одекот од таа борба ќе биде широко распространет во Бугарија. Токму причините за судирот при Кашина ќе ги отсликаат главните разлики помеѓу ТМОРО и врховистите во бугарскиот, како и странскиот печат. Разликите во идеологијата, методите на делување и најважно од сè – целта, ќе станат познати во јавноста. После тие написи, ќе може да се направи главната дистинкција помеѓу ТМОРО – која се бори за независна Македонија и врховистите – кои се борат за анексија на Македонија од страна на Бугарија.

Како краен напор на врховистите приврзаници на генералот Цончев да се наметнат во Македонија, претставува формирањето на МОТРО во летото 1905 година. Во реоните кои се делумно под нивна контрола тие ја создаваат оваа организација, која тендециозно има слично име со ТМОРО, за да се наметнат како група која делува внатре од Македонија и да имаат легитимитет при еден нов конгрес на Внатрешната организација. Сепак, освен неколкуте селски конгреси, оваа организација нема да ги исполни очекувањата на врховистите. Со тоа нивната важност и интегритет пред бугарското општество се повеќе опаѓа.

Рилскиот конгрес од есента 1905 година, ќе биде обид Внатрешната организација да се реструктруира и да закрепне, со цел со нова сила да ја продолжи својата понатамошна дејност. Меѓу другите големи одлуки донесени на овој Конгрес, ВМОРО решава да испрати ултиматум до врховистите приврзаници на генералот Цончев. Во ултиматумот стои дека нивната група треба да престане да постои и доколку имаат интерес да продолжат со нивната борба, тие треба да се слеат во Внатрешната организација како општи работници. Поради целиот изгубен интегритет и немањето визија, ниту сила, како понатаму да се продолжи да се делува, генералот Цончев го прифаќа ултиматумот и формално ја распушта групата врховисти. Меѓутоа до фактичко слевање на врховистите во ВМОРО нема да дојде. Тоа е така поради II политичко одделение при МНР на Бугарија кое со друга тактика ќе ја преземе контролата врз Внатрешната организација. Преку тој успех на II политичко одделение, врховизмот ќе биде заменет со неоврховизам.

## Bibliography


Амфитеатров В. А., Земја на раздорот, (избор, превод и редакција: Цветан Станоевски), Скопје, 1990.

Андонов-Полјански, Христо, Псевдонимите во македонското национално-револуционерно движење, ГИНИ, I/2, Скопје, 1957.

Андонов-Полјански, Христо, Ситуацијата во Македонија по Илинденското востание и Мирцштегските реформи, Годишен зборник на Филозофскиот факултет, кн. 8, Скопје, 1955.

Баждаровъ, Георги, Мюрцщег, Изъ дипломатическата история на македонския въпросъ, сб. Илинденъ 1903-1927, София, 1927.

Белев, Георги Генерал-войвода Ив. Цончев (Биографични бележки и спомени), Илюстрация Илинден, VII/6 (66), София 1935.

Белев, Георги, Въстанието в Серския революционен окръг през 1903 г. -

Белев, Георги, Из живота на четите, Илюстрация Илинден, IV/6 (36), София,

Битоски, Крсте, Македонија и Кнежеството Бугарија (1878-1903), Скопје, 1977.

Борбите в Македония и Одринско 1878-1912. Спомени, София, 1981.

Бѣлев, Георги, Помирение, Ил. Илинден, I/1, София, 1927.

Востанијата во Македонија. Скопје: Филозофски факултет, УКИМ, Скопје, 2015.

Глазневъ, Каква бе деийноста на върховистите презъ Илинденските дни въ Разлога, Македонско дело, V/118-119, 10.08.1930.

Ѓорѓиев, Ванчо (2004) Солунскиот конгрес на ТМОРО од 1903 година и прашањето за востание. Историја / Journal of History 40.1-2, 77-92.

Ѓорѓиев, Ванчо (2005). Струмичкиот окружен конгрес на ТМОРО од 1904 година. Историја / Journal of History 41.1-2, 69-76.

Ѓорѓиев, Ванчо, Автономијата – тактика или цел на МРО, Зб. 100 години Илинден 1903-2003 (прилози од научниот собир одржан на 6-8 мај) т.1., МАНУ, Скопје, 2005.

Ѓорѓиев, Ванчо, Анастас Лозанчев, Скопје, 2014.

Ѓорѓиев, Ванчо, Андон Јанев Ќосето, Скопје, 2016.

Ѓорѓиев, Ванчо, Апостол Петков. Кралот на блатото, Скопје 2013.

Ѓорѓиев, Ванчо, Борбата за автономија на Македонија и за создавање на македонска држава 1893-1912, објавено во: Владо Поповски, Ванчо Ѓорѓиев, Зоран Тодоровски, Виолета Ачкоска, Создавањето на современата македонска држава, Скопје, 2014.

Ѓорѓиев, Ванчо, Врховистичката востаничка провокација во 1902 година. Востанијата во Македонија, Скопје, 2016.

Ѓорѓиев, Ванчо, Илинденското востание (1903). In Дуев, Р. (ур.), Востанијата во Македонија. Скопје: Филозофски факултет, УКИМ, Скопје, pp. 219-244. 2016

Ѓорѓиев, Ванчо, Петар Поп Арсов, Прилог кон проучувањето на македонското националноослободително движење, Скопје, 1997.

Ѓорѓиев, Ванчо, Подземната Република, Дамјан Груев и македонското револуционерно движење, Скопје, 2010.

Ѓорѓиев, Ванчо, Слобода или Смрт, Прилог кон проучувањето на македонското националноослободително движење во Солунскиот вилает 1893-1903, Скопје, 2003.

Движение отсамъ Вардара и борбата съ върховиститѣ, По спомени на Яне Сандански, Чернъо Пѣевъ, Сава Михайловъ, Хр. Кулсевъ, Ив. Анастасовъ Гърчето, Петър Хр. Юруковъ и Никола Пушкаровъ, Сообщава Л. Милетич, София, 1927.

Димески, Димитар, Гоце Делчев, Скопје, 2003.

Димески, Димитар, Кашина - симбол на непомирливата антиврховистичка борба на Јане Сандански, "Јане Сандански 1915-1975", ИНИ, Скопје 1976.

Димитър Минчев, Петър Дървингов, „Моето време". Спомени. София, 1996 година.

Динев, Ангел, Илинденска епопеја, т. 1-2, (приредил Владимир Картов), Скопје, 1978.

Д-р, Татарчев Христо, Вътрешната македоно-одринска революциона организация като митологична и реална същност, (съставители: Цочо Билярски и Валентин Китанов), София, 1995.

Дървингов, Петър, Пирин и борбата в неговите недра, София, 1904 година.

Елдъров, Светлозар, Върховисти и централисти през 1903 г. - В: 90 години Илинденско-Преображенско въстание, София, 1994.

Елдъров, Светлозар, Върховният македоно-одрински комитет и Македоно-одринската организация в България (1895-1903 г.). - Военноисторически сборник, 1999.

Елдъров, Светлозар, Иван Цончев, Биография на два живота, Софија, 2003.

Елдъров, Светлозар, Сръбската въоръжена пропаганда в Македония (1901- 1912), София, 1993.

Елдъров, Светлозар, Тайните офицерски братства в освободителните борби на Македония и Одринско 1897-1912, София, 2002.

Елдъров, Светлозар, Участието на Върховния македоно-одрински комитет в подготовката и провеждането на Илинденско-Преображенското въстание. – В:

Илинденско-Преображенското въстание 1903 г. Подготовка, провеждане, последици. Велико Търново, 2003, с. 27 –38.

Илюстрация Илинден, II/10 (20), София 1929.

Катарџиев, Иван, Борба до победа т. 1-4, Скопје, 1983.

Кесяков, Богдан, Принос към дипломатическата история на България 1878-1925, София 1925.

Колишевски, Лазар, Аспекти на македонското прашање, Скопје, 1979.

Колчагов, Георги, Банско и Североизточна Македония през 1878-1912, Пирински край, Благоевград, 1996.

Кондов, Коста, Борбата на македонеца, Габрово, 1903.

Кондов, Н. Коста, Спомени 1874-1929.

Кьосев, Дино, История на македонското национално революционо движение, София, 1954.

Макдермот, Мерсия, Яне Сандански, „За свобода и съвършенство“, София.

Минов, Н. (2019). „Битка за жртвите: Прилог кон прашањето за одгласот на Илинденското востание во странскиот печат“. Историја/Journal of History, LIV/1, pp. 27-53.

Минов, Н. (2018). „'Романските' чети на Македонската револуционерна организација 1906-1908“. Историја/Journal of History, LIII/2, pp. 21-57.

Minov, Nikola. "The Aromanians and IMRO". Macedonian Historical Review 2, 181-200.

Минов, Н. (2019). „Убиството на Гоце Делчев во странскиот печат“. Историја/Journal of History, LIV/2, pp. 53-94.

Минчев, Димитър, Военнореволюционната дейност на Петър Дървингов (1898-1918), София, 1990.

Митрев, Димитар, Пиринска Македонија, Скопје, 1986.

Националноосвободителното движение на македонските и тракийските българи 1878-1944, София, т.1 - 1994, т.2 - 1995, т.3 – 1997.

От София до Костур. Полковник Анастас Янков, майор Димитър Думбалков, поручик Борис Сарафов, инж. Христо Станишев, Георги Белев, Коста Шахов, Спомени, съставителство Ива Бурилкова и Цочо Билярски, София, 2003.

Пандев, Константин, Националноосвободителното движение в Македония и Одринско 1878-1903, София, 1979.

Пандев, Константин, Политическите искания и програми на българското националноосвободително движение в Македония и Одринско (1878-1912), Исторически преглед, XXXVI/6, София, 1980.

Пандевски, Манол, Внатрешната македонска револуционерна организација и

неоврховизмот (1904-1908), Скопје, 1983.

Пасков, Румен, Борис Сарафов 1872-1907, София, 1996.

Попов, Жеко, Димитър Петков за българската политика по македонския въпросъ (1903-1907), Македонски преглед, XXI/2, София, 1998.

Силянов, Христо, Освободителните борби на Македония, Т.1. София 1933; Т. 2. София 1943.

Славов, Слави, Сарафизмът като течение във Вътрешната македоно-одринска революционна организация, Исторически преглед, година I.VIIII/1-2, София, 2012.

Сателова, Елена, Попов, Радослав и Танкова, Василка, История на българската дипломация 1878-1913, София, 1944.

Страници от миналото, Извлечения от дневника на К. Кондов, Илюстрация Илинденъ, II/3 (13), 4 (14), София, 1929.

Юрдан Анастасов, Яне Сандански, София, 1966.

**Објавени документи:**

1. Архив Христо Матов. Документален сборник, съставител Цочо Билярски, София, 2004.
2. Вътрешна македоно-одринска революцонна организация (1893-1919 г.), Документи на централните ръководни органи, Том I, част 1-2 (съставителство: Цочо Билярски и Ива Бурилкова), София, 2007.
3. Ванчо Ѓорѓиев, ВМРО 1893-1903. Поглед низ документи, Скопје, 2013.
4. Ванчо Ѓорѓиев, ВМРО Поглед низ документи (1904-1908), Скопје, 2020.
5. Глигор Тодоровски, Неколку нови документи од активноста на Внатрешната организација по Илинденското востание, ГИНИ, XV/3, Скопје, 1971.
6. Гоце Делчев. Писма и други материали, (издирил и подготвил за печат Дино Кьосев), София, 1967.
7. Документи за историята на революционитѣ борби въ Македония, (писма извлечѣни отъ книжината за донесения) на войводитѣ Мичманъ Тодоръ Саевъ, и потпоручник Константинъ Настевъ, (сообщава д-ръ Младенъ Панчевъ), Ил. Илинденъ, г5, бр3 (43), София, 1933.
8. Ефтим Спространов, Дневник т.1, (1901-1907), София, 1994.
9. Извештаи од 1903-1904 година на австриските претставници во Македонија

(превод, редакција и коментар Данчо Зографски), Скопје, 1955.

10. Константин Пандев, Документи за Македоно-одринското национално освободително движение от архивата на Димитар Стефанов, исторически преглед, кн. 6, София, 1982.
11. Љубен Лапе, Документи за положбата во Македонија и во Организацијата во првата половина на 1904 година, ГИНИ, г. V/2, Скопје, 1961.
12. Љубен Лапе, Одбрани текстови за историјата на македонскиот народ, II дел, (трето дополнето и проширено издание), Скопје, 1975.
13. Македонија во меѓународните договори 1875-1919, (избор, редакција и коментар Александар Христов и Јован Донев), Скопје, 1994.
14. Международни актове и договори (1648-1918), съставила Слава Стефанова, София, 1958.
15. Симон Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот, том 1-4.
16. Цочо Билярски, Вътрешната македоно-одринска революционна организация (1893-1919г.). Документи на централните ръководни органи том 1, том 2 София, 2007.
17. Цочо Билярски, Княжество България и македонският въпрос, т.1. Върховен македоно-одрински комитет 1895 – 1905 (Протоколи от конгресите), София, 2002.

**Б) Весници и списанија**

1. Гласник на Институтот за национална историја, Скопје, 1957-2018
2. Илюстрация Илинден, София, 1927-1941
3. Списание Историја, Скопје, 1966-2019
4. Списание Македонски преглед, София, 1922-1942; 1998-2006
5. Революционнен лист, 1904-1905
6. Реформи, София, 1903-1905